УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Одлука У.бр.116/2017

У.бр.116/2017

27 ЈУН 2018

БАРАЊА ЗА ЗАШТИТА НА СЛОБОДИ И ПРАВА, ГРАЃАНИ, ОДЛУКИ, СЕ УТВРДУВА, УНИВЕРЗАЛНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, членовите 55, 56 и 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.70/1992) по одржана јавна расправа на 3 мај 2018 година, на седницата одржана на 27 јуни 2018 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УТВРДУВА дека на лицата Гоце Марковски и Гораст Муратовски, двајцата од Скопје, им е повредено правото на слобода на мислата и јавното изразување на мислата и забраната на дискриминација по основ на политичка припадност, во смисла на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Гоце Марковски и Гораст Муратовски, двајцата од Скопје, застапувани од полномошникот Павлина Зефиќ, адвокат од Скопје до Уставниот суд на Република Македонија поднесе барање за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот што се однесуваат на правото на слобода на мислата и јавното изразување на мислата и забраната на дискриминација по основ на политичка припадност.

Според наводите во барањето на ден 29.07.2017 година подносителите на барањето, кои биле членови на политичката партија „Левица“, заедно со уште две лица организирале мирен протест за време на презентација на воената опрема на САД и АРМ. За време на настанот сакале да испратат порака со приложување на транспарент напишан на платно „Против војната за профити“. Целта на членовите на политичката партија биле да покажат дека се против милитаризација на општеството, против милитаризмот што го шири САД со демонстрација на моќ во Македонија. Тие сметале дека со нивната парола испишана на платно, ќе испратат порака за, како што тие наведуваат: „Со ова военo дефиле ние испративме директна покана до терористите, а како држава не сме способни да се справиме со едно поголемо невреме. Ние сакаме парите да се трошат на добро образование и на добро здравство“.

Тројца од лицата биле активни членови на политичката партија „Левица“, додека еден од нив бил граѓански активист и новинар во невладината организација „Цивил“. Тие се движеле низ плоштадот “Македонија” кон Триумфалната порта, каде биле пресретнати од страна на полициските службеници при Министерството за внатрешни работи надлежни да го набљудуваат настанот на кој се презентирала воената опрема на САД.

Полициските службеници ги опоменале да заминат со транспарентот од плоштадот “Македонија”, по што лицата продолжиле кон Градскиот трговски центар- Скопје и се искачиле на вториот кат каде се обидувале да го истакнат транспарентот со пораката. Во тој момент од страна на полициски службеници, биле лишени од слобода со ставање на лисици на нивните раце. Во таа состојба биле држени околу 15 минути, по што во координација со свои претпоставени полициските службеници им ги извадиле лисиците од раце и биле легитимирани.

Нивното лишување од слобода, според наводите во барањето било пречка за поставување на нивниот транспарент и пренесување на нивната порака до јавноста.

Настанот бил пријавен во Секторот за внатрешна контрола, криминалистика, истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи и Народниот правобранител на Република Македонија.

Со допис од 03.08.2017 година бр.14.3.2.1162/15 и 14.3.2.1162/16 Секторот за внатрешна контрола ги известил подносителите дека по извршената контрола утврдиле дека претставките биле основани. Истовремено, со известието подносителите биле информирани дека против полициските службеници биле преземени дисциплински мерки согласно Колективниот договор на МВР и известено било и Основното јавно обвинителство.

Понатаму, во барањето се наведува дека постапувањето на полициските службеници надвор од нивните законски овластувања е попречувањето на уставно загарантираната слобода на јавно изразување на мислата (член 16 од Уставот), како и спротивно на член 54 став 4 од Уставот, каде се наведува дека слободата на јавно изразување на мислата не може да биде ограничена, како што е во конкретниот случај.

Подносителите на иницијативата наведуваат дека и Европската конвенција за заштита на човековите слободи и права, во членот 10 ја гарантира слободата на изразување и правото на пренесување на информации и идеи без мешање на јавната власт. За Европскиот суд за човекови права, слободата на изразување претставува еден од основните принципи на едно демократско општество и еден од основните услови за нејзин напредок и за самостојно исполнување на секој поединец. Слободата на изразување не се однесува само за „информации“ или „идеи“ кои се позитивно примени и се сметаат за ненавредливи, туку и за оние кои навредуваат, шокираат или вознемируват. Оваа слобода може да биде предмет на исклучоци наведени во членот 10 став 2 од Европската конвенција, кои мора да се толкуваат строго, а ограничувањето мора да биде убедливо. Неопходноста треба да се сфати како „неопходна социјална потреба“, па државата да има одредена маргина на проценка дали оваа потреба постои.

Доктрината на „маргината на проценка“ му овозможува на Европскиот суд за човекови права да даде одреден простор на националните власти за автономно толкување на Конвенцијата, без притоа да бидат загрозени клучните цели и принципи на конвенциското право.

Во барањето се цитираат ставови на Европскиот суд за човекови права во врска со членот 10 од Конвенцијата (случаи Acik and others V Turkey) каде Судот утврдил повреда на членот 10 од Конвенцијата бидејќи ограничувањето на слободата на изразување не било „неизбежно во едно демократско општество“. Како и случајот Karacsong and others V Hungary, каде Судот исто така утврдил повреда на слободата на изразување, а при тоа посебно испитувајќи: а) дали постоело ограничување на слободата на изразување; б) дали ограничувањето било во согласност со закон; в) дали ограничувањето имало легитимна цел и г) дали истото било неопходно во едно демократско општество.

Имајќи ги предвид наведените причини, подносителите на барањето сметаат дека Уставниот суд има доволно причини за утврдување повреда на принципите на забрана на дискриминација врз основа на политичка припадност и повреда на правата на слобода на јавно изразување на мислата.

Истовремено, се предлага Судот во смисла на деловничката одредба на членот 55 да одржи јавна расправа.

4. Судот на јавната расправа и на седницата, а од извршениот увид во доставените и прибавените докази утврди дека на ден 29.07.2017 година, г-дин Марковски и г-дин Муратовски, двајцата членови на политичката партија „Левица“, заедно со уште две лица, организирале мирен протест за време на презентација на воената опрема на САД и АРМ. За време на настанот сакале да испратат порака, со прикажување на транспарент испишан на платно „Против војната за профити“. Целта на членовите на политичката партија, била да покажат дека се против милитаризација на општеството, против милитаризмот што го шири САД со демонстрација на моќ во Македонија. Тие сметале декак со нивната парола испишана на платно, ќе испратат порака за како што тие наведуваат: „Со ова воено дефиле ние испративме директна покана до терористите, а како држава не сме способни да се справиме со едно поголемо невреме. Ние сакаме парите да се трошат на добро образоание и на добро здравство“.

Тројца од лицата, се активни членови на политичката партија „Левица“, додека еден од нив е граѓански активист и новинар во невладината организација „Цивил“. Тие се движеле низ плоштадот “Македонија” кон Триумфалната порта, каде биле пресретнати од страна на полициски службеници при Министерството за внатрешни работи, надлежни да го набљудуваат настанот на кој се презентирала воената опрема на САД.

Полициските службеници, ги опоменале да заминат со транспарентот од Плоштадот Македонија, по што лицата продолжиле кон Градскиот трговски центар. Истите биле на вториот спрат на Градскиот трговски центар, каде се обидувале да го истакнат транспарентот со пораката. Во тој момент од страна на полициски службеници, биле лишени од слобода со ставање на лисици на нивните раце. Во таа состојба биле држени околу 15 инути, по што во координација со свои претпоставени полициските службеници им ги извадиле лисиците од раце и биле легитимирани. Нивното лишување од слобода е пречка за поставување на нивниот транспарент и пренесување на нивната порака со јавноста.

Настанот е пријавен во Секторот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи и Народниот правобранител на Република Македонија.

Со допис од 03.08.2017 година, број 14.3.2.1162/15 и 14.3.2.1162/16, Секторот за внатрешна контрола ги известува подносителите, дека по извршените контроли, утврдиле дека претставките се основани. Со известието, се информираат подносителите дека против полициските службеници се преземени дисциплински мерки согласно Колективниот договор на МВР и известено е Основното јавно обвинителство-Скопје.

Народниот правобранител, со Известување НП.бр.2171/17, не информира дека постапката е во тек, за што ќе бидеме дополнително информирани.

Одделот за внатрешна контрола криминалистички истраги и професионални стандарди изврши проверки на наводите изнесени во претставките поднесени од лицата Гораст Муратовски и Гоце Марковски, за непрофесионално постапување на полициските службеници од СВР Скопје.

Од извршените проверки Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди утврдил дека полициските службеници при примена на средствата за присилба „зафат и полуга“ и средства за врзување „лисици“ ги пречекориле службените овластувања.

Постапувањето на полициските службеници било спротивно на одредбите на членовите 83 и 85 од Законот за полиција, спротивно на член 38 од Кодексот на полициска етика, што претставува потешко кршење на работниот ред и дисциплина утврден во член 208 став 1 точка 10 и точка 11 од Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди изрекол задолжителна мерка овластениот предлагач да поднесе предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност пред надлежната комисија против четворица полициски службеници.

Истовремено, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди за преземените мерки и констатираната состојба доставил известување до ОЈО Скопје, заради запознавање и преземање на мерки од нивна надлежност.

Врз основа на наведеното Одделот за внатрешна контрола криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР со бр.14.3.2-1162 од 1.08.2017 година донел Извештај, во кој децидно се наведува следното:

"ПРЕДМЕТ: Извршени проверки по претставки од лицата Гораст Муратовски од Скопје, Вулнет Махмути од с.Ласкарци Скопје и Гоце Марковски од Скопје, против полициски службеници вработени во СВР Скопје.

До Одделот за внатрешна контрола криминалистички истраги и професионални стандарди поднесени се претставки заведени со рег.бр.14.3.2-1162/1, рег.бр.14.3.2.-1162/2 од 31.07.2017 година и рег.бр.14.3.2-1162/3 од 01.08.2017 година, од страна на лицата Вулнет Махмути, Гораст Муратовски и Гоце Марковски. При што реагираат на непрофесионално постапување на полициските службеници вработени во СВР Скопје.

Во претставката г-дин Махмути наведува дека на ден 29.07.2017 година околу 19.00 часот случајно поминувал низ Плоштад „Македонија" и видел дека се одржува протест, како граѓански новинар извадил мобилен телефон за да го сними настанот. Потоа се движел на први кат низ ГТЦ- Скопје каде што две лица го извадиле транспарентот и еден од полицајците го фатил за десната рака, еден од демонстрантите и му ставил лисици. Во следниот момент дојде еден полицаец и почнал да му става лисици за врзување и покрај тоа што му рекол дека не е дел од демонстрантите и дека случајно поминал, снимал бидејќи бил граѓански новинар, но тој му рекол дека немал право да коментира бидејќи снимал со телефон. После тоа го однеле на приземјето на Градски трговски центар- Скопје. Кога го симнале на приземјето го потпреле на ѕидот од Градски трговски центар – Скопје и во тој момент таму имало врзано и други лица. За двајца од нив во рокот од 10 минути им ги извадиле лисиците, а за него и за Гораст не можеле да најдат клуч за лисиците и ги држеле уште 10 минти по што ги ослободиле. Откога го одврзале му побарале лична карта по што тој им дал и еден од полицајците ги запиша неговите генералии на обично ливче. Еден од полицајците за 10 минути после сево ова ни рече дека сме предупредени по што не ослободија.

Во претставката г-дин Гораст наведува дека на ден 29.07.2017 година околу 19.00 часот учествувал на антивоен протест на првиот кат на Градски трговски центар- Скопје. Тој и уште едно лице го држеле транспарентот, двајцата биле културни, без никаква галама по одредено време се качиле неколку полициските службеници. Еден од нив тргнал насилно кон него, му ја фатиле десната рака, го повлекол и му ја ставиле раката позади. Истиот полицаец му ставил лисици и го симнал на приземјето од Градски трговски центар- Скопје. Кога го симнале на приземјето го потпреле на ѕидот од Градски трговски центар- Скопје и во тој момент донеле уште три лица врзани со лисици. За двајца од нив во рокот од 10 миниути им ги извадиле лисиците, а за него и за Вулнет Махмути не можеле да најдат клуч за лисиците и ги држеле уште 10 минути по што ги ослободиле. Откога ги одврзале им побарале лични карти по што тој им дал и еден од полицајците ги запиша неговите генералии на обично ливче. Еден од полицајците за 10 минити после сево ова им рекол дека се предупредени по што ги ослободиле. Гораст потенцираше дека полицаецот што му ги ставил лисиците му рекол дека бил „лишен од слобода".

Во претставката г-дин Гоце Марковски наведува дека стоел во непосредна близина на лицата кои го држеле транспарентот и биле културни, без никаква галама или скандирање, со единствена цел пораката која била напишана на транспарентот да се испрати до

граѓаните кои биле присутни на презентацијата на воената опрема. По одредено време се качиле неколку полициските службеници. Еден од нив тргна насилно кон Гоце, му ја фатил десната рака, го стиснал силно и го симнал на приземјето од Градски трговски центар- Скопје без да биде врзан со лисици. Кога го симнале на приземјето го потпреле на ѕидот од Градски трговски центар – Скопје без да биде врзан со лисици. Кога го симнале на приземјето го потпреле на ѕидот од Градски трговски центари во тој момент донеле уште три лица врзани со лисици. По околу 10 минути му побарале лична карта по што тој им дал и еден од полицајците ги запишал неговите генералии на обично ливче. Еден од полицајците после сево ова му рекол дека сте предупредени по што на другите три лица им ги одврзаа лисиците и ги ослободија.

Заради проверка на наводите изнесени во претставките, ОВККИПС оствари увид во службените материјали во врска со настанот, изготвени од полициски службеници вработени во СВР Скопје и изврши службен разговор со УПС Зоран Јовевски (главен инспектор во СВР Скопје), УПС Здравко Анчевски (самостоен инспектор во ЕЈРМ); УПС Ведат Сељман (полицаец во ОТПДВП); УПС Ивица Петрушевски (полицаец во ОТПДВП), УПС Сашо Стоилковски (полицаец во ЕЈРМ); УПС Даниел Оканови́ќ (пом.командир на ПС ОН Центар) и УПС Зоран Абаз (полицаец во ЕЈРМ); при што е констатирано следното:

Од страна на СВР Скопје ПС ОН Центар е изготвен оперативен план СД.бр.28.7.1.8.2433 од 27.07.2017 година за физичко обезбедување на настан на „Порта Македонија“ кој бил најавен за 29.07.2017 година со почеток во 18.00 часот, а по повод воена вежба „Dragon Guardian 17“ и обезбедување на ненајавен протест од политичка партија „Левица“. Согласно наведениот план биле предвидени 45 УПС од СВР Скопје како и еден вод полициски службеници од Одделот за специјални полициски операции. За одговорен за целокупното обезбедување бил назначен гл.инс. ОКНПСОНРС – СВР Скопје Зоран Јовевски, а негов помошник бил пом.ком. на ПС ОН Центар Даниел Оканови́ќ. Околу 18.00 часот на паркингот на ЕВН бил одржан состанок на одговорниот и помошник одговорниот со полициските службеници кои биле ангажираи согласно планот и на истите им биле дадени конкретни задачи за постапување. Околу 18.40 часот пред ресторанот „Пелистер“ се собрала група од околу 15 граѓани кои истакнале југословенско знаме. Бидејќи истите сакале да стигнат до местото на кое се одвивала презентацијата на возилата, од страна на одговорниот Јовевски била издадена наредба да се направи кордон со цел да не им се дозволи движење кон порта “Македонија”. Околку 19.00 часот лицата почнале да се растураат на помали групи и да се упатуваат во повеќе правци, по што од одговорниот била дадена наредба да се следи движењето на граѓаните до нивно конечно растурање. Околу 19.05 часот Зоран Јовевски бил информиран дека една група од четири лица се наоѓа на првиот кат на Градски трговски центар- Скопје и имале истакнато транспарент, при што од негова страна била дадена наредба да се изврши проверка на идентитет на лицата и да се утврди содржината на транспарентот. Од обавениот разговор со УПС кои ја следеле групата која се качила на првиот спрат на ГТЦ, беше појаснето дека групата имала истакнато транспарент со содржина „Против војните за профит“. Од страна на УПС на лицата им било кажано да го тргнат транспарентот и да се оддалечат од местото, но истите одбиле да го сторат тоа. Од таа причина УПС Ивица Петрушевски од (ОТПДВП) применил средство за присилба-физичка сила „зафат на десната рака“ врз лицето Гоце Марковски, а УПС Ведат Сељман (од ОТПДВП) применил средства за присилба физичка сила „зафат и полуга на левата рака“, како и средства за врзување „лисици“ врз лицето Вулнет Махмути.

УПС Јованчо Јаневски и УПС Зоран Манчев (двајцата од ЕЈРМ) примениле средства за присилба-физичка сила „зафат и полуга“, како и средства за врзување „лисици“ врз лицата Муратовски Гораст и Штерјов Никола кои го држеле транспарентот. По кратко

време УПС лицата ги симнале на приземјето на ГТЦ и истите не се одведени во полициска станица, туку откако им бил утврден идентитетот, на лице место на истите им биле одврзани лисиците и биле пуштени да си одат.

Од страна на сите полициски службеници изготвени се службени белешки за појаснување во врска со случениот настан.

При увидот во видео материјалот кој е доставен во прилог на претставката може да се констатира дека УПС пристапуваат кон употребана средства за присилба- "полуга и зафат" на раката врз лицата кои го држат транспарентот, а подоцна врз истите лица применуваат и средства за врзување, иако лицата не даваат било каков отпор.

Од страна на горенаведените УПС кои примениле средства за присилба изготвени се извештаи за употреба на средства за присилба, а од страна на нивните непосредни старешини началникот на ЕЈРМ Мирослав Лазаров и началникот на ОТПДВП гл.инс. Славчо Јованов изготвени се извештаи за оценка на основаност, оправданост и правилност за употреба на средства за присилба, во кои што употребата на средствата за присилба е оценета како оправдана.

Во врска со преземените мерки константираната состојба од страна на ОВККИПС доставено е известување до ОЈО Скопје, заради запознавање и понатамошно постапување.

Врз основа на горенаведеното, ОВККИПС констатира дека полициските службеници: УПС Јованчо Јаневски, УПС Зоран Манчев и УПС Ведат Сељман неосновано примениле средства за присилба – физичка сила „зафат и полуга", како и средства за врзување „лисици", а УПС Ивица Петрушевски без основ применил средства за присилба-физичка сила „зафат и полуга", иако лицата врз кои се применети средствата за присилба не давале никаков отпор ниту повод за примена на истите со што ги пречекориле службените овластувања.

Со ваквото дејствие полициските службеници постапиле спротивно на одредбите на членовите 83 и 85 од Законот за полиција како и член 38 од Кодексот на полициска етика, со што сториле потежок случај на кршење на работниот ред и дисциплина предвиден во член 208 став 1 точки 10 и 11 од Колективниот договор на МВР на РМ.

ОВККИПС согласно член 20 став 2 точка 6 и 7 од Правилникот за вршење на работата на СВКПС, наложува:

ЗАДОЛЖИТЕЛНИ МЕРКИ

– Согласно член 225 од Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр.69 од 30.04.2015 година), а поради повреда на член 208 став 1 точка 10 и точка 11 од Колективниот договор на МВР раководителот на Организационата единица каде што работниците Јованчо Јаневски, Зоран Манчев, Ведат Сељман и Ивица Петрушевки се вработени, да поднесе предлог за утврдување на одоговорност за кршење на работниот ред идисциплина до Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност."

5. Согласно член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на

мислата, политичкото здружување и дејствување и забрана на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Според член 51 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, секој граѓанин што смета дека со поединечен акт или дејство му е повредено право или слобода утврдени со член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, може да бара заштита од Уставниот суд во рок од 2 месеци од денот на доставувањето на конечен или правосилен поединечен акт, односно од денот на дознавањето за преземање дејство со кое е сторена повредата, но не подоцна од 5 години од денот на неговото преземање. Во барањето, според член 52 од Деловникот, потребно е да се наведат причините поради кои се бара заштита, актите или дејствијата со кои тие се повредени, фактите и доказите на кои се заснова барањето, како и други податоци потребни за одлучувањето на Уставниот суд.

Согласно член 9 од Уставот на Република Македонија граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичко и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 16 од Уставот, кој се однесува на граѓанските и политичките слободи и права, се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институциите за јавно информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Цензурата е забранета.

Согласно членот 21 од Уставот граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола. Користењето на ова право може да биде ограничено само во услови на воена и вонредна состојба.

Во членот 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Македонија" бр.50/2010, 44/2014 и 150/2015), се предвидува дека со овој закон се обезбедува спречување и заштита од дискриминација во остварувањето на правата загарантирани со Уставот на Република Македонија, закон и ратификување меѓународни договори.

Во членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи на Советот на Европа е предвидено дека секој човек има право на слобода на изразување. Ова право ги опфаќа, вклучува слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Остварувањето на овие слободи коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под определени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество, претставуваат мерки неопходни за националната безбедност, територијалниот интегритет и јавната сигурност, заштита од немири или кривично дело, заштита на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувувањето на авторитетот и непристрасноста на судството.

Според член 14 од Конвенцијата, уживањето на правата и слободите, признати со оваа конвенција, треба да се обезбеди без никаква дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло раѓање или кој и да е друг статус.

Во врска со преземените дејствија од страна на припадниците на полицијата, релевантни се следниве одредби од Законот за полицијата.

Во член 1 од Законот, се предвидува дека со овој закон се уредуваат полициските работи, организацијата на полицијата, полициските овластувања и правата и обврските што произлегуваат од работниот однос на полициските службеници во Министерството за внатрешни работи, што не се уредени со Законот за внатрешни работи.

Според член 2 од Законот за полиција, полицијата е дел од Министерството со кој се вршат полициските работи преку полициски службеници. Полициски службеник е овластено службено лице согласно со одредбите од Законот за внатрешни работи, униформиран и неуниформиран припадник на полицијата со полициски овластувања, кој ги врши полициските работи во согласност со закон.

Во членот 5 од истиот закон децидно се наведува дека полициските работи, во смисла на овој закон, се дејствија на полициските службеници што се однесуваат на:

– заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните,
– заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори,
– спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определенимерки за гонење на сторителите на тие дела,
– одржување на јавниот ред и мир,
– регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата,
– контрола на движење и престој на странци,
– обезбедување на државната граница и контрола на преминување на државната граница,
– укажување помош и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба,
– обезбедување на определени личности и објекти и
– други работи утврдени со закон.

Слободата на изразување на мислата претставува субјективно право кое е нераскинливо врзано со човековата личност и е предуслов за остварување на многу други слободи и права. Гарантирањето на оваа слобода во Уставот на Република Маккедонија е на такво рамниште што овозможува нејзино директно остварување, без поддршка на посебно законско уредување и истовремено овозможува нејзина директна заштита врз основа на Уставот, од страна на Уставниот суд, согласно член 110 алинеја 3 од Уставот.

Незамисливо е добро функционирање на демократските процеси без правото на слобода на изразување. Толеранцијата на искажаноста и на индивидуалните мислења е важен елемент за прогресот на демократијата. Токму од тие причини, правото на слободата на изразување има централно место меѓу правата и слободите гарантирани со Европската конвенција за човековите права.

Слободата на изразување практикувана од избрани политичари има „привилегиран статус“ со цел да се зајакне слободата на политичкото изразување.

Во конкретниов случај, исто така од суштинско значење е и начинот на собирањето и здружувањето на подносителите на барањето, односно дали истото е во духот на членот 11 од Конвенцијата. Имено, правото на слободно собирање е основно право во едно демократско општество и едно од темелите на таквото општество.

Слободата на собирање предвидено во членот 11 штити протест кој може да ги вознемири или навреди лицата кои се спротивставуваат на идеите или ставовите кои таквиот протест настојува да ги промовира. Било каква мерка со која се задира во слободата на собирањето, која не претставува повик на насилство или отфрлање на демократските принципи прават контраслуга на демократијата и дури истата ја доведуваат во опасност.

Во рамките на правото на слободно собирање не спаѓа состојбата кога учесниците имат насилни мерки или пак, тие на друг начин ги негираат фундаментите на демократското општество.Само во овие случаеви се предвидени мерки кои се преземаат за време и после собирот, меѓу кои, е и апсење на учесниците. Дури и во услови кога постои отсуство на претходно одобрение на спонтан собир не може никогаш да претставува легитимен основ за растурање на протестантите и истото претставува непропорционално ограничување на слободата на мирно собирање и изразување на мислата.

Во случај на немање, односно неможност на утврдување докази дека групата во која присуствувале и подносителите на барањето претставувала опасност за јавниот ред, од суштинско значење е прашањето дали кај припадниците на полицијата постоело отсуство на трпение во намерата да се стави крај на протестот и воопшто дали таквата мерка која ја презеле припадниците на полицијата со ставање лисици на рацете и нивно лишување од слобода била пропорционална. Имено, природата и тежината на мерката, односно казната се фактори кои требало полицијата да ги земе во предвид при утврдувањето на пропорционалноста на интерференцата во однос на легитимната дел. Ова, од причина што, според Судот преземените дејствија против учесниците на мирен собир би биле од кривична природа, и во тој случај тие би налагале особено оправдување. Мирниот протест не треба во принцип да биде предмет на закана од кривична санкција, а уште помалку лишување од слобода, како што е во конкретниов случај.

Ограничувањето на слободата на изразување може да се оправда само со императивна неопходност и тоа наметнува постоење на итна општествена потреба, односно легитимна цел и неопходност во демократското општество.

Според Судот, дејствието на лишување од слобода на членовите на мирниот протест, односно преземање на дејствие од страна на припадниците на полицијата „ставање лисици на рацете“, според фактите кои се изнесени во барањето, како и од извештајот на Министерството за внатрешни работи, а што се потврди и од доказите, односно исказите на присутните на јавната расправа,

претставува повреда на правото на слободно изразување на мислата, бидејќи со наведеното дејствие преземено од припадниците на полицијата по однос на припадниците на групата од мировниот протест им било попречено носењето на транспарентите во кои била изразена нивната мисла.

Меѓутоа, во конкретниов случај, со сигурност се утврди дека има повреда на правото на изразување на мислата,а во смисла на утврдените факти, кои најдоа поткрепа и во писмената документација и исказ на претставникот на Министерството за внатрешни работи. Оттука, според Судот, од целокупната документација и изведени докази се утврди дека со преземените дејствија од страна на припадниците на полицијата на барателите им се негирале фундаменталните права на граѓаните во демократското општество, а од друга страна, пак, без притоа да има оправданост за преземањето на конкретните мерки од страна на припадниците на полицијата, односно без постоење на пропорционално ограничување на слободата на мислата и јавното изразување на мислата.

Понатаму, при утврдување на правната и фактичката состојба на работите во предметот се утврди дека протестот на јавно место не можел да предизвика нарушување на (јавниот ред) вообичаениот живот, вклучително и на сообраќајот, како и тоа дека во случајов имало основ властите да покажат одреден степен на толеранција во однос на мирните собири. Вистинскиот „степен на толеранција“, не може да се утврди in apstracto, туку мора да се земат предвид конкретните околности на случајот и особено нивото на “нарушување на вообичаениот живот”. Оттука, јасно произлегува дека треба да постојат индиции дека протестантите ги нарушиле темелите на демократското општество, за да има „легитимна цел“ припадниците на полицијата да ги преземаат наведените дејствија, што во случајов јасно и недвосмислено се утврди дека кај учесниците на протестот не постоело незаконско постапување кое би предизвикало оправдано постапување на припадниците на полицијата и пропорционално ограничување на слободата на мирно собирање и истовремено правото на слобода на изразување на мислата.

Имено, правото на слобода на изразување им е гарантирана на граѓаните со меѓународни правни акти за човековите права како Универзалната декларација за човековите права. Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права, Меѓународниот пакт за економските, социјалните и културните права, Европската конвенција за заштита на човековите права и други акти, кои се ратификувани од страна на Република Македонија, притоа гарантирајќи и регулирајќи заштита на правото на слобода на изразување. Со тоа нашата држава презеде обврска за почитување, гарантирање и заштита на човековите права и слободи на изразување, кое во исто време е инкорпорирано во членот 16 од Уставот на Република Македонија. Имајќи предвид дека правото на слобода на изразување е уставна категорија, ова право понатаму е уредено преку низа закони и други акти. Во таа насока нашата земја има развиено правна и институционална рамка која треба да овозможи реализирање на ова право и да го разграничи од сличните и блиски концепти како говорот на омраза и клеветата и навреда.

Понатаму, Судот оцени дека за да се утврди дали постои ограничување на слободата на изразување, кое е во согласност со ставот 2 на членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права, треба да се применува таканареченото трипартитен тест, кој произлегува од самата формулација на ставот 2 на членот 10 од Конвенцијата и истиот се состои во испитување дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишана со закон, дали е насочено како остварување на легитимна цел и дали е „неопходно во едно демократско општество“.

Во конкретниов случај, не се исполнети условите од ставот 2 на членот 10 од Конвенцијата, односно исклучоците кога ова право на слобода на изразување може да биде ограничено. Имено, од прибавените писмени докази во фаза на претходна постапка, како и од исказите на странките дадени во текот на јавната расправа неспорно се утврди дека на подносилите на барањето им е повредено правото на слобода на мислата и јавното изразување на мислата, предвидени во член 110 алинеја 3 од Уставот. Ова од причина што со чинот на ставање на лисици на апликантите од страна на полициските службеници е повредено правото на изразување на нивното мислење искажано на транспарентот, а со кои дејствија полициските службеници постапиле спротивно на членовите 5 и 83 од Законот за полиција, како и член 38 од Кодексот за полициска етика. Исто така, неспорно се утврди дека протестот на јавно место не предизвикал нарушување на јавниот ред, станува збор за мирен протест без нарушување на темелите на демократското општество, поради што и не постоела „легитимна цел" припадниците на полицијата да ги преземат наведените дејствија, поради што Судот оцени дека во случајов постои повреда на член 16 од Уставот, како и на член 10 од Конвенцијата. Ова, дотолку повеќе што, постапувањето на апликантите, истовремено е во согласност и со членот 21 од Уставот со кој се утврдува дека граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола, како што всушност е во случајов.

По однос на правото на мирен протест, Европскиот суд за човекови права има повеќе одлуки каде нашол повреда на член 11 од Европската конвенција за заштита на човековите права, меѓу кои е и Ezelin v France, пресуда од 26 април 1991 година.

Од целокупниот доказен материјал несомнено се утврди дека со преземените дејствија на барателите не се негираат фундаментите на демократското општество поради што не постои оправданост за преземањето на конкретните мерки од страна на припаниците на полицијата, со што со сигурност се утврди дека со своето постапување припадниците на полицијата ја повредиле слободата на мислата и јавното изразување на мислата, утврдени во член 110 алинеја 3 од Уставот.

6. По однос на повредата на забраната за дискриминација на граѓаните по основ на политичка припадност од изведените докази, Судот утврди дека е сторена повреда и на правото на забрана на дискриминација по основ на политичка припадност.

Имено, членот 1 од Протокол 12 од Европската конвенција за заштита на човековите права каде е предвидена општата забрана на дискриминација, утврдува дека: 1. уживањето на секое право предвидено со закон ќе биде обезбедено без дискриминација врз која било основа како пол, раса, боја на кожата, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, поврзаност со национално малцинство, имот, раѓање или друг статус, 2. Никој не смее да биде дискриминиран од страна на јавен орган по која било основа наведена во став 1.

Членот 1 од Протокол 12 е донесен со цел да се зацврсти еднаквоста и да се обезбеди забрана против акти на нетолеранција и дискриминација по сите основи, како и за ситуации кога се работи за исполнување на дискрециони овластувања од страна на државните органи или при кој било акт или пропуст на службено лице, токму како што е случај во конкретнава ситуација.

Политичката припадност ја покрива поврзаноста со определена политичка опција или партија, при што вклучува и состојба кога станува збор за формална припадност (односно членство), но и другите видови на врски преку кои може да се покаже поврзаноста со некоја политичка партија или опција.

Дискриминацијата на оваа основа често се појаснува преку содржината на правото на слобода на изразување. Ова го потврдува и практиката на Европскиот суд за човекови права при решавањето на случаи за дискриминација на оваа основа, од која може да се заклучи дека Судот би го решавал предметот од членот 14 во врска со членот 10 од Конвенцијата. Опсегот на правото во слобода на изразување најдобро е отсликан во предметот Handy Side против Велика Британија. Случајот Casstela против Шпанија е случај за јавно критикување на политиката на Владата во врска со Баскија. Во него Судот утврдил дека кривичното гонење на пратеник за наводна навреда на Владата е сериозна закана за слободата на изразување, бидејќи мислењето на апликантот било искажано во политички контекст, каде што и лежи суштината на демократијата.

Во случајот Feldek против Словачка била утврдена повреда на членот 10 во случај на клевета за изразено политичко мислење во публикација. Имено, апликантот тврдел дека министер на Владата има фашистичко минато, Судот утврдил повреда поради тоа што со изнесените ставови, кои ги квалификува како вредносна проценка за кои не е потребно лицето да изнесе докази, лицето критикувало лице кое како министер се смета за јавна личност, со што и границите на прифатливите критики треба да се толкуваат пошироко.

Пред Европскиот суд за човекови права се поднесени серија на случаи кои се однесуваат на прекршување на правото на собирање и здружување, а во врска со политичка припадност на апликантите.

Членот 14 од Европската конвенција за заштита на човековите права, предвидува дека уживањето на правата и слободите, признати со оваа Конвенција треба да се обезбеди без никаква дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг статус.

Република Македонија наведените права во Конвенцијата ги уреди во националното законодавство изразено преку Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Според член 1 став 1 од истиот закон, со овој закон се обезбедува спречување и заштита од дискриминација во остварувањето на правата загарантирани со Уставот на Република Македонија и закон и ратификувани меѓународни договори.

Во членот 3 од Законот се наведува дека се забранува секоја дирекна или индиректна дискриминација повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор.

Согласно член 5 точка 4 од Законот, дискриминаторско однесување и постапување е секое активно или пасивно однесување на секое лице од страна на јавните власти, како и од страна на правни и физички лица од приватниот и јавниот сектор во јавниот живот, кое создава основа за привилегирање или депривилегирање на некое лице на неоправдан начин, или кое го изложува на

неправеден и деградирачки однос во споредба со други лица во слична ситуација базирана на која било од дискриминаторските основи.

Од доказите изведени во текот на постапката, како и од исказите на сослушаните присутни апликанти, според Судот, неспорно произлегува дека во конкретниов случај има дискриминаторско однесување од страна на припадниците на Министерството за внатрешни работи од причини што на критичниот ден 29 јули 2017 година, на плоштадот "Македонија" бил најавен настан од страна на полицијата, Армијата на Република Македонија, како и претставници на НАТО, на кој биле истакнувани воени оружја и воени експонати. Оттука, логично произлегува дека и од страна на овие претставници на наведените институции се сакало да се испрати јавна порака до граѓаните дека е неопходно и соодветно Република Македонија да влезе во НАТО.

Од друга страна, на истиот настан, наспроти наведената група, присутна е друга група на лица кои имаат сосема различно политичко уверување и истите се припадници на политичката партија „Левица", кои се со став против антимилитаризмот.

Меѓутоа, според Судот, од изведените докази се утврди дека двајцата подносители на барањето за заштита на слободи и права ги имале заштитените карактеристики, односно обележја со кои се потврдува дека истите се припадници на политичката партија „Левица". Имено, за мирниот протест, за кој во смисла на член 21 од Уставот, немаат обврска за претходно пријавување и посебна дозвола, биле информирани припадниците на Министерството за внатрешни работи и токму само против нив биле насочени одредени активности и дејствија, односно им биле ставени лисици на рацете и биле лишени од слобода и со што им се повредени правата на уставните слободи и права и тоа слобода на изразување од членот 16 и правото на еднаквост на сите граѓани, забраната на дискриминација предвидени во членот 9 од Уставот, како и во членовите предвидени во Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и на членот 14 од Европската конвенција за заштита на човековите права, а во врска со членот 10 од истата конвенција.

Имено, полицијата била свесна и знаела дека овие лица се припадници на политичката партија „Левица" бидејќи истите ги носеле симболите на политичката партија „Левица", групирани посебно, односно одделно од другите присутни на манифестацијата, што упатува на фактот дека во конкретниов случај постои дискриминаторско однесување на припадниците на полицијата исклучиво само спрема подносителите на апликацијата со кое се создава различен, нееднаков третман во споредба со другите лица кои биле присутни на јавниот настан, кое однесување се заснова на политичка припадност на подносителите на барањето.

Различниот третман како основа за дискриминација се состои во тоа што на едната група на лица присутни на настанот кои го поминуваат овој настан и кои го разгледуваат оружјето не се попречуваат во искажување на својата мисла и не се лишуваат од слобода, а од друга страна, е присуството на подносителите на барањето кои не го попречуваат правото на ниту еден граѓанин, без да манифестират насилство, а единствено што сакале е испраќање на порака со транспарент на кој има напис „против војните за профит", што значи изразување на својата мисла и јавното изразување на мислата, што е уставна категорија.

Дискриминаторското постапување на припадниците на полицијата со нивното преземање на физичка сила, со ставени лисици на рацете и нивно лишување од слобода, всушност го декларира институтот дискриминација со сите нејзини заштитни карактеристики и доведување на подносителите на барањето во неповолна состојба, нееднаква состојба, односно различен третман од сите присутни на настанот, каде како компаратор во конкретната ситуација се оние кои што покажувале воена опрема и

јавно ја искажувале својата мисла и не биле понеповолно и различно третирани, ниту некое од нивните граѓански права било ограничено, за разлика од случајот со апликантите.

Од утврдената правна и фактичка состојба, Судот утврди дека во конкретниот случај постои дискриминација во остварувањето на правата загарантирани со Уставот на Република Македонија, јасен и ратификуван меѓународен договор, односно е сторена дискриминација по основ на политичка припадност на барателите во остварувањето на правото на слобода на мислата и јавното изразување на мислата, со што се повредува членот 9, 16 и 21 од Уставот на Република Македонија, член 3 и 6 од Законот заспречување и заштита од дискриминација, како и на член 14 в.в. со член 10 од Европската конвенција за човекови права.

Тргнувајќи од уставно и меѓународно загарантираното право за јавното изразување на мислата, како и забраната за дискриминација по основ на политичка припадност, Судот оцени дека во конкретниот случај јавната власт не водејќи сметка за членовите 10 и 14 од Европската конвенција за заштита на човековите права, на барателите им го повредиле правото на слобода на мислата и јавното изразување на мислата гарантирана со член 16 од Уставот на Република Македонија, како и забраната на дискриминација по основ на политичка припадност, со што е сторена повреда од членот 110 алинеја 3 од Уставот.

7. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот, Никола Ивановски и судиите : Насер Ајдари,Елена Гошева, д-р Осман Кадриу, д-р Дарко Костадиновски, Јован Јосифовски, Вангелина Маркудова и Сали Мурати. Одлуката во делот по однос на забраната на дискриминација по основ на политичка припадност е донесена со мнозинство гласови.

У.бр.116/2017

27 јуни 2018 година

С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ

на Уставниот суд на Република Македонија

Никола Ивановски

‹ У.бр.49/2018 У.бр.6/2018 ›

LEAVE A REPLY

Име и Презиме* Email* Вебстрана

POST COMMENT

За Судот

- Устав
- Надлежност
- Судии
- Стручна служба

Обраќање до Судот

- Поднесување барање за заштита на слободи и права
- Поднесување на иницијатива
- Пристап до информации од јавен карактер
- Транспарентност

Работење

- Одлуки и решенија
- Дневен ред
- Соопштенија
- Годишни извештаи

Контакт

Уставен суд на Република Македонија
Кеј „Димитар Влахов“ бр.19
1000, Скопје
+ 389 2 3165 153
+ 389 2 3119 355
mail@ustavensud.mk

- Сите права се задржани -

9КОК-59/17

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ, како првостепен кривичен суд преку судијата Добрила Кацарска како претседател на советот,судијата Дарко Тодоровски член на советот и судиите поротници Никос Томовски, Ивко Денковски и Сузана Филиќ како членови на советот, со записничар Велика Катранџиева судски службеник, постапувајќи по обвинителниот акт на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје НСК-КО.бр.3/17 од 29.06.2017 година, против обвинетите Гордана Јанкулоска од Скопје за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 вв со чл.23 од Кривичниот Законик, Ѓоко Поповски од Скопје за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 од Кривичниот Законик и обвинителниот предлог НСК-КО.бр.3/17 од 29.06.2017 година, против обвинетиот Никола Груевски од Скопје за кривично дело Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 ст.2 од Кривичниот Законик, по одржаната главна, јавна и усмена расправа која започна на ден 16.02.2018 година,а продолжи на ден 12.03.2018 година, на ден 15.03.2018 година, на ден 21.03.2018 година, на ден 10.04.2018 година, на ден 11.04.2018 година, на ден 18.04.2018 година, на ден 20.04.2018 година, на ден 23.04.2018 година, 25.04.2018 година, на ден 08.05.2018 година, на ден 14.05.2018 година и на ден 17.05.2018 година во присуство на Јавните обвинители Стевчо Донев и Гаврил Бубевски од Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје, обвинетиот Ѓоко Поповски, бранителот на обвинетиот Ѓоко Поповски, Стерјо Зиков адвокат од Скопје, обвинетиот Никола Груевски и неговите бранители Боро Тасевски и Сања Алексиќ адвокати од Скопје, адвокат Димитар Дангов од Адвокатско друштво Интер Партес од Скопје и Донче Наков адвокат од Штип, ја донесе, а на ден 23.05.2018 година јавно ја објави следната

П Р Е С У Д А

ОБВИНЕТИТЕ

ЃОКО ПОПОВСКИ, од татко Марин, мајка Стојна, роден на 25.10.1965 година во Скопје, со ЕМБГ 2510965450055, живее во Скопје, општина Аеродром на бул. „Јане Сандански" бр.81 вл.1 ст.9, со завршено високо образование дипломиран правник, женет, татко на едно полнолетно дете, државјанин на РМ, по национална Македонец, со број

на лична карта А0453212 издадена од МВР Скопје, неосудуван, се води и друга постапка за друго кривично дело.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ, од татко Тало, мајка Надежда, роден на 31.08.1970 година во Скопје, со ЕМБГ 3108970450005, живее во Скопје на ул.„Павел Шатев" бр.3-1/15, со завршено високо образование магистер по економски науки од областа на монетарната економија, женет, татко на две малолетни деца, државјанин на РМ, по националност Македонец, со број на лична карта А 1878600 издадена од МВР Скопје, неосудуван, се водат и други постапки за други кривични дела.

ВИНОВНИ СЕ
ЗАТОА ШТО:

Во периодот од Февруари 2012 година до крајот на Октомври 2012 година во Скопје, обвинетиот Никола Груевски како Претседател на Владата на Република Македонија со искористување на своето реално влијание и службена положба побарал од Гордана Јанкулоска (за која како обвинета се води раздвоено посебна кривична постапка КОК-21/18 пред Основниот суд Скопје 1 Скопје за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 во врска со чл.23 од КЗ) - службено лице министер за внатрешни работи во Владата на Република Македонија да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши и тоа да се спроведе јавна набавка во која Министерството за внатрешни работи ќе купи ново блиндирано патничко моторно возило од марката Мерцедес модел С 600 Гард така што во постапката да се фаворизира економскиот оператор МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје-генерален застапник и дистрибутер на возилата од марката Мерцедес во РМ, па Гордана Јанкулоска за да го исполни барањето на обвинетиот со умисла го поттикнала обвинетиот Ѓоко Поповски да стори кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување, кој што од Гордана Јанкулоска писмено бил овластен како помошник на министерот да спроведува постапки за јавни набавки во Министерството за внатрешни работи и на кого со решение бр.12.1-8493/1 од 08.02.2012 година од министерот целосно му биле пренесени овластувањата за спроведување на јавните набавки, така што тој да ја искористи својата службена положба и овластувања, при вршење на јавни набавки, незаконски да го повласти - фаворизира економскиот оператор МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје и да се набави такво возило, па за да го исполни барањето на Гордана Јанкулоска, обвинетиот Ѓоко Поповски како службено лице помошник на министерот за внатрешни работи за Секторот за општи и заеднички работи со искористување на својата службена положба и овластувања, при вршење на јавни набавки, прибавил за економскиот оператор МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје корист што се состои од доделување на договор за купопродажба, сервисирање и одржување на блиндирано патничко моторно возило марка Мерцедес модел С 600 Гард, така што на

03.04.2012 година донел одлука за јавна набавка на стоки Дб.17.1-21576/1 од 03.04.2012 година каде проценетата вредност на набавката е 30.750.000 денари или 500.000 евра без вклучен ДДВ, а предмет на набавката е блиндирано патничко моторно возило со највисока заштита VR6/VR7 каде во спецификацијата на возилото во тендерската документација бр.171-21577/1 од 03.04.2012 година, со цел во постапката да нема конкуренција економскиот оператор МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје, а и за фаворизирање на истиот, имало повеќе технички спецификации што се однесуваат за возилото Мерцедес С 600 Гард кои упатуваат на конкретно производство и трговски марки (регистрираните трговски марки од производителот на возилата Мерцедес – Даимлер АГ од Германија и тоа: AIRMATIC, SPEEDTRONIC, PRE-SAFE, THERMOTRONIC, COMAND, DISTRONIC PLUS, GUARD и Night View Assist) и без да биде наведено дека можат да се дадат и понуди со други спецификации кои се еквивалентни на наведените во тендерската документација со што постапил спротивно на чл.36 од Законот за јавните набавки, па поради условите и техничките спецификации што биле дадени во тендерската документација во текот на постапката бр.17-16/2012 само економскиот оператор МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје дал понуда на 15.05.2012 година и бил единствен понудувач, па потоа обвинетиот Ѓоко Поповски иако бил свесен за незаконското фаворизирање на економскиот оператор и за нерационалното искористување на средствата на министерството, на 30.05.2012 година донел одлука бр.17.1-33618/1 за избор на најповолна понуда, и на 11.06.2012 година е склучен договорот за јавна набавка заверен со бр.4104/1771 од 11.06.2012 година од МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје и бр.171-35780/1 од 08.06.2012 година од Министерството за внатрешни работи со вредност на договорот од 29.852.542 денари додадено и ДДВ во износ од 5.373.458 денари, каде потписник за Министерството за внатрешни работи е обвинетиот Ѓоко Поповски, а потписник за МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје е сведокот Зоран Марковски и врз основа на договорот од Министерството за внатрешни работи на МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје заклучно со 29.10.2012 година му било исплатено вкупно 35.226.000 денари, иако обвинетите и Гордана Јанкулоска знаеле дека набавка на такво ново возило било вонредно скапо, во услови на намалена економска и куповна моќ на министерството, а иако јавната набавка била спроведена како да е за потребите на Министерството за внатрешни работи, Гордана Јанкулоска го поттикнала обвинетиот Ѓоко Поповски да го стори кривичното дело за да потоа возилото од Министерството за внатрешни работи се даде на користење и на Претседателот на Владата на Република Македонија обвинетиот Никола Груевски што сакал да користи такво ново блиндирано патничко моторно возило, но не сакал во јавноста да се дознае дека тој како Претседател на владата користи такво луксузно возило.

Со горните дејствија обвинетиот Ѓоко Поповски сторил кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 од Кривичниот Законик, а обвинетиот Никола Груевски сторил кривично дело Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 ст.2 од Кривичниот Законик, па согласно овој член како и чл. 4, 32, 33, 34, 35 и 39 од КЗ, судот обвинетите ги

О С У Д У В А

Обвинетиот Ѓоко Поповски на казна затвор од 6- шест години и 6-шест месеци.

Обвинетиот Никола Груевски на казна затвор од 2-две години

Согласно чл.105 ст.1 од ЗКП, се задолжуваат обвинетите Ѓоко Поповски и Никола Груевски да ги надоместат трошоците на кривичната постапка во вкупен износ од 328.774,00 денари, од кои што обвинетиот Ѓоко Поповски да плати сума во износ од 5.000,00 денари на име паушал на сметка на судот, а обвинетиот Никола Груевски да плати сума во износ од 3.000,00 денари на име паушал на сметка на судот, а во смисла на чл. 102 ст. 2 т. 6 од ЗКП, обвинетиот Ѓоко Поповски да плати сума во износ од 3.190,00 денари за спровод од КПУ Затвор Скопје согласно чл. 102 ст. 2 т.3 и т 4 од ЗКП, додека трошоците за вештачење во вкупен износ од 290.280,00 денари, трошоците за преведување на документацијата во износ од 22.880,00 денари, како и трошоците за визуелно тонско снимање и препис на снимките во износ од 4.424,00 денари, обвинетите солидарно да ги надоместат во смисла на чл. 102 ст.2 т.1 од ЗКП, а ова да го сторат во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата под страв од присилно исполнение.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје до судот поднесе обвинителен акт НСК-КО.бр.3/17 од 29.06.2017 година,
против обвинетата Гордана Јанкулоска од Скопје за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 во врска со чл.23 од Кривичниот законик, обвинетиот Ѓоко Поповски од Скопје за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 од Кривичниот Законик со обвинителен предлог против обвинетиот Никола Груевски од Скопје за кривично дело Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 ст.2 од Кривичниот Законик, кој со поднесок НСК-КО.бр.3/17 од

14.05.2018 година е прецизиран со оглед да постапката против обвинетата Гордана Јанкулоска е раздвоена и за истата се води посебна кривична постапка пред Основниот суд Скопје 1 Скопје заведена под КОК бр.21/18 за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 во врска со чл.23 од КЗ.

Постапувајќи по поднесениот обвинителен акт против обвинетиот Ѓоко Поповски и обвинителниот предлог против обвинетиот Никола Груевски, судот закажа и одржа главна расправа која започна на ден 16.02.2018 година,а продолжи на ден 12.03.2018 година, на ден 15.03.2018 година, на ден 21.03.2018 година, на ден 10.04.2018 година, на ден 11.04.2018 година, на ден 18.04.2018 година, на ден 20.04.2018 година, на ден 23.04.2018 година, 25.04.2018 година, на ден 08.05.2018 година, на ден 14.05.2018 година и на ден 17.05.2018 година и на истата Застапникот на обвинението Стевчо Донев во завршен збор наведе дека од изведените докази во доказната постапка на главната расправа се утврдува фактичка состојба како што е наведено во прецизираниот диспозитив на обвинението. Пред да даде анализа на доказите од кои се утврдуваат дејствијата на обвинетите за набавката на возилото Мерцедес С 600 Гард во 2012-та година наведе дека е потребно да се даде анализа и на доказите кои се однесуваат за јавна набавка за половно-користено блиндирано патничко моторно возило за МВР во текот на 2011-та година, за да се има јасна слика што се случувало. Имено, наведе дека во 2011-та година обвинетиот Ѓоко Поповски, помошник Министер во МВР како одговорно лице во договорниот орган донел одлука за јавна набавка на стоки Дб.15-7539/1 од 02.02.2011 година за набавка на половно-користено блиндирано патничко моторно возило со предвидени 22.000.000,00 денари за набавката, каде во образложението на одлуката за потребата за набавката било напишано дека при испитувањето на пазарот за купување на безбедносни возила се утврдило дека набавката на нови сигурносни, блиндирани возила за превоз на ВИП патници е вонредно скапо, па затоа во услови на намалена економска и куповна моќ на договорните органи, одговорните во МВР се решиле за купување на користено сигурносно возило, според карактеристики кои ќе ги задоволат бараните безбедносни стандарди за таков тип на возило. Притоа наведе дека неспорно е дека имало потреба да се набави возило кое има конкретен степен на заштита, но првично за МВР немало ништо спорно да набават возило со таков степен на заштита кое е користено и кое ќе има поминати не повеќе од 15.000 километри, по што обвинетиот Ѓоко Поповски донел одлука за поништување на постапката за јавна набавка на стоки за половно-користено блиндирано патничко моторно возило поради тоа што во предвидениот рок никој не дал понуда, а во образложението на одлуката било напишано дека комисијата составила записник постапката да се повтори. Но, наместо да се повтори постапката за користено возило, наеднаш одлучиле да се набави ново возило, а зошто така

сториле одговор дава содржината на аудио снимките што беа репродуцирани на главната расправа. Од писмените дописи од МВР и тоа: Одговор на барање рег.бр.08-22239/1 од 06.04.2016 година од МВР, Кабинет на министерот, Допис – информација рег.бр.18.1.1-515/1 од 05.04.2016 година од помошник министер Ѓоко Поповски до државен советник Живко Темелкоски и Допис – информација од МВР, Началник на СНМЛ, Ненад Николовски до државен советник Живко Темелкоски и од планот за јавни набавки за 2012-та година кој го потпишала Гордана Јанкулоска произлегувало дека треба да има набавка на блиндирано ПМВ едно парче, па првично биле предвидени 15.254.237,00 денари како средства што значи помалку и од средствата за 2011-та година кои биле 22.000.000,00 денари за користено возило, но потоа го промениле, односно зголемиле износот во планот на 30.750.000,00 денари. Наведе дека сето ова јасно покажува дека и Гордана Јанкулоска како министер и обвинетиот Ѓоко Поповски како помошник министер знаеле точно што прават и зошто тоа го прават, а имајќи ја во предвид содржината на аудио снимките можело да се заклучи зошто во планот за јавни набавки прво имало сума 15.254.237,00 денари, а потоа истата била зголемена на 30.750.000,00 денари, односно зошто износот бил зголемен за да се набави конкретното ново возило наместо користено возило како што претходно било предвидено за потребите на МВР. Истовремено, наведе дека јасно се забележувало дека во постапката за набавка на користено блиндирано возило имало технички спецификации кои се разликувале од техничките спецификации за новото блиндирано возило, па се поставувало прашање зошто не останале техничките спецификации од претходната постапка само да се смени наместо користено да стои ново возило. Но, јасно било дека ако останале техничките спецификации од постапката од 2011-та година, не можело да се набави возилото Мерцедес С 600 Гард. Обвинетиот Никола Груевски, обвинетиот Ѓоко Поповски и Гордана Јанкулоска знаеле дека набавката на такво ново возило било вонредно скапо, во услови на намалена економска и куповна моќ на министерството што се утврдувало од содржината на одлуката за јавна набавка на стоки Дб.15-7539/1 од 02.02.2011 година, бидејќи тогаш Никола Груевски бил претседател на Владата на РМ, а Гордана Јанкулоска била министер за внатрешни работи и ним добро им бил познат буџетот на министерството, а Ѓоко Поповски покрај тоа и ја донел и потпишал таа одлука со таа содржина. Наведе дека неспорно било дека обвинетиот Никола Груевски во конкретниот период што бил наведен во обвинението бил Претседател на Владата на Република Македонија, како и дека тој го искористил своето реално влијание и службена положба така што побарал од Гордана Јанкулоска која што тогаш била службено лице, министер за внатрешни работи во Владата на Република Македонија, да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши и тоа да се спроведе јавна набавка во која Министерството за внатрешни работи ќе купи ново блиндирано патничко моторно возило од марката Мерцедес модел С 600 Гард така што во

постапката да се фаворизира економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје-генерален застапник и дистрибутер на возилата од марката Мерцедес во РМ. Дека обвинетиот Никола Груевски ги сторил конкретните дејствија смета дека се утврдило и од содржината на репродуцираните аудио снимки и од материјалните докази кои што потврдувале дека во конкретната постапка за јавна набавка бил фаворизиран конкретниот економски оператор. Имено, наведе дека од првата аудио снимка што беше репродуцирана на главната расправа со име на фајл gj_38970401425_38970401462_20120226_213017_In се утврдува дека во телефонски разговор обвинетиот Никола Груевски и Гордана Јанкулоска зборуваат и договараат за конкретната јавна набавка и тоа Гордана Јанкулоска бара обвинетиот Никола Груевски да и врати проспект што таа му го дала претходно, зборувале претпазливо за да не откријат детали, но обвинетиот Никола Груевски кажувал дека тоа е на „М" и дека другите проспекти не знаел кај му се, но проспектот за тоа на „М" бил пред него и дека не им требале другите проспекти, дека обвинетиот Никола Груевски кажувал дека тој го одвоил конкретниот проспект и таа требала да продолжи со реализација понатаму, но дека битно му било позади во возилото да има екрани, потоа обвинетиот Никола Груевски и вели да ја почне постапката, а таа се согласува. Наведе дека во вториот разговор односно аудио снимката со име на фајл gj_38970401425_38970401462_20120314_134128_In обвинетиот Никола Груевски прашува што се случува со постапката за набавка, Гордана Јанкулоска му вели дека ќе биде електронска и ја прават внимателно постапката за да не влета некој друг и дека таа кажала на човекот што бил таму како требало да испадне, на тоа обвинетиот потврдува, па таа му кажува дека тој човек правел дејствија за да се стесни просторот за другите. Во третата аудио снимка која што е со име на фајл gj_38970401425_38971323999_20120314_185744_In која е телефонски разговор помеѓу Гордана Јанкулоска и Кирил Божиноски од содржината на истата произлегува дека Кирил Божиноски знаел за набавката на блиндираното возило и бара од Гордана Јанкулоска да му каже кога е објавувањето на огласот, а таа му вели дека ќе го праша помошник министерот оти таа не ги потпишувала тие акти и си имало посебен сектор во МВР, па Кирил Божиновски прашува преку асоцирање на знакот на марката на возилото дали тоа ќе биде, за што Гордана Јанкулоска потврдува и кажува дека тие го правеле така да биде и дека прават се за да биде извесно за набавката на блиндираното возило, додека за набавката за сто педесет возила го правеле огласот да биде неизвесен за таму да се спушти цена. Во четвртиот разговор, односно од аудио снимка со име на фајл gj_38970305123_38971268928_20120314_191107_Out кој разговор е помеѓу Гордана Јанкулоска и обвинетиот Ѓоко Поповски наведе дека тие зборуваат за набавки на возила со погон на сите четири тркала и при разговорот Гордана Јанкулоска му кажува дека за тие возила спецификациите треба да се такви сите да можат да се вклопат и да не

се фаворизира Шкода, па продолжуваат со разговорот на тема за блиндираното возило каде обвинетиот Ѓоко Поповски и кажува дека како што се договориле требало така да биде, таа му вели да не ја утнат таму работата, а тој и кажува дека очекува по електронска пошта да му ја испратат спецификацијата за да ја нагодат. Во продолжение на разговорот Гордана Јанкулоска му кажува на обвинетиот Ѓоко Поповски дека треба во возилото на задното седиште да има телевизорче и обвинетиот се согласува со тоа, па кажува дека двајцата ќе договораат потоа откако тој ќе ја добие спецификацијата за возилото што конкретно да стават од опрема, па потоа да го објават огласот. Наведе дека од содржината на петтата аудио снимка со име на фајл gj_38970401425_38971323999_20120314_191744_Out која била телефонски разговор помеѓу Гордана Јанкулоска и Кирил Божиновски произлегува дека Гордана Јакулоска го информира дека ќе ги објават двата огласи за јавни набавки и тоа едниот за возилата со погон на четири тркала и другиот за блиндираното возило за кое чекале да им кажат што да напишеле за да испадне како што сакале. Истакна дека во разговорот понатаму Гордана Јанкулоска на Кирил Божиновски му кажува дека било извесно и договорено кој ќе биде избран за блиндираното возило. Од содржината на шестата аудио снимка со име на фајл gj_38970401425_38970401462_20120710_161506_In која била телефонски разговор помеѓу Гордана Јанкулоска и обвинетиот Никола Груевски произлегувало дека обвинетиот и кажува на Гордана Јанкулоска дека додека се одржат локалните избори немало да објавуваат дека го преземаат возилото и дека ќе глумеле дека е на МВР и дека кога ќе има новинари ќе оди со старото возило, или ќе оди прво со новото возило, а потоа ќе се префрли во старото возило пред да пристигне, додека Гордана Јанкулоска му вели дека сопственик е МВР и може и тој да го користи, но обвинетиот Никола Груевски и кажува да внимава да не се дознае и да им каже на лицата задолжени за возилото дека многу често ќе го користи тој и да го добива секогаш кога ќе побара а тој бара до локалните избори да го користеле старото возило за народот да видел дека го користат тоа возило. Притоа наведе дека содржината на овој разговор ја потврдувала директната умисла на обвинетиот Никола Груевски. Понатаму, наведе дека од содржината на седмата аудио снимка со име на фајл gj_38970401425_38971232752_20120720_142130_In која била телефонски разговор помеѓу Гордана Јанкулоска и Сашо Мијалков произлегувало дека Гордана Јанкулоска му кажува на Сашо Мијалков дека стигнало возилото Мерцедес и дека го ставиле во гаража кај премиерот за да не го гледале во МВР и му објаснува се што има возилото од опрема и му кажува дека така ја правеле работата за да има се што пишувало во каталогот и дека премиерот сакал да биде подискретно да не го гледале возилото, а од содржината на осмата аудио снимка со име на фајл gj_38970401425_38971323999_20120829_144302_Out која била

телефонски разговор помеѓу Гордана Јанкулоска и Кирил Божиновски произлегувало дека покрај другото Кирил Божиновски пак споменува триаголник што е асоцијација за знакот на марката на возилото Мерцедес и Гордана Јанкулоска му кажува дека од МВР контактирале со Марковски од Мак Аутостар и дека при таа набавка него го прашале да им каже финта за да помине тоа како што поминало, за да не се протнел некој друг зашто човекот (таа мисли на обвинетиот Никола Груевски) така сакал и така направиле. Појасни дека името на фајлот на аудио снимките покажувало временски кога бил телефонскиот разговор и ги содржело и телефонските броеви, а од писмените докази прибавени од телефонскиот оператор Македонски Телеком АД – Скопје поточно Пропратно писмо бр.06-1230/2-18 од 16.04.2018 година со прилог Извештај за сопственост за телефонски броеви 070/305-123, 071/268-928, 070/401-425, 071/323-999, 070/401-462 и 071/232-752 во печатена форма на 2 страни се утврдувало кои лица биле сопственици на конкретните телефонски броеви, а гласовите на лицата што зборувале лесно биле препознатливи. Во тендерската документација за отворена постапка бр.17-16/2012 за доделување на Договор за јавна набавка на блиндирано моторно возило за Министерството за внатрешни работи на РМ, Сектор за општи и заеднички работи, бр.171-21577/1 од 03.04.2012 година, во техничките спецификации биле наведени екрани што требале да се вградат во потпирачите за глава на предните седишта како што побарал обвинетиот Никола Груевски, а содржината на техничките спецификации кога ќе се споредела со понудата од Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје буквално била идентична по содржина вклучително и со технички грешки при пишувањето. Наведе дека во прилогот 2 од Дописот од Германија со број CG/CL-AM/an-2017/05987 од 10.08.2017 година од Даимлер АГ – Штутгарт и тоа посебно во електронската комуникација од 29.03.2012 година сведокот Марко Јовановски кој бил менаџер за продажба на Мерцедес во дописот до Даимлер АГ од Штудгарт Германија напишал дека од МВР им кажале кога ќе биде објавен тендерот за заштитно возило и дека спецификацијата ќе биде дадена во согласност со понудата која што им ја презентирале претходно и да го чуваат возилото што го резервирале бидејќи ќе ја земеле С-класата, а и во прилог 4 од истиот Допис од Германија од електронската комуникација од 10.04.2012 година се утврдило дека сведокот Марко Јовановски во дописот до Даимлер АГ од Штудгарт Германија ги известил дека тендерот од МВР бил објавен и дека МВР сакале да го купат возилото С-Гард. Сето ова потврдувало дека обвинетиот Никола Груевски бил свесен дека го искористува своето реално влијание и службена положба со тоа што сакал и побарал на таков незаконски начин во МВР да се спроведе постапката за јавна набавка на ново блиндирано возило. Од содржината на аудио снимките се утврдило и дека Гордана Јанкулоска за да го исполни барањето на обвинетиот Никола Груевски со умисла го поттикнала обвинетиот Ѓоко Поповски да стори кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување, така што тој како

помошник министер да ја искористи својата службена положба и овластувања, при вршење на јавни набавки, незаконски да го повласти, фаворизира, економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје и да набави такво возило. Од содржината на аудио снимките се утврдило дека тие се договарале и биле свесни дека преземаат дејствија за фаворизирање на конкретниот економски оператор. Обвинетиот Ѓоко Поповски кој бил службено лице од Гордана Јанкулоска која била министер за внатрешни работи писмено бил овластен како помошник на министерот да спроведува постапки за јавни набавки во Министерството за внатрешни работи и на кого со решение бр.12.1-8493/1 од 08.02.2012 година од министерот целосно му биле пренесени овластувањата за спроведување на јавните набавки. За да го исполни барањето на Гордана Јанкулоска, обвинетиот Ѓоко Поповски како службено лице помошник на министерот за внатрешни работи за Секторот за општи и заеднички работи со искористување на својата службена положба и овластување, при вршење на јавни набавки, прибавил за економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје корист што се состоела од доделување на договор за купопродажба, сервисирање и одржување на блиндирано патничко моторно возило марка Мерцедес модел С 600 Гард. Обвинетиот Ѓоко Поповски претходно во 2011-та година донел одлука за поништување на постапката за јавна набавка на стоки за половно-користено блиндирано патничко моторно возило поради тоа што никој не дал понуда, а во образложението на одлуката напишал дека комисијата составила записник постапката да се повтори. Постапката за набавка на користено возило не била повторена, а обвинетиот Ѓоко Поповски на 03.04.2012 година донел одлука за јавна набавка на стоки Дб.17.1-21576/1 од 03.04.2012 година каде проценетата вредност на набавката била 30.750.000,00 денари или 500.000 евра без вклучен ДДВ, а предмет на набавката било ново блиндирано патничко моторно возило со највисока заштита VR6/VR7. Наведе дека обвинетиот Ѓоко Поповски со цел во постапката да нема конкуренција економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје, а и за фаворизирање на истиот, им дал напишани технички спецификации на сведоците Сашо Николоски и Слободанчо Станков кои што ја изготвувале тендерската документација каде во спецификацијата на возилото во тендерската документација бр.171-21577/1 од 03.04.2012 година, имало повеќе технички спецификации што се однесувале за возилото Мерцедес С 600 Гард кои упатувале на конкретно производство и трговски марки, (регистрираните трговски марки од производителот на возилата Мерцедес – Даимлер АГ од Германија и тоа: AIRMATIC, SPEEDTRONIC, PRE-SAFE, THERMOTRONIC, COMAND, DISTRONIC PLUS, GUARD и Night View Assist) и без да биде наведено дека можат да се дадат и понуди и од други спецификации кои се еквивалентни на наведените во тендерската документација со што свесно постапил спротивно на чл.36 од Законот за јавните набавки. Дека обвинетиот Ѓоко Поповски го фаворизирал економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје се потврдило и со

тоа што во тендерската документација во техничките спецификации биле наведени и посебни услови, а еден од тие услови бил бесплатната техничка проверка на исправноста на возилото на секои 6 месеци во овластен сервис или сервиси на економскиот оператор, а од понудата на Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје во текстот со наслов Опис на техничка способност се утврдило дека Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје бил единствен што има овластен сервис за возилата од програмата на Даимлер АГ кој е призводител на Мерцедес. Со овој посебен услов било оневозможено, на било кој друг економски оператор да даде понуда, бидејќи единствен економски оператор кој имал овластен сервисен центар е МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје, па дури и некој да можел да купи од Даимлер АГ такво возило немало да ги исполни посебните услови и не можел да даде комплетна понуда како што се барало во тендерската документација. Обвинетиот Ѓоко Поповски техничките спецификации ги добил во електронска форма преку неговата службена адреса за примање на електронска пошта, а биле испратени преку адресата за електронска пошта на сведокот Зоран Маневски кој бил вработен во Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје, а за наведеното потврда била писмениот доказ Известување рег.бр.08-78086/1 од 07.12.2016 година од МВР со прилог Допис рег.бр.11-1402/2 од 07.12.2016 година од Оддел за информатика и телекомуникации при МВР и Испис од серверски логови како и писмениот доказ Извештај НСК.КО.бр.3/17 од 25.04.2017 година од истражител на правосудна полиција Дејан Боцевски, а и од содржината на аудио снимката каде зборува обвинетиот Ѓоко Поповски се утврдило дека тој чекал да добие меил со спецификациите за возилото, а и од електронската комуникација од 29.03.2012 година сведокот Марко Јовановски кој бил менаџер за продажба на Мерцедес во писмениот допис до Даимлер АГ од Штудгарт Германија напишал дека од МВР им кажале дека спецификацијата ќе биде дадена во согласност со понудата која што им ја дале претходно. Дека AIRMATIC, SPEEDTRONIC, PRE-SAFE, THERMOTRONIC, COMAND, DISTRONIC PLUS, GUARD и Night View Assist биле регистрирани трговски марки од производителот на возилата Мерцедес – Даимлер АГ од Германија се утврдило и од писмените дописи од Државниот завод за индустриска сопственост и тоа: Допис бр.03-2039/3-2016 од 01.12.2016 година со прилог бр.1 и прилог бр.2, Допис-Дополнително доставување на податоци бр.03-2128/2-2016 од 05.12.2016 година со прилози извадоци од меѓународниот регистар ROMARIN на Светската организација за интелектуална сопственост и извадоци од регистарот на Заводот за интелектуална сопственост на Европската унија EUIPO и Допис-Дополнително доставување податоци бр.03-2167/2-2016 од 09.12.2016 година од Државниот завод за индустриска сопственост Скопје со прилог извадок од базата на податоци на Заводот за интелектуална сопственост на Европската унија EUIPO. Од одбраната се истакнувало дека разни светски производители можеле да понудат блиндирани возила и дека имало повеќе производители што нуделе такви возила, но тоа не било точно, бидејќи ако се има во предвид

што било наведено во техничките спецификации од тендерската документација се стеснувал бројот на производители кои што можеле да понудат такво возило. Наведе дека тезата на одбраната е погрешна затоа што тие кажувале општо и глобално за производители на блиндирани возила, но ако се има во предвид дека во техничките спецификации стоело дека се бара тип на патничко моторно возило со 4 седишта и 4 врати и со 12-ет цилиндричен мотор и луксузен пакет на опрема, се доаѓало до заклучок дека се работи за луксузен сегмент на лимузини со 12-ет цилиндричен бензински мотор. Исто така наведе дека постоеле и други производители освен Мерцедес, БМВ и Ауди кои имаат лимузини со 12-ет цилиндричен мотор како што се Бентли и Астон Мартин, но Бентли и Астон Мартин немале заштита, односно не биле блиндирани, па така со VR6/VR7 заштита биле само Mercedes S 600 Guard, Audi A8 L 6.3 Quattro Security и BMW 760 Li High Security F03. Наведеното го утврдил вештакот Тале Герамитчиоски во своето вештачење врз основа на податоци од електронската база Аутомобиле-каталог, и врз основа на документацијата од Порше Македонија ДООЕЛ и М Кар ДООЕЛ Скопје. Напомена дека од вештачењето на вештакот Тале Герамитчиоски посебно делот каде била наведена споредба-компарација на трите возила, а кое било извадок од електронската база Аутомобиле-каталог произлегло дека биле дадени сите возила што постоеле тогаш на пазарот, а кои биле директна конкуренција на Мерцедес С 600 Гард. Исто така од ова вештачење се утврди дека во техничките спецификации на тендерската документација било барано трансмисија со фиксно 5 брзини, а за да се овозможи конкурентност би требало да стои со најмалку 5 брзини, бидејќи конкурентните модели имале трансмисија со 8 брзини. Силата била дадена во распон од 370-390 KW, во кој што распон влегувале само 380 KW што ги имал Мерцедес, бидејќи Ауди имал 368 KW, а БМВ 400 KW. Исто така и дадените распони за зафатнината на моторот и вртежниот момент биле такви за да може само Мерцедес да се вклопи во истите, додека Ауди и БМВ не ги исполнувале тие барања. Во тендерската документација во техничките спецификации се барало погонот да биде на задни тркала, а тоа го исполнувале само Мерцедес и БМВ, додека Ауди и тоа не го исполнувал. Тоа само покажувало како биле направени техничките спецификации со цел да се исклучи конкуренцијата и да се изврши фаворизирање на конкретен економски оператор. Од сето наведено произлегувало дека во техничките спецификации во тендерската документација биле вметнати спецификации кои упатуваат на конкретно производство, конкретни трговски марки, односно конкретен производ, а тоа е Мерцедес С 600 Гард со VR6/VR7 заштита. Наведе дека кога ќе се направи споредба на текстот од техничките спецификации од тендерската документација со текстот во понудата на Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје се забележувале повеќе исти технички грешки во текстот што само било потврда дека од Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје преку електронска пошта им ги дале техничките спецификации на

9КОК-59/17

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ, како првостепен кривичен суд преку судијата Добрила Кацарска како претседател на советот,судијата Дарко Тодоровски член на советот и судиите поротници Никос Томовски, Ивко Денковски и Сузана Филиќ како членови на советот, со записничар Велика Катранџиева судски службеник, постапувајќи по обвинителниот акт на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје НСК-КО.бр.3/17 од 29.06.2017 година, против обвинетите Гордана Јанкулоска од Скопје за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 вв со чл.23 од Кривичниот Законик, Ѓоко Поповски од Скопје за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 од Кривичниот Законик и обвинителниот предлог НСК-КО.бр.3/17 од 29.06.2017 година, против обвинетиот Никола Груевски од Скопје за кривично дело Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 ст.2 од Кривичниот Законик, по одржаната главна, јавна и усмена расправа која започна на ден 16.02.2018 година,а продолжи на ден 12.03.2018 година, на ден 15.03.2018 година, на ден 21.03.2018 година, на ден 10.04.2018 година, на ден 11.04.2018 година, на ден 18.04.2018 година, на ден 20.04.2018 година, на ден 23.04.2018 година, 25.04.2018 година, на ден 08.05.2018 година, на ден 14.05.2018 година и на ден 17.05.2018 година во присуство на Јавните обвинители Стевчо Донев и Гаврил Бубевски од Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје, обвинетиот Ѓоко Поповски, бранителот на обвинетиот Ѓоко Поповски, Стерјо Зиков адвокат од Скопје, обвинетиот Никола Груевски и неговите бранители Боро Тасевски и Сања Алексиќ адвокати од Скопје, адвокат Димитар Дангов од Адвокатско друштво Интер Партес од Скопје и Донче Наков адвокат од Штип, ја донесе, а на ден 23.05.2018 година јавно ја објави следната

П Р Е С У Д А

ОБВИНЕТИТЕ

ЃОКО ПОПОВСКИ, од татко Марин, мајка Стојна, роден на 25.10.1965 година во Скопје, со ЕМБГ 2510965450055, живее во Скопје, општина Аеродром на бул. „Јане Сандански" бр.81 вл.1 ст.9, со завршено високо образование дипломиран правник, женет, татко на едно полнолетно дете, државјанин на РМ, по национална Македонец, со број

на лична карта А0453212 издадена од МВР Скопје, неосудуван, се води и друга постапка за друго кривично дело.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ, од татко Тало, мајка Надежда, роден на 31.08.1970 година во Скопје, со ЕМБГ 3108970450005, живее во Скопје на ул.„Павел Шатев" бр.3-1/15, со завршено високо образование магистер по економски науки од областа на монетарната економија, женет, татко на две малолетни деца, државјанин на РМ, по националност Македонец, со број на лична карта А 1878600 издадена од МВР Скопје, неосудуван, се водат и други постапки за други кривични дела.

ВИНОВНИ СЕ
ЗАТОА ШТО:

Во периодот од Февруари 2012 година до крајот на Октомври 2012 година во Скопје, обвинетиот Никола Груевски како Претседател на Владата на Република Македонија со искористување на своето реално влијание и службена положба побарал од Гордана Јанкулоска (за која како обвинета се води раздвоено посебна кривична постапка КОК-21/18 пред Основниот суд Скопје 1 Скопје за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 во врска со чл.23 од КЗ) - службено лице министер за внатрешни работи во Владата на Република Македонија да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши и тоа да се спроведе јавна набавка во која Министерството за внатрешни работи ќе купи ново блиндирано патничко моторно возило од марката Мерцедес модел С 600 Гард така што во постапката да се фаворизира економскиот оператор МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје-генерален застапник и дистрибутер на возилата од марката Мерцедес во РМ, па Гордана Јанкулоска за да го исполни барањето на обвинетиот со умисла го поттикнала обвинетиот Ѓоко Поповски да стори кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување, кој што од Гордана Јанкулоска писмено бил овластен како помошник на министерот да спроведува постапки за јавни набавки во Министерството за внатрешни работи и на кого со решение бр.12.1-8493/1 од 08.02.2012 година од министерот целосно му биле пренесени овластувањата за спроведување на јавните набавки, така што тој да ја искористи својата службена положба и овластувања, при вршење на јавни набавки, незаконски да го повласти - фаворизира економскиот оператор МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје и да се набави такво возило, па за да го исполни барањето на Гордана Јанкулоска, обвинетиот Ѓоко Поповски како службено лице помошник на министерот за внатрешни работи за Секторот за општи и заеднички работи со искористување на својата службена положба и овластувања, при вршење на јавни набавки, прибавил за економскиот оператор МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје корист што се состои од доделување на договор за купопродажба, сервисирање и одржување на блиндирано патничко моторно возило марка Мерцедес модел С 600 Гард, така што на

03.04.2012 година донел одлука за јавна набавка на стоки Дб.17.1-21576/1 од 03.04.2012 година каде проценетата вредност на набавката е 30.750.000 денари или 500.000 евра без вклучен ДДВ, а предмет на набавката е блиндирано патничко моторно возило со највисока заштита VR6/VR7 каде во спецификацијата на возилото во тендерската документација бр.171-21577/1 од 03.04.2012 година, со цел во постапката да нема конкуренција економскиот оператор МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје, а и за фаворизирање на истиот, имало повеќе технички спецификации што се однесуваат за возилото Мерцедес С 600 Гард кои упатуваат на конкретно производство и трговски марки (регистрираните трговски марки од производителот на возилата Мерцедес – Даимлер АГ од Германија и тоа: AIRMATIC, SPEEDTRONIC, PRE-SAFE, THERMOTRONIC, COMAND, DISTRONIC PLUS, GUARD и Night View Assist) и без да биде наведено дека можат да се дадат и понуди со други спецификации кои се еквивалентни на наведените во тендерската документација со што постапил спротивно на чл.36 од Законот за јавните набавки, па поради условите и техничките спецификации што биле дадени во тендерската документација во текот на постапката бр.17-16/2012 само економскиот оператор МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје дал понуда на 15.05.2012 година и бил единствен понудувач, па потоа обвинетиот Ѓоко Поповски иако бил свесен за незаконското фаворизирање на економскиот оператор и за нерационалното искористување на средствата на министерството, на 30.05.2012 година донел одлука бр.17.1-33618/1 за избор на најповолна понуда, и на 11.06.2012 година е склучен договорот за јавна набавка заверен со бр.4104/1771 од 11.06.2012 година од МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје и бр.171-35780/1 од 08.06.2012 година од Министерството за внатрешни работи со вредност на договорот од 29.852.542 денари додадено и ДДВ во износ од 5.373.458 денари, каде потписник за Министерството за внатрешни работи е обвинетиот Ѓоко Поповски, а потписник за МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје е сведокот Зоран Марковски и врз основа на договорот од Министерството за внатрешни работи на МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје заклучно со 29.10.2012 година му било исплатено вкупно 35.226.000 денари, иако обвинетите и Гордана Јанкулоска знаеле дека набавка на такво ново возило било вонредно скапо, во услови на намалена економска и куповна моќ на министерството, а иако јавната набавка била спроведена како да е за потребите на Министерството за внатрешни работи, Гордана Јанкулоска го поттикнала обвинетиот Ѓоко Поповски да го стори кривичното дело за да потоа возилото од Министерството за внатрешни работи се даде на користење и на Претседателот на Владата на Република Македонија обвинетиот Никола Груевски што сакал да користи такво ново блиндирано патничко моторно возило, но не сакал во јавноста да се дознае дека тој како Претседател на владата користи такво луксузно возило.

Со горните дејствија обвинетиот Ѓоко Поповски сторил кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 од Кривичниот Законик, а обвинетиот Никола Груевски сторил кривично дело Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 ст.2 од Кривичниот Законик, па согласно овој член како и чл. 4, 32, 33, 34, 35 и 39 од КЗ, судот обвинетите ги

О С У Д У В А

Обвинетиот Ѓоко Поповски на казна затвор од 6- шест години и 6-шест месеци.

Обвинетиот Никола Груевски на казна затвор од 2-две години

Согласно чл.105 ст.1 од ЗКП, се задолжуваат обвинетите Ѓоко Поповски и Никола Груевски да ги надоместат трошоците на кривичната постапка во вкупен износ од 328.774,00 денари, од кои што обвинетиот Ѓоко Поповски да плати сума во износ од 5.000,00 денари на име паушал на сметка на судот, а обвинетиот Никола Груевски да плати сума во износ од 3.000,00 денари на име паушал на сметка на судот, а во смисла на чл. 102 ст. 2 т. 6 од ЗКП, обвинетиот Ѓоко Поповски да плати сума во износ од 3.190,00 денари за спровод од КПУ Затвор Скопје согласно чл. 102 ст. 2 т.3 и т 4 од ЗКП, додека трошоците за вештачење во вкупен износ од 290.280,00 денари, трошоците за преведување на документацијата во износ од 22.880,00 денари, како и трошоците за визуелно тонско снимање и препис на снимките во износ од 4.424,00 денари, обвинетите солидарно да ги надоместат во смисла на чл. 102 ст.2 т.1 од ЗКП, а ова да го сторат во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата под страв од присилно исполнение.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје до судот поднесе обвинителен акт НСК-КО.бр.3/17 од 29.06.2017 година,
против обвинетата Гордана Јанкулоска од Скопје за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 во врска со чл.23 од Кривичниот законик, обвинетиот Ѓоко Поповски од Скопје за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 од Кривичниот Законик со обвинителен предлог против обвинетиот Никола Груевски од Скопје за кривично дело Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 ст.2 од Кривичниот Законик, кој со поднесок НСК-КО.бр.3/17 од

14.05.2018 година е прецизиран со оглед да постапката против обвинетата Гордана Јанкулоска е раздвоена и за истата се води посебна кривична постапка пред Основниот суд Скопје 1 Скопје заведена под КОК бр.21/18 за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 во врска со чл.23 од КЗ.

Постапувајќи по поднесениот обвинителен акт против обвинетиот Ѓоко Поповски и обвинителниот предлог против обвинетиот Никола Груевски, судот закажа и одржа главна расправа која започна на ден 16.02.2018 година,а продолжи на ден 12.03.2018 година, на ден 15.03.2018 година, на ден 21.03.2018 година, на ден 10.04.2018 година, на ден 11.04.2018 година, на ден 18.04.2018 година, на ден 20.04.2018 година, на ден 23.04.2018 година, 25.04.2018 година, на ден 08.05.2018 година, на ден 14.05.2018 година и на ден 17.05.2018 година и на истата Застапникот на обвинението Стевчо Донев во завршен збор наведе дека од изведените докази во доказната постапка на главната расправа се утврдува фактичка состојба како што е наведено во прецизираниот диспозитив на обвинението. Пред да даде анализа на доказите од кои се утврдуваат дејствијата на обвинетите за набавката на возилото Мерцедес С 600 Гард во 2012-та година наведе дека е потребно да се даде анализа и на доказите кои се однесуваат за јавна набавка за половно-користено блиндирано патничко моторно возило за МВР во текот на 2011-та година, за да се има јасна слика што се случувало. Имено, наведе дека во 2011-та година обвинетиот Ѓоко Поповски, помошник Министер во МВР како одговорно лице во договорниот орган донел одлука за јавна набавка на стоки Дб.15-7539/1 од 02.02.2011 година за набавка на половно-користено блиндирано патничко моторно возило со предвидени 22.000.000,00 денари за набавката, каде во образложението на одлуката за потребата за набавката било напишано дека при испитувањето на пазарот за купување на безбедносни возила се утврдило дека набавката на нови сигурносни, блиндирани возила за превоз на ВИП патници е вонредно скапо, па затоа во услови на намалена економска и куповна моќ на договорните органи, одговорните во МВР се решиле за купување на користено сигурносно возило, според карактеристики кои ќе ги задоволат бараните безбедносни стандарди за таков тип на возило. Притоа наведе дека неспорно е дека имало потреба да се набави возило кое има конкретен степен на заштита, но првично за МВР немало ништо спорно да набават возило со таков степен на заштита кое е користено и кое ќе има поминати не повеќе од 15.000 километри, по што обвинетиот Ѓоко Поповски донел одлука за поништување на постапката за јавна набавка на стоки за половно-користено блиндирано патничко моторно возило поради тоа што во предвидениот рок никој не дал понуда, а во образложението на одлуката било напишано дека комисијата составила записник постапката да се повтори. Но, наместо да се повтори постапката за користено возило, наеднаш одлучиле да се набави ново возило, а зошто така

сториле одговор дава содржината на аудио снимките што беа репродуцирани на главната расправа. Од писмените дописи од МВР и тоа: Одговор на барање рег.бр.08-22239/1 од 06.04.2016 година од МВР, Кабинет на министерот, Допис – информација рег.бр.18.1.1-515/1 од 05.04.2016 година од помошник министер Ѓоко Поповски до државен советник Живко Темелкоски и Допис – информација од МВР, Началник на СНМЛ, Ненад Николовски до државен советник Живко Темелкоски и од планот за јавни набавки за 2012-та година кој го потпишала Гордана Јанкулоска произлегувало дека треба да има набавка на блиндирано ПМВ едно парче, па првично биле предвидени 15.254.237,00 денари како средства што значи помалку и од средствата за 2011-та година кои биле 22.000.000,00 денари за користено возило, но потоа го промениле, односно зголемиле износот во планот на 30.750.000,00 денари. Наведе дека сето ова јасно покажува дека и Гордана Јанкулоска како министер и обвинетиот Ѓоко Поповски како помошник министер знаеле точно што прават и зошто тоа го прават, а имајќи ја во предвид содржината на аудио снимките можело да се заклучи зошто во планот за јавни набавки прво имало сума 15.254.237,00 денари, а потоа истата била зголемена на 30.750.000,00 денари, односно зошто износот бил зголемен за да се набави конкретното ново возило наместо користено возило како што претходно било предвидено за потребите на МВР. Истовремено, наведе дека јасно се забележувало дека во постапката за набавка на користено блиндирано возило имало технички спецификации кои се разликувале од техничките спецификации за новото блиндирано возило, па се поставувало прашање зошто не останале техничките спецификации од претходната постапка само да се смени наместо користено да стои ново возило. Но, јасно било дека ако останале техничките спецификации од постапката од 2011-та година, не можело да се набави возилото Мерцедес С 600 Гард. Обвинетиот Никола Груевски, обвинетиот Ѓоко Поповски и Гордана Јанкулоска знаеле дека набавката на такво ново возило било вонредно скапо, во услови на намалена економска и куповна моќ на министерството што се утврдувало од содржината на одлуката за јавна набавка на стоки Дб.15-7539/1 од 02.02.2011 година, бидејќи тогаш Никола Груевски бил претседател на Владата на РМ, а Гордана Јанкулоска била министер за внатрешни работи и ним добро им бил познат буџетот на министерството, а Ѓоко Поповски покрај тоа и ја донел и потпишал таа одлука со таа содржина. Наведе дека неспорно било дека обвинетиот Никола Груевски во конкретниот период што бил наведен во обвинението бил Претседател на Владата на Република Македонија, како и дека тој го искористил своето реално влијание и службена положба така што побарал од Гордана Јанкулоска која што тогаш била службено лице, министер за внатрешни работи во Владата на Република Македонија, да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши и тоа да се спроведе јавна набавка во која Министерството за внатрешни работи ќе купи ново блиндирано патничко моторно возило од марката Мерцедес модел С 600 Гард така што во

постапката да се фаворизира економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје-генерален застапник и дистрибутер на возилата од марката Мерцедес во РМ. Дека обвинетиот Никола Груевски ги сторил конкретните дејствија смета дека се утврдило и од содржината на репродуцираните аудио снимки и од материјалните докази кои што потврдувале дека во конкретната постапка за јавна набавка бил фаворизиран конкретниот економски оператор. Имено, наведе дека од првата аудио снимка што беше репродуцирана на главната расправа со име на фајл gj_38970401425_38970401462_20120226_213017_In се утврдува дека во телефонски разговор обвинетиот Никола Груевски и Гордана Јанкулоска зборуваат и договараат за конкретната јавна набавка и тоа Гордана Јанкулоска бара обвинетиот Никола Груевски да и врати проспект што таа му го дала претходно, зборувале претпазливо за да не откријат детали, но обвинетиот Никола Груевски кажувал дека тоа е на „М" и дека другите проспекти не знаел кај му се, но проспектот за тоа на „М" бил пред него и дека не им требале другите проспекти, дека обвинетиот Никола Груевски кажувал дека тој го одвоил конкретниот проспект и таа требала да продолжи со реализација понатаму, но дека битно му било позади во возилото да има екрани, потоа обвинетиот Никола Груевски и вели да ја почне постапката, а таа се согласува. Наведе дека во вториот разговор односно аудио снимката со име на фајл gj_38970401425_38970401462_20120314_134128_In обвинетиот Никола Груевски прашува што се случува со постапката за набавка, Гордана Јанкулоска му вели дека ќе биде електронска и ја прават внимателно постапката за да не влета некој друг и дека таа кажала на човекот што бил таму како требало да испадне, на тоа обвинетиот потврдува, па таа му кажува дека тој човек правел дејствија за да се стесни просторот за другите. Во третата аудио снимка која што е со име на фајл gj_38970401425_38971323999_20120314_185744_In која е телефонски разговор помеѓу Гордана Јанкулоска и Кирил Божиноски од содржината на истата произлегува дека Кирил Божиноски знаел за набавката на блиндираното возило и бара од Гордана Јанкулоска да му каже кога е објавувањето на огласот, а таа му вели дека ќе го праша помошник министерот оти таа не ги потпишувала тие акти и си имало посебен сектор во МВР, па Кирил Божиновски прашува преку асоцирање на знакот на марката на возилото дали тоа ќе биде, за што Гордана Јанкулоска потврдува и кажува дека тие го правеле така да биде и дека прават се за да биде извесно за набавката на блиндираното возило, додека за набавката за сто педесет возила го правеле огласот да биде неизвесен за таму да се спушти цена. Во четвртиот разговор, односно од аудио снимка со име на фајл gj_38970305123_38971268928_20120314_191107_Out кој разговор е помеѓу Гордана Јанкулоска и обвинетиот Ѓоко Поповски наведе дека тие зборуваат за набавки на возила со погон на сите четири тркала и при разговорот Гордана Јанкулоска му кажува дека за тие возила спецификациите треба да се такви сите да можат да се вклопат и да не

се фаворизира Шкода, па продолжуваат со разговорот на тема за блиндираното возило каде обвинетиот Ѓоко Поповски и кажува дека како што се договориле требало така да биде, таа му вели да не ја утнат таму работата, а тој и кажува дека очекува по електронска пошта да му ја испратат спецификацијата за да ја нагодат. Во продолжение на разговорот Гордана Јанкулоска му кажува на обвинетиот Ѓоко Поповски дека треба во возилото на задното седиште да има телевизорче и обвинетиот се согласува со тоа, па кажува дека двајцата ќе договораат потоа откако тој ќе ја добие спецификацијата за возилото што конкретно да стават од опрема, па потоа да го објават огласот. Наведе дека од содржината на петтата аудио снимка со име на фајл gj_38970401425_38971323999_20120314_191744_Out која била телефонски разговор помеѓу Гордана Јанкулоска и Кирил Божиновски произлегува дека Гордана Јакулоска го информира дека ќе ги објават двата огласи за јавни набавки и тоа едниот за возилата со погон на четири тркала и другиот за блиндираното возило за кое чекале да им кажат што да напишеле за да испадне како што сакале. Истакна дека во разговорот понатаму Гордана Јанкулоска на Кирил Божиновски му кажува дека било извесно и договорено кој ќе биде избран за блиндираното возило. Од содржината на шестата аудио снимка со име на фајл gj_38970401425_38970401462_20120710_161506_In која била телефонски разговор помеѓу Гордана Јанкулоска и обвинетиот Никола Груевски произлегувало дека обвинетиот и кажува на Гордана Јанкулоска дека додека се одржат локалните избори немало да објавуваат дека го преземаат возилото и дека ќе глумеле дека е на МВР и дека кога ќе има новинари ќе оди со старото возило, или ќе оди прво со новото возило, а потоа ќе се префрли во старото возило пред да пристигне, додека Гордана Јанкулоска му вели дека сопственик е МВР и може и тој да го користи, но обвинетиот Никола Груевски и кажува да внимава да не се дознае и да им каже на лицата задолжени за возилото дека многу често ќе го користи тој и да го добива секогаш кога ќе побара а тој бара до локалните избори да го користеле старото возило за народот да видел дека го користат тоа возило. Притоа наведе дека содржината на овој разговор ја потврдувала директната умисла на обвинетиот Никола Груевски. Понатаму, наведе дека од содржината на седмата аудио снимка со име на фајл gj_38970401425_38971232752_20120720_142130_In која била телефонски разговор помеѓу Гордана Јанкулоска и Сашо Мијалков произлегувало дека Гордана Јанкулоска му кажува на Сашо Мијалков дека стигнало возилото Мерцедес и дека го ставиле во гаража кај премиерот за да не го гледале во МВР и му објаснува се што има возилото од опрема и му кажува дека така ја правеле работата за да има се што пишувало во каталогот и дека премиерот сакал да биде подискретно да не го гледале возилото, а од содржината на осмата аудио снимка со име на фајл gj_38970401425_38971323999_20120829_144302_Out која била

телефонски разговор помеѓу Гордана Јанкулоска и Кирил Божиновски произлегувало дека покрај другото Кирил Божиновски пак споменува триаголник што е асоцијација за знакот на марката на возилото Мерцедес и Гордана Јанкулоска му кажува дека од МВР контактирале со Марковски од Мак Аутостар и дека при таа набавка него го прашале да им каже финта за да помине тоа како што поминало, за да не се протнел некој друг зашто човекот (таа мисли на обвинетиот Никола Груевски) така сакал и така направиле. Појасни дека името на фајлот на аудио снимките покажувало временски кога бил телефонскиот разговор и ги содржело и телефонските броеви, а од писмените докази прибавени од телефонскиот оператор Македонски Телеком АД – Скопје поточно Пропратно писмо бр.06-1230/2-18 од 16.04.2018 година со прилог Извештај за сопственост за телефонски броеви 070/305-123, 071/268-928, 070/401-425, 071/323-999, 070/401-462 и 071/232-752 во печатена форма на 2 страни се утврдувало кои лица биле сопственици на конкретните телефонски броеви, а гласовите на лицата што зборувале лесно биле препознатливи. Во тендерската документација за отворена постапка бр.17-16/2012 за доделување на Договор за јавна набавка на блиндирано моторно возило за Министерството за внатрешни работи на РМ, Сектор за општи и заеднички работи, бр.171-21577/1 од 03.04.2012 година, во техничките спецификации биле наведени екрани што требале да се вградат во потпирачите за глава на предните седишта како што побарал обвинетиот Никола Груевски, а содржината на техничките спецификации кога ќе се споредела со понудата од Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје буквално била идентична по содржина вклучително и со технички грешки при пишувањето. Наведе дека во прилогот 2 од Дописот од Германија со број CG/CL-AM/an-2017/05987 од 10.08.2017 година од Даимлер АГ – Штутгарт и тоа посебно во електронската комуникација од 29.03.2012 година сведокот Марко Јовановски кој бил менаџер за продажба на Мерцедес во дописот до Даимлер АГ од Штудгарт Германија напишал дека од МВР им кажале кога ќе биде објавен тендерот за заштитно возило и дека спецификацијата ќе биде дадена во согласност со понудата која што им ја презентирале претходно и да го чуваат возилото што го резервирале бидејќи ќе ја земеле С-класата, а и во прилог 4 од истиот Допис од Германија од електронската комуникација од 10.04.2012 година се утврдило дека сведокот Марко Јовановски во дописот до Даимлер АГ од Штудгарт Германија ги известил дека тендерот од МВР бил објавен и дека МВР сакале да го купат возилото С-Гард. Сето ова потврдувало дека обвинетиот Никола Груевски бил свесен дека го искористува своето реално влијание и службена положба со тоа што сакал и побарал на таков незаконски начин во МВР да се спроведе постапката за јавна набавка на ново блиндирано возило. Од содржината на аудио снимките се утврдило и дека Гордана Јанкулоска за да го исполни барањето на обвинетиот Никола Груевски со умисла го поттикнала обвинетиот Ѓоко Поповски да стори кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување, така што тој како

помошник министер да ја искористи својата службена положба и овластувања, при вршење на јавни набавки, незаконски да го повласти, фаворизира, економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје и да набави такво возило. Од содржината на аудио снимките се утврдило дека тие се договарале и биле свесни дека преземаат дејствија за фаворизирање на конкретниот економски оператор. Обвинетиот Ѓоко Поповски кој бил службено лице од Гордана Јанкулоска која била министер за внатрешни работи писмено бил овластен како помошник на министерот да спроведува постапки за јавни набавки во Министерството за внатрешни работи и на кого со решение бр.12.1-8493/1 од 08.02.2012 година од министерот целосно му биле пренесени овластувањата за спроведување на јавните набавки. За да го исполни барањето на Гордана Јанкулоска, обвинетиот Ѓоко Поповски како службено лице помошник на министерот за внатрешни работи за Секторот за општи и заеднички работи со искористување на својата службена положба и овластување, при вршење на јавни набавки, прибавил за економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје корист што се состоела од доделување на договор за купопродажба, сервисирање и одржување на блиндирано патничко моторно возило марка Мерцедес модел С 600 Гард. Обвинетиот Ѓоко Поповски претходно во 2011-та година донел одлука за поништување на постапката за јавна набавка на стоки за половно-користено блиндирано патничко моторно возило поради тоа што никој не дал понуда, а во образложението на одлуката напишал дека комисијата составила записник постапката да се повтори. Постапката за набавка на користено возило не била повторена, а обвинетиот Ѓоко Поповски на 03.04.2012 година донел одлука за јавна набавка на стоки Дб.17.1-21576/1 од 03.04.2012 година каде проценетата вредност на набавката била 30.750.000,00 денари или 500.000 евра без вклучен ДДВ, а предмет на набавката било ново блиндирано патничко моторно возило со највисока заштита VR6/VR7. Наведе дека обвинетиот Ѓоко Поповски со цел во постапката да нема конкуренција економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје, а и за фаворизирање на истиот, им дал напишани технички спецификации на сведоците Сашо Николоски и Слободанчо Станков кои што ја изготвувале тендерската документација каде во спецификацијата на возилото во тендерската документација бр.171-21577/1 од 03.04.2012 година, имало повеќе технички спецификации што се однесувале за возилото Мерцедес С 600 Гард кои упатувале на конкретно производство и трговски марки, (регистрираните трговски марки од производителот на возилата Мерцедес – Даимлер АГ од Германија и тоа: AIRMATIC, SPEEDTRONIC, PRE-SAFE, THERMOTRONIC, COMAND, DISTRONIC PLUS, GUARD и Night View Assist) и без да биде наведено дека можат да се дадат и понуди и од други спецификации кои се еквивалентни на наведените во тендерската документација со што свесно постапил спротивно на чл.36 од Законот за јавните набавки. Дека обвинетиот Ѓоко Поповски го фаворизирал економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје се потврдило и со

тоа што во тендерската документација во техничките спецификации биле наведени и посебни услови, а еден од тие услови бил бесплатната техничка проверка на исправноста на возилото на секои 6 месеци во овластен сервис или сервиси на економскиот оператор, а од понудата на Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје во текстот со наслов Опис на техничка способност се утврдило дека Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје бил единствен што има овластен сервис за возилата од програмата на Даимлер АГ кој е призводител на Мерцедес. Со овој посебен услов било оневозможено, на било кој друг економски оператор да даде понуда, бидејќи единствен економски оператор кој имал овластен сервисен центар е МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје, па дури и некој да можел да купи од Даимлер АГ такво возило немало да ги исполни посебните услови и не можел да даде комплетна понуда како што се барало во тендерската документација. Обвинетиот Ѓоко Поповски техничките спецификации ги добил во електронска форма преку неговата службена адреса за примање на електронска пошта, а биле испратени преку адресата за електронска пошта на сведокот Зоран Маневски кој бил вработен во Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје, а за наведеното потврда била писмениот доказ Известување рег.бр.08-78086/1 од 07.12.2016 година од МВР со прилог Допис рег.бр.11-1402/2 од 07.12.2016 година од Оддел за информатика и телекомуникации при МВР и Испис од серверски логови како и писмениот доказ Извештај НСК.КО.бр.3/17 од 25.04.2017 година од истражител на правосудна полиција Дејан Боцевски, а и од содржината на аудио снимката каде зборува обвинетиот Ѓоко Поповски се утврдило дека тој чекал да добие меил со спецификациите за возилото, а и од електронската комуникација од 29.03.2012 година сведокот Марко Јовановски кој бил менаџер за продажба на Мерцедес во писмениот допис до Даимлер АГ од Штудгарт Германија напишал дека од МВР им кажале дека спецификацијата ќе биде дадена во согласност со понудата која што им ја дале претходно. Дека AIRMATIC, SPEEDTRONIC, PRE-SAFE, THERMOTRONIC, COMAND, DISTRONIC PLUS, GUARD и Night View Assist биле регистрирани трговски марки од производителот на возилата Мерцедес – Даимлер АГ од Германија се утврдило и од писмените дописи од Државниот завод за индустриска сопственост и тоа: Допис бр.03-2039/3-2016 од 01.12.2016 година со прилог бр.1 и прилог бр.2, Допис-Дополнително доставување на податоци бр.03-2128/2-2016 од 05.12.2016 година со прилози извадоци од меѓународниот регистар ROMARIN на Светската организација за интелектуална сопственост и извадоци од регистарот на Заводот за интелектуална сопственост на Европската унија EUIPO и Допис-Дополнително доставување податоци бр.03-2167/2-2016 од 09.12.2016 година од Државниот завод за индустриска сопственост Скопје со прилог извадок од базата на податоци на Заводот за интелектуална сопственост на Европската унија EUIPO. Од одбраната се истакнувало дека разни светски производители можеле да понудат блиндирани возила и дека имало повеќе производители што нуделе такви возила, но тоа не било точно, бидејќи ако се има во предвид

што било наведено во техничките спецификации од тендерската документација се стеснувал бројот на производители кои што можеле да понудат такво возило. Наведе дека тезата на одбраната е погрешна затоа што тие кажувале општо и глобално за производители на блиндирани возила, но ако се има во предвид дека во техничките спецификации стоело дека се бара тип на патничко моторно возило со 4 седишта и 4 врати и со 12-ет цилиндричен мотор и луксузен пакет на опрема, се доаѓало до заклучок дека се работи за луксузен сегмент на лимузини со 12-ет цилиндричен бензински мотор. Исто така наведе дека постоеле и други производители освен Мерцедес, БМВ и Ауди кои имаат лимузини со 12-ет цилиндричен мотор како што се Бентли и Астон Мартин, но Бентли и Астон Мартин немале заштита, односно не биле блиндирани, па така со VR6/VR7 заштита биле само Mercedes S 600 Guard, Audi A8 L 6.3 Quattro Security и BMW 760 Li High Security F03. Наведеното го утврдил вештакот Тале Герамитчиоски во своето вештачење врз основа на податоци од електронската база Аутомобиле-каталог, и врз основа на документацијата од Порше Македонија ДООЕЛ и М Кар ДООЕЛ Скопје. Напомена дека од вештачењето на вештакот Тале Герамитчиоски посебно делот каде била наведена споредба-компарација на трите возила, а кое било извадок од електронската база Аутомобиле-каталог произлегло дека биле дадени сите возила што постоеле тогаш на пазарот, а кои биле директна конкуренција на Мерцедес С 600 Гард. Исто така од ова вештачење се утврди дека во техничките спецификации на тендерската документација било барано трансмисија со фиксно 5 брзини, а за да се овозможи конкурентност би требало да стои со најмалку 5 брзини, бидејќи конкурентните модели имале трансмисија со 8 брзини. Силата била дадена во распон од 370-390 KW, во кој што распон влегувале само 380 KW што ги имал Мерцедес, бидејќи Ауди имал 368 KW, а БМВ 400 KW. Исто така и дадените распони за зафатнината на моторот и вртежниот момент биле такви за да може само Мерцедес да се вклопи во истите, додека Ауди и БМВ не ги исполнувале тие барања. Во тендерската документација во техничките спецификации се барало погонот да биде на задни тркала, а тоа го исполнувале само Мерцедес и БМВ, додека Ауди и тоа не го исполнувал. Тоа само покажувало како биле направени техничките спецификации со цел да се исклучи конкуренцијата и да се изврши фаворизирање на конкретен економски оператор. Од сето наведено произлегувало дека во техничките спецификации во тендерската документација биле вметнати спецификации кои упатуваат на конкретно производство, конкретни трговски марки, односно конкретен производ, а тоа е Мерцедес С 600 Гард со VR6/VR7 заштита. Наведе дека кога ќе се направи споредба на текстот од техничките спецификации од тендерската документација со текстот во понудата на Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје се забележувале повеќе исти технички грешки во текстот што само било потврда дека од Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје преку електронска пошта им ги дале техничките спецификации на

обвинетиот Ѓоко Поповски, а тој дозволил да се вметнат во техничките спецификации. Конкретно, кога ќе се погледнеле текстовите визуелно делувале дека се различни, но тоа било поради тоа што во понудата секој од овие делови и системи бил напишан еден под друг, додека во техничките спецификации во тендерската документација тие делови и системи биле напишани и еден до друг на неколку места раздвоени со запирка. Како пример за иста техничка грешка во двата текста бил „Возд.педници на прозорците" така после кратенката од зборот „Воздушни" односно по „Возд" стоело интерпункциски знак точка, па наместо „перници" било напишано „педници". Исто така на повеќе места во текстот се забележувале исти кратенки од зборови каде по точката немало празно место туку продолжувал следниот збор, како на пример: „Возд.перниче за колена на возач и Странични возд.перници". Исто така постоела и иста техничка грешка и во зборот „Партктроник" во двата текста, односно правилно требало да е напишано „Парктроник", бидејќи системот Парктроник сензори за паркирање со водич за паркирање оргинално се пишува PARKTRONIC така четвртата буква во зборот „Партктроник" била погрешно вметната. Исто така во двата текста идентично било напишано „Електронски Систем за Стабилност – Electronic Stability Programm (ESP)" и истата печатна грешка во двата текста била двојната буква м во зборот програм, односно правилно зборот програм се пишувал со едно м на крајот. Наведе дека исто така во двата текста идентично било напишано „Сервозатварање на врати, само задните S-Guard врати" па ова посебно било интересно што покрај тоа што текстот бил идентичен се однесувал за конкретниот модел на возило со ознака S-Guard што е регистрирана трговска марка на Даимлер АГ производителот на Мерцедес. Вакви идентични нешта имало повеќе, но наведените биле доволни да се заклучи дека не било случајност што двата текста биле буквално идентични, ако се изземеле ознаките со три броеви пред деловите и системите кои биле наведени во опционалната опрема во понудата на Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје. Од писмената документација што се однесувала за тендерската постапка за набавка на ново блиндирано патничко моторно возило со највисока заштита VR6/VR7 се утврдило дека поради условите и техничките спецификации што биле дадени во тендерската документација во текот на постапката само економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје дал понуда на 15.05.2012 година и бил единствен понудувач.

Застапникот на обвинението Гаврил Бубевски во продолжение на завршните зборови наведе дека обвинетиот Ѓоко Поповски иако бил свесен за незаконското фаворизирање на економскиот оператор и за нерационалното искористување на средствата на министерството, сепак на 30.05.2012 година донел одлука бр.17.1-33618/1 за избор на најповолна понуда, и на 11.06.2012 година бил склучен договорот за јавна набавка заверен со бр.4104/1771 од 11.06.2012 година од Мак Аутостар Скопје и бр.171-35780/1 од 08.06.2012 година од

Министерството за внатрешни работи со вредност на договорот од 29.852.542,00 денари додадено и ДДВ во износ од 5.373.458,00 денари, каде потписник за Министерството за внатрешни работи бил обвинетиот Ѓоко Поповски, а потписник за Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје бил сведокот Зоран Марковски. Од писмената документација прибавена со Одговор на барање од Министерство за внатрешни работи рег.бр.08-16164/1 од 15.03.2016 година, а поточно Фактура од Мак Аутостар бр.12-07-172 од 10.07.2012 година, Приемница од 11.07.2012 година, Наредба за плаќање од МВР од 15.07.2012 година, Извод од промет и состојба на сметка бр.194, Извод од промет и состојба на сметка бр.150 и Промет на аналитичко конто, две страни, на МВР се утврдило дека врз основа на договорот за јавна набавка од Министерството за внатрешни работи на Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје заклучно со 29.10.2012 година му било исплатено вкупно 35.226.000,00 денари. Вештакот Страхил Глигоровски утврдил дека со продажбата на возилото Мерцедес С 600 Гард продавачот-економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ остварил профит што бил повисок за 2,3 % во однос на просекот од продажбата на возила од марката Мерцедес, но сметал дека тој профит бил во рамките на вообичаениот профит од продажбата на предметното возило. Дека обвинетиот Ѓоко Поповски го фаворизирал економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје се потврдувало и од писмениот одговор добиен преку меѓународната правна помош од Германија каде било наведено дека за конкретното возило резервацијата од страна на сведокот Марко Јовановски била направена уште на 30.03.2012 година, а на 03.04.2012 година обвинетиот Ѓоко Поповски донел одлука за јавна набавка на конкретното возило, со ова само се потврдувало дека извесно било дека ќе го добијат договорот за јавна набавка и затоа резервирале уште претходно. Иако јавната набавка била спроведена како да била за потребите на Министерството за внатрешни работи, Гордана Јанкулоска го поттикнала обвинетиот Ѓоко Поповски да го стори кривичното дело за да потоа возилото од Министерството за внатрешни работи да биде дадено на користење и на Претседателот на Владата на Република Македонија обвинетиот Никола Груевски кој што сакал да користи такво ново блиндирано патничко моторно возило, но не сакал во јавноста да се дознае дека тој како Претседател на Владата користи такво луксузно возило, а ова се утврдувало од содржината на аудио снимката со име на фајл gj_38970401425_38970401462_20120710_161506_In каде разговарале Гордана Јанкулоска и обвинетиот Никола Груевски. Наведе дека содржината на оваа аудио снимка дава одговор зошто на таков начин била спроведена постапката за набавката на возилото Мерцедес С 600 Гард. Техничките спецификации во тендерската документација се однесувале само за Мерцедес С 600 Гард што било спротивно на чл.36 од Законот за јавните набавки, сепак одбраната во својата теза кажала дека тоа не било проблем, бидејќи секој економски оператор можел да купи и да понуди таков Мерцедес и со тоа пак имало конкурентност. Смета дека одбраната не сакала да спомене дека во техничките

спецификации имало и посебен услов за сервисирање, односно техничка проверка во овластен сервис на економскиот оператор,а поради тој услов била исклучена конкуренцијата и немало никој друг да даде комплетна понуда без да има овластен сервис, а таков овластен сервис имал само економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје. Одбраната потенцирала дека постоеле антимонополски закони и дека секој економски оператор можел да увезе ново возило од било која марка и модел и можело било кој наместо Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје да понуди такво возило, но тоа било многу чудна теза на одбраната ако се имало во предвид дека Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје комуницирале со Даимлер АГ и кажале таму дека од МВР преку нив сакаат да го набаваат моделот С 600 Гард, а ако се имаат во предвид и посебните услови од тендерската документација каде се бара техничка пороверка на секои 6 месеци во овластен сервис на економскиот оператор со ова е исклучена можноста да некој друг понуди такво возило, па дури и да го купи од Даимлер АГ, бидејќи единствен овластен сервис имал само Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје. Наведе дека прашање било дали Даимлер АГ ќе сакал да продаде возило на било кој економски оператор од причини што премиум брендовите како што бил Мерцедес не се продавале во било какви салони на возила и затоа тие склучувале договори за застапување со конкретни оператори кои исполнувале услови како што барал производителот Даимлер АГ. Истакна дека во одговорот што го дала Аутомакедонија АД Скопје од 11.05.2018 година по барање на судот, а кој го барала одбраната на обвинетите јасно стоело дека производителите на возилото при било каков контакт за купување на возила веднаш упатувале на овластениот импортер или дилер за предметното возило во Република Македонија. Ова само покажувало дека не можел секој да увезе возила какви што сакал и тоа потврдувало дека другите економски оператори не можеле да понудат возило Мерцедес С 600 Гард освен Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје. Кога ги спомнале антимонополските закони, застапниците на обвинението сакале да потенцираат дека тоа што го кажал сведокот Зоран Василевски дека Аутомакедонија АД продавала секакви марки на возила било спротивно на писмениот одговор од Аутомакедонија АД од 11.05.2018 година што го споменале претходно. Сведокот Зоран Василевски кажал и дека во 2005-та година се вршело усогласување на нашето законодавство со прописите на Европската унија што било точно, но воопшто не им одело во прилог на одбраната на обвинетите поради тоа што Владата на РМ на 20.10.2005 година донела врз основа на одредби од Законот за заштита на конкуренција Уредба за групно изземање на договори за дистрибуција и сервисирање на моторни возила (Службен весник на РМ бр.91/05), а потоа пак Владата на РМ на 23.03.2012 година донела нова Уредба за групно изземање на одредени видови договори за дистрибуција и сервисирање на моторни возила (Службен весник на РМ бр.41/2012) со која уредба во чл.6 било одредено дека со денот на влегувањето во сила на новата уредба престанува да

важи Уредбата за групно изземање на договори за дистрибуција и сервисирање на моторни возила (Службен весник на РМ бр.91/05), освен одредбите кои се однесувале на условите според кои договорните страни можеле да купуваат, продаваат и препродаваат нови моторни возила, а кои одредби се применувале до 01 март 2015 година, според конкретниот член од уредбата. Во конкретните уредби не е наведено дека било забрането ексклузивно снабдување, односно дека не смеела да постои ситуација каде снабдувач ќе ги продава договорните стоки само на еден купувач на територијата на Република Македонија која понатаму ќе ги препродава, ниту пак во уредбите постоеле одредби кои забрануваат да постои генерален застапник за возила или овластен импортер-увозник кој ќе има право на ексклузивност во продажбата на конкретна марка на возила. Наведе дека монопол не може да се поистоветува и изедначува со ексклузивност во застапување и продажба на конкретен бренд и застапниците на обвинението сметаат дека нема потреба од пошироко објаснување за тоа. Одбраната на обвинетите истакнувала дека по објавување на огласот можеле да реагираат економските оператори доколку сметале дека треба да се променат техничките спецификации, но факт било дека во конкретниот случај немало реакции од економски оператори, а согласно чл.36 од Законот за јавните набавки не било дозволено да се ставаат технички спецификации што се однесуваат на конкретно производство и трговски марки и без да било наведено дека можат да се дадат и понуди со други спецификации кои се еквивалентни на наведените во тендерската документација. Исто така наведе дека целта на Законот за јавни набавки покрај другите принципи била и да не се исклучува конкуренцијата при јавните набавки, а при преземањето на дејствија на сторителот за извршување на кривично дело, некој друг поради разни околности може да преземе свои дејствија случајно или намерно и поради тоа може и да не се реализира кривичното дело. Но, ако не дошло до такви дејствија од трети лица, тогаш ако се реализирало кривичното дело не можел сторителот да се повикува на тоа дека некој можел да го спречи и дека поради тоа сторителот нема вина. Дејствијата обвинетите ги преземале со директна умисла и имале јасна цел, па тоа што некој можеби попатно можел, а не ги спречил во извршувањето било целосно небитно. Писмените докази што биле изведени од одбраната што се однесувале на други постапки за јавни набавки за некакви товарни и специјални возила, наведе дека немаат никаква врска со предметот на обвинение ниту може да се прави некаква споредба со јавната набавка на блиндираното возило, така да според Застапникот на обвинението овие докази се целосно небитни. Наведе дека писмените докази кои се однесуваат за старите блиндирани возила и тоа колку пати и каде биле сервисирани, а кои докази биле прибавени од Мак Аутостар ДООЕЛ од 16.02.2018 година од Влада на РМ СОЗР од 20.04.2018 година и од Аутомакедонија АД од 20.04.2018 година и ако се имало во предвид дека податоците се однесуваат за период од десет и повеќе години можело да

се заклучи и дека возилата и не биле толку често севисирани, бидејќи во документацијата има и датуми кога возилото било на сервис и за што било сервисирањето, што покажува дека ова не е како што кажуваат сведоците предложени од одбраната. Исто така и материјалните докази кои ги предложила одбраната и се однесуваат за буџетот на МВР само кажувале дека иако средствата за набавката биле во предвидената рамка сепак средствата од буџетот биле потрошени нерационално, бидејќи не било овозможено да има фер услови и конкурентност при спроведувањето на јавната набавка каде критериум за доделување на договор било најниската цена. Истакна дека сведоците Слободанчо Станков и Сашо Николовски кажаа дека не можат да се сетат кој точно им ги дал техничките спецификации да ги вметнат во тендерската документација, но дека им ги дал некој од нивните претпоставени, па го посочија обвинетиот Ѓоко Поповски и сведокот Ненад Николовски, додека сведокот Ненад Николовски јасно кажа дека тој немал пристап до тие технички спецификации и не знаел како било дојдено да тие бидат во тендерската документација. Наведе дека сведоците кои биле членови на Комисијата за јавни набавки и како стручни лица кажаа дека тие само ја отвориле единствената пристигната понуда, извршиле проверка на понудата и прилозите кон истата, стручните лица направиле споредба на техничките спецификации и потоа изготвиле извештај и предложиле да се избере конкретната понуда. Од исказите на сведоците Зоран Маневски и Антонио Кочовски кои биле вработени во Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје смета дека се утврдува дека тие како вработени имале службени адреси за електронска пошта на електронското сандаче преку кои комуницирале и дека достапност до нивните електронски сандачиња имале и лицата кои ги одржувале компјутерите, и дека можел и друг кога не биле тие на работа преку нивните електронски адреси да врши испраќање и примање на податоци и информации. Наведе дека сведокот Марко Јовановски кажа дека бил раководител за продажба на патнички моторни возила од марката Мерцедес во Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје, дека тој ја подготвувал понудата со прилозите, дека контактирал со лицата од МВР Слободанчо Станков и Сашо Николовски и дека имал комуникации со Даимлер АГ во врска со набавката на возилото, но рекол и дека не можел да се сети на конкретни детали од комуникацијата. Застапникот на обвинението посебно ја потенцираше изјавата на сведокот Зоран Марковски-управителот на Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје која изјава според него била пристрасна и дадена со цел да им се помогне на обвинетите, а кој сведок кажал дека немал контакти со лица од МВР, што било во спротивност со содржината на аудио снимките и кој како управител достави допис, одговор на барање до СЈО со бр.03-3836/1 од 15.11.2016 година каде во дописот било наведено дека немало претходно резервација за конкретното возило, но дека тоа не било така се утврдува од електронската комуникација помеѓу Даимлер АГ и Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје, каде менаџерот за продажба на марката Мерцедес, односно сведокот Марко Јовановски направил

резервација на 30.03.2012 година на конкретното возило, односно пред да се објави огласот за јавна набавка на 03.04.2012 година. Наведе дека сведокот Марко Јовановски не им доставил списи за деловната комуникација пред нарачката иако барале со писмено барање од 10.11.2016 година за што го добиле само одговорот на барање со бр.03-3836/1 од 15.11.2016 година кое сметаат дека било непрофесионално одговорено и намерно бил одбегнат конкретен одговор, имајќи во предвид дека барале појаснувања за конкретни системи за кои требало секој вработен во продажниот салон да знае да објасни на купувачите кој систем за што служи, но тоа само ја потврдува пристрасноста на овој сведок за да им помогне на обвинетите. Наведе дека на главната расправа истакнале приговор во однос на предложените сведоци на одбраната и предложените писмени докази кои биле доставени по влегување на сила на обвинителниот акт, а и сега повторно истакнуваат дека не можат да се користат исказите на овие сведоци поради прекршување на одредбите од чл.306 и чл.307 од ЗКП. Посебно го истакнуваат чл.307 ст.5 од ЗКП, и тоа дека немаат писмени изјави од конкретните сведоци за да знаат што тие кажале пред адвокатите и дали им ги кажале правата од чл.307 од ЗКП за да може да се користат потоа изјавите на сведоците. Во прилог на наведеното бил и фактот што сведокот Марјан Милошевски кажал дека дал одредена службена белешка на адвокатите на обвинетите, но истата не била предложена како доказ од одбраната, а ова само покажува дека не биле почитувани чл.306 и чл.307 од ЗКП. Исказите што ги дале сведоците предложени од одбраната, дури судот и да ги земел во предвид истите биле нерелевантни за суштината на обвинението. Одбраната предложила триесетина сведоци за небитни околности и околности што не биле предмет на обвинение и тоа дали возилата во кои се возел обвинетиот Никола Груевски биле стари и технички неисправни и небезбедни, исто така на околности дали некој се возел во новиот Мерцедес С 600 Гард повеќе или помалку што навистина било небитно, ако се имало во предвид дека обвинението се однесувало дека спроведувањето на конкретната јавна набавка било незаконито, а дека такво незаконито спроведување на постапката побарал обвинетиот Никола Груевски. Карактеристично за сведоците кои ги предложила одбраната на обвинетите и кои биле во службата за обезбедување на обвинетиот Никола Груевски било тоа дека возилата кои биле блиндирани и кои се користеле за превоз на ВИП личности биле стари и дека често се расипувале. Наведе дека тие сведоци кажувале дека возилата биле во таква состојба што било тешко да се возат и дека биле неисправни, не биле сервисирани, и дека со тоа што ги возеле тие возила ја загрозувале својата безбедност, безбедноста на лицето кое го превезувале и општо безбедноста на сообраќајот, но дека и откако го набавиле новиот Мерцедес сепак продолжиле да ги возат тие стари и небезбедни возила. Се поставувало прашање зошто тогаш го купиле новиот Мерцедес ако и понатаму продолжиле да го користат стариот и

небезбеден како што кажувале сведоците. Контрадикторно било во изјавите на овие сведоци кои кажувале дека малку го користеле новиот Мерцедес, а тоа било само кога се расипувале старите возила, а од нивните изјави произлегувало дека старите возила се расипувале секој ден и при секое патување, па се поставува прашање како можело да биде користењето многу ретко, ако се користел секој ден. Напомена дека наведените сведоци со цел да помогнат на обвинетите покрај претходно наведеното, кажувале дека сите возила кои биле блиндирани биле од марката Мерцедес, но дел од нив кажале дека покрај возила од марката Мерцедес имало и други блиндирани возила како што било теренско возило од марката Џип модел Гранд Чироки кое било второ блиндирано возило во колоната, и за тоа блиндирано возило кажале дека било технички неисправно, но сепак го користеле и него. Од дописот од МВР за доставување податоци Рег.бр.23.2.4-02/68 од 11.03.2016 година произлегува дека за новиот Мерцедес не ги чувале патните налози и не може да се види реално колку поминал со странски делегации, а колку поминал со користење од државните функционери од Република Македонија. За Застапникот на обвинението интересно било што сведокот Васе Доневски кажал дека тој раководел со Службата за општи и заеднички работи на владата и освен неколку пати усно, до него немало доставено писмено барање за набавка на блиндирано возило, па се поставува прашање ако толку биле неисправни и опасни за управување блиндираните возила зошто не престанале да ги употребуваат, туку ги користеле со години и зошто не им презентирале барем неколку писмени дописи каде некој барал или препорачувал да се набаваат такви возила. Небитно било дали по незаконски спроведената јавна набавка обвинетиот Никола Груевски се возел или не се возел во возилото, битно било дека барал незаконито да се набави тоа возило, како и дека небитно е дали имало или немало потреба за набавка на такво возило, но битно е дали набавката на истото била спроведена согласно Законот за јавни набавки. Поради сето наведено се утврдило дека обвинетите ги сториле кривичните дела наведени во обвинението и предлагаат да бидат огласени за виновни. Во однос на приговорот даден од обраната дека настапила застареност за кривично гонење за обвинетиот Никола Груевски за конкретното кривично дело, односно дека настапила релативна застареност на 01.11.2015 година истакна дека согласно чл.108 од КЗ застарувањето се прекинува и кога сторителот во времето додека тече рокот на застареност ќе стори исто така тешко или потешко кривично дело. Според Застапникот на обвинението по сторувањето на потешкото дело беспредметен бил истекот на рокот на застареност за претходното дело. Против обвинетиот Никола Груевски биле поднесени вкупно пет обвиненија, покрај предметното обвинение поднесени се и Обвинителен предлог НСК-КО.бр.7/16 од 14.09.2017 година за кривично дело Насилство од чл.386 ст.2 в.в. со ст.1 в.в. со чл.23 од КЗ каде дејствијата на извршување на делото биле во јуни 2013 година и за кој се води судска постапка пред

Основниот суд Скопје 1 Скопје под К.бр.1904/16, Обвинителен акт НСК-КО.бр.9/17 од 29.06.2017 година за кривично дело Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 ст.2 од КЗ каде дејствијата на извршување биле од октомври 2012 година до октомври 2013 година и за кој се води судска постапка пред Основниот суд Скопје 1 Скопје под КОК.бр.52/17, Обвинителен акт НСК-КО.бр.21/15 од 29.06.2017 година за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.3 в.в. со ст.1 в.в. со чл.23 од КЗ каде дејствијата на извршување биле од април 2012-та година до крајот на 2012-та година и за кој се води судска постапка пред Основниот суд Скопје 1 Скопје под КОК.бр.53/17 и Обвинителен акт НСК-КО.бр.1/15 од 30.06.2017 година за кривични дела Злосторничко здружување од чл.394 ст.1 од КЗ, Злоупотреба на средствата за финансирање на изборна кампања од чл.165-а ст.1 в.в. чл.22 и чл.45 од КЗ и Повреда на избирачко право од чл.159 ст.2 в.в. со ст.1 в.в. со чл.45 од КЗ каде дејствијата на извршување биле во периодот од 2011-та година па до крајот на месец мај 2014-та година и за кои се води судска постапка пред Основниот суд Скопје 1 Скопје под КОК.бр.7/18. Притоа наведе дека сите обвиненија се поднесени до овој суд, а од правната квалификација на кривичните дела во овие споменати предмети произлегува дека по сторување на ова кривично дело од овој предмет потоа сторил и други потешки кривични дела со што настанало прекинување на застарувањето на кривичното гонење. Наведе дека во дејствијата на обвинетиот Никола Груевски се содржани обележјата на кривичното дело Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 ст.2 од КЗ, бидејќи тој бил свесен за своето дело и го сакал неговото извршување, така што со искористување на своето реално влијание и службена положба побарал да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши и тоа да се спроведе јавна набавка во која Министерството за внатрешни работи ќе купи ново блиндирано патничко моторно возило од марката Мерцедес модел С 600 Гард така што во постапката да се фаворизира економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје-генерален застапник и дистрибутер на возилата од марката Мерцедес во Република Македонија, а во дејствијата на обвинетиот Ѓоко Поповски се содржани обележјата на кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 од КЗ, бидејќи бил свесен за своето дело и го сакал неговото извршување, така што како службено лице помошник на министерот за внатрешни работи со искористување на својата службена положба и овластувања, при вршење на јавни набавки, незаконски го фаворизирал и со тоа прибавил за економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ корист што се состои од доделување на договор за купопродажба, сервисирање и одржување на блиндирано патничко моторно возило марка Мерцедес модел С 600 Гард. Застапникот на обвинението предложи при одмерувањето на казната на обвинетите, судот да ги има во предвид сите отежнувачки и олеснувачки околности и тоа за обвинетиот Ѓоко Поповски како отежнувачки околности да ги има

во предвид степенот на кривичната одговорност, дека делото е направено со умисла додека вршел јавна функција како помошник министер во МВР и повредата на заштитното добро, а како олеснувачки околности судот да ги има во предвид семејната и здравствената состојба на обвинетиот. За обвинетиот Никола Груевски како отежнувачки околности да ги има во предвид степенот на кривичната одговорност, околноста дека се работи за директна умисла додека вршел јавна функција како претседател на Владата на Р. Македонија, потоа побудата за делото дека истото е сторено поради лична желба ама од буџетски средства и со исклучителна противправност во дејствијата имајќи предвид дека во целост бил повреден Законот за јавни набавки а најконкретно начелото на конкурентност, а како олеснувачка околност судот да ја има во предвид неговата семејна состојба, како и да судот да ги задолжи обвинетите да ги надоместат трошоците на постаката во вкупен износ од 313.160,00 денари, кои произлегувале од трошковниците што се однесуваат на трошоците за вештачење вкупно 290.280,00 и за преведувањето на документација вкупно 22.880,00 денари.

Бранителот на обвинетиот Ѓоко Поповски, адвокат Стерјо Зиков во завршен збор наведе дека обвинетиот Ѓоко Поповски бил обвинет за едно кривично дело Злоупотреба на службената положба по член 353 став 5 в.в. со став 1, а со тоа што во 2012-та година поттикнат од тогашната министерка за внатрешни работи Гордана Јанкулоска за која постапката сега е раздвоена, како службено лице, помошник на министерот за внатрешни работи на РМ во секторот за општи и заеднички работи со злоупотреба на својата службена положба при вршење на јавна набавка на блиндирано патничко возило со највисок степен на заштита, прибавил корист за економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје на начин што донел одлука за јавна набавка во која постапка бил фаворизиран Мак Аутостар со тоа што во техничката спецификација која била дел од тендерската документација како карактеристики што требало да ги исполнува возилото биле наведени карактеристики и системи кои биле употребувани или биле заштитени од производителот Мерцедес Даимлер, чиј генерален застапник е претходно наведениот економски оператор, а без притоа во огласот да наведе дека може да се дадат и други понуди со еквивалентни карактеристики што било спротивно на член 36 од Законот за јавни набавки, како и дека нерационално ги користел средствата на Министерството во ситуација на намалена економска и куповна моќ, па со оглед да во јавната набавка Мак Аутостар бил единствен понудувач, бил склучен договор со овој понудувач, а со кое се створиле услови и да се дава на користење ова возило и на второ обвинетиот Никола Груевски кој сакал да користи такво возило, но не сакал јавноста тоа да го дознае. Наведе дека во текот на постапката, судот ја раздвоил постапката која што се водела против обвинетата Гордана Јанкулоска поради кусо боледување од 15 дена и со тоа сторил повреда на одредбите на ЗКП, но довело и до една нелогична ситуација во која

поттикнатиот Ѓоко Поповски одговарал и му се судело без поттикнувачот Гордана Јанкулоска. Во текот на постапката биле изведени голем број писмени докази кои се однесуваат на постапката за јавната набавка, изборот и плаќањето на блиндираното патничко возило Мерцедес С 600 Гард. Биле сослушани голем број сведоци предложени од обвинителството и од одбраната, биле сослушани вешти лица од економска и од машинска струка, а биле презентирани и аудио снимки за 8 прислушкувани телефонски разговори за кои се тврдело дека 3 разговори биле помеѓу Никола Груевски и Гордана Јанкулоска, 3 разговори помеѓу Гордана Јанкулоска и Кирил Божиновски и по еден разговор на Гордана Јанкулоска со Сашо Мијалков и со обвинетиот Ѓоко Поповски. Според него, неспорно било дека писмените докази биле изведени спротивно на Законот за кривична постапка со тоа што биле читани само насловите на писмените докази иако законот изричито бара таквото изведување докази да биде само во согласност и договор на странките во постапката. Таков договор и согласност немало, па смета дека тие докази не биле изведени согласно законот. Големиот број на сослушани сведоци генерално можел да се подели на две групи – група сведоци кои учествувале во постапката за јавна набавка како членови на комисијата за јавни набавки, стручни лица кои работеле за Комисијата и сведоци од друштвото понудувач Мак Аутостар, како и втора група сведоци кои сведочеле за неопходноста од јавната набавка на блиндирано патничко возило. Истакна дека од исказите на првата група сведоци произлегува дека постапката за јавната набавка на блиндираното патничко возило се одвивала регуларно, во постапка за отворена јавна набавка, со запазување на сите аспекти на постапката. Околу фактот кој ја составил техничката спецификација, никој не можел конкретно да одговори, но се навело дека надлежни за утврдување на овој елемент биле претставниците од корисникот на возилото, а тоа била Управата за обезбедување објекти и лица при МВР. Од друга страна, неспорно се утврдило дека ова возило со оглед да било безбедносно ги исполнувало сите услови да се набави и во постапка предвидена во член 7 од Законот за јавни набавки без примена на одредбите на Законот за јавни набавки, на начин како што биле набавени и другите возила од овој тип, а се навело дури дека и некои резервни делови за овие возила се набавувале со примената на овие одредби. Втората група на сведоци биле сведоците на одбраната кои сведочеле за тоа во каква лоша состојба се наоѓале постоечките блиндирани возила, дека истите биле амортизирани, дека многу често се расипувале и дури претставувале опасност за функционерите од земјата и од странство што се превезувале со нив. Било наведено дека амортизацијата на тие возила е три пати поголема од обичните возила што значи дека блиндирано возило старо 13 години било амортизирано како нормално возило старо 40 години и дека во секоја можна прилика ги известувале надлежните за итната потреба од обновување на овој возен парк. Вештите лица предложени од страна на обвинителството не ги исполнувале основните

услови за да ја вршат таа дејност. Така, неспорно се докажало дека вештото лице од финансова струка Страхил Глигоровски во времето на вештачењето немал важечка лиценца. Покрај тоа судот го извел како доказ неговото вештачење во кое било наведено дека понудувачот Мак Аутостар при продажбата на возилото ја наплатил вообичаената провизија. Исто така, и вештото лице од машинска струка Тале Герамитчиоски немал положено соодветен испит предвиден со законот за вештачење, а и самиот во својот исказ изјавил дека не се смета за експерт за блиндирани возила и вештачењето го правел истражувајќи на интернет и употребил споредби на блиндирани возила, производство на три германски производители кои што се вршеле на некои интернет портали, па таква споредба на некои од нивните системи била пренесена и во вештачењето. За аудио снимките кои биле изведени како доказ, одбраната во текот на целата постапка наведувала дека истите биле незаконито прибавени докази и за тоа било многу зборувано, но исто така јасно било дека не било извршено неспорно идентификување на лицата чии разговори биле репродуцирани на главната расправа. Покрај тоа, СЈО не докажало дека овие снимки произлегувале од неовластеното следење на комуникациите и дека секоја конкретна репродуцирана снимка била предадена во СЈО на одреден датум од политичката партија СДСМ или на било кој друг со законот предвиден начин. За тоа детално приговарал и тој и другите бранители на главната расправа кога се репродуцирале снимките и бара судот при носењето на одлуката многу внимателно да го разгледа уште еднаш овој приговор со оглед да одговорот на советот по тој приговор не се засновал на факти. Од СОЗР бил прибавен доказ од кој се утврдило дека одржувањето на старите блиндирани возила било многу скапо. Така, блиндираниот мерцедес со кој што се превезувал Претседателот на Владата на РМ за периодот од 2006-та до 2016-та година потрошил за одржување повеќе од 11.000.000,00 денари што било околу 200.000 евра. Уште поголем износ од над 13.500.000,00 денари бил потрошен во МВР за двете блиндирани возила. Документацијата прибавена од СЈО со меѓународна правна помош од Германија не докажала ништо што ја потврдува тезата на СЈО за фаворизирање на понудувачот Мак Аутостар. Неколку возила од тој тип биле резервирани во централата во Германија, но тие не биле чувани и биле продавани, а нарачката за продаденото возило била направена после потпишувањето на договорот помеѓу МВР и Мак Аутостар. По изведувањето на сите претходно наведени докази произлегла и следната фактичка состојба и тоа дека според подзаконските акти за обезбедување на носителите на највисоки државни функции, како Претседател на РМ, Претседател на Собрание на РМ, Претседател на Влада, Министер внатрешни работи, за одбрана и надворешни работи се превезувале со блиндирани патнички возила кои возила во РМ биле набавени во текот на 1998 – 1999 година и сите биле многу амортизирани и често се расипувале. Покрај превезувањето на највисоките државни функционери, овие возила биле користени и за

превезување на странски гости од највисок ранг за кои исто така при престојот во РМ морало да им се обезбеди таков тип на возила заради заштита при превезувањето, па очигледна била потребата, но и недостатокот на возила од таков тип. Затоа, по бројните укажувања на надлежните служби за обезбедување, во 2011-та година се направил обид за набавка на користено блиндирано патничко возило со прибирање индикативни понуди од овластените дистрибутери на возилата БМВ и Ауди. Од двете индикативни понуди произлегло дека овие понуди за половни возила биле со многу високи цени, на ниво на цената на набавеното ново возило во 2012-та година, но и покрај тоа, била спроведена отворена постапка за јавна набавка, но двата економски оператори од кои биле прибавени индикативните понуди не се јавиле на огласот, па јавната набавка била поништена. За следната година 2012-та, во буџетот на МВР биле предвидени пари за набавка на едно вакво ново возило и притоа, наместо да се набави тоа возило со примена на член 7 од Законот за јавни набавки со директна спогодба без отворена јавна набавка со оглед да се работело за безбедносно возило, во МВР се одлучило да се набавува возилото со јавна набавка каде што ќе добиел предност тој понудувач што ги исполнувал тендерските услови, а ќе понудел најниска цена. За таа цел, со оглед на обезбедените финансиски средства и годишниот план за јавни набавки донесен од министерката, обвинетиот Поповски во рамките на своите службени овластувања донел одлука за јавна набавка на блиндирано патничко возило од 03.04.2012, а на 04.04.2012 огласот бил објавен преку Електронскиот систем за јавни набавки, била сочинета и тендерска документација од страна на Комисијата за јавни набавки во која биле наведени и техничките спецификации. За таа јавна набавка документација подигнале шеснаесет економски оператори, но до истекот на рокот била доставена само една понуда и тоа од економскиот оператор Мак Аутостар, кој е генерален застапник на Мерцедес Даимлер за Македонија. Комисијата за јавни набавки утврдила дека овој понудувач ги исполнувал условите и му предложила на обвинетиот Ѓоко Поповски да донесе одлука за избор, по што бил потпишан договор и возилото било испорачано и платено. Наведе дека покрај ставот на одбраната дека телефонските разговори се назаконски прибавени и поради тоа не можело да се употребуваат како докази во постапката, со оглед да судот овие докази ги извел и ги прифатил како законски прибавени, се осврна на единствениот разговор за кој се тврди дека бил на обвинетиот Ѓоко Поповски. Според Обвинителството, обвинетиот имал еден разговор со женско лице за кое се тврди дека бил гласот на министерката Јанкулоска во кој веројатно во врска со оваа јавна набавка обвинителот го препознавал делот од разговорот во кој се зборувало за прибавување на спецификација за возилото со зборовите: „за да не се утне работата". Ако можел тој разговор СЈО да го толкува како договарање за фаворизирање на Мак Аутостар, тогаш од другите репродуцирани разговори можело да се утврди дека никој од обвинетите всушност и не

го познавал лично управителот на тоа друштво Зоран Марковски и дури во еден од разговорите и изрично се наведувало дека со него не бил направен никаков разговор и договор за фаворизирање на предметната постапка. Токму поради тоа, кај обвинетите недостасувал мотивот за вршење на кривично дело, интересот на обвинетиот Ѓоко на друштвото Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје да му се прибави некаква корист со оглед да управителот на правното лице никој од обвинетите не го познавал, а сопственик на ова друштво е германскиот концерн Даимлер Бенц. Наведе дека иако Обвинителството тврди дека во репродуцираните разговори провејува интересот да се набави возилото од марката „Мерцедес", исто така можело да се изведе и заклучок дека во ниту еден момент од обвинетиот не се изразувал со сигурност став дека друг економски оператор не смеел да учествува во постапката, а напротив вели дека не можела да се избегне можноста некој друг економски оператор да учествува во јавната набавка. Притоа наведе дека треба да се има во предвид и фактот дека сите блиндирани возила во РМ биле од марката Мерцедес и биле со темна или црна боја, па возило од друга марка би се издвојувало од другите и би привлекувало поголемо внимание. Неспорен бил и врвниот квалитет на блиндираните возила Мерцедес, како и фактот дека и гледано во светски размери ова возило се користело најчесто. Важно било да се напомене дека според член 34, 38 и 39 од Законот за јавни набавки секој оператор што подигнал тендерска документација во оваа постапка, можел да бара и објаснување за техничката спецификација и да постави прашање дали системот кој го поседува неговото возило одговара на техничката спецификација. Секое прашање и секој одговор даден во постапката морал да се објави во електронскиот систем. Но, факт бил дека од ниту еден понудувач не било поставено прашање, а која била причината за тоа можело само да се нагаѓа, но факт било дека единствениот понудувач во јавната набавка се вклопил во буџетот на набавката и го добил договорот. Техничката спецификацијата дадена во тендерската документација била многу слична со онаа на возилото Мерцедес С 600 Гард, а истото не требало да зачудува и не требало да значи ништо во врска со докажување некаква поврзаност за местење на јавната набавка затоа што истото јавно било познато, а и самото вешто лице кажало дека во РМ нема експерт за ваков вид на возила кој би можел да ги наведе прецизно сите технички спецификации и карактеристики на вакво возило, затоа било логично да тие спецификации се преземат од најдобриот и најпознат производител. Таквата техничка спецификација во постапката не можела да има улога на ограничување или отфрлање на другите понудувачи со оглед да како што претходно било кажано, секој заинтересиран учесник во постапката кој подигнал тендерска документација можел да постави прашање во врска со деталите кои за него биле спорни и за кои евентуално сметал дека го дискриминираат и не им овозможувале фер постапка. Наведе дека вештото лице Тале Герамитчиоски направило споредба на карактеристиките и системите на избраното возило Мерцедес Гард С 600

и соодветните блиндирани возила на производителите БМВ и АУДИ и утврдило дека и возилата БМВ и АУДИ ги имале истите системи и карактеристики, но неколку од нив биле со други називи, а кое значело дека ако заинтересираните понудувачи на БМВ и АУДИ се обрателе до Комисијата за јавни набавки со прашања за системите на возилото кои биле наведени во техничката спецификација, сигурно ќе добиеле одговор дека тоа се исти системи кои ги исполнуваат барањата на МВР. Наведе дека ваквата ситуација е регулирана со Законот за јавни набавки, но се практикувала и во набавките кои што се вршеле во МВР, за што во текот на постапката била доставена документација со која се докажувал овој факт, а се работело за набавка на камиони за специјална намена во 2014-та година. Покрај тоа, неспорно било дека секој понудувач кој подигнал тендерска документација, можел и да поднесе жалба по вршењето на изборот, иако не поднел понуда, а сето тоа го заштитувал евентуалниот заинтересиран понудувач и ја рушел целосно тезата на јавниот обвинител за повластувањето на понудувачот Мак Аутостар. Потенцираше дека ако обвинетиот имал таква намера, без никаков проблем и со законски постоечки основ предвиден во член 7 од ЗЈН можел да му го понуди договорот на Мак Аутостар без спроведување постапка за јавна набавка. Покрај тоа, антимонополските закони дозволувале и други правни лица, а не само генералните застапници да понудат возило од овој модел во постапката за јавна набавка. Во конкретниов случај би можело да се зборува и за привилегирање на понудувач само во замислена ситуација да некој од заинтересираните економски оператори поднесел понуда за возило од друг бренд со слични карактеристики и системи, па од Комисијата да не била прифатена понудата поради називите на системите заштитени од Даимлер Бенц наведени во обвинителниот акт. Сето ова водело кон правната анализа и испитувањето дали во дејствијата на обвинетиот се содржани елементите на кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување" од член 353 од КЗ, па така на прв поглед се забележувало дека кај обвинетиот не постоела умисла за сторување на кривичното дело, а во теоријата на кривичното право е познато дека за постоењето на ова кривично дело треба кај сторителот да постои директна умисла. Покрај тоа, во текот на постапката не се докажало дека кај обвинетиот постоела намера за да со донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда на овој тендер, на Мак Аутостар да му прибави некаква корист. Наведе дека во теоријата на кривичното право е познато дека службената положба е искористена кога службеното лице ги искористува службените овластувања делувајќи спротивно на потребата и интересите на службата, па оствари некој свој или туѓ интерес. Наведе дека обвинетиот Ѓоко Поповски не делувал спротивно на потребите и интересите на службата и не остварил ниту свој, ниту туѓ интерес, тој постапил по годишниот план за јавна набавка на блиндирано патничко возило, донел соодветна одлука и ја задолжил комисијата да си ја врши својата работа. Смета дека не постои доказ дека обвинетиот Ѓоко

ја сочинил техничка спецификација за набавката, тоа било работа на други служби на Министерството, било набавено возило какво што се барало, со највисок степен на заштита, а со основната минимална опрема. Заработката на добавувачот била во рамките на вообичаената и во таа смисла на добавувачот не била прибавена имотна корист, ниту пак за МВР била причинета штета. Од овој аспект од Обвинителството очекувал поструччен и попрефинет однос кон толкувањето на клучните институти на кривичното право како на пример кон постоењето на намерата за сторувањето на кривичното дело, како и постоењето на елементите на кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 од КЗ. Затоа смета дека во дејствијата на обвинетиот Ѓоко Поповски не се содржани елементите на кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување" од член 353 од КЗ. Ставот на обвинителството по повод постоењето на елементите на ова кривично дело смета дека е погрешен и не навлегувал во суштината на предметното кривично дело. Исто така смета дека проценката на СЈО за добриот прием во јавноста на оваа кривична постапка, со оглед дека се работело за набавка на скапо возило, бил одлучувачки фактор за поднесување на ова обвинение. Со инсинуациите за расипништво и набавка на раскошно возило се прикажувала во погрешно светло една многу сериозна, осетлива и доверлива тема, а тоа е безбедноста на највисоките носители на државни функции и високите носители на такви функции од странство кои ја посетувале нашата држава. Наведе дека таа безбедност е скапа и чини многу пари, а за обичниот граѓанин била злонамерно представена како расипништво, само така можело да се сфати внесувањето во диспозитивот на обвинителниот акт изрази како „нерационално искористување на средствата на Министерството" или пак „вонредно скапо возило во услови на намалена економска и куповна моќ на Министерството". Според него ова биле оценки кои немаат никаква врска со правната квалификација или другите вообичаени елементи кои треба да ги содржи диспозитивот на еден обвинителен акт, а очигледно на некого му требало врз лаичкиот елемент во постапката да постигне некаков ефект. Од друга страна, смета дека треба да се има во предвид и фактот дека обвинетиот Ѓоко Поповски со второ обвинетиот Никола Груевски во 2012-та година не се познавал, ниту имал било каква комуникација, па со тоа и не можел да има било каква свест, сознание или став за наводите во обвинителниот акт кои што се однесуваат за второ обвинетиот, па затоа предложи судот да донесе ослободителна пресуда затоа што Јавниот обвинител не докажал надвор од разумното сомневање дека обвинетиот го сторил делото за кое што се обвинува.

Бранителот на обвинетиот Никола Груевски, адвокат Сања Алексиќ во завршни зборови наведе дека одбраната за разлика од Обвинителството има поинаква перцепција и став по однос на обвинението. Имено, со обвинението се тврдело дека обвинетиот

Никола Груевски во период од февруари 2012-та до октомври 2012-та година како Претседател на Владата на Р.Македонија со искористување на своето реално влијание и службена положба побарал од тогашниот Министер за внатрешни работи да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши и тоа да се спроведе јавна набавка во која Министерството за внатрешни работи ќе купи ново блиндирано ПМВ од марката Мерцедес модел С 600 Гард така што во постапката да се фаворизирал економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје. Од доказите изведени на главната расправа како материјални така и вербални се утврдила поинаква фактичка состојба. Имено, се утврдило дека Министерството за внатрешни работи врз основа на декларираните потреби на организационите единици кои во извршувањето на работните задачи користеле превозни средства со посебен степен на безбедносна заштита, во планот за набавки за 2012-та година предвидело набавка на едно блиндирано ПМВ за кое средствата за набавка во целост биле обезбедени од Буџетот на РМ за 2012-та година. Во самата тендерска документација на страна 11 од 34 предвидена била можност економскиот оператор да може да побара појаснување на тендерската документација од договорниот орган, исклучиво во електронска форма преку Електронскиот сајт за јавни набавки, со користење на модулот „Прашања и одговори" најдоцна 6 дена пред крајниот рок за поднесување на понудите. При тоа и договорниот орган го задржувал правото најдоцна 6 дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите по свое наоѓање или врз основа на прашања за објаснување поднесени од страна на понудувачите, да ја измени или да ја дополни тендерската документација, за што веднаш ќе ги известел сите економски оператори што ја подигнале. И покрај неспорниот факт што согласно тендерска документација за отворената постапка бр.17-16/2012 за доделување на јавна набавка на блиндирано моторно возило на МВР на РМ до моментот на поднесување на понудите, економските оператори имале право да поставуваат прашања, барања и предлози за и во врска со јавната набавка, вклучително и за техничките спецификации, ниту еден од операторите од оние кои подигнале тендерската документација а тоа биле 16 економски оператори не поставил прашање, ниту побарал каква и да е измена на тендерската документација односно спецификација, па истата станала конечна. Тоа се потврдувало со Известието од МВР бр.18.1-88010/1 од 20.12.2017 година и Известието од МВР бр.18.1.1-6501/2 од 25.01.2018 година, па оттаму логичен бил заклучокот дека со оглед да никој не побарал измена на тендерската документација, спецификација, дека никој не се почувствувал дискриминиран, односно дека никој не бил фаворизиран. Воедно од Одговорот од МВР рег.бр.18.1.1-61851/2 од 25.09.2017 година кој бил изведен како доказ на одбраната, се гледало дека и во други постапки за јавни набавки спроведувани од МВР кои се однесувале на набавка на возила, заради

допрецизирање на тендерската документација економските оператори поставувале прашања, барања и предлози за и во врска со јавната набавката, вклучително и за техничката спецификација и врз основа на тоа биле вршени измени на истата во согласност со можностите кои ги давал Законот за јавни набавки. Исто така од исказите на сведоците, досегашната пракса и од Законот за јавни набавки произлегувало дека со оглед на специфичноста на предметот на набавката, односно кај набавките за потребите на безбедноста - член 7 од Законот за јавни набавки ја исклучувал примената на одредбите од овој закон и набавката се вршела со директно договарање, но МВР како договорен орган заради обезбедување на транспарентност на постапката, конкуренција и обезбедување на поповолна понуда спровело постапка за јавна набавка согласно Законот за јавни набавки со т.н. Отворена постапка. Ако се одлучело да се оди со набавка согласно чл.7 од Законот за јавни набавки кој бил вообичаен начин при набавките за потребите на безбедноста, согласно Законот за јавни набавки економските оператори кои учествувале во ваквата постапка ниту имале можност да бараат измена на техничката спецификација, а ниту имале право на жалба на одлуката за избор. Оттука и логичен бил заклучокот да ако некој некого сакал да фаворизира ќе се одело со примена на чл.7 од Законот за јавни набавки кој начин давал можност за законито фаворизирање.Дополнително тврдењето на СЈО за наводно фаворизирање на економскиот оператор Мак Аутостар, се побивало и со постоење на антимонополска регулатива во РМ според која и покрај генерални застапници на одредена марка на возила во Р.Македонија истите можеле да бидат продавани и од правни лица кои не се дистрибутери, ниту генерални застапници за истото.Тоа се потврдило и со сведочењето на сведокот Зоран Василевски кој истакнал дека како долгогодишен управител на Аутомакедонија освен марките на возилата за кои се генерални застапници имале продадено и други марки на возила и тоа Ивеко и Ман и покрај постоење на генерални застапници за истите во РМ. Понатаму, наведе дека Обвинителството тврдело дека иако обвинетите знаеле дека набавка на такво ново возило било вонредно скапо, во услови на намалена куповна моќ на МВР била спроведена постапка за набавка, но не приложувал апсолутно никаков доказ во поткрепа на ваквото тврдење. Спротивно на ова тврдење, видно од предложените докази, односно од документацијата доставена од МВР до Специјалното обвинителство и тоа: Одговор од МВР рег.бр.08-73230-1 од 17.11.2016 година кој содржел и Годишен план за јавни набавки за 2011 година бр.15-8656/1 од 07.02.2011,Одлука за јавни набавки бр.15-7539/1 од 02.02.2011 како и целокупната останата документација од оваа јавна набавка се потврдувало дека неопходноста од набавка на возило со специјална безбедносна заштита била утврдена уште со Планот за јавни набавки за 2011-та година кога била предвидена набавка на половно блиндирано ПМВ. За таа цел МВР по претходно

испитување на пазарот во рамките на кое биле прибавени 2 индикативни понуди за цената на чинење и нивото на опременост на возилата од ваков тип, спровело отворена постапка за набавка на блиндирано ПМВ. Со оглед на тоа што иако економските оператори од кои биле прибавени индикативните понуди во рамките на испитување на пазарот, располагале со ПМВ кои одговарале на барањата на договорниот орган, во предвидениот рок до МВР не доставиле ниту една понуда, тендерот бил поништен и во тековната буџетска година не бил распишан нов. Од индикативните понуди обезбедени на барање на МВР се гледало дека цената на новото блиндирано ПМВ во 2012-та била во рангот на цените кои во 2011-та биле понудени за користени, половни блиндирани патнички моторни возила кои изнесувале: АУДИ А8 6.0 W12 QUATRO Security, продолжена верзија, заштитена категорија VR6/VR7 со износ 328.412 евра со вклучен ДДВ и BMW 760 LI High Security HP81, се сметал за еквивалент на возилото набавено во 2012-та, со стандардна опрема 567.616 евра со сите давачки, што било речиси идентична цената за новото ПМВ со највисок степен на заштита набавено од страна на МВР. Истото се потврдувало и од доказите кои биле изведени при што во документацијата од други економски оператори се гледало дека економскиот оператор Мак Кар во 2012-та во својата понуда имал две возила и цената на возилата BMW 7 Series Limousine High Security 750 IL била 309.000 евра, а на 760 IL кое се сметало за еквивалент на возилото набавено во 2012-та е 345.000 евра без давачки односно, во однос на испорака со набавеното возило разликата била само 272 евра. Од Одговорот од МВР рег.бр.16164/1 од 15.03.2016 со кој до СЈО била доставена целокупната документација за спроведената јавна набавка во 2012-та година се разјаснило дека МВР врз основа на претходно утврдените потреби и во следната буџетска година предвидело набавка на едно блиндирано ПМВ и истото било наведено во Годишниот план за набавки за 2012-та година бр.17-1-1681/1 од 27.01.2012 година. Од Решението за внатрешна распределба на буџетот, Буџетот на МВР за 2012-та и Буџетот на МВР за 2011-та година се потврдувало дека средствата за спроведување на набавката во целост биле обезбедени на соодветната буџетска ставка во соодветната буџетска година. Истото се потврдувало и со Одговорот на Барање од МВР-Оддел за финансиски прашања од 06.02.2018 година, бр.17-9811/1, потоа со рег. Бр. 17.1.1-32399/2 од 20.04.2018 и Одговор од МВР рег. Бр.08-38319/2 од 8.05.2018 година кои биле составен дел од листата на докази на одбраната, во кои експлицитно била одговорено дека :„средствата за набавка на стоки предмет на Одлуката за јавна набавка бр.17.1-21576/1 од 03.04.2012 година биле обезбедени од Буџетот на МВР за 2012-та, под ставка 486, програма 2А, како што било наведено во точка 1 алинеа 5 во Одлуката за јавна набавка бр.17.1-21576/1 од 03.04.2012 година. Финансиските средства потребни за оваа јавна набавка биле претходно

одобрени на седницата на Влада на Р.Македонија во Буџетот на МВР за 2012-та година и со ова во целост се побивало тврдењето дека МВР било со намалена економска и куповна моќ, што впрочем како квалификација и не соодветствувало за буџетски корисник бидејќи буџетските корисници располагале со онолку средства колку што Собранието ќе одобрело во буџетот, а истите во Буџетот биле утврдени со конкретни износи, за конкретни намени и биле распределени на конкретни буџетски ставки. Наведе дека дополнително во одговор од МВР рег.бр.08-22239-1 од 06.04.2016 година, кој бил составен дел од листата на докази на СЈО се давало детално образложение во кое се појаснувала постапката за проценка на вредноста на набавката и начинот и условите на измена на истата. Воедно, во информацијата од 17.10.2016 година од Ненад Николовски која била составен дел на листата на докази, по однос на проценетата вредност на набавка се давало појаснување дека согласно чл.26 ст 1 од ЗЈН кој гласи „врз основа на утврдените извори за финансирање договорниот орган доставувал план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година, по видови на стоки, услуги и работи, според општиот поимник за јавни набавки со кој се определувал и очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договор. Вкупните потреби ги вклучувале и потребите што се реализирале како групна набавка или преку централно тело за набавки, како и врз основа на чл.26 ст.4 од ЗЈН формата, содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки го пропишува Министерот за финансии, па можело да се констатира дека законодавецот предвидел формулација за изворите на средства согласно општиот поимник за јавни набавки, од кои средства се финансирале потребите за спроведување на јавните набавки. По однос на разликата помеѓу проценетата вредност на јавната набавка и висината на предвидените средства во одлуката за јавна набавка бр.17.1-21576/1 од 03.04.2012 година, истакнувал дека проценетата вредност во смисла на чл.27 ст.3 од ЗЈН и начинот на процедурата на истата, ја пропишувало Министерот за финансии. Од сето ова јасно произлегувало дека согласно важечките прописи, средствата за спроведување на предметната набавка во целост се обезбедени во Буџетот на МВР, набавката која била планирана по планот за јавни набавки од 2012-та година, а проценката на вредноста за истата била направена согласно прописите и не отстапувала од висината на средствата кои биле обезбедени во Буџетот за 2012-та ниту го преминувала прагот кој се однесувал на видот на јавната набавка. Во однос на тврдењето на обвинителството дека обвинетиот Никола Груевски со искористување на своето реално влијание и положба побарал да биде набавено предметното возило како да било за потребите на МВР, бидејќи сакал да користи такво возило, но не сакал

јавноста да дознае дека како Претседателот на Владата на Република Македонија користи такво луксузно возило,од увидот во релевантните прописи, изведените материјални докази и исказите на сведоците во целост се побивало ваквото тврдење на СЈО. Наведе дека не станува збор за желби на обвинетиот,туку обезбедувањето на личностите било регулирано со Уредбата за личностите и објектите што се обезбедувале, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување предвидени во Службен весник на РМ бр. 88/2007, 106/2009, 56/2014, при што во член 1 од оваа Уредба се определувале личностите и објектите што се обезбедувале, видовите на мерки и активностите и степените на обезбедување, во чл. 2 се дефинирало дека под обезбедување на личности и објекти во смисла на оваа уредба се подразбирало планирање, организирање, координирање и извршување на оперативно-превентивни, превентивно-технички, физички, здравствени и други мерки и активности со цел за обезбедување на: највисоките претставници на органите на државната власт на Република Македонија кога биле во РМ, а кога биле во официјални и работни посети на странски држави во содејство и соработка со странски служби задолжени за обезбедување, странски државници кои биле во официјални и работни посети на РМ и странски делегации од понизок ранг во работни посети од особено значење и интерес за РМ, како и највисоки претставници на меѓународни организации кои биле во официјални и работни посети на РМ. Со членот 3 од основниот текст од Уредбата, се пропишува дека личности кои постојано се обезбедуваат се: Претседателот на Република Македонија, Претседателот на Собранието на Република Македонија, Претседателот на Владата на Република Македонија, замениците на Претседателот на Владата на Република Македонија, Министерот за внатрешни работи, Министерот за одбрана, Министерот за надворешни работи, а со измените во 2014-та со кои членот 3 станува член 4 Уредбата е дополнета и освен за горенаведените личности предвидено е и постојано обезбедување на директорот на БЈБ и директорот на УБК и обезбедување со редовни мерки и активности на членовите на потесното семејство на Претседателот на Република Македонија, Претседателот на Собранието на Република Македонија и Претседателот на Владата на Република Македонија, при што под членови на потесното семејство на личностите кои се обезбедуваат во смисла на оваа Уредба се подразбирале брачниот другар и децата до навршена 21 година живот. Имајќи ги во предвид обврските кои за МВР произлегувале од важечките прописи, како и евидентната состојбата на материјално техничките средства, одбраната ја докажала неопходноста од набавка на блиндирано ПМВ за потребите на МВР, освен преку изјавите на сведоците и преку следниве материјални докази изведени на главната расправа, и тоа: Информација од МВР рег.бр. 18.2.4-64631/1 од 26.09.2017 година, за висината на трошоците за поправки на

блиндираните возило пред набавка на Мерцедес С 600 Гард од МВР и се однесувала за возилата сопственост на МВР, кои биле користени за обезбедување на МВР, според која по однос на одржување на блиндираните возила на МВР сметано од 01.01.2006 година до набавката на новото возило имало потрошено 13.592.418,00 денари, Одговор од СОЗР до Основен суд Скопје 1, рег.бр. 03-2689/2 кој се однесувал за бројот на поправки и трошоците за возилото кое било користено за обезбедување на Претседателот на Влада на Република Македонија, 67 фактури во вкупен износ од 11.214.989,00 денари, Достава на податоци од Аутомакедонија до Основен суд Скопје 1, рег.бр. 03-1809-1 за бројот на поправките и трошоците за возилото кое било користено за обезбедување на Претседателот на Влада на Република Македонија и биле содржани 42 барања за сервисирање, Достава на податоци од Мак Аутостар бр.03-509 од 19.02.2018 година и бр. 03-1385 од 02.05.2018 година за бројот на поправките и трошоците како и за времетраење на сервисирањето за возилото кое било користено за обезбедување на Претседателот на Влада на Република Македонија. Наведе дека тврдењето на СЈО во обвинението во целост се побивало, а аргументите на одбраната дополнително се потврдувале и преку материјалните докази по однос на користењето на предметното возило, така од доказот Достава на податоци рег.бр.23.2.4-0268 од 11.03.2016 година кое било составен дел од листата на докази, МВР појаснува дека предметното возило било користено првенствено за обезбедување на странски делегации кои согласно Уредбата се обезбедувале со мерки за безбедност од 1,2 и 3 степен, при што во дописот поименично биле наведени дел од лицата за чие обезбедување при посетата на РМ било користено предметното возило. На барање на одбраната до МВР-Оддел за заштита на определени личности и објекти од 09.02.2018 година и одговор на истото од 23.02.2018 година со Допис 32984/1 од 19.04.2018 МВР до ОСС1, кој бил составен дел од листата на докази на одбраната, МВР известувало дека во периодот откако било набавено возилото до 01.02.2016 кога завршувал мандатот на Претседателот на Влада на Република Македонија Никола Груевски имало 7 случаи на обезбедување од 1 степен, 28 случаи обезбедување од 2 степен и 112 случаи обезбедување од 3 степен или вкупно 147 случаи во кои за обезбедување било користено блиндираното возило. Ако се земело во предвид дека при посета на странска делегација во времетраење од само еден ефективен ден, блиндираното возило требало да биде на располагање најмалку 3 дена, од безбедносна проверка и подготовка пред пристигнување до заминување од РМ на личноста која се обезбедува, се доаѓало до податок дека само за оваа намена возилото било ангажирано околу 500 календарски денови. Кога станувало збор за оценка на вештачењата како докази во оваа кривична постапка, одбраната во повеќе наврати приговарала и презентирала докази дека

истите не можеле да бидат прифатени и ценети како доказ од страна на судот, поради тоа што истите биле изготвени спротивно на Законот за вештачење и Законот за кривична постапка, а при тоа при нивното изготвување биле направени повеќекратни повреди на правото на еднаквост на оружјата на сметка на одбраната. Понатаму, ЕОС Консалтинг согласно Законот за вештачење не можело да изготвува и да доставува вештачење бидејќи немало својство на правно лице и не претставувало трговско друштво согласно член 26 од ЗТД а исто така вештачењата биле изготвени од лицата Страхил Глигоровски и Тале Герамитчиоски кои во моментот кога ги спроведувале истите не поседувале важечка лиценца за областа во која вршеле вештачење.Таквата констатација била неспорна со оглед на доставените лиценци во прилог на изготвените вештачења, земајќи ги во вид денот, месецот и годината на издавање како и временскиот период на важноста на лиценцата, а од друга страна на тоа неспорно укажувал и дописот бр.08-2752 од 04.05.2018 год од Министерството за правда, како орган кој врши надзор врз примена на одредбите од Законот за вештачење и кој е овластен за издавање и продолжување на лиценците за вештачење, по однос на вештото лице Тале Герамитчиоски се произнел дека истиот се стекнал со лиценца бр.07-1429/2 од 17.04.2014 година од областа машинство и сообраќај, која му била издадена согласно чл.25 алинеа 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вештачење (Сл.весник на РМ 12/14) според кој за да се овозможи важноста на неговата лиценца, ова лице било должно во рок од две години од овој закон од издавањето на лиценцата да положи стручен испит за вештак согласно одредбите од овој закон, но секако видно од известувањето од Министерот за правда ваквиот испит т.е. услов, ова лице не исполнило во предвидениот рок. Освен тоа по однос на изготвеното вештачење од страна на лицето Тале Герамитчиоски одбраната истакнувала дека во еден дел истиот ниту имал стручни знаења за произнесување по поставените прашања, а кои се однесувале на произнесувањето дали во тендерската документација од 03.04.2012 година имало спецификации кои упатувале на конкретно производство и конкретни трговски марки за системи кои се користеле во автоиндустријата. Ова бидејќи истиот не располагал со лиценца и не евидирал на сајтот на Министерството за правда како вештак од областа на заштита на авторски права, други сродни права и права од интелектуална сопственост. Од сите овие причини смета дека не се докажало дека обвинетиот Никола Груевски го сторил делото за кое се терети и му предложи на судот да донесе ослободителна пресуда. Притоа наведе дека за да бидат доследни докрај ќе зборуваат и со јазикот на Обвинителството и ќе тргнат од нивните тврдења, па ќе истакне дека со обвинителен предлог СЈО го терети обвинетиот Никола Груевски за кривично дело Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 ст.2 од КЗ за кое е запретена казна

затвор од една до три години.Од страна на Обвинителството се доставиле и се репродуцирале аудио материјали од незаконското следење на комуникација и со тонски запис од 26 февруари 2012 година. Обвинителството тврдело дека обвинетиот во разговор со женска особа барал набавка на возило на буквата М од каде прејудицирало дека истиот побарал да се купи ново блиндирано ПМВ од марката Мерцедес. Наведе дека согласно чл.30 од КЗ, кривичното дело е сторено во време кога сторителот работел или бил должен да работи, без оглед кога настапила последицата, согласно чл.107 ст.1 т.5 од КЗ, застареноста за гонење на предметното кривично дело настапува со протек на три години од извршувањето на кривичното дело, а согласно чл.108 ст.6 од КЗ, застареноста на кривичното гонење настапува во секој случај кога ќе помине двапати онолку време колку што според законот се бара за застареност на кривичното гонење. Оттука со оглед дека биле поминато повеќе од шест 6 години од моментот за кој ова обвинителство тврди дека обвинетиот Никола Груевски го сторил кривичното дело кое му се става на товар, па евидентно било дека по вака презентираното обвинение настапила апсолутна застареност на кривичното гонење.

Бранителот на обвинетиот Никола Груевски,адвокат Боро Тасевски во завршен збор наведе дека во целост се приклучува кон дадените завршни зборови на неговите колеги и ќе се обиде накратко да изврши некои поенти кои се однесуваат на одбрана на обвинетиот Никола Груевски. Наведе дека се наоѓаат пред крајот на еден долг судски процес, кој ако се земеле првичните сигнали за негово иницирање, а тоа било објавување на незаконски следените комуникации т.н. „бомби" од страна на политичката партија СДСМ траел неколку години, впрочем пресуда требало да се донесе за дејствија кои наводно се одвивале пред повеќе од 6 години. Релативниот долг период на траење на постапката во сите нејзини фази го потенцира од аспект на околноста што СЈО можело да спроведе постапка која ќе ги задоволува сите меѓународни стандарди за водење на постапката и за обезбедување на доказите. Меѓутоа што се случувало во реалноста и со каква постапка и докази на обвинението биле соочени, односно дека соочени биле со докази кои обвинителството ги третирало како суштински особено кај неговиот клиент и на кои барало да се темели пресудата, но кои докази во најголем дел биле обезбедени со кршење на домашни закони, но и кршење на општо прифатените меѓународни стандарди. Наведе дека членот 12 став 2 од Законот за кривична постапка е повеќе од јасен, за да може определени докази,како и доказите произлезени од нив, да се користат и врз нив да се заснова судска одлука истите не смееле да бидат прибавени на незаконит начин или со кршење на слободите и правата утврдени со Уставот на Република Македонија, законот и меѓународните договори. Во овој предмет како и во другите кои биле предмет на постапување на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои

произлегуваат од незаконското следење на комуникациите, очигледен бил политичкиот момент и политичкиот судир и конкурентноста на иницијаторите на овие постапки и обвинетите како високи функционери на политички партии кои имале голем број на свои следбеници поради што и интересот и поларизираноста на јавноста околу овие постапки била и е висока.Токму затоа стандардите на Законот за кривична постапка и меѓународните стандарди сметаат дека органите кои ја воделе постапката и ги обезбедувале доказите,морале да ги применуваат исклучително внимателно и изострено. Смета дека тоа не се случило туку напротив,законските гаранции кои што ги бара членот 12 став 2 во поглед на доказите, органите дури ги спуштиле под вообичаеното законско ниво кое редовно се применувало во постапките, па така кај обвинетите,одбраната и дел од јавноста се добивал впечаток на некој специјален третман на овие обвинети, според него на нивна штета и со повреда на нивните права во постапката како обвинети. Во однос на обвинетиот Никола Груевски наведе дека особено биле важни доказите кои произлегувале од незаконското следење на комуникациите, незаконски прислушкуваните разговори, кај кои разговори прифатени од судот како докази и изведени докази, на секој чекор во постапката имало незаконито постапување, а истите разговори претставувале единствена, единствена и со ништо друго непотврдена врска на обвинетиот г-динот Груевски со описот на наводно превземените инкриминирани дејствија. И покрај тоа што овие докази неспорно претставувале докази од незаконско следење на комуникациите судската власт ги прифатила и им дала третман на законито прибавени докази бидејќи СЈО на законит начин ги добило од политичката партија СДСМ,па оттука можеле да бидат докази во постапката. Одбраната на ваквиот став на судот и третман на овие докази силно се противела и ќе се противи и понатаму додека има правни можности тоа да го чини. Но, во однос на овие докази резултат на незконско следење на комуникациите со ова незаконитостите па со тоа и пречките од член 12 став 2 тие да бидат доказ не престанувале. На одбраната и обвинетите одново и одоново им се кршеле правата и се постапувало спротивно на уставно гарантираните слободи и права спротивно на закон и спротивно на меѓународните договори и стандарди. Така одбраната на повеќе пати повикувајќи се на начелото на еднаквост на оружјата барала да и бидат доставени овие разговори во аудио форма на носач на звук,но тоа од Обвинителството и судот не било прифатено, наведе дека тие разговори, снимки, не биле прибавени со посебни истражни мерки,па оттука не уживале заштита како што ПИМ мерките ја уживаат, па со ваквото противзаконито постапување и недостапност на снимките во аудио форма на обвинетите и на одбраната, одбраната била оневозможена истите да ги анализира од технички аспект и да ја проверува нивната автентичност со свој технички советник, вешто лице од областа на телекомуникациите. Автентичноста пак за одбраната била особено важна бидејќи по повеќе од 6 години од наводно обавените разговори,

наводните соговорници не можеле да се сетат и да паметат дали воопшто таков разговор постоел, дали бил извршен токму во наведениот период, дали воопшто презентираните биле нивните гласови, а исто така ниту целовитоста и континуираноста на разговорите не можело да се проверат. Кога се работело за вакви разговори за кои се претендирало да бидат крунски, единствен доказ во постапката и само со краток прекин на континуираноста, вметнување или бришење на само еден збор или слично, со предвремен прекин на разговорот, можело комплетно да се промени неговата содржина и смисол. Но не само што спротивно на Законот за кривична постапка на обвинетите и одбраната им било оневозможено да ја проверуваат автентичноста, целовитоста и континуираноста на разговорите, туку и никој во име на Обвинителството кое ги користело овие докази не стоело зад нив, никој истите не ги анализирал од технички аспект, никој не потврдувал како истите биле снимани, кој и како ги преснимувал од еден на друг носач на звук, каде истите снимки се чувале и под каков безбедносен режим, односно кој тврди и гарантира дека над истите никако не се интервенирало, дури еден од наводните разговори од месец март и не содржел содржина за каква јавна набавка се разговарало. Наведе дека ако се направело анализа на постапувањето при обезбедувањето на докази со ПИМ мерки согласно членовите од 252 до 271 од ЗКП, ќе се утврдело дека прислушкувани разговори како доказ прибавени согласно ЗКП можат да се користат во постапката под строги услови и гаранции за нивната автентичност така што со овие строги услови и мерки таа автеничност се гарантирала. Во конкретниот случај пак се користеле како доказ незаконски прислушкувани разговори за кои Обвинителството не понудило никаква гаранција за нивната веродостојност и автентичност. Дури ни самото обвинителство не тврдело дека се автентични бидејќи било свесно дека начинот на кој биле добиени никако не ја гарантирал нивната автентичност која обвинетите ја оспоруваат во согласност со член 6 од Законот за заштита на комуникациите. Наведеното особено и со оглед на фактот што овие снимки биле селектирани од страна на СЈО од стотици илјади аудио фајлови, врз основа на нивна субјективна и произволна проценка, а кои произлегувале од долгогодишно и масовно кршење на правото на приватност со незаконското следење на комуникациите, без судска наредба и без било каква контрола,надвор од било какви однапред пропишани стандарди и без постоење на заштитни механизми кои ќе ја гарантираат и заштитат или ќе го гарантираат и заштитат правото на приватност загарантирано со Амандманот XVII од Уставот на РМ и членот 8 од ЕКЧП. Еднаквоста на оружјата исто така била повредена на штета на одбраната со самиот факт што СЈО имало монопол над сите стотици илјади незаконски прислушкувани разговори,исто како што таков монопол имала и политичката партија СДСМ која подолг период ги поседувала овие разговори и наводно сите ги предала на СЈО. Овој монопол и располагање со стотици илјади незаконски прислушкувани разговори ги ставал политичкиот противник

на обвинетите и СЈО во привилегирана положба да можат да селектираат разговори кои им оделе во прилог, па едните да ги користат, а другите кои не им оделе во прилог да ги игнорираат. Наведе дека токму во игнорираните разговори, некои можеби веќе и уништени и пред предавањето на СЈО, можеби се наоѓале клучни аргументи за одбраната која таа не можела да ги искористи бидејќи сите фајлови со незаконски прислушкувани разговори едноставно не и се давале, не им биле достапни и се држеле од СЈО недостапни за обвинетите. Поради наведено, презентираните како доказ незаконски прислушкувани разговори согласно членот 12 став 2 од ЗКП биле прибавени на незаконит начин и со кршење на слободите и правата утврдени со Уставот на РМ, законот и меѓународните договори и не можеле да се користат во постапката ниту врз нив да се заснова судската одлука. Таквото обезбедување и постапување со тие докази претставувало и кршење на член 8 од Европската конвенција заштита на човековите права и пресуда заснована на вакви повреди и на вакви докази е спротивна на стандардот за правично судење загарантирано со членот 6 став 1 од Конвенцијата. Со оглед дека во однос на обвинетиот Никола Груевски незаконски прислушкуваните разговори биле единствениот доказ со кој СЈО се обидувало да го поврзе со кривично правниот настан,за одбраната било крајно неприфатливо ова судење да се смета за „правично" како што тоа го бара член 6 од ЕКЧП со оглед на бројните незаконитости, повреди на Уставот, Законот и Конвенцијата претходно наведени, а поврзани со прибавувањето, но и понатамошното постапување на органите, вклучително и судот со овие докази. Условите да можат да бидат доказ во постапката во согласност со членот 12 став 2 од ЗКП, не ги задоволувале ниту прифатените како доказ и изведени пред судот вештачења од вешти лица од фирмата ЕОС Консалтинг, на кое во повеќе наврати укажувала одбраната во текот на постапката. Повеќе повреди на Законот при изготвувањето на тие вештачења воочила одбраната и побарала нивно отклонување, но тоа не било сторено ниту од судот ниту од СЈО, така што сметаат дека истите согласно членот 12 став 2 од ЗКП не можат да се користат и врз нив не може да се темели судската одлука. Пред се фирмата ЕОС Консалтинг е странска фирма,таа е акционерско друштво од Рим Италија, со странска подружница во Р.Македонија. Согласно Законот за вештачење таквата организациона форма не претставувала правно лице во Р.Македонија и не претставувала трговско друштво согласно членот 26 од ЗТД за што одбраната обезбедила и презентирала докази од Министерството за правда и Министерството за економија. Исто така наведе и дека Европскиот суд за човекови права имал став дека објективно оправданиот сомнеж во неутралноста на вештаците го загрозува принципот на еднаквост на оружјата, пресуда од 6 Мај 1985, параграф 32-34, Бониш против Аустрија. Сомнежот во неутралноста на вештаците во конкретниот случај бил повеќе од оправдан бидејќи управител на ЕОС Консалтинг подружница во РМ е лицето Димитар Бузлевски кој е познат

висок функционер на СДСМ, политичкиот противник на ВМРО ДПМНЕ чиј долгогодишен Претседател бил обвинетиот Никола Груевски, како пратеник од СДСМ во Собранието на РМ, Министер и Градоначалник, а исто така и вештакот Тале Герамитчиоски како поранешен заменик Министер за образование, Пратеник во Собранието на РМ исто така од редовите на СДСМ. Во Р.Македонија постојат стотици реномирани и објективни вештаци од машинска и економска струка, па крајно било иритирачки за обвинетите, вештачењата да им бидат доверени на споменатите лица истакнати функционери на партијата СДСМ, политички противник, опонент на ВМРО-ДПМНЕ чиј долгогодишен Претседател бил обвинетиот Никола Груевски. Но постапувањето спротивно на Законот при изготвувањето на овие вештачења тука не престанувале, вештите лица Тале Герамитчиоски и Страхил Глигоров при спроведувањето на истите вештачење не поседувале важечки лиценци за областите во кои вештачеле на што одбраната на повеќе пати се повикала и го воочила пред судот овој факт за што предложила и докази, известувања од Министерството за правда. И тука повторно не застанувале постапувањата спротивно на Законот при изготвувањето на овие вештачења. Повредено било основното право на одбраната да учествува при нивното изготвување, лично да присуствува и да користи технички советник преку кого да дава соодветни сугестии,предлози и забелешки во интерес за одбраната бидејќи ниту обвинетите,ниту нивните бранители не биле известени за подготвувањето на вакви вештачења,ниту биле повикани да присуствуваат при работа на истите или да определат свој технички советник заради присуство и давање предлози или ставање забелешки согласно член 245 од ЗКП. Одбраната воопшто не била информирана за Наредбите за вештачење НСК-КО 3/17 за економско финансиското вештачење од 03.04.2017 година, ниту за сообраќајно машинското вештачење од 23.04.2017 година. Европскиот суд за човекови права имал јасно изразен став во пресудата по Апликација број 107718/05 во предметот Ивановски против Македонија, параграфи 57 и 60, дека таквите вештачења на кои не била присутна одбраната не се објективен доказ и во тој предмет констатирал повреда на член 6 ст.1 и 3 г од Конвенцијата поради одбивањето на домашните судови на предлозите за сослушување на сведоците на одбраната, одбивање на барањето за алтернативно вештачење преку технички советници. Сите претходно наведени повреди поврзани со двата вешти наоди и мислења одбраната смета дека целосно упатуваат на примена на членот 12 став 2 од ЗКП и укажуваат дека истите не можело да се користат како доказ исто како и прислушкуваните разговори и врз нив не можела да се заснова судската одлука. Во однос на неговиот клиент, г-динот Никола Груевски доволно било само да се констатираат повредите на Уставот, законот и меѓународните договори во однос на незаконски прибавените, неавтентични, неверодостојни докази, прислушкувани разговори, за да се утврди дека единствена правична одлука би била ослободителната пресуда бидејќи него ништо не го

поврзувало со опишаните дејствија на кои Обвинителството им дава кривично правен третман. Тие непотврдени од никого разговори биле единствениот доказ кој СЈО го понудил за да докажува противзаконито дејствување на обвинетиот Никола Груевски, па побара како негов бранител истите судот да ги игнорира и да не им поклони никаква верба бидејќи во спротивно не само што ќе се стори повреди на Законот и меѓународните општоприфатени стандарди за правично судење, туку ќе се примени и „специјален третман", незаконски третман кон обвинетиот, што би претставувала негова дискриминација спротивно на Законот за спречување и заштита од дискриминација кој забранува дискриминација од политички причини односно дискриминација поради политичка и партиска определба. Понатаму, доколку пак се анализира текстот на изреката на обвинението, јасно и недвосмислено се заклучувало дека истото содржи контрадикторности со постојниот правен поредок во Р.Македонија и регулативата превземена од ЕУ. Имено, наведе дека за да се тврди дека ниту еден друг економски оператор не можел да понуди возило со бараните карактеристики, па затоа еден економски оператор бил повластен во постапката за јавна набавка, е спротивно на антимонополската регулатива во ЕУ која е целосно превземена во Р.Македонија. Без оглед дали во Р.Македонија или во било која ЕУ земја постоел овластен претставник или дистрибутер на определени возила, со антимонополското законодавство било забрането да се спречува било кој друг економски оператор да набавува и нуди исти такви возила. За ова постоеле бројни примери на пазарот, па и набавка во МВР каде токму последните набавки на повеќе возила Шкода не биле направени од овластен претставник и дистрибутер на Шкода,туку од друг економски оператор од Куманово. Наведе дека ја користи приликата да честита на судската власт во Р.Македонија бидејќи токму денес стапувале на сила последните измени на Законот за судовите во кои со истите на ниво на тешка дисциплинска повреда со закана за разрешување било нормирано не применувањето или постапувањето спротивно на одлуките и стандардите на ЕСЧП во постапките во Р.Македонија, тоа е член 17 алинеа 11 и член 18 став 1 алинеа 8, па оттука уште еднаш побара од судот ослободителна пресуда за обвинетиот Никола Груевски со што смета дека единствено ваквите цитирани домашни и европски стандарди ќе се задоволат за постапување на судовите во вакви предмети каде не постоел никаков доказ за криминална поврзаност на обвинетиот Груевски со опишаните настани како во изреката на обвинението. На крајот наведе дека сака да се повика и да појасни она што обемно го кажала неговата колешка Сања Алексиќ околу застареноста меѓутоа да се повика на искажувањето на СЈО кое смета дека било некореткно кога се извршило повикување на околност дека обвинетиот Никола Груевски по временската рамка во кое било сместено ова кривично дело сторил нови кривични дела и дека со тоа се прекинувал рокот на застареноста, бидејќи истото смета дека било некоректно бидејќи се прејудицирало постапувањето на судовите до наредниот период со тоа што се земало

од обвинителство како да е веќе обвинетиот Груевски правосилно осуден за вакви кривични дела, а само се констатирало дека ги сторил кривичните дела, кој такви кривични дела не сторил, а тоа низ факти ќе го докажат.

Бранителот на обвинетиот Никола Груевски,адвокат Димитар Дангов во завршен збор наведе дека неговиот завршен збор ќе го даде од аспект на анализа на аудио снимените разговори, употребени во оваа постапка за кои иако изгледа дека тука нема ништо што друго да се каже, тој не само што нема да се повторува во изнесени работи,па дури и од неговиот колега Боро Тасевски денес, но ќе се осврне за прв пат по однос на овие материјали од аспект на важечки закон донесен во пакет со Законот за СЈО, кој ниеден суд во оваа или друга постапка во која се постапува по обвинение на СЈО не го опсервирал. Наведе дека од овој Закон произлегувало дека материјалите произлезени од незаконското следење на комуникациите, по истекот на рокот пропишан со тој Закон во кој СЈО можел законито да ги прибавува за да ги употребува заради истражување во смисла на член 5 од Законот за СЈО, се незаконити и постоела забрана за нивна употреба во конкретната и во било која друга кривична постапка. Исто така наведе дека точно е дека Апелациониот суд Скопје со Решение КСЖ-548/17 од 07.11.2017 година, не во петитумот но во образложението, навел дека предметните материјали се прибавени на законит начин и може да се користат во постапката бидејќи СЈО ги прибавило согласно чл. 287 од ЗКП и чл. 5 од Законот за СЈО. Но ниту овој суд, ниту било кој друг суд, а се надева и се очекува после овој завршен збор, токму овој суд да го има во предвид овој Закон, го немал во вид Апелациониот суд Скопје, предвид Законот за заштита на приватноста, кој бил во сила во моментот кога СДСМ на ден 30.12.2015 година ги предал материјалите на СЈО, употребувани и изведувани во оваа постапка како аудио снимки од наводни телефонски разговори помеѓу обвинетите во оваа постапка. Наведе дека овој Закон бил донесен на 9-ти ноември 2015 година и бил објавен следниот ден, на 10-ти ноември 2015 година во Службен весник на РМ бр. 196 и бил во сила до 20-ти мај 2016 година, кога стапил во сила целосно нов Закон за заштита на приватноста објавен во Службен весник бр.99 на ден 20.05.2016 година. Станувало збор за два идентични закони, со разлика во тоа што новиот не го содржел најбитниот член 2 од претходниот Закон, бидејќи едноставно бил избришан.Но независно од тоа, последиците кои Законот од 2015-та година веќе ги предизвикал по однос на легитимноста на аудио снимките, стапиле во сила тие последици и новиот закон донесен во месец мај 2016-та година немал влијание на материјалите за незаконските комуникации, такво влијание за да тие материјали повторно да станат законити за да се употребуваат во кривична судска постапка, било која. Наведе дека тој како еден од бранителите кој го изнесува завршниот збор во овој предмет неговиот завршен збор ќе го даде низ призмата на овој Закон, ќе укаже на неколку елементи поврзани со истиот, и тежиштето на неговиот завршен збор ќе

го даде исклучиво на овој Закон и влијанието на истиот на овој и на сите други предмети кои што се водат по обвинение на СЈО. Наведе дека овој закон бил lex specialis во однос на ЗКП во делот на прибавување на материјалите наменети за употреба во оваа постапка во смисла на одредбите од чл. 287 од ЗКП, и lex specialis во однос на тоа зошто и кога овие материјали биле незаконити и зошто постоела забрана за нивна употреба во кривична постапка, во смисла на член 12 од ЗКП. Наведе дека по однос на тој Закон од 2015-та година, најголемиот правен авторитет во Европа, а тоа е Венецијанската комисија при Советот на Европа, имала дадено мислење бр.829/2016 од 15.03.2016 година, кое овој суд-совет се очекува по службена должност да го има во предвид при пресудувањето. Законот за заштита на приватноста има само 7 членови, од кои особено биле значајни чл. 1, 2 и 6 од Законот. Имено, член 1 став 1 се однесувал за целите на носење на Законот, а тоа било заштитата на приватноста на граѓаните на РМ гарантирана со Уставот и Европската конвенција за човековите права, а во врска со материјалите кои произлегуваат од незаконското следење на комуникациите извршени во периодот од 2008-ма година до 2015-та година. Став 2 од овој член предвидувал три форми на забрана во однос на материјалите со кои се вршела повреда на личниот и семејниот живот, тоа се забраната за поседување, за обработка и за јавно објавување на ваквите материјали. Значајно било дека став 3 од член 1 од Законот предвидува и четврта забрана која се протега на употреба на овие материјали во конкретната постапка. Пред да го изнесе наведеното законско решение, наведе дека најпрвин ќе каже една реченица во врска со исклучокот од чл. 6 од овој Закон со кој било предвидено дека одредбите од овој закон не се однесуваат на објавените материјали заклучно со 15 јули 2015 година, која одредба доколку се немало во предвид мислењето на Венецијанската комисија, можела да упати на погрешен заклучок, обврзано со целото правно дејство врз оваа кривична постапка. Венецијанската комисија во врска со наведената одредба била на став дека со истата всушност се дава заштита на медиумите на начин што тие можеле да ги реобјавуваат материјалите кои што биле објавени од страна на тогаш опозиционата партија заклучно со 15 јули 2015 година. Во однос на таа одредба Венецијанската комисија понатаму вели дека таквиот пристап на законодавците бил разумен, бидејќи било каква забрана за понатамошно објавување на материјали што веќе биле јавно достапни, би било бескорисно и немало да помогне да се постигне главната цел на Законот, а тоа е заштита на приватноста. Доколку не бил доволно јасен увидот на мислењето на Венецијанската комисија поврзано со чл. 6 од овој закон, неговото изнесување во завршниот збор ќе го направел целосно јасно. Како требало да се постапува со материјалите, односно аудио снимките приложени кон обвинението во овој предмет, во согласност со овој Закон донесен исклучиво за таа намена во пакет со Законот за СЈО, истовремено. Според него, согласно член 2 од овој Закон, секој кој поседува материјали од незаконското

следење на комуникациите, а под секој се подразбирале и политичките партии, а кога го употребува терминот политички партии, замоли да биде сфатен дека тоа го прави во функција на давањето на негова одбрана како бранител на неговиот клиент господин Никола Груевски во оваа постапка, а не и во друга конотација или смисла, во врска со примопредавање на тие материјали, тие политички партии имале обврска да постапуваат во строго определена и преклузивна временска рамка од 20 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, а тоа бил периодот од 10-ти ноември 2015 година до 30-ти ноември 2015 година, кој период отпочнал да тече од 10-ти ноември 2015 година бидејќи согласно член 7, тој Закон стапил во сила на денот на објавување во Службен весник. Наведе дека според законодавецот, тој преклузивен рок е во функција токму на заштитата на приватноста на граѓаните на РМ и потребата од итно предавање на материјалите од незаконското прислушкување на разговорите на надлежен обвинител веднаш по стапување во сила на законот. Заради почитување на рокот од 20 дена од член 2 од овој Закон, секој меѓу кои и СДСМ како држател на материјалите, меѓу кои и тие употребени и изведени во оваа постапка, и СЈО како надлежен јавен обвинител за примање на тие материјали, морале да превземат пропишани активни дејствија заради остварување на примопредавање на материјалите. СЈО можело да дејствува во две насоки. Согласно чл. 5 од Законот за СЈО или согласно чл. 287 од ЗКП, а во двата случаи во врска со чл. 2 од Законот за заштита на приватноста, можело да испрати барање до СДСМ, како субјект за кој неспорно од јавноста се знаело дека ги поседува тие материјали, да побара да му бидат доставени тие материјали. Но, секако не во рокот од 30 дена согласно многу употребуваниот чл. 287 од ЗКП, но во рокот од 20 дена согласно член 2 од Законот за заштита на приватноста. Дополнително, независно од тоа дали СДСМ ќе постапело по барањето на СЈО изложено претходно, СЈО имало и овластувања согласно одредбите од Глава 17 од ЗКП, во рамки на рокот предвидени со чл. 2 од Законот за заштита на приватноста, да превземе и дејствија за обезбедување на предметите, во случајот на материјалите кои неспорно се наоѓале кај СДСМ. Наведе дека доставувањето на материјалите од СДСМ на СЈО во временскиот период од 10.10.2015 година до 30.10.2015 година можело да се оствари или по пат на поднесување на кривична пријава согласно чл. 273 став 3 од ЗКП, а во врска со чл. 2 од Законот за заштита на приватноста, или во краен и наједноставен случај, со реално и записничко примопредавање согласно член 2 од овој Закон. Но тоа не се случило, туку на 30.12.2015 година СДСМ јавно доставил кутии во кои наводно се наоѓале материјалите од член 2 од Законот, меѓу кои требале да се наоѓаат и конкретните за предметот, во просториите на СЈО, со аудио коментар на новинар дека на тој начин се вршело примопредавање на аудио материјалите објавени од СДСМ.Во врска со тоа примопредавање никој во предметот не видел Записник за тоа што било примопредадено од СДСМ на СЈО и категорично тврдат дека не

само што не било извршено примопредавање на тие материјали во рокот пропишан во Законот, но тоа не било сторено ниту на ден 30.12.2015 година иако било небитно дали и што било примопредадено на тој ден, бидејќи немало доказ дека тогаш било извршено примопредавање на тоа што овде се тврдело дека било примено а се употребувало во фазата на изведување на докази од СЈО. Според чл. 2 од Законот за приватноста, Венецијанската комисија во цитираниот извештај забележала дека член 2 нема пропишана санкција поради неуспехот во рокот да се предадат материјалите на СЈО, но секако дека продолженото поседување на копии од разговори се мисли на СДСМ се сметало за незаконито поседување, согласно чл. 1 став 3 од овој Закон. Бидејки „поседување" на материјалите по 30.10.2015 било незаконито, како што наведувала Венецијанската комисија, тоа значело дека следиот ден од тој датум, било незаконито и превземање на било кое од наброените дејствијата што се наведени во став 3 од чл. 1 од Законот за заштита на приватноста, на „обработка", на „јавно објавување" и што било многу битно, забрането било располагање на кој било начин на материјалите, вклучувајќи и нивно користење за други цели и постапки. Од причина што СДСМ не ги доставил материјалите на СЈО во временскиот период од 10.10.2015 година до 30.10.2015 година, а СЈО во овој рок не превземал дејствија да ги прибави материјалите, настапени биле следните последици. Првата, СДСМ како држател на материјалите, сметано од првиот ден по истекот на рокот од 20 дена, а тоа било 31.10.2015 година до 30.12.2015 година кога се тврдело дека наводно му ги предал, а и СЈО тоа не го негирал и го обзнанил, незаконски ги држел тие материјали, поради што таквата незаконитост на материјалите со предавање на 30.12.2015 година на СЈО не се трансформирала во законитост на предавање на материјалите. Втората, СЈО како јавен обвинител надлежен да му бидат предадени тие материјали согласно член 2 од овој Закон, поради нивното наводно превземање на ден 30.12.2015 година, а тоа било по истекот на рокот, истите ги прибавил на незаконит начин бидејќи на тој ден имал забрана да прима, да ги користи и да располага со нив, за било кои цели и постапки вклучувајќи ја и кривичната постапка. Бидејќи се постапило на претходно изнесениот начин, произлегувало дека материјалите што СЈО ги прибавило од СДСМ на ден 30.12.2015 година биле докази кои не биле прибавени согласно Законот за заштита на приватноста, па согласно чл.12 став 2 од ЗКП како што спомнал и неговиот колега Боро Тасевски, истите како и доказите произлезени од нив не можеле да се користат и врз нив не можело да се заснова судска одлука. Кои биле тие незаконити докази произлезени од незаконитото превземање на овие материјали, тоа биле сите докази од листата на докази на обвинителството изведени во текот на оваа постапка. Само ако СЈО материјалите законито ги прибавело во рокот од Законот за заштита на приватноста, можело потоа на основа член 5 од Законот за СЈО, да истражува и прибира законити докази за да со тие докази, категорично тврди, не и со материјалите коишто биле незаконити докази

чија што употреба била забранета во било која кривична постапка, можело да гони кривични дела кои произлегле од тие незаконити материјали. Затоа од причина што во случајот од СЈО материјалите биле незаконито прибавени, од причина што СЈО незаконито прибавувало докази на основа тие материјали, а на ден 29.06.2017 година поднел и обвинител акт, а за нивниот клиент предлог, имајќи во вид дека согласно член 12 став 2 од ЗКП на незаконито прибавени докази не можеле да се заснова судска одлука од причина што обвинението се засновало на докази прибавени на со закон забранет начин поради што и нивната употреба со законот не била дозволена, исклучено било на основа такви докази да се врши кривично гонење. Затоа во неговиот завршен збор само од наведените причини предлага согласно член 402 ст.1 т.6 од ЗКП да донесе одбивателна пресуда по однос на обвинението кое му се ставало на товар на Никола Груевски. Наведе дека не може да не го изнесе и неговиот став по однос на обвинението по кое што одбраната се произнела, а во делот на чл.36 од Законот за јавни набавки, при што истакна дека во истиот се вели „ дека не е применет овој член од ЗЈН", со невнесување во огласот на извесни делови на оваа законска одредба за да се сметало дека и во таа јавна набавка бил применет овој член и во тој случај немало да постои кривично дело. Наводно, ова го изнесува и го става во контекс на веќе кажаното од чл. 2 од Законот за заштита на приватноста, при што замоли ако не се почитува според обвинението тој закон од наведената одредба па затоа било сторено кривичното дело според обинителот, од каде СЈО црпело право при целосно неприменет Закон за заштита на приватноста донесен 2015-та година, и покрај таквата повреда која што имала за последица да го дисквалификува како надлежен обвинител по тој закон да прима материјали за да потоа во врска со чл.5 од Законот што бил формиран тој обвинител, да гони а пред да гони да истражува и прибира докази на основа на тие материјали кои што како незаконити што било неспорно дека незаконито ги прибавил. Смислата на тој Закон за заштита на приватноста бил во рок од 20 дена, законодавецот им дал својство „на законити докази", односно законито својство на тие незаконити докази кои по истекот на тој рок забрането не само било какво дејствие поврзано со тие материјали, но и кривично гонење.

Бранителот на обвинетиот Никола Груевски, адвокат Дончо Наков во завршен збор наведе дека подоцна се вклучил во овој предмет и тоа му ја дала можноста да биде на некој начин како судиите и многу пообјективно без негово лично инволвирање во овој предмет во борбата на приговори и законитост на докази помеѓу колегите од СЈО и тие како одбрана да може објективно и само од очите на законот да го види овој предмет. Наведе дека земајќи ја во предвид формата на која овој судски совет и преостанатите многу внимаваат во секој сегмент на постапката, тој денес ќе повика и ќе побара од судот само врз основа на закон и само врз основа на ставови на СЈО и ставови на судот и ставови на одбраната без ниеден повик на било што што го има одбраната, без

ниеден, да го увери судот дека онака како што било поставено предметното обвинение е несоодветно правно формално и да на него се базира осудителна пресуда. Наведе дека можеби ќе изгледа зачудувачки но тоа го видел уште првиот ден кога доаѓал на судењето за „Тенк", тоа го направил и доаѓал на судењата за овој предмет со цел да види дали ќе има измена на самото обвинение од аспект на дејствијата на извршување, каузален синџир на дејствија на извршување и каузален тек и правната квалификација. Од страна на колегите од СЈО по решението на судот за регулирање на постапката за Гордана Јанкулоска бил доставен поднесок од 14.05.2018 година со наслов прецизирање каде што Застапникот на обвинението Стевче Донев во последниот пасос на тој поднесок се оградувал дека се работи за измена по чл.393 од ЗКП туку прецизирање од технички карактер. Наведе дека ниту стариот Закон за кривична постапка, ниту постоечкиот Закон за кривична постапка не предвидува термин прецизирање, но тоа не било прашањето за него. Тоа што сакал да го прикаже имало своја законска и правна подлога која произлегувала од едно од основните начела на ЗКП и правната категорија врзана за позицииите дадени во диспозитивот на обвинителниот акт онака како на нив гледал ЈО и како иницијален обвинителен акт и во воведните говори и во прецизирањето од 14.05. а истото и во нивните завршни зборови останало неизменето. Она што според него е битно за судот, а и за сите е тоа дека постоело нешто што се вика евинитет на пресудата со обвинението, како правна облигација на судот да не биде креативен со неможност да интервенира во позицијата на диспозитивот на обвинителниот акт бидејќи тоа било право само на овластениот тужител и пред судот имало обвинение кое морало да се преточи во пресуда. Наведе дека тој ќе покаже дека така како што е напишано обвинението со тие дејствија на извршување, со тој наводен клаузивитет на дејствија, правната квалификација врзана за Никола Груевски како обвинет не постоело такво дело и не постоела можност да судот да го суди дури и да сака. Идентитетот на пресудата со обвинителниот акт не сакал дополнително да го образлага и смета дека судот внимава на таа позиција. Вториот момент кој според него имал реперкусии во целата постапка не од аспект на неговата законитост која ја споменал и неговиот колега Зиков – раздвојување на постапката, според него имала реперкусии и била во директна врска отсуството на Гордана Јанкулоска за која постапката е раздвоена со можноста за Никола Груевски да се донесе осудителна пресуда. Третиот момент кој бара судот да го има пред себе пред тој да ги образложи конекциите на ставовите на Обвинителството, обвинителниот акт и правната квалификација била позицијата на умисла. Во иницијалниот текст на обвинителниот акт и во прецизирањето другите 9 реда се однесувале на обвинетиот Никола Груевски и во тој дел никаде, не бил ставен зборот умисла, а наведе дека зборува за неговото кривично дело. Во целиот текст на обвинителниот акт петитумот, она што за судот е облигаторно и на база на кое единствено може да биде напишана пресудата, зборот

умисла бил врзан само за Гордана Јанкулоска на едно место и денес прв пат и двајцата колеги, но во фаза на завршен збор спомнале дека обвинетиот Никола Груевски делото го извршил со умисла. Имено наведе дека Застапникот на обвинението Гаврил рекол директна умисла и јасна цел и истото го поврзал со еден разговор и дека тој разговор поточно „содржината на тој разговор се утврдува директната умисла на Никола Груевски за извршување на делото" тоа го кажал застапникот на обвинението Стевче Донев.Наведе дека овие позиции кои судот мора да ги има пред себе го носат на позицијата која е наједноставна за одбрана тоа можеби ќе изгледа фрапантно дека не била покриена од страна на Јавното обвинителство е времето, местото и начинот на извршување на делото. Во позиција на време наведе дека застапникот на обвинението Стевче Донев во уводната реченица на својот завршен збор рекол дека делото било сторено во 2012-та година, позицијата на диспозитив на обвинителниот акт времето го лоцира февруари 2012-та до крајот на октомври 2012-та година, и се доаѓа до она што и денес па и во актот Застапниците на обвиниението го истакнале. Наведе дека обвинението за Никола Груевски е по чл.359 ст. 2 и ништо повеќе и тоа било посебен облик на делото од чл.359 неврзано воопшто со ст.1, освен во делот на казната, така што единствена врска во повеќето ставови на наведениот член била можна за ова самостојно кривично дело од ст. 2 со ст. 7, но тоа застапниците на обвинението не го употребиле бидејќи знаеле дека Никола Груевски и според нив за ова дело не примил награда, така било по закон. Ова кривично дело онака како што законодавецот предвидел имало свое дејствие на извршување. Изборот на законодавецот во овој дел на ова кривично дело бил да бидат оставени повеќе алтернативни дејствија на извршување за кои правната теорија вика дека извршувањето на било кое од нив претставувало остварување на законското битие на делото и било дело во кое дејствието на извршување било дадено со техниката на опис не преку индиректниот пристап врзано со некоја последица, туку директно и истото значело дека кривичното дело било извршено во моментот кога едно од дејствијата кои се бара, интервенира, поттикнува или на друг начин се влијае да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши или да не се изврши службено дејствие што би морало да се изврши. Изборот на застапниците на обвинението бил врзан за дејствието, односно нивниот текст бил дека Никола Груевски побарал од Гордана Јанкулоска и тоа било дејствие на извршување, немало друго бидејќи бил обвинет за тоа кривично дело. Така поставеното барање од Обвинителството му давало за право да потврди дека имало изведен доказ за позиција на време, но во обвинителниот акт таа позиција намерно или ненамерно не била ставена. Денешното излагање во делот на непостоење услови на застареност го наведувало да мисли дека позицијата на време врзана за обвинетиот Никола Груевски и делото од 359 било толку јасно и ја имало во доказите, намерно не била ставена, значи во диспозитивот немало време на извршување на кривичното дело од страна на Никола Груевски

врзано за негово дејствие на извршување поточно кога побарал од обвинетата Гордана Јанкулоска, и судот во пресудата доколку огласи или ослободи било кого за дело, во конкретниот случај обвинетиот Никола Груевски, мора да напише кога тој го сторил делото од чл. 359, но дотогаш ќе било се доцна. Наведе дека точно било дека постојат правни норми некаде во шеесетите кои дозволувале интервенција на судот во делот на одредени позиции кои произлегле, но одлука на судот со новиот ЗКП да ја следи законитоста прв пат да се сретне со доказите со што е можно помала интервенција единствено во делот на поставување на одредени прашања према сведоци кои ги имал не му дозоволува такво нешто, законот, не тој. По однос на местото, ЈО Стевче Донев прв пат кажал дека се знаеле кои биле сопствениците на телефоните, а гласовите лесно се препознавале. Наведе дека тој денес добил од Обвинителството за организиран криминал докази врзани за еден друг случај каде точно била наведена позицијата на секој телефон со тоа и на неговиот сопственик како претпоставка во време на вршење на разговорот. Позицијата на растегливост која ја давал за период февруари 2012-та до крај на октомври 2012-та можела само да се однесува на тогаш обвинетата Гордана Јанкулоска и сега обвинетиот Ѓоко Поповски, но никако на Никола Груевски, и при постоење на доказ за времето, времето не било ставено, а ставено било местото дека Никола Груевски делото го направил во Скопје и за тоа немало докази. Наведе дека земјаќи предвид дека она што го сторил Никола Груевски произлегувало од телефонски разговор како што тврделе од Обвинителство и дека тој телефонски побарал од Гордана Јанкулоска судот немал доказ од кој ќе утврдел дали Никола Груевски бил во Скопје дали Гордана Јанкулоска била во Скопје, а местото на извршување наведе дека нема да го коментира како елемент во пресудата на судот, а тоа биле основите на секое кривично дело, и ги немало. Наведе дека според него требало да има и нешто друго, дека каузалниот синџир на дејствија на кои претендирале од Обвинителството бил врзан за Гордана Јанкулоска за која постапката била во прекин и за сега обвинетиот Ѓоко Поповски. Имено, неспорно било за Застапниците на обвинението и за нив дека она што тие го тврделе а тие го бранат е дека денес било повторено во два наврати и во завршните зборови како категорично тврдење дека „за да го исполни барањето на Никола Груевски, Гордана Јанкулоска го поттикнала Ѓоко Поповски" , а пак „за да го исполни барањето на Гордана Јанкулоска обвинетиот Ѓоко Поповски превзел дејствија". Ваквиот екстензивен каузален синџир во кој се мешале повеќе вкрстени каузални текови со прекинот на постапката кон Гордана Јанкулоска бил нарушен и сега не можел иако во петитумот и прецизирањето на Застапниците на обвинението останале на таквата позиција неговиот колега Стерјо тоа го именувал како нелогичност, но тој смета дека правна неможност исто така за носење на пресуда на делото од чл. 359, а тоа го велел Владо Камбовски не тој, дека вака кривичното дело од ст.2 на чл.359 било влијание за извршување на законито

службено дејствие и тоа од претходниот облик од ставот 1 се разликувало по тоа што се вршело без награда, а покрај тоа влијанието се однесувало на извршување незаконито службено дејствие. Наведе дека ако се земе тврдењето на тоа што било напишано е дека обвинетиот Никола Груевски побарал од Гордана Јанкулоска да поттикне лица и таа да превземе дејствија на спроведување според ОЈО на незаконита постапка која води кон фаворизирање на одредена би рекол фирма во постапката за јавни набавки значело дека позицијата на Никола Груевски и неговото извршување на кривично дело била врзана за поттикнувањето на Гордана Јанкулоска во понатамошниот тек на постапката, „со оглед на тоа дека дејствието на извршување се состои врз влијание на службеното лице да изврши нешто незаконито не постои ова дело ако влијанието содржи елементи на поттинкнување на некое потешко казнено дело", наведе дека наводот бил став на академик Владо Камбовски од стр. 1081 од коментар на Кривичниот Законик. Втората позиција врзана за тој каузален синџир ја наметал и застапникот на обвинетиот Дангов, но тој ја врзал за законот за кој тој зборел, а тој ја врзува строго за кривичното дело од чл. 353. Имено, се работи за кривично дело кое било несамостојно и каде неправото се црпело и се определувало со пратечки прописи и закон т.н. бланкетна норма, избор на колегите за бланкетна норма која била повредена и чие непочитување значело остварувваање на кривичното дело од чл. 353 од главниот извршител според обвинението, Ѓоко Поповски бил чл. 36 од Законот за јавни набавки. Користењето на таквата легислативна техника наречена „јешек неимен" била позната во правната теорија, но не било доволно да изберат одредба од пратечки закон и да упатат на неа туку постоеле и одредени правила и услови и од страна на судот неопходна проверка дали таа одредба воопшто можела да биде бланкетна норма или не. За да судот го види тоа треба да знае дека во времето на извршување на кривичното дело имало повеќе ставови, тој го анализирал Законот за јавни набавки кој бил еден од законите кои имал најмногу промени, исклучително динамичен закон, но и исклучително правно формален со посвета на заштитата и имал една позиција која била многу битна а тоа била позицијата да во тој закон имал казнени одредби, само пеесетина закони во РМ надвор од Кривичниот законик има казнени одредби со предвидени законски казни - затворски и тоа од причина што и законодавецот и Парламентот сметале дека вредноста, значењето на заштитното добро или постапка во конкретниот случај кај ЗЈН била на повисоко ниво и динамична материја која требала да биде санкционирана и заштитена на тој начин. Она што очекува дека ќе го направи судот и верува дека е така е судот да ја види одредбата од чл.56 каде што ставот 2 упатува кон членовите 33 и 34 и судот да го прочита првиот став од чл.34 од ЗЈН, членот од 1 до 3 каде што се основните начела и законската дефиниција од над 20 и нешто поими, делот 7 кој што предвидува судска заштита и супсидијарна примена на прописи, кој упатува на ЗОУП и Управниот суд, а истото само од аспект на правната

сигурност во државата и правните можности кои не биле користени, а законот ги нуди, и секако посебен аспект и акцент на Глава XI - делот за казнени одредби. Имено, наведе дека Главата XI-А била она што законодавецот сметал дека треба да биде заштитена, врзана поединечно за секој член од овој закон каде што по некои кои што го пишувале и гласеле за овој закон имале пред себе токму стриктни позиции од ЗЈН на кои им нашле место дека претставувале можност и правен основ за нивна казнивост со затворски казни. Наведе дека Главата XI-А се состои од чл.232 - А до чл.232-К, тоа биле 11 казниви кривични дела предвидени во lex specialis на кои се повикувало Јавното обвинителство и од кого црпело бланкетна норма и чл.36 во овие казнени дела се спомнувал само во чл.232 - В, и притоа наведе дека ќе го прочита „тој што свесно ќе ги дефинира техничките спецификации на набавката на лекови со користење на трговска марка или со име на производителот, носителот на одобрението за ставање во промет спротивно на чл. 36 ст. 3". Истакна дека чл. 36 ст. 3 е одредба која се однесува само и само за набавка на лекови и истата е дерогирана во 2017-та или 2016-та година, значи во 11-те дела во кои творецот на законот кој го имал духот на овој закон и правните можности да ги види позициите на евентуално пропусти и можности за казниви дела, не нашол дека чл. 36 ст. 1 и 2 се основ за било каква казнивост. На судот останува да оцени дали изборот на Обвинителството за бланкетна норма бил соодветен. Напомена дека на пример компаративно како што Застапниците на обвинението сакале низ одредени примери, во чл. 36-А за кого биле предвидени три или четири кривични дела, но не и за чл. 36 судот има пред себе диспозитив на акт, истите кога го давале завршниот збор го повториле чл.36, тој знае дека немало таква облигаторност и задолжителност поготово во негова врска чл. 34 ст.1 на кој самиот упатува, да види основ по кој би одговарал Ѓоко Поповски бидејќи доколку Ѓоко Поповски не е можно да биде осуден поради погрешно според него бланкетна норма, тоа оди во позиција на соизвршителство за која СЈО има формирано став, кој став за соучесништво бил врзан за вториот обид за соучесништво за помагање на која суштина бил соодветен и за оваа правна позиција и бил прокламиран во нивното барање под број НСК - КО.бр. 1/16 од 04.10.2016 година кое било уважено од страна на Врховниот суд на РМ на 06.11.2017 година под К33 бр. 38/2016. Според него тоа подразбира да доколку Ѓоко Поповски имал ослободителна пресуда, а според него морало да има, независно од дејствијата која ги превзел, се задржува, бидејќи за соизвшрителство и позицијата на евентуална осуда на Ѓоко Попвски поточно негово ослободуввање значело неможност според ставот на СЈО и според ставот на пресудата на Врховен суд ниту Гордана Јанкулоска уште помалку Никола Груевски да бидат осудени, тоа било поентата и наведе дека така тврделе СЈО и Врховен. Претпостаува дека наведените документи се достапни на судот и замоли судот истите да ги види според проекцијата која тој претендира дека е точно. Наведе дека не помалку битен бил и ставот за умислата кој

суптилно бил ставен без директна посока во последните три реда на обвинението, а денес нагласен многу децидно, тоа бил делот каде што се тврдело дека умислата на Никола Груевски била таа што „сакал да користи такво ново блинидрано ПМВ но не сакал во јавноста да се дознае дека тој како Претседател на Владата користи такво луксузно возило". Наведеното според правната теорија дури и од римско време во максимата „coligationis poenam nemo patitur" односно „замисливи идеи никој не може да ги казне", според него можеби била можност за позиционирање на некаков мотив, но умислата за кривичното дело од чл. 359 тоа не можело да биде. Наведе дека ќе заврши онаму каде што завршил и Застапникот на обвинението Гаврил Бубевски кој кажал дека се работело за лична желба на обвинетиот Никола Груевски, наведе дека не сакал да цитира автори надвор од државата во контекст на она наводна облигаторна примена на странски одлуки кој Законот за судови во своите одредби што ги спомнал неговиот колега Тасевски ги носел, но според него, според правната теорија, да се исценира дека можело да биде казнет за самите мисли, желби и идеи било недозволено. Наведе дека така мислат и повеќе автори и во Македонија кои можело да бидат казнети за свое поведение насочено во објективна смисла кон повреда на правните добра заштитени со закон. Наведе дека ако се земат во предвид сите негови изнесени позиции кои биле базирани само на закон и на ставови на самото Обвинителство врзани пред себе и само за правната квалификација и кривичното дело кое му се става на товар на обвинетиот Никола Груевски евентуално требало судот да го има во предвид и правното прашање за својата надлежност, дали Оддлението за организиран криминал е надлежно за ова кривично дело и во кој контекст, тој наведе дека има своја позиција за тоа, а секако и СЈО имале своја правна позиција во моментот кога поднеле обвинителен акт и обвинителен предлог за ова кривично дело, но по службена должност смета дека тоа е прашање за кое судот ќе треба да даде одговор, а тој како бранител бил должен да го истакне. Наведе дека се приклучува кон предогот на неговите колеги во поглед на пресудата која треба судот да ја донесе - согласно чл.403 од ЗКП.

Обвинетиот Ѓоко Поповски во завршен збор наведе дека Министерството за внатрешни работи за набавка на блиндирано возило обезбедило финансиски средства за извршување на набавката во 2011-та година. Бидејќи се работело за безбедносно блиндирано возило договорниот орган немал законска обврска да спроведе постапка за јавна набавка со применување на одредбите од Законот за јавни набавки. Во чл.7 од Законот за јавни набавки како исклучок од негова примена биле набавки за кои биле потребни посебни безбедносни мерки, односно стоки кои имале безбедносни карактеристики и елементи. И покрај таквата можност договорниот орган, МВР, решило јавно, транспарентно и со примена на одредбите од Законот за јавни набавки да спроведе постапка за јавна набавка во таканаречена отворена постапка со цел да се добие конкуренција и најниска цена. За таа цел

договорниот орган согласно чл.28 од ЗЈН според обезбедените финансиски средства од тој план и обезбедените согласности од Министерството за финансии и Владата на РМ донел одлука за јавна набавка. Договорниот орган немал потреба и обврска да изврши технички дијалог, а применувајќи ја одредбата од Законот за изменување на Законот за јавни набавки Сл. весник на РМ бр 185/11 односно чл.72 според кој одредбите од чл.18 од Законот за изменување на Законот за јавни набавки, Сл. весник на РМ 185/11 ќе се применуваат одложено од 01.07.2012 година. Наведе дека врз основа на донесената одлука за јавна набавка на блиндирано возило договорниот орган изготвил тендерска документација која содржела и техничка спецификација за мининалните карактеристики на возилото. Според чл.32 од Законот за јавни набавки договорниот орган изготвил тендерска документација за минималните карактеристики на возилата направена според чл.32 од ЗЈН и детална техничка специфиакиција изготвена согласно чл.33. При изготвувањето на посочените тендерска документација и техничка спецификација се внимавало на одредбите од чл.36 од Законот за јавни набавки, а со почитување на одредбите од овој закон бил објавен оглас бр.17-16/2012 за постапка која се спроведувала целосно преку електронскиот систем за јавни набавки. Од објавата до моментот на поднесување понуди економските оператори имале право и можност да поставуваат прашања, барања и предлози за и во врска со јавната набавка, како и за самата техничка спецификација. На објавениот оглас од 04.04.2012 година до 15.05.2012 година, ниту еден економски оператор не поставил прашање ниту побарал каква и да е измена на тендерската докуметнација. Договорниот орган можел на барање на економските оператори да ја измени или дополни тендерската документација шест дена до јавното отварање на понудите. Напомена дека во целост биле запазена процедурата, односно имало план за јавни набавки во кој што била предвидена таа набавка, се донела одлука за јавна набавка, јавен оглас, тендерска документација со спецификација, записник од отварање на понудите, извештај од спроведената постапка, одлука за избор на најповолна понуда. Колку што може да се сети наведе дека тендерска документација била подигната од петнаесетина економски оператори, а денеска слушнал дека биле 16. Еден од економските оператори кој што подигнал тендерска документација бил и Микеи. Наведе дека овој економски оператор го спомнувал, затоа што основна дејност на истиот бил најпознат по тоа што се занимава со воена опрема, а со кое наведе дека сака да каже дека секој економски оператор кој што во својата дејност ја имал регистирано и дејноста за промет со возила иако не му била тоа главна дејност ако има економски интерес законот му дозволува да учествува и во постапка за јавна набавка на ова предметно возило. Смета дека Законот за антимонопол дозволувал сите економски оператори кои имаат економски интерес да учестуваат во таа јавна набавка. Согласно Законот за јавни набавки секој економски оператор имал право на жалба на тендерската документација, огласот,

изборот на најповолен понудувач, иако не поднел понуда, но никој тоа не го сторил. Наведе дека тоа што го кажувал дека секој имал право на жалба, прашања, предлози за измена на тендерска документација итн,тоа биле механизми што законодавецот ги предвидел да сите екомонски оператори имаат ист третман. Исто така предвидел дека во одредени ситуации дури и првопласиран има право на жалба ако смета дека му се повредени некои права, предвидел и инстанца надлежен суд ако економските оператори се незадоволни од одлуката на Комисијата за жалба се со една цел да сите економски оператори имаат подеднаков третман, да сите заинтересирани учествуваат во јавната набавка, да нема дискриминирани и фаворизирани. Од сите овие можности што ги кажал ниту еден економски оператор не искористил ниту една иако законот јасно тоа му го дозволувал. Наведе дека точно било тоа дека една година пред тоа МВР имало јавна набавка за половно возило и по негово сеќавање имало две индикативни понуди до Комисијата од Ауди и БМВ каде што цената на БМВ била околу 580 илјади евра половно, а на самиот ден на отварање немало понуди, така што таа постапка била поништена, а во образложението било предвидено да се повтори меѓутоа во меѓувреме Владата на РМ направила ребаланс на Буџетот, со кој тие средства предвидени за набавка на половно блиндирано возило им биле земени и затоа истата не ја повториле бидејќи доколку немало обезбедено средства, не можело да се распише јавна набавка. Наведе дека од обвинителите биле слушнати неколку тези на кои што би сакал да се задржи. По однос на разликата помеѓу проценетата вредност за јавната набавка и висината на предвидени средства во одлуката за јавна набавка бр.17.1-21576/1 од 03.04.2012 година, истакна дека проценетата вредност во смисла на чл.27 ст.3 од ЗЈН и начинот на проценување на истата ја пропишувал Министерот за финансии. Исто така во смисла на чл.28 од ЗЈН каде се одредувала содржината на одлуката за јавна набавка како и согласно претходно доставеното овластување бр.12.1-3035/1 од 17.01.2012 година донесената одлука за јавна набавка претставувала документ со кој се одобрувало покрај другото и висината на проценетата вредност на набавката. Од наведеното јасно произлегувало дека согласно важечките прописи средствата за спроведување на предметната набавка во целост биле обезбедени во Буџетот на МВР, набавката била планирана во планот за јавни набавки за 2012-та година, а проценката на вредноста за истата била направена согласно прописите и не отстапувала од висината на средствата кои биле обезбедени во Буџетот за 2012-та година, ниту го преминувала прагот кој се однесувал на видот на јавната набавка. Исто така наведе и дека се поставило прашањето за спецификацијата со која што наводно бил протежиран, односно фаворизиран определен бренд. Наведе дека ќе се задржи на изјавите на сведоците, членови на Комисијата, кои што точно кажале дека тој не им ја дал и подготвил техничката спецификација. Исто така наведе дека и сведоците од Мак Аутостар, вработените од Мак Аутостар, кажале дека ниту еден не го

познавал, дека ниту еден не контактирал со него и дека ниту еден не му дал техничка спецификација. Дека техничката спецификација овозможувала учество и на други економски оператори со други видови на возила потврдувал и фактот што определени називи напишани во техничката спецификација како Аирматик го имал и брендот Ауди под име Адаптив ер суспенжн, а го имал и брендот БМВ Адаптив 2 Axle, Спидтроник во брендот Ауди се нарекувал Круз контрол, под исто име се наоѓал и во брендот БМВ, Присеијв во брендот Ауди се сретнувал под името Присенсе, а во брендот БМВ како Актив протекшн, Термотроник во Ауди се сретнувал како Форзоун аутоматик еар кондишн, а во брендот БМВ Фор зоун аутоматик а це, поимот Команд кај Ауди се сретнувал како Мултимедиа интерфајс, кај брендот БМВ како и Драјв, Дистроник плус кај брендот Ауди се сретнувал како Адаптив круз контрол, кај БМВ Актив круз контрол, Гард кај Ауди се сретнувал како Секјурити а кај БМВ како Хај секјурити вехитсле и Најт вју асист кај Ауди се сретнувал како Најт вижн и кај БМВ се сретнувал како Најт вижн. Појасни дека со ова сакал да каже дека и другите брендови ги поседувале истите системи наведени во техничката спецификација, со исти функции, под друго име, а тоа не ги исклучувало да доставаат понуди односно претходно да поставаат прашања, да доставаат понуди, да учествуваат во јавната набавка итн., а потоа Комисијата би ценела дали таа понуда била соодветна или не, но како и да било нивното право за учество не било исклучено. Исто така се спомнало дека постоел еден дел каде што се спомнувал овластен сервисер или овластени сервисери што асоцирало на тоа дека само Мак Аутостар го исполнувал тој услов. На веб страната Mercedes-Benz.com.mk имало можност за аплицирање за пристап во мрежата на овластени сервисери на Мак Аутостар каде што биле дадени условите како да се аплицира што упатувало дека секој економски операте0р имал можности да ги користи овластените сервисери од Мак Аутостар под одредени услови што значи дека по тој основ не постоело фаворизирање на определен економски оператор. Наведе дека кратко ќе се задржи на изјавите на вештаците каде што едниот, економскиот, потврдил дека маржата не излегувала од рамките на вообичаеното, а пак господинот Тале Герамитчиоски кој што кажал дека во Македонија не постоел стручњак од областа за блиндирани возила меѓу другото кажал дека во своето истражување дали и други брендови ги исполнувале тие услови не користел податоци од Русија, Кина, САД и Јапонија, а скоро секој што малку се разбирал од оваа автомобилска индустрија знаел дека на овие 4 држави отпаѓале барем 50% од средствата за производство на автомобили. Исто така наведе дека комуникацијата меѓу лице од централата од Мерцедес и Мак Аутостар, што можело да се забележи од таа комуникација, која била нормална комуникација меѓу соработници која очигледно не било прв пат, каде што меѓу другото кажувале какво е времето во Германија, лицето од Мак Аутостар ја известувал дека Министерството од РМ планира да набави блиндирано возило, па како оди постапката односно како е можно да направат резервација, па во

некои од другите меилови госпоѓата од централата од Мерцедес го известувала дека кај нив важел принципот прв дојден прв услужен, па биле продадени во меѓувреме две возила, па во некои од меиловите лицето од Мак Аутостар потоа кажало дека требало да резервираат возило ако го добијат тендерот да не испаднеле несериозни пред Владата на РМ бидејќи имале рок за испорака и во еден од меиловите лицето од централата на Мерцедес го известува дека била направена резервација, а испаѓало дека некое трето возило бидејќи две биле пред тоа продадени по принципот прв дојден прв услужен. Нарачката била направена откако била завршена постапката дури тогаш Мак Аутостар ја направил порачката на тоа возило. Наведе дека со тоа сакал да каже дека молел да се направи јасна разлика помеѓу резервација и нарачка бидејќи претставникот на Мак Аутостар барал заради сериозноста на неговата компанија да биде направена резервацијата и ништо повеќе од тоа. Исто така споменал дека постоела комуникација помеѓу неговиот службен меил и меил на лице вработено во Мак Аутостар, мисли дека тоа бил Зоран Маневски, но не може со сигурност да каже. Спомена дека неговиот службен меил бил на веб сајтот на МВР и неговиот службен телефон како лице за контакт со МВР, а тој податок им бил достапен на сите физички и правни лица кој бил заинтересиран да го отвори сајтот. Истакна дека постоеле и многу повеќе комуникации помеѓу него, не само Мак Аутостар, туку со сите можни економски оператори за сите можни видови на стока и услуги, како и дека добивал мејлови во кои што биле известувани дека должат за плаќање на одредени фактури, или добивал известување дека определни резервни делови биле дојдени, добивал мејлови коишто апсолутно не се однесувале на работата на неговиот сектор па тој ги форвордирал на организационите единици, односно колегите каде што мислел дека тоа се однесува на нив. Исто така добивал меилови во кои физички лица се жалеле дека својата патна исправа не ја добиле во предвидениот законски рок од 15 дена, добивал меилови и од Влада на РМ за работи за кои што апсолутно не бил надлежен, така што како официјлаен меил било сигурно дека добивал меилови од многу економски оператори, физички и правни лица, кои се однесувале на најразличен вид известување, барања, а многу често многу од тие меилови биле за други организациони единици кои што тој ги форвордирал. Наведе дека поминале многу сведоци, докази и после сето стручно искажано, изведени докази, смета дека успеал да докаже дека не ја злоупотребил службената должност, не фаворизирал ниту еден економски оператор, ниту една марка и очекува дека судот ќе го одбие обвинението против него.

Обвинетиот Никола Груевски во завршен збор наведе дека на почетокот ќе тргне од поширокиот контекст на конкретниот случај, па потоа на конкретните детали. Наведе дека како што кажал на почетокот на судскиот процес, така ќе започне и со неговите завршни зборови. Имено, судења, судските процеси против него биле класично и чисто политички процеси. Судењето по овој предмет било дел од една

поширока политичко-судска хајка, еден класичен политички прогон во кој тој бил нападнат, како и повеќе негови соработници, а таа политичка тортура не била случајна. Наведе дека во недостаток на елементарни докази за да биде суден и за воопшто судот да може да ги прифати предметите во процедура, се извршил притисок како што рече ненормалното да стане нормално, нелегално стекнатите и креирани снимки, под надворешен притисок, судот да ги третира како легални, без прифаќање да се направи вештачење на тие снимки, без судот да имал увид во оргиналните снимки, и без друг пример во било кое друго законодаство во светот, како и спротивно на член 12 ств 2 од ЗКП. Судот под притисок станал заробеник на партијата на власт, но тоа немало долго да трае. Овој фабрикуван предмет, во кој немало никакви докази против него, се одвивал мошне брзо, можеби најбрзо во историјата на македонското судство од независноста до денес, почнал во февруари, завршувал во мај, а во кој предмет тој бил обвинет за сакање, односно сакал да се набави блиндирано возило бидејки сакал да се вози во него и остварил корист оти го возеле, не во една туку во друга кола, од истата марка. Наведе дека генерации на наши потомци ќе се чуделе за што бил обвинет поранешниот Премиер, пред да разбереле дека станувало збор за политички прогон. Во врска со овој политички фабрикуван случај изјави дека не искористувал никакво реално влијание или службена положба за да бара некој трет да превзема службени дејствија што не смеел да ги изврши, со цел набавка на ново блиндирано патничко моторно возило како луксузно возило, за да наводно тој го користи. Наведе дека од ниту еден доказ изведен од обвинителството, ниту од така наречените аудио снимки за наводни негови разговори со трети лица, чија автентичност, вистинитост и целовитост ја оспорува, произлегувало дека не барал спроведување на јавната набавка на ново блиндирано патничко моторно возило како луксузно возило, не барал фаворизирање на економскиот оператор Мак Аутостар како генерален застапник и дистрибутер на возилата од марката Мерцедес во РМ, не барал од некого тој да поттикнува други лица при вршењето на јавна набавка, незаконски да биде повластен економскиот оператор Мак Аутостар, не барал да се набави блиндирано патничко возило со ознаки Мерцедес модел С 600 Гард за да од тоа барање Мак Аутостар стекнел корист со доделување на договор за купопродажба во износ од проценета вредност на набавката од 30.750.000 денари без ДДВ, не барал во постапка за јавна набавка наведениот економски оператор да нема конкуренција и да се фаворизира истиот, не барал други економски оператори да немаат можност да дадат понуди со други спецификации кои биле еквивалентни, тој не можел да врши нерационално користење на буџетски средства, па неразбирлива била констатацијата дека набавката на такво возило било вонредно скапо бидејќи одлука за вредноста на набавката не донесувал Претседателот на Владата на РМ,

а средствата за набавка на вакво возило се утврдувале согласно Законот за буџет, никогаш наведеното возило не било дадено на исклучиво користење за превоз на Претседателот на Владата на РМ, а повременото користење не било последица на нечии лични желби на поединец туку на прописи,уредба донесена на Влада а по предлог на МВР, според кои постапувало МВР како државен орган. Исто така, ниту во изведените докази за кои што се тврдело дека претставувале наводни аудио снимки помеѓу него со некои трети лица, ниту во било кои докази не произлегувало дека побарал од Гордана Јанкулоска да биде извршено службено десјствие што не би требало да биде извршено и тоа да биде извршена јавна набавка во која МВР ќе купело ново блиндирано патничко возило од марката Мерцедес модел С 600 Гард така што во постапката да се фаворизирал економскиот оператор Мак Аутостар Дооел Скопје, генерален застапник и дистрибутер на возилата од марката Мерцедес во РМ. Наведе дека ќе каже неколку анализи во чии детали во најголема мера се запознал пост фестум, односно од отварањето на обвинението бидејќи тој не учествувал во постапката за јавна набавка, ниту пак во тоа време бил запознаен со се, со кое денес заради предметот се запознал. Барањето за набавка на ново блиндирано возило доаѓало од секој кој бил во допир или имал некаква одговорност поврзана со старите блиндирани возила. Наведе дека како што можело да се слушне лично од сведоците, како од оние кои биле негово обезбедување, така преку Директорот на СОЗР, па до началникот на Одделот за обезбедување на личности Миомир Антиќ, сите тие, врз основа на својот професионален ангажман, искуство и образование континуирано подолг период укажувале на потребата и итноста од набавка на ново такво возило. Сите блиндирани возила кои ги имала РМ за согласно Деловникот за ВИП личностите кои задолжително требало да бидат превезувани со таков тип на возило биле во многу лоша состојба, до таа мерка биле сообраќајно и балистички небезбедни, што често пати претставници на странски делагации, премиери на други држави во консултација со нивното обезбедување, одбивале да се возат во нив заради таа небезбедност. Оттука, барањето и потребата за набавка на блиндирано возило потекнувало токму од професионалците во таа област. Како што и самите тие кажале во повеќе наврати, МВР и тој како премиер долг период ја игнорирале алармантноста на тие барања, а откако претходно во Буџетот биле предвидени средства, и откако МВР, Владата и Парламентот ја утврдувале потеребата за набавка на ново блиндирано возило со донесување на планот за јавни набавки, започнувале чекорите за негова набавка и тоа за двојна цел, примарно за превоз на странски ВИП гости, и секундарно за користење на тоа возило во период кога постојните блиндирани возила биле на сервис, или се патува на подолг пат. Набавката на вакво возило не било во надлежност ниту на Владата ниту на него како Премиер, ниту пак било

кога новото возило било пренесено на користење на Владата или Премиерот. Секогаш претходно набавката на такви автомобили се одвивала по процедура на директна спогодба по членот 7 од Законот за јавни набавки и нормална претпоставка на секому тогаш му била дека пак ќе одело така. Наведе дека и сведокот Зоран Марковски од Мак Аутостар, истакнал дека бил зачуден кога дознал дека МВР објавува јавен оглас за набавка на таков вид возило имајќи во обзир дека секогаш претходно за таков вид безбедносни возила набавката се одвивала по процедура на директна спогодба. Наведе дека тој потврдува дека за компанијата Мак Аутостар немал чуено дека постои се до поднесувањето на предметното обвинение. Кога прв пат го прочитал обвинението прашал која е таа фирма за која СЈО го терети дека ја фаворизирал. Ниту знаел дека била генерален застапник за увоз на автомобили од марката Мерцедес, ниту знаел кој бил управител, сопственик ниту било кој вработен во таа фирма, или пак каде им било седиштето. Од денешен аспект после изведувањето на доказите и сведочењето на сведоците, наведе дека му е јасно да дури и под претпоставка да сакал да ја фаворизира фирмата Мак Аутостар не можел бидејќи Законот за заштита на конкуренцијата не дозволувал експлузивитет на една фирма за увоз на одредена марка возило. Имено и сведокот Зоран Василевски кој во тоа време работел во конкурентската компанија Аутомакедонија потврдил дека покрај 4-те бренда на кои Аутомакедонија биле генерални застапници во минатото, низ годините имале увезувано и други марки на возила, што оваа компанија го потврдила и со писмото-известување каде посочила дека набавувале возила од марката МАН на која не биле генерални застапници, а познато било дека оваа марка на возило имала генерален застапник во Македонија од 2009-та година, и се викал МАН импортер Македонија. Истакна дека не само што не помислил да го протежира економскиот оператор Мак Аутостар, не само што не знаел дека постоела фирма со такво име, туку и да сакал не можел да го направи тоа имајќи ги во обзир македонските антимонополски закони кои биле усогласени со европските такви закони. Нагласи и дека не постоела ситуација во која било кога во минатото на било кое место или контекст го изговорил името на таа фирма бидејќи не го ни знаел и не било предмет на негов интерес, па затоа не постоела ситуација кога побарал од Гордана Јанкулоска да се фаворизира овој економски оператор, кој всушност како што произлегувало од самите закони и од искуствата на сведоците и компанијата Аутомакедонија, дури и да сакал не можел да ги протежира. Наведе дека пред овој судски совет да донесе одлука да провери добро дали имало некој сведок или материјален доказ или било каков доказ, од кој јасно произлегувало дека тој побарал, изговорил име или потпишал документ со име на економскиот оператор Мак Аутостар Скопје или марката на возилото кои МВР ги набавило Мерцедес С 600 Гард. Такво нешто немало според него, и верува дека судот ќе суди по

факти, а не поведени од јавната политичка пропаганда, контекст даден од неговите политички противници во јавноста или имагинација. Потенцираше дека економскиот вештак г-динот Страхил Глигоровски ангажиран од СЈО, во вештачењето и во сведочењето пред овој суд посочил дека ги истражил маржите на економскиот оператор Мак Аутостар и констатирал дека маржата при продажбата на блиндираниот Мерцедес била во рамките на вообичаените маржи на тој економски оператор и дека немало екстра профит, што значи дека немало ни штета. Исто така од Законот за јавни набавки, како и од праксата кое било потврдено и од сведоците ангажирани од СЈО, дека како и при сите јавни набавки така и во овој случај, по објавување на тендерот постоел законски одреден период во кој секој економски оператор доколку се чуствувал на било кој начин обеспрaвен, елиминиран, дискриминиран или од било која причина не можел со одредена марка возило да се вклопи во тендерската документација на јавната набавка, а сакал да учествува на тендерот, можел да поднесе барање за промена на техничката спецификација и да му биде овозможено тоа. Наведе дека од сведочењето на сведоците предложени од СЈО се дознало дека и пред и по оваа набавка имало вакви ситуации каде имало барања за корекција на техничката документација, што значи дека постоела и постои таква пракса, но никој, ниту еден друг економски оператор, генерален застапник или било која фирма регистрирана за трговија со автомобили не поднела такво барање, што укажува дека немале проблем со понудената техничка документација. Тој факт се докажал и со писмо-известување од МВР со кое се потврдувало дека во периодот на јавната објава ниту еден економски оператор не доставил било какво барање или забелешка на тендерската документација. Напомена дека сите сведоци на СЈО, кои биле дел од постапката за набавка на возилото, дел од Комисијата за јавни набавки потврдиле дека ниту тој, ниту било кој од обвинетите им вршел било каков притисок или влијание при нивната работа. Притоа нагласи дека иако како Премиер не побарал нешто што било недозволиво да се изврши во врска со предметната набавка, дека дури и ако за момент хипотетички се претпостави дека побарал, јасно било дека човек на така висока функција која ги покрива сите области од општеството не бил должен, ниту пак било возможно да ги познава сите детали од сите области и вообичаена пракса, а истовремено и законска обврска и додека тој бил Премиер, и пред и по него, и секаде во светот било доколку во некој случај Премиерот или Министерот побарал нешто што законски неможело да се изврши, да му биде соопштено од подредените дека тоа што го побарал било незаконски и дека неможело да се изврши. Наведе дека посетил стотици и стотици села и градови низ Македонија и низ дискусии со граѓани, со претставници на компании, со професионалци од разни области,предлагал многу проекти и набавки, при што секогаш се

подразбирало дека тоа морало да се спроведе само и исклучиво законски и надвор од здрав разум било да предлага или да бара неговите предлози да се спроведуваат незаконски. Напомена дека доколку од стручните служби некој укажел дека нешто од тоа било незаконско, веднаш остапувале од идејата. Од денешен аспект, кога ќе се земело во обзир во каква состојба биле 4-те или колку и да биле блиндирани возила на Република Македонија, или којзнае, можеби набрзо ќе била Горна Република Македонија, дадени на користење кај државниот врв, и кога ќе се земе во обзир дека и тогаш и денес постоел правилник на МВР по кој Претседателот на РМ, Претседателот на Собранието на РМ, Претседателот на Владата на РМ и Министерот за внатрешни работи задолжително, нагласи задолжително при нивниот превоз требале да се транспортираат со блиндирано возило, јасно било дека не едно, туку најмалку 5 такви возила требало да се набаваат, при што 5-то би било наменето исклучиво за ВИП странски гости, ако веќе било премногу да се набаваат и 10 такви возила, односно по две во секоја колона, како што пропишувал Деловникот на МВР, па оттука според него апсурден бил делот на обвинението на СЈО кон него дека тој побарал да се набави блиндирано возило Мерцедес со цел да оствари корист, бидејки сакал да го користи таквото блиндирано моторно возило. Наведе дека СЈО барало поранешен премиер да биде осуден за виновен за остварување корист затоа што го транспортирале во блиндирано возило, какво што по сила на закон, односно подзаконски акт, морал да користи при превозот. Во моментот кога парламентот го избрал за Претседател на Владата на РМ, на излезот од Собранието на РМ бил пречекан и одвезен од возач кој управувал блиндирано возило како што наложувале прописите, што значело дека возењето во такво возило не било избор на Претседател на Владата на РМ, туку согласно прописите обврска на МВР. Не можело со транспортот во блиндирано возило да биде остварена корист, ако законот односно подзаконскиот акт одредувал дека Претседател на Владата на РМ треба да биде превезуван во блиндирано безбедносно заштитено возило. Наведе дека не му е познато која била неговата корист тука ако од првиот до последниот ден на позицијата Претседател на Владата на РМ, бил превезуван во блиндирано возило, согласно прописите на МВР. МВР било задолжено при неговото транспортирање на било кое место, во било кое време, и за било каква прилика, службена или приватна да го транспортира со блиндирано безбедносно заштитено возило, па оттука нејасно му било за каква корист можело да стане збор, за обид да се избегнеле чести и екстремно скапи дефекти, за обид да се имало блиндирано возило и тогаш кога она што редовно се користело било дадено на сервисирање, која била неговата корист, не постоела таква корист. Наведе дека ќе истакне и уште една теза за една нелогичност во обвинението каде се укажувало дека тој побарал од трето лице да се набави блиндирано патничко возило со ознаки Мерцедес С

600 Гард и дека сакал да оствари корист со тоа што во возилото ќе биде превезуван и тој итн. Одговорот на таа теза ќе го дадел со реторичко прашање и тоа дали ако наместо ознака Мерцедес С 600 Гард се набавело некое друго блиндирано возило од друг производител од Европа, или некое од производител од Америка во кои се транспортирале американските претседатели и ВИП политички личности, или од некој јапонски, руски, индиски или кинески производител во кои се транспортирале нивните политички лидери, дали тогаш немало тој да има корист ако повремено бил транспортиран во такво возило, односно поконкретно, ако на тендерот дојдела и победела понуда на возило со кое во тој момент се транспортирал на пример американскиот претседател или јапонскиот премиер, или ако наместо ознака Мерцедес била ознака Кадилак во каква се транспортирал американскиот претседател, Тојота Ленд Круисер во каква се превезувал јапонскиот премиер, Суббурбан Шевролет какви што најчесто користеле сикрет сервис од САД, Аурус сенат лимузин во каква се транспортирал рускиот Претседател, Хонги Л5 се транспортирал кинескиот претседател или пак некоја од многуте модели на Линколн МК Зет, Линколн МК икс, или пак возило со ознака Мајбах, Мицубиши, Масерати, Мазда, Нисан, како било можно со набавката на Мерцедес С 600 Гард да имал корист што повремено ќе бил транспортиран во него, а со другите немал да има корист. Наведе дека од повеќето од наброените марки на возила имало редовно производство на блиндирани автомобили, а некои од нив по нарачка правеле блиндирани возила со надоградба на балистичкиот дел, што значи дека со фаворизирање на возило со ознака Мерцедес С 600 Гард и возење во него мислел дека ќе имал корист, а ако наместо тоа возило било возило со ознака Кадилак идентично на она во кое се возеле американските претседатели или пак Мајбах или Тојота Ленд Круизер во какво се возел јапонскиот премиер со транспортирање во нив мислел дека нема да оствари корист. Наведе дека, приказната за користа од повременото користење на новото блиндирано возило била безсмислена и срамна, а во обвинението се нагласувало и дека блиндираното возило било луксузно. Наведе дека сите блиндирани возила за цивилни цели биле луксузни, па и она кое го користел и до 2012-тата и потоа, било луксузно и секоја политичка ВИП личност се транспортирала во луксузно блиндирано возило и не постоело производство на нелуксузно блиндирано возило во светот за цивилни цели, туку сите блиндирани возила за цивилни цели биле луксузни, а цената на потполно исто такво луксузно возило кое не било блиндирано изнесувала околу 7-8 милиони денари. Оттаму, високата цена на набавката на блиндираното возило од околу 30 милиони денари, не произлегувала од луксузноста во него, туку од безбедносната опрема вградена во возилото за заштита од обиди за атентати, така што немало производна линија која произведува нелуксузно блиндирано возило за цивилни цели. Наведе дека тоа била

уште една неоснована и политички мотивирана забелешка на СЈО и истакна дека, бидејки имал прилика да биде транспортиран и во блиндирано и во неблиндирано луксузно возило, посочи дека транспортот во неблиндирано возило бил далеку поудобен особено кога се патувало на отворен пат со кривини и нерамнини, и се возело побрзо, барем за оној кој седел на задното десно седиште. Наведе дека има уште еден дел кој сакал да го појасни, па неколку пати во оваа судница било нагласено дека имало премногу сведоци како од неговото обезбедување, така и други одговорни преставници на МВР и СОЗР кои сведочеле за исклучително лошата состојба на блиндираните возила кои ги поседувало МВР односно РМ во тој период. Ова било направено од причина за да се доловела реалната состојба во која се наоѓала државата, Владата и МВР во тој период имајќи во обзир дека СЈО, според него повторно од политички побуди во обвинението пишувало еден дел кој наведе дека ќе го цитира и тоа: „...иако обвинетите знаеле дека набавка на такво ново возило било вонредно скапо, во услови на намалена економска и куповна моќ на Министерството"итн.итн. Наведе дека повторно од политички мотивирани побуди, а за потребите на јавна манипулација, СЈО се обидело набавката на возилото да ја престави како неважна или непотребна, или пак како некакво луксузирање, а наспроти тоа, се слушна дека и тоа како имало потреба уште многу порано од 2012-та за набавка на таков тип возило, чија амортизација како што кажале стручните лица од МВР бил со соодност 1 спрема 3, што значело 200-те илјади поминати километри на возилото со кое како премиер бил превезуван биле со еквивалент на 600 илјади поминати километри на неблиндирано возило, или 13-14 годишната старост на блиндираното возило во тоа време било еквивалент на околу 40 годишна старост на неблиндирано возило од ист тип од истата марка. Наведе дека исто така било кажано и тоа дека блиндираното возило со кое тој бил транспортиран било до толку амортизирано што новата Влада по доаѓањето во 2017-тата година, веднаш го исфрлила од употреба и го расходувала како и дека фабриката производител ги известила македонските институции дека ќе престане да произведува резервни делови за старото блиндирано возило и престанала. Исто така било кажано и тоа дека новото возило во реалноста било примарно користено за високи ВИП гости од странство, кои биле и поименично набројувани и тоа се одвивало до ден денеска, денеска конкретно англиската премиерка Госпоѓата Меј била пречекана на аеродромот и донесена во Владата со тоа возило. Воедно истакна дека на крај на овој дел ќе сумирал дека ниту побарал, ниту СЈО приложило доказ дека побарал набавка на блиндирано возило со која набавка побарал да се фаворизира економскиот оператор Мак Аутостар Скопје, ниту пак законите дозволувале еден економски оператор да биде протежиран, ниту пак иницирал или побарал тоа да биде од марката Мерцедес модел

С 600 Гард, а уште помалку остварил било каква корист од повремено користење на блиндираното возило, од причина што правилата на МВР налагале како Претседател на Владата на РМ да биде транспортиран исклучиво во блиндирано возило. Обвинителниот предлог за сторено кривично дело Примање награда за противзаконито влијание од член 359 ст.2. од КЗ за кое тој се товари како обвинет наведе дека се темелело исклучиво на незаконски прибавени докази, аудио креирани материјали, врз основа на кои согласно член 12 став 2 од ЗКП не можело да се заснова судска одлука. СЈО не предложил ниту еден друг доказ како материјален доказ, на пример негов потпис на некој документ, или сведок кој на било кој начин би го посочил него со име и презиме, а имало над 15 сведоци на СЈО, како и дека во ниту еден документ кој како доказ го приложил СЈО го немало неговото име, односно дека ниту еден сведок не го посочил за било што поврзано со предметната набавка. Освен претпоставките кои СЈО ги темелело на селектиран дел од аудио материјалите прибавени со грубо и долгогодишно кршење на човековите права преку незаконско прислушкување чија автентичност не била потврдена, СЈО не приложил ниту еден доказ дека во однос на набавката на блиндираното патничко моторно возило со највисока заштита VR6/VR7 побарал за постапување по однос на конкретната јавна набавка. Наведе дека потребно било да се има во предвид дека со оглед на тоа што како обвинет воопшто не учествувал во постапката за јавна набавка која е предмет на обвинението, аудио материјалите кои произлегувале од незаконското следење на комуникациите, односно произлегувале од неспорно кршење на човековите слободи и права загарантирани со Уставот на Република Македонија и ратификуваните меѓународни документи, биле всушност единствениот „доказ" против него и истите претставувале докази обезбедени на начин спротивен на одредбите од член 12 од Законот за кривична постапка и спротивно на член 8 од Европската Конвенција за заштита на човековите права, па прифаќањето на такви докази и евентуалната пресуда заснована врз нив би противречела на барањата за правичност на судењето загарантирани со член 6 став 1 од Конвенцијата. Имено, темелењето на обвинението кон него единствено врз докази добиени со кршење на човековите слободи и права преку незаконско следење на комуникациите, без судска наредба и без судска контрола, спротивно на член 12 ст. 2 од ЗКП, покренувала сериозни прашања за правичноста на постапката, како што било во случајот Hajrulahu v.versus Makedonija параграф 108, па од тие причини, членот 6 од ЕСЧП бил релевантен и пред да почне судењето бидејќи како што се покажало во текот на судењето правичноста на судењето била сериозно неправедна преку иницијалниот неуспех за усогласување со одредбите на ЕСЧП, посочено во случајот Lisica v. Koejsn Croatia параграф 47 i Imbriosia versus Switzerland параграф 36. Според него не било прифатливо дека во конкретниов случај судењето

ќе можело да се смета за правично, како што се барало во член 6, доколку вината на некое лице се засновала единствено на „доказ" кој бил добиен преку повредата на човековите права загарантирани со Конвенцијата, односно не можело да стане збор за правично судење доколку истото се темелело на иницијална повреда на закон. Властите имале обврска согласно член 1 од Европската конвенција за заштита на човековите права да „им ги признаваат на сите лица под нивна надлежност правата и слободите утврдени во делот 1 на оваа Конвенција, или како во американското законодаство што знаело да се каже: „плодовите на затруеното дрво се исто така затруени". Според ова, се наметнувала обврска за судовите да не дозволат ниту пак да се осврнат на докази во судска постапка кои биле добиени спротивно на Конвенцијата. Наведе дека ова е особено важно кај случаи каде таквите докази биле единствениот доказ против обвинетите како во конкретниот случај. Логична последица при повреда на заштитеното право со Конвенцијата била неприфаќање на доказите добиени на тој начин бидејќи кршењето на законот со цел негово спроведување, било само по себе контрадикторен и апсурдно, а кое најдобро се гледало од случаи како предметниот, каде „доказите" биле обезбедени на начин кој не соодвествувал со барањата од член 8 од Конвенцијата, а сепак со нивното прифаќање како докази против обвинетите, можело да доведе кон евентуално донесување на пресуда заснована исклучиво врз овие „докази". Според тоа, неприфатливо било судење и донесена пресуда да се сметаат за правични ако се темелат на неспорна повреда на Конвенцијата, а употребата на материјалот кој произлегувал од незаконско следење на комуникации во кривична постапка противречела на барањата на правичност на судењето загарантирани со член 6 став 1 од Конвенцијата. Наведе дека Европскиот суд за човекови права по однос на ова прашање завзел став во случајот Schenk v. Switzerland во кој како доказ била користена аудио лента снимена од страна на приватно лице без наредба на истражен судија, што не било доволно судењето да се оцени како неправично. Во наведениот случај, се сметало за доволно тоа што обвинетиот знаел за снимките и околностите под кои тие биле направени и имал можност да го оспорува нивното користење во постапката. Судот како особено важен го вреднувал фактот дека спорните докази не биле единствените врз кои се засновала судската пресуда, Schenk v. Switzerland параграф 48. Во случајот на г-дин Schenk, судот поставил неколку критериуми за процена на правичноста на постапката, кои на преден план, ги истакнувале правата на одбраната во однос на незаконски прибавените докази, како и околноста дали осудата била во целост или битно базирана на докази прибавени на ваков противзаконит начин. Носењето пресуда со евентуално игнорирање на овие факти поврзани со ЕСЧП, како на пример осудителна пресуда заснована само на докази како аудио снимки како

што било во предметниот случај, би било во спротивност со Законот за судови и би претставувало дисциплинска повреда непочитувјќи ги пресудите на ЕСЧП, и со тоа директно би се повредил членот 18 ст.8 од Законот за судови. Го замоли судот особено добро да ги анализира наводите кои денеска неговиот бранител,адвокатот Дангов ги дал во однос на Законот за приватност, па на нив немало подолго да се осврнува затоа што биле прилично опширно елаборирани. Имено наведе дека пред неколку дена, овој суд во контекст на некои медицински белешки на обвинетиот Ѓоко Поповски, во нивно присуство нагласил дека копии како докази прима само доколку има увид во оргиналот, кој што увид бил овозможен, и тоа според него било исправно. И тогаш реагирал и сега ќе нагласи, дека аудио снимките како креирани материјали кои судот ги имал добиено на ЦД биле копии и никој вклучувајќи го и судот и СЈО ги немал видено нити слушнато оргиналите. Во тој правец бил и нивниот обид да предложат техничко мислење на технички советник од компанијата Друштво за вештачење Форензик Експертс потпишано од управител Др.Костадин Дуковски, а подготвено од вештото лице Др. Мирослав Котевски со лиценца бр. 08-951/2 од 09.05. 2018 во кое било нагласено „Тонските записи од водените разговори во моментот на нивната реализација се запишуваат и складираат на систем кој е наменет за легално следење на комуникациите инсталиран во МВР на РМ. Записите се снимени и складирани преку соодветни интерфејси за таа намена кои ги поврзуваат системите на телекомуникациските оператори во РМ и примарниот систем за таа намена во МВР. Тонските записи презентирани на главната расправа одржана на 10.04.2018 година во врска со предметот под број КОК бр.59/17 презентирани се и од медиум кој не е дел од наведениот примарен систем за легално следење на комуникациите инсталиран во МВР. Имено, овие записи се превземени од примарниот систем и претставуваат копии на оргиналните записи. Автентичноста на презентираните тонски записи на главната расправа е дискутабилна со самиот факт дека се презентирани копии од оргиналните записи", тоа бил цитатот од тоа мислење. Со оглед дека судот и обвинителството не побарале вештачење на тонските записи за да се утврдела нивната автентичност, нивната веродостојност и целовитост, што смета дека претставувало еден дел од надворешниот притисок врз судот, се надева дека сепак судот при одлучувањето ќе го земе во обзир тоа при носењето на пресудата бидејќи живееме во време, во ера во која на целата планета па и во Македонија копијата не претставува доказ. Истакна дека се приклучува на одбраната на неговите бранители и нивните предлози до судот, сеуште верува дека овој судски совет сепак има сили да покаже покаже интегритет, цврстина, чесен однос кон својата професија, чиста совест и професионално однесување.

На одржаната главна расправа судот ги допушти и се изведоа доказите и тоа пред се на обвинението па беа испитани сведоците Киро Тодоровски, Зоран Марковски, Пецо Ангелески, Влатко Ѓошевски, Силвана Трпкова, Љубе Пешевски, Михаило Зографски, Зоран Маневски, Марко Јовановски, Сашо Николовски, Слободанчо Станков, Бранко Лапчевски,Ристо Ставревски,Ненад Николовски и Антонио Кочовски, а потоа беше извршена репродукција на ЦД од 26.02.2018 година кој телефонски разговор започнува во 21:30:17 часот помеѓу Никола Груевски и Гордана Јанкулоска со бр.gj_38970401425_38970401462_20120226_213017_In, ЦД од 14.03.2012 година кој телефонски разговор започнува во 13:41:28 часот помеѓу Никола Груевски и Гордана Јанкулоска, со број gj_38970401425_38970401462_20120314_134128_In, ЦД од 14.03.2012 година кој телефонски разговор започнува во 18:57:44 часот помеѓу Кирил Божиновски и Гордана Јанкулоска, со број gj_38970401425_38971323999_20120314_185744_In, ЦД од 14.03.2012 година кој телефонски разговор започнува во 19:11:07 часот помеѓу Гордана Јанкулоска Ѓоко Поповски, со број gj_38970305123_38971268928_20120314_191107_Out, ЦД од 14.03.2012 година кој телефонски разговор започнува во 19:17:44 часот помеѓу Гордана Јанкулоска и Кирил Божиновски, со број gj_38970401425_38971323999_20120314_191744_Out, ЦД од 10.07.2012 година кој телефонски разговор започнува во 16:15:06 часот помеѓу Никола Груевски и Гордана Јанкулоска, со број gj_38970401425_38970401462_20120710_161506_In, ЦД од 20.07.2012 година кој телефонски разговор започнува во 14:21:30 часот помеѓу Сашо Мијалков и Гордана Јанкулоска, со број gj_38970401425_38971232752_20120720_142130_In, ЦД од 29.08.2012 година кој телефонски разговор започнува во 14:43:02 часот помеѓу Гордана Јанкулоска и Кирил Божиновски, со број gj_38970401425_38971323999_20120829_144302_Out, после што Застапникот на обвинението ги прочита писмените докази и тоа Одговор на барање од Министерство за внатрешни работи, рег.бр.08-16164/1 од 15.03.2016 година со прилози:Попис на документи за отворена постапка за доделување на Договор за јавна набавка на блиндирано мотно возило – Оглас бр.17-16/2012,Годишен план за јавни набавки во 2012 година на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, бр.17.1-1681/1 од 27.01.2012 година, Одлука за јавна набавка на стоки Д.б.17.1-21576/1 од 03.04.2012,Тендерска документација за отворена постапка бр.17-16/2012 за доделување на Договор за јавна набавка на блиндирано моторно возило на Министерство за внатрешни работи на РМ, Сектор за општи и заеднички работи, бр.171-21577/1 од 03.04.2012 година, Копија од електронски систем за јавни набавки на Биро за јавни набавки од Оглас за доделување на договор за јавна

набавка бр.17-16/2012,Записник од отварање на понудите на МВР, бр.171-30976/1 од 16.05.2012,Изјави за непостоење на случаи на конфликт на интереси од Претседателот, членовите/нивните заменици од Комисијата за јавни набавки за спроведување на отоворена постапка со објавување на оглас бр.17-16/2012 од 04.04.2012 година за доделување на договор за јавна набавка, дадени од Ристе Ставрески, Ристо Шпритов, Кире Тодоровски, Младен Трајковски, Ненад Николовски, Љубе Пешевски, Силвана Трпкова, Мара Пандиловска, Влатко Ѓошевски и Јово Колачевски,Извештај од спроведената постапка на МВР, Сектор за општи и заеднички работи бр.17.1-33443/1 од 29.05.2012, Полномошно бр.И/03/1447 од 10.05.2012 година,Изјава бр.И/03/853 од 14.03.2012 година,Потврда за отворена стечајна постапка бр.0803-5/1613-1 од 24.02.2012 година,Потврда за отворена ликвидациона постапка бр.0803-5/1613/2 од 24.02.2012 година,Уверение за платени даноци бр.23-6/87-2 од 20.03.2012 година,Потврда во регистарот на казни за сторени кривични дела од Централен регистар на Р.М бр.0805-6/10655 од 13.12.2011 година,Потврда во регистарот на казни за сторени кривични дела од Централен регистар на Р.М бр.0805-6/10655 од 13.12.2011 година,Потврда во регистарот на казни за сторени кривични дела од Централен регистар на Р.М бр.0805-6/10655 од 13.12.2011 година,Потврда во регистарот на казни за сторени кривични дела од Централен регистар на Р.М бр.0805-6/10655 од 13.12.2011 година,Документ за регистрирана дејност од Централен регистар на Р.М бр.0806-7/121 од 10.01.2012 година,Документ за профилот на Мак Аутостар од 15.05.2012 година, Документ за опис на техничката способност на Мак Аутостар од 15.05.2012 година,Документ за кадровската структура на сервисниот центар на Мак Аутостар од 15.05.2012 година,Документ за кадровската структура на одделот за продажба на Мак Аутостар од 15.05.2012 година,Документ за опис на техничката способност на одделот за резервни делови на Мак Аутостар од 15.05.2012 година,Договор за користење на услуги на влечна служба помеѓу Мак Аутостар и Влечна служба–Бадник бр.И/04/1464 од 11.05.2012 година,Проспект за Mercedes Benz S-600 Guard, Изјава за бесплатна техничка проверка на исправноста на возилата на секои 6 месеци во овластен сервис од 11.05.2012 година,Референтна листа на Мак Аутостар од 15.05.2012 година,Сертификат ИСО 9001: 2008 од Мак Аутостар од 29.04.2011 година,Потврда од DAIMLER дека Мак Аутостар е нивен овластен дистрибутер од 11.05.2012 година,Технички карактеристики за Mercedes Benz S-600 Guard од 15.05.2012 година,Понуда од Мак Аутостар од 15.05.2012 година, Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех од Централен регистар на Р.М бр.0904/08/1537 од 11.04.2012 година,Одлука за избор на најповолна понуда на МВР, Сектор за општи и заеднички работи бр.17.1-33618/1 од 30.05.2012 година,Договор за купопродажба,

сервисирање и одржување на блиндирано патничко моторно возило марка Мерцедес модел S 600 Guard, помеѓу Друштво за трговија на големо и мало МакАутоСтар ДООЕЛ бр.4/04/1771 од 11.06.2012 година и МВР на РМ бр.171-35780 од 08.06.2012 година,Испорака и квалитативна контрола на блиндирано возило Мерцедес модел S 600 Guard од Мак АутоСтар ДООЕЛ бр.4/03/2076 од 10.07.2012 година,Записник од извршен квалитативен прием на блиндирано патничко моторно возило од 10.07.2012 година помеѓу МВР на РМ (купувач) и Мак Аутостар ДООЕЛ (продавач),Потврда за предавање на возилото Mercedes Benz S 600 Guard предмет на отоворен повик бр.17-16/2012 од 10.07.2012 година,Сертификат Zertifikat – Certificate, S 05 0038 01/ Z, овој доказ е на странски јазик, за истиот има доставено и превод со поднесок НСК КО 3/17 од 22.02.2018 година кој поднесок е примен во Основниот суд на 27.02.2018 година, истиот е доставен и до одбраната, Документ на германски јазик од Mercedes Benz за кој исто така има доставено превод со истиот поднесок Копија од електронски систем за јавни набавки – Биро за јавни набавки од поднесените понуди во врска со оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.17-16 од 2012, Копија од електронски систем за јавни набавки – Биро за јавни набавки од Известувањето за склучен договор за јавна набавка во врска со оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.17-16/2012,Наредба за плаќање од МВР од 15.07.2012 година,Фактура од Мак Ауто Стар бр.12-07-172 од 10.07.2012 година,Приемница од 11.07.2012 година,Договор за купопродажба бр.171-35780/1 од 08.06.2012 година во фотокопија,Извод од промет и состојба на сметка бр.194, 1.46, 17 , Извод од промет и состојба на сметка бр.150,Промет на аналитичко конто на две страни на МВР,Допис рег.бр.23.2.4-02/68 од 11.03.2016 година од МВР- Сектор за обезбедување на личности до Началник на Оддел за заштита на определени личности и објекти, Одговор на барање рег.бр.08-22239/1 од 06.04.2016 година од МВР- Кабинет на министерот со прилози:Допис – информација рег.бр.18.1.1-515/1 од 05.04.2016 година од помошник министер Ѓоко Поповски до државен советник Живко Темелкоски,Допис – информација од МВР- Началник на СНМЛ Ненад Николовски до државен советник Живко Темелкоски,Решение за внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет за 2012 година во МВР на РМ,Буџет на МВР на РМ 2012 година, сл.весник бр.180 од 26.12.2011 година,Буџет на МВР на РМ 2011 година, сл.весник бр.161 од 15.12.2010 година,Решение за давање на генерално овластување бр.12.1-3035/1 од 17.01.2012 година, потпишано од Министерот за внатрешни работи Гордана Јанкуловска, Одговор на барање рег .бр.08-61475/2 од 19.10.2016 година од МВР- Кабинет на министерот со следните прилози: Решение за формирање комисија бр.62475/1 од 04.10.2016 година, Службена белешка бр.08-63467/1 од 07.10.2016 година на МВР на РМ, Службена белешка бр.08-63467/2 од 08.10.2016

година на МВР на РМ, Службена белешка бр.08-63467/3 од 10.10.2016 година на МВР на РМ, Службена белешка бр.08-63467/4 од 10.10.2016 година на МВР на РМ, Службена белешка бр.08-63467/5 од 12.10.2016 година на МВР на РМ, Службена белешка бр.08-63467/6 од 12.10.2016 година на МВР на РМ, Извештај од 14.10.2016 година од членовите на Комисијата Живко Темелковски, Марјан Здравковски и Татјана Калајџиеска до Министерот за внатрешни работи, Информација од Ненад Николовски до претседателот на комисијата, Живко Темелковски од 17.10.2016 година, Допис сд.бр.13.3.2-1387/1 од 18.10.2016 година, МВР- Оддел за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси,Правилник за изменување и дополнување на правилникот за организација и работа на Министерството за внатрешни работи, СД.бр.121-25522/1, од ноември 2011 година која е на 18 страни, Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во Министерството за внатрешни работи, СД.бр.12.1-2523/1 од ноември 2011 година, Решение бр.12.3-7065/1 од 02.02.2012 година на Министерот за внатрешни работи за распределба на Ненад Николовски на работно место Началник на Одделение за менаџмент и јавни набавки во Сектор за општи и заеднички работи при МВР на РМ,Решение бр.12.3-88019/1 од 14.12.2011 година на Министерот за внатрешни работи за распределба на Ѓоко Поповски на работно место Помошник на министерот на Сектор на општи и заеднички работи при МВР на РМ,Решение бр.12.1-3035/1 од 17.01.2012 година за давање генерално овластување на Ѓоко Поповски од страна на Министерот за внатрешни работи Гордана Јанкуловска,Решение бр.13.3-21664/3 од 02.01.2008 година за пренесување на овластувањата во постапка за доделување на договорите за јавни набавки, на МВР- Министерот за внатрешни работи Гордана Јанкуловска, Решение бр.12.1-8493/1 од 08.02.2012 година за пренесување на овластување на јавните набавки во МВР, на Министерот за внатрешни работи Гордана Јанкуловска,Одговор на барање од МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје бр.03-3836/1 од 15.11.2016 година со прилози:Историјат и пресметка на германски јазик и за овој доказ е даден преводот, Царинска декларација за патничко возило од 06.07.2012 година, Фактура бр.12-07-172 од 10.07.2012 година,4.4-Извод за состојба на сметка во Комерцијална банка АД Скопје за 21.08.2012 година,Извод за состојба на сметка во Комерцијална банка АД Скопје за 29.10.2012 година,Договор со бр.4104/1771 од 11.06.2012 година од МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје и бр.17.1-35780/1 од 08.06.2012 година од Министерството за внатрешни работи и Понуда од 15.05.2012 година, Одговор од МВР рег.бр.08-73230/1 од 17.11.2016 година со следните прилози:Пропратен акт за доставување на документација од МВР до Кабинет на Министер, рег.бр.18.1-1571/1 од 16.11.2016 година,Годишен план за јавни набавки во 2011 година на МВР на РМ бр.15-8656/1 од

07.02.2011 година,Одлука за јавна набавка на стоки на МВР- Сектор за финансиски, материјално – технички и логистички работи, Дб.15-7539/1 од 02.02.2011 година Скопје,Отворена постапка бр.15-02/2011 за доделување на Договор за јавна набавка на специјално – блиндирано патничко моторно возило според спецификација од ТД – тендерска документација од месец февруари 2011 година,Копија од Електронски систем за јавни набавки - Биро за јавни набавки, број на оглас 15-02/2011 за Оглас за доделување на договор,Копија од три уплатници кои се наоѓаат на еден лист,Записник од отварањето на понудите,Копии од потпишени изјави од Ристе Ставрески, Илија Михајловски, Кире Тодоровски, Борче Мисајловски и Ѓоко Поповски, дека не постои случај на судир на интереси на две страни,Одлука за поништување на постапка за јавна набавка на стоки на МВР на РМ - Сектор за финансиски, материјално – технички и логистички работи,Понуда за користени BMW возила од Трговско друштво за промет и посредување МАК КАР ДОО бр.0310-168 од 31.01.2011 година и овој доказ е со превод,Понуда за користено возило - Audi A8 6.0 W12 QUATTRO Security, бр.28-01/11 од PORSCHE Macedonia, Допис бр.03-2039/3-2016 од 01.12.2016 година од Државниот завод за индустриска сопственост Скопје со прилог бр.1 и прилог бр.2. и прилозите бр.1 и 2 се со превод и се доставени до судот Известување рег.бр.08-78086/1 од 07.12.2016 година од МВР со прилози:Допис рег.бр.11-1402/2 од 07.12.2016 година од Оддел за информатика и телекомуникации при МВР,Испис од серверски логови и на овој конкретен документ има превод, Извештај НСК.РО бр.54/16 од 02.12.2016 година од истражител Дејан Боцевски со прилог едно ЦД (компакт диск) DVD-R марка Verbatim со натпис НСК.РО.бр.54/16,Допис-Дополнително доставување податоци бр.03-2128/2-2016 од 05.12.2016 година од Државниот завод за индустриска сопственост Скопје со прилози:Извадоци од меѓународниот регистар ROMARIN на Светската организација за интелектуална сопственост и извадоци од регистарот на Заводот за интелектуална сопственост на Европската унија EUIPO, и за овие докукументи има превод, Допис-Дополнително доставување податоци бр.03-2167/2-2016 од 09.12.2016 година од Државниот завод за индустриска сопственост Скопје со прилози:Извадок од базата на податоци на Заводот за интелектуална сопственост на Европската унија EUIPO, исто така и со превод е и овој, Известување од М Кар ДООЕЛ Скопје бр.0302/2977 од 05.04.2017 година со прилог копија од официјален ценовник на BMW AG како и листа на стандардна опрема и ценовник на дополнителна опрема, и на овој писмен доказ постојат преводи на каталогот кој се однесува на возилото БМВ серија 7. Известување од М Кар ДООЕЛ Скопје бр.0302/2984 од 06.04.2017 година,Допис од Порше Македонија ДООЕЛ Скопје бр.03-325 од 31.03.2017 година,Извештај НСК.КО.бр.3/17 од 25.04.2017 година од истражител Дејан Боцевски, Одговор од Фонд за

здравствено осигурување на Р. Македонија бр.1804-4306/1 од 04.05.2017 година со прилог кон овој одговор: Изјава од д-р.Зоран Гиговски од 27.04.2017 година, Изјава од д-р. Љупка Никодиновска од 27.04.2017 година, Одговор на барање Уп.бр.1804-4307/1 од 25.04.2017 година, Медицинска документација во фотокопија (3 листа), кои ни се доставени со тој одговор, Превод на македонски јазик на брошура од Mercedes Benz S-Guard, Превод на македонски јазик на брошура од BMW 7 Series,Брошура од AUDI A8 на англиски јазик, Превод на македонски јазик на брошура за AUDI A8, Превод на македонски јазик на преглед на конкуренција на пазарот од 29.05.2017 година,Превод на македонски јазик на споредбена табела за автомобили од 29.05.2017, Извештај од раководителот на одделението за информатика Иван Петров НСК-КО бр.3/17 од 18.04.2017 со прилог 1-едно CD-R марка Verbatim со натпис ЦД-2 НСК-КО.бр.3/17, за кои вчера беа репродуцирани аудио снимки, 2-две потврди од казнена евиденција и тоа за Гордана Јанкуловска КР-1210/17 од 04.05.2017 година на Основен суд Охрид и за Ѓоко Поповски КР-10873/17 од 10.05.2017 година на Основен суд Скопје 1 Скопје, Решение за исплата на трошоци за вешт наод и мислење НСК-КО бр.3/17 од 31.05.2017 година и фактура бр.19 на ЕОС КОНСАЛТИНГ АД Рим Италија странска подружница во Република Македонија од 31.05.2017 година и Решение за исплата на трошоци за вешт наод и мислење НСК-КО бр.3/17 од 06.06.2017 година и фактура бр.20 на ЕОС КОНСАЛТИНГ АД Рим Италија странска подружница во Република Македонија од 06.06.2017 година, како и трошковникот кој е во прилог на дописот со кој е доставен превод на докази НСК КО 3/17 од 22.02.2018 година и трошковникот е со НСК КО бр. 3/17 од 22.02.2018 година, беа прочитани вештите наоди писмото, односно достава на сообраќајно - машинско вештачење бр.05-22/4 од 31.05.2017 година од ЕОС Консалтинг АД Рим, Италија, странска подуржница во РМ со прилог вештачење, односно вештачењето што е изготвено по наредба НСК КО.бр.3/17 од 23.05.2017 година и едно ЦД односно компакт диск со вештачењето што е во електронска форма, како и достава на економско финансиско вештачење бр.05-22/7 од 06.06.2017 година од ЕОС Консалтинг АД Рим, Италија, странска подружница во РМ со прилог вештачење, односно вештачењето со наредба НСК – КО.3/17 од 03.04.2017 година, а во продолжение на доказната постапка беа изведени и прочитани од страна на застапникот на обвинението и Замолница за меѓународна правна помош во кривичните предмети НСК-КО.бр.3/17 од 08.05.2017 година која е на македонски јазик, Замолница за меѓународна правна помош во кривичните предмети НСК-РО.бр.3/17 од 08.05.2017 година преведено од германски јазик, пропратно писмо за достава одговор по замолница за меѓународна правна помош бр.22-3095/2017 од 28.09.2017 година од Министерството за правда на РМ со прилог допис бр.Е-9350.2017/209 од 13.09.2017

година на Министерство за правда и за Европа Баден – Виркенберг на една страна на германски јазик со превод на македонски јазик, допис бр.GC/CL-AM/an-2017/05987 од 10.08.2017 година од „Дајмлер АГ" Штудгард, доствен до полицискиот президиум Штудгард со 8 прилози на вкупно 38 страници на германски, англиски и македонски јазик каде делот на германски и англиски јазик е преведен на македонски јазик, трошковник НСК-КО.бр.3/17 од 21.02.2018 година на вкупен износ од 18.480,00 денари со прилог трошковник од 12.05.2017 година на износ од 3.080,00 денари од Марија Томова Спирковски овластен судски преведувач и решение за исплата на трошоци за превод на документ од македонски јазик на германски јазик НСК-КО.бр.3/17 од 15.05.2017 година и трошковник од 12.10.2017 година на износ од 15.400,00 денари од Марија Томова Спирковски овластен судски преведувач и решение за исплата на трошоци за превод на документи од германски и англиски јазик на македонски јазик НСК-КО.бр.3/17 од 16.10.2017 година, пропратно писмо за достава на решение за декласификација и известување со напомена Рег.бр.08-31326/2 од 16.04.2018 година на Министерството за внатрешни работи со прилог решение за декласификација бр.13.1-31648/2 од 16.04.2018 година, решение за декласификација бр. 13.1-31648/1 од 16.04.2018 година, решение за декласификација бр.13.1-31649/1 од 16.04.2018 година, пропратно писмо бр.06-1230/2-18 од 16.04.2018 година од „Македонски телеком" АД Скопје со прилог извештај за сопственост за телефонски броеви 070/305-123, 071/268-928, 070/401-425, 071/323-999, 070/401-462 и 071/232-752 во печатена форма на две страни, лиценца за вештачење бр.08-4525/2 од 21.07.2017 година на име Страхил Глигоровски, потврда бр.04-32/1 од 25.04.2018 година од „ЕОС Консалтинг", преглед на пријави / одјави од Агенција за вработување на РМ од 27.04.2018 година на име Страхил Глигоровски и писмениот доказ кој е даден со писмениот предлог од 04.05.2018 година, потврда бр.04-34/1 од 03.05.2018 година од „ЕОС Консалтинг",а потоа беа изведени и доказите на одбраната па така беа сослушани сведоците Миомир Антиќ, Горанчо Спасевски, Ванчо Софтовски, Васе Доневски, Љупчо Цековски, Марјан Тушевски, Ацо Јаневски, Марјан Милошевски, Сашо Гиевски, Кицо Петрески, Ивица Зафировски, Ивица Јордановски, Сашо Арсов, Гончо Тенков, Благојче Димитровски, Виктор Белецевски, Сашо Минковски,Раде Колев, Саше Спасовски, Виктор Стојчевски, Боби Петковски, Сашо Митевски, Сашо Серафимовски, Зоран Василевски, Дејан Митровски Урко, како и вештите лица Страхил Глигоровски и Тале Герамитчиоски, а потоа беа изведени со читање писмените докази на одбраната и тоа: Известие од МВР рег.бр.18.2.4-64631/1 од 26.09.2017 година, известие од МВР рег.бр.18.1-88010/1 од 20.12.2017 година, одговор од МВР рег.бр.18.1.1-61851/2 од 25.09.2017 година со прилог тендерска документација бр.17.1-4304/1 од 17.01.2014 година, измена на техничка

спецификација бр.17.1-13189/1 од 14.02.2014 година, измена на техничка спецификација бр.17.1-21584/1 од 17.03.2014 година, измена на техничка спецификација бр.17.1-23268/1 од 24.03.2014 година, договор за јавна набавка бр.17.1-36604/1 од 20.05.2014 година, одговор од МВР рег.бр.18.1.1-6501/2 од 25.01.2018 година, барање до МВР оддел за финансиски прашања 17-9811/1 од 06.02.2018 година, барање до МВР оддел за заштита на определени личности и објекти бр.232-11428/1 од 09.02.2018 година, известување од МВР рег.бр.22.6.1.2-16011/1 од 23.02.2018 година, барање до Служба за општи и заеднички работи при Влада на РМ бр.031153/1 од 16.02.2018 година, известие од Влада на РМ Служба за општи и заеднички работи бр.03-1153/1 од 16.02.2018 година, барање до Аутомакедонија АД Скопје заведено под бр.03-808 од 16.02.2018 година, барање до Мак Аутостар бр.03-488 од 16.02.2018 година, известие од Мак Аутостар бр.03-509 од 19.02.2018 година, известие од Аутомакедонија бр.03-1809-1 од 20.04.2018 година, во прилог со сервисен документ од 19 страни, достава на податоци од Служба за општи и заеднички работи при Влада на РМ бр.03-2689/2 од 20.04.2018 година со прилог табеларен приказ за трошоци по години и фирми за возило СК 039-КС, известие од МВР рег.бр.22.6.1.2-32984/1 од 19.04.2018 година, известување од МВР рег.бр.17.1.1-32399/2 од 20.04.2018 година, Одговор од МВР рег.бр.08-38319/2 од 08.05.2018 година, одговор од МВР рег.бр.18.1-35064/1 од 26.04.2018 година, Одлука за јавни набавки на стоки од МВР ДБ.бр.17.1-21576/1 од 03.04.2012 година, барање до „Аутомакедонија" АД Скопје од 24.04.2018 година, одговор односно известие од „Аутомакедонија" бр.03-2249/1 од 11.05.2018 година, барање до „Мак Аутостар" од 23.04.2018 година и известување од „Мак Аутостар" бр.03-1385 од 02.05.2018 година,Одговор на барање од Министерство за Правда бр.08-2752 од 04.05.2018 година, Извештај на специјалистот-субспецијалистот на ЈЗУ УК за Токсикологија со број на лекарски дневник 315/16 од 04.02.2016 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот од ЈЗУ УК за Токсикологија бр.1692/16 од 04.02.2016 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот бр.1692/16 од 05.02.2016 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот од УК за Инфективни болести и фебрилни состојби од 05.02.2016 година, извештај на специјалистот од ЈЗУ УК за Токсикологија 3541/16 од 10.03.2016 година, работен налог бр.5310/16 на ЈЗУ Универзитетска клиника за Клиничка биохемија од 04.02.2016 година, извештај - лабораториски наод кој што е во прилог на претходниот работен налог, лабараториски резултати во прилог на претходниот документ, лабораториски резултати бр.29 исто така во прилог на претходниот документ, работен налог бр.5449/16 од 04.02.2016 година на ЈЗУ УК за Клиничка биохемија од 05.02.2016 година, резултати од истата дата, работен налог 12659/16 од 10.03.2016 година од УК за Клиничка биохемија, извештај лабараториски наод од 11.03.2016 година, во прилог

со лабараториски наод од 10.03.2016 година, лабараториски наод бр.79, со што се гледа дека е како додаток на работниот налог бр.12659/16 и уште еден лабараториски налог како додаток на претходно наведениот работен налог од 10.03.2016 година, Картон за физикална терапија за обвинетиот бр.274/17, картон за домашна посета и терапија од Поликлиника „Неуромедика" од 11.11.2017 година со налог за терапија од 11.11.2017 година, извештај на специјалистот-субспецијалистот од Поликлинка „Јане Сандански" од 13.11.2017 година, магнетна резонанца на ЛС рбет бр.852 на „Неуромедика" од 13.11.2017 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот од Поликлиника „Јане Сандански" од 13.11.2017 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот од Поликлиника „Јане Сандански" од 23.11.2017 година и медицинска потврда од „Примамед" од 16.11.2017 година, Писмо од Фонд за здравствено осигурување на Македонија бр.12-16203/3 од 07.12.2017 година упатено до Министерство за внатрешни работи на РМ со предмет известување по извршена контрола на боледување, во фотокопија со параф во горниот десен дел од документот од кој што се гледа дека истиот е примен во МВР од 19.12.2017 година и е во оргинал, затоа што оргиналниот примерок е во МВР, Наод од „Ремедика" од 02.05.2017 година, извештај на специјалистот-субспецијалистот од ЈЗУ УК за Психијатрија од 04.05.2017 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот од ЈЗУ УК Психијатрија од 29.05.2017 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот од ЈЗУ УК за Психијатрија од 19.06.2017 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот од ЈЗУ УК за Психијатрија од 29.06.2017 година, во 2 страни, отпусно писмо од ЈЗУ УК за Психијатрија од 14.11.2017 година, болничка контрола на ЈЗУ УК за Психијатрија од 27.11.2017 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот од ЈЗУ УК за Психијатрија од 11.12.2017 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот од ЈЗУ УК за Психијатрија од 25.12.2017годидна, извештај на специјалистот - супспецијалистот од ЈЗУ УК за Психијатрија од 01.02.2018 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот од ЈЗУ УК за Психијатрија од 13.03.2018 година, извештај на специјалистот - супспецијалистот од ЈЗУ УК за Психијатрија од 02.05.2018 година и известувањето од Фондот за здравствено осигурување, па ценејќи ги доказите секој одделно и сите заедно, по слободно судиско уверување, ја утврди следната фактичка состојба:

Ѓоко Поповски од татко Марин, мајка Стојна, роден на 25.10.1965 година во Скопје, со ЕМБГ 2510965450055, живее во Скопје, општина Аеродром на бул. „Јане Сандански" бр.81 вл.1 ст.9, со завршено високо образование дипломиран правник, женет, татко на едно полнолетно дете, државјанин на РМ, по националност Македонец, со број на лична карта А0453212 издадена од МВР Скопје, неосудуван, се води и друга постапка за друго кривично дело.

Никола Груевски од татко Тало, мајка Надежда, роден на 31.08.1970 година во Скопје, со ЕМБГ 3108970450005, живее во Скопје на ул.„Павел Шатев" бр.3-1/15, со завршено високо образование магистер по економски науки од областа на монетарната економија, женет, татко на две малолетни деца, државјанин на РМ, по националност Македонец, со број на лична карта А 1878600 издадена од МВР Скопје, неосудуван, се водат и други постапки за други кривични дела.

Во периодот од Февруари 2012 година до крајот на Октомври 2012 година во Скопје, обвинетиот Никола Груевски како Претседател на Владата на Република Македонија со искористување на своето реално влијание и службена положба побарал од Гордана Јанкулоска (за која како обвинета се води раздвоено посебна кривична постапка КОК-21/18 пред Основниот суд Скопје 1 Скопје за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 во врска со чл.23 од КЗ) - службено лице министер за внатрешни работи во Владата на Република Македонија да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши и тоа да се спроведе јавна набавка во која Министерството за внатрешни работи ќе купи ново блиндирано патничко моторно возило од марката Мерцедес модел С 600 Гард така што во постапката да се фаворизира економскиот оператор МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје-генерален застапник и дистрибутер на возилата од марката Мерцедес во РМ, па Гордана Јанкулоска за да го исполни барањето на обвинетиот со умисла го поттикнала обвинетиот Ѓоко Поповски да стори кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување, кој што од Гордана Јанкулоска писмено бил овластен како помошник на министерот да спроведува постапки за јавни набавки во Министерството за внатрешни работи и на кого со решение бр.12.1-8493/1 од 08.02.2012 година од министерот целосно му биле пренесени овластувањата за спроведување на јавните набавки, така што тој да ја искористи својата службена положба и овластувања, при вршење на јавни набавки, незаконски да го повласти - фаворизира економскиот оператор МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје и да се набави такво возило, па за да го исполни барањето на Гордана Јанкулоска, обвинетиот Ѓоко Поповски како службено лице помошник на министерот за внатрешни работи за Секторот за општи и заеднички работи со искористување на својата службена положба и овластувања, при вршење на јавни набавки, прибавил за економскиот оператор МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје корист што се состои од доделување на договор за купопродажба, сервисирање и одржување на блиндирано патничко моторно возило марка Мерцедес модел С 600 Гард, така што на 03.04.2012 година донел одлука за јавна набавка на стоки Дб.17.1-21576/1 од 03.04.2012 година каде проценетата вредност на

набавката е 30.750.000 денари или 500.000 евра без вклучен ДДВ, а предмет на набавката е блиндирано патничко моторно возило со највисока заштита VR6/VR7 каде во спецификацијата на возилото во тендерската документација бр.171-21577/1 од 03.04.2012 година, со цел во постапката да нема конкуренција економскиот оператор МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје, а и за фаворизирање на истиот, имало повеќе технички спецификации што се однесуваат за возилото Мерцедес С 600 Гард кои упатуваат на конкретно производство и трговски марки (регистрираните трговски марки од производителот на возилата Мерцедес – Даимлер АГ од Германија и тоа: AIRMATIC, SPEEDTRONIC, PRE-SAFE, THERMOTRONIC, COMAND, DISTRONIC PLUS, GUARD и Night View Assist) и без да биде наведено дека можат да се дадат и понуди со други спецификации кои се еквивалентни на наведените во тендерската документација со што постапил спротивно на чл.36 од Законот за јавните набавки, па поради условите и техничките спецификации што биле дадени во тендерската документација во текот на постапката бр.17-16/2012 само економскиот оператор МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје дал понуда на 15.05.2012 година и бил единствен понудувач, па потоа обвинетиот Ѓоко Поповски иако бил свесен за незаконското фаворизирање на економскиот оператор и за нерационалното искористување на средствата на министерството, на 30.05.2012 година донел одлука бр.17.1-33618/1 за избор на најповолна понуда, и на 11.06.2012 година е склучен договорот за јавна набавка заверен со бр.4104/1771 од 11.06.2012 година од МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје и бр.171-35780/1 од 08.06.2012 година од Министерството за внатрешни работи со вредност на договорот од 29.852.542 денари додадено и ДДВ во износ од 5.373.458 денари, каде потписник за Министерството за внатрешни работи е обвинетиот Ѓоко Поповски, а потписник за МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје е сведокот Зоран Марковски и врз основа на договорот од Министерството за внатрешни работи на МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје заклучно со 29.10.2012 година му било исплатено вкупно 35.226.000 денари, иако обвинетите и Гордана Јанкулоска знаеле дека набавка на такво ново возило било вонредно скапо, во услови на намалена економска и куповна моќ на министерството, а иако јавната набавка била спроведена како да е за потребите на Министерството за внатрешни работи, Гордана Јанкулоска го поттикнала обвинетиот Ѓоко Поповски да го стори кривичното дело за да потоа возилото од Министерството за внатрешни работи се даде на користење и на Претседателот на Владата на Република Македонија обвинетиот Никола Груевски што сакал да користи такво ново блиндирано патничко моторно возило, но не сакал во јавноста да се дознае дека тој како Претседател на Владата користи такво луксузно возило.

Горната фактичка состојба како и битните факти по однос на времето, местото и начинот на сторување на кривичните дела судот ги утврди од предложените и изведени вербални и материјални докази на одржаната главна расправа.

Сведокот Киро Тодоровски во својот исказ наведе дека во 2012-та година бил вработен во Министерство за внатрешни работи на работно место како државен советник за управување со човечки ресурси. Неговите работни задачи на тоа работно место биле следење на исполнување на стратегијата на Министерството за управување со човечки ресурси, давање насоки и предлози, учество во подготвувањето на програмата за обука на кандидати за полицајци, координативни активности со секторите и одделите во смисла на човечки ресурси и управување во делот на интерни огласи и учество во работна комисија по интерен оглас, а доколку постоеле други активности поврзани со организација на некои настани тогаш сите во Министерството согласно решение за работа ги извршувале и тие активности за организација како настан. Во 2012-та година добил решение дека е член на Комисијата за набавка на ПМВ со највисок степен на безбедност заедно со останатите колеги и учествувале во отварањето на понудите при изборот на најповолен понудувач за предметната набавка. По однос на неопходните услови за да биде набавката сосема легална се повикале на неколку документи кои што претходно морале да бидат доставени, а тоа е планот за јавни набавки и одобрените средства за Буџет во Министерството. Исто така во однос на самиот процес на набавката Комисијата во тој момент во која тој бил член утврдила дека предметната понуда била во согласност со изготвената спецификација претходно од стручните служби. Колку што се сеќава прв пат бил член на комисија, добивал предлози за решенија,но не учествувал.Објасни дека тоа се ад хок комисии согласно закон и не мора да значи дека ако некое лице било претходно во некоја комисија дека ќе учествува во друга работа на таква следна комисија. По однос на постапката во тој дел каде што тој бил и член на Комисијата до конкретната фаза каде што учествувал наведе дека најпрво била отворена понудата, биле повикани од претседателот на комисијата, било утврдено дека понудата е една, дека согласно бараната спецификација понудата ги содржела сите неопходни елементи при што бил изготвен записник со предлог за склучување на договор за јавна набавка, но појасни дека Комисијата не го склучува договорот за јавната набавка. Наведе дека не знаел и дека немал учествувано во постапката за изработка на тендерска докуметнација во конкретниот случај. Смета дека до донесување на одлуката од страна на комисијата каде што бил член за избор на најповолниот понудувач лично смета дека работата на Комисијата во која што членувал ги има запазено сите постапки и процедури за предметната јавна набавка во смисла на објавен оглас, рок после објавувањето на огласот, спецификација која што е разгледана, понуда и утврдени критриуми дека понудата е согласно со бараната спецификација. Лично смета дека материјално техничките средства за

примање на уредбата за обезбедување на лица и објекти кои што ги применувало МВР не биле во целост исполнети од проста причина што при посета на странска делегација дел од лицата кои биле предмет на обезбедување од уредбата не биле обезбедувани со возило од највисок степен на заштита. Како пример наведе дека во повеќе наврати Министерот за внатрешни работи го отстапувал возилото кое било наменето за него при посета на странски државници со цел степенот на заштита на странските државници во ниту еден момент да биде доведен во прашање. Во тој период додека возилото било отстапено за потребите на странските делегации Министерот користел возило кое не било во согласност со уредбата за обезбедување на личности, а во која е јасно наведено дека таква заштита им следува на Претседателот на државата, Претседателот на Собранието, Претседателот на Владата, на Потпретседателите на Владата, како и на министрите за одбрана и внатрешни работи. Истакна дека дека при редовни средби со останатите претставници на кабинетите на другите носители на функции согласно уредбата кои што имале право на заштита од највисок степен имал слушнато поплаки дека се соочувале со дефект при само движење на траса, во која што возилото комплетно застанувало и биле приморани или да чекаат ново возило од Скопје или да продолжат по пат со возило кое што не пружа таков степен на заштита. Колку што се сеќава возилото предмет на оваа јавна набавка за прв пат било употребно за пружање на заштита на претстојот на Генералниот секретар на ОН, Бан Ки Мун, а било користено исто така и за други државници, но по негово сеќавање со него бил обезбедуван и Емирот од Катар, како и претставници на Европската Комисија. Наведе дека единствено надлежен за спроведување на уредбата за обзебедување на лица и објекти е МВР преку Одделот за обезбедување на личности и објекти, а по потреба и со другите Оддели и органи во рамките на МВР. Објасни дека обезбедувањето на одредени личности и објекти е комплексна тема и не застанува само на физичкото обезбедуање на лицата и објектите, туку и на безбедностите проценти кои што ги даваат соодветните одговорни лица во Управата за безбеденост и контра разузнавање и Бирото за јавна безбедност. Истакна дека како на член на Комисијата за јавни набавки никој од обвинетите не побарал да постапи на одреден начин. Наведе дека предметното возило било набавено за потребите за МВР, а пред да се набави ова возило, возилата што претходно се употребувале за заштита на врвните фунционери во РМ, а со кои во тој момент располагало МВР биле од марката Мерцедес Класата С во зависност од степенот и варијациите на таа класа и биле темни, односно црни. Воедно појасни дека тој само констатирал ситуација кога кажал дека обезбедувањето на лица и објекти било комплексна тема, дека не била соодветна заштитата што ја имале возилата при МВР. Сведокот наведе дека во случај на дефект на возило една од опциите е да дојде ново возило од Скопје ако има слободно возило.

Од исказот на сведокот судот цени дека истиот даде појаснување дека имало само една понуда која била во склад со спецификацијата,но истата ја изготвувала стручната служба па во овј дел судот го прифати неговиот исказ со оглед да е во склад со останатите изведени докази.Во поглед на наводите за потребите на ново возило и начинот како се користеле блиндираните возила и кој прв се возел во возилото предмет на оваа постапка е ирелевантно.

Сведокот Зоран Марковски наведе дека во 2012-та година бил вработен во Мак Ауто Стар, на работно место управител, а на таа функција е од 2000-та година до денес.Во врска со јавната набавка за блиндирано ПМВ Мерцедес С 600 Гард во 2012-та година наведе дека согласно организационата поставеност во фирмата и во службата за продажба има директор за продажба кој што во тоа време бил и директно инволвиран во самата продажба, тој само го потпишал договорот кој што бил парафриран од директорот на продажба и повеќе детали околу тоа не знае. Тој го објасни хронолошки текот на постапката во Мак Ауто Стар наведувајќи дека откако ќе излезе тендер за јавна набавка, соодветниот оддел ја подготвува целокупната документација, понуди и пропратната документација што е потребна и ја поднесува до органот кој го распишал тендерот. Наведе дека директор за продажба за патнички возила Мерцедес во Мак Ауто Стар во тој период бил Марко Јовановски. Наведе дека како управител во фирмата вообичаено бил известуван за постоење на тендер во било кое време од постапката до поднесување на понудата по што секако се договарале за детали како на пример цената, а по однос за конкретната јавна набавка не се сеќава во која фаза и кој конкретно го известил, но појасни дека не остварувал никакви контакти со лица од МВР за конкретната набавка. Пред склучување на договорот, а тоа е откако биле известени дека го добиле тендерот, фирмата Мак Ауто Стар направила резервација од фирмата од Германија од каде било набавено возилото, а претпоставува дека била направена и порачката бидејќи ако го добиле тендерот била направена резервација и порачка. Наведе дека откога е тој на функцијата, Мак Ауто Стар имало продадено и други вакви возила со таков степен на заштита. Сведокот наведе дека за блиндираните возила во Мак Ауто Стар нема конкретен ценовник за конкретен тип на возило од овој вид на блиндирани возила кој што би бил достапен во салон како што е за другите возила, а цената која се формира за едно такво возило е набавната цена со сите трошоци и вообичаената маржа. Притоа наведе дека возилото го испорачале во рок и цената била исплатена во целост. Истакна дека дека предметното возило било продадено со јавна набавка со распишан тендер, додека ваков тип на блиндирани возила кои ги имале продадено не биле по пат на јавна набавка со распишан тендер, туку со директна спогодба. Наведе дека негова препоставка е дека резервацијата на предметното возило

била направена откако добиле известување дека го добиле тендерот и пред потпишување на договорот бидејќи директно истиот не учествувал.

Судот не поклони верба на исказот на овој сведок од причина што е спротивен на останатите изведени докази.Имено истиот наведе дека откако биле известени дека го добиле тендерот, фирмата Мак Ауто Стар направила резервација од фирмата од Германија од каде било набавено возилото и направиле порачка, меѓутоа за возилото Мерцедес С 600 Гард резервацијата е направена од страна на сведокот Марко Јовановски менаџер за продажба на Мерцедес уште на ден 30.03.2018 година кое недвосмислено произлезе од меил комуникацијата помеѓу Марко Јовановски и Даимлер АГ од Штутгард. Сведокот кажа дека не остварувал никакви контакти со лица од МВР за конкретната набавка а тоа е во спротивност со содржината на аудио снимките и неговиот допис,одговор на негово барање до СЈО бр.03-3836 од 15.11.2016 година во кој тој како управител наведува дека немало претходно резервација за конкретното возило, но дека тоа не било така се утврдува од електронската комуникација помеѓу Даимлер АГ и Мак Аутостар каде менаџерот за продажба, односно сведокот Марко Јовановски направил резервација на 30.03.2012 година,односно пред да се објави огласот за јавна набавка. Посебни треба да се нагласи дека неговиот исказ е спротивен и на содржината на разговорот воден помеѓу Гордана Јанкулоска и Кирил Божиновски а тоа е 8-от разговор во кој Гордана Јанкулоска му кажува на Кирил Божиновски дека од МВР контактирале со некој Марковски од Мак Аутостар кој бил директор и при таа набавка него го прашале за да им каже некоја финта за да прејде тој.Судот смета дека сведокот даде ваква изјава со цел да им помогне на обвинетите за избегнување или намалување на кривичната одговорност.

Сведокот Пецо Ангелески наведе дека во 2012-та година бил вработен во Одделението за материјално техничко опремување во МВР, на работно место самостоен референт за набавка на масла и мазива. Наведе дека апсолутно ништо незнае за јавната набавка за блиндирано ПМВ од 2012-та година во МВР со оглед дека како одговорно стручно лице, тој бил стручно лице за мислење за техничките карактеристики на моторни возила. Наведе дека тој не бил член на Комисијата за јавни набавки, туку бил како стручно лице за мислење при евалуацијата на набавката. По однос на конкретната набавка појасни дека ја разгледувале понудата од понудувачот и ја споредувале со техничката спецификација, дали одговара, при што констатирале дека истата одговара и дале мислење.Сведокот наведе дека тој не учествувал во изготвувањето на таа техничка спецификација и незнае кој ја изготвувал.

Судот поклони верба на исказот на овој сведок од причина што истиот зборува за разгледување на понудата во смисла дали истата одговарала со техничката спецификација, а неспорен факт е дека понудата во целост одговарала на наведените технички спецификации.

Сведокот Влатко Ѓошевски наведе дека во 2012-та година бил вработен во МВР на работно место Началник на возен парк и возила и механичарски работилници. Конкретно за јавната набавката на блиндираното ПМВ во 2012-та година во МВР наведе дека бил член на Комисијата за јавни набавки за набавка на блиндирано возило и како член учествувал и бил присутен на денот на отворањето каде после тоа како комисија се разгледувале документите од понудата, потоа било побарно мислење од стручни, технички лица за делот на техничките карактеристики за дел од понудата, па по добиениот одговор како комисија дале предлог до одговорното лице. Стручни лица биле Пецо Ангелевски или Ангеловски и Бранко Лепчевски, а членови на Комисијата биле тој, Ненад Николовски, Ристе Ставревски, Кире Тодоровски и најверојатно Слободан Станков и Сашо Николовски. Наведе дека немал други дејствија во врска со набавката на конкретното возило како член на Комисијата, но учествувал во примопредавање на возилото во Мак Ауто Стар. При примопредавањето на возилото во Мак Ауто Стар биле присутни тој и Слободан Станков каде што им извршиле кратка презентација на возилото околу еден час, го подигнале возилото со сите потребни документи и го однеле во МВР. Појасни дека не ја изготвил тендерската документација со техничките спецификации и не му е познато кој ја изготвил. Наведе дека МВР до самата јавна набавка на блиндираното возило располагало со две блиндирани возила од марката Мерцедес кои што биле со поодминати години и поголеми километражи, и тоа едното мисли дека било од 1996-та година, а другото 1998-ма година. Појасни дека возилата биле со поодминати години и со поголем број на изминати километри, а во моментов биле стари преку 22 години, дека имале поголеми потешкотии во однос на поправките на возилата и според него реално било проблем како Министерството и како држава да се располага и функционира со толкав број на блиндирани возила. Наведе дека материјално техничките средства според нивниот број не биле доволни за да се одговори на потребите на Одделот за обезбедување од причина што возниот парк е логистика на Одделот за обезбедување како и на останатите служби во Министерството и е одговорен за техничката исправност и поправка на возилата, а бидејќи во самото одделение имало вработено и возачи кои што во многу ситуации биле од испомош на Одделот за обезбедување при посета на повеќе гости во исто време во државата и од практична причина му било познато дека таа бројка е многу мала за извршување на нормални работни задачи. Со оглед да станува збор за блиндирани возила со постар датум, при нивни дефекти не се доаѓало лесно до заменски дел и во многу ситуации имало од 30 до 60 денови чекање на испорака на делови, бидејќи немале голем број на блиндирани возила каде што имало некој сервис да има делови на лагер за да може да се изврши некоја поправка. Наведе дека станува збор за специфично возило кое што скапо чини за одржување, а и самото возило е скапо. Истакна дека се имало случено кај постоечките возила да се јави дефект за време на

извршување на конкретни задачи, па се сеќава дека во една таква ситуација второто блиндирано возило со кое што располагале било однесено на шлеп служба до местото каде што бил настанот, Самит во Охрид, не се сеќава токму за кој настан но бил некој настан, каде што бил известен дека ВИП личноста од местото на дефектот до Охрид бил однесен со друго возило. Наведе дека не може да каже дали таквото заменско возило ги исполнувало условите, но тоа било возило кое што во тој период било старо скоро 20 години. Истакна дека двете возила марка Мерцедес блиндирани коишто ги имале во критичниот период пред јавната набавка одамна не биле под гаранција бидејки генерално се давало гаранција од три до пет години, а во сегашна ситуација биле известени од Мак Ауто Стар дека производителот се обврзувал да произведува и набавува делови за возилото во рок од 20 години од негово производство, а гаранцијата била многу одамна истечена. Наведе дека не може точно да се сети колку пати овие две возила биле на поправки по различни основи, но претпоставува дека биле десеттина пати. Истакна дека тој учествувал во други набавки на средства за потребите на безбедност поврзани со блиндирани возила со оглед да истиот бил член на Комисијата за јавни набавки и тоа согласно чл.7 каде што биле набавени гуми за блиндирано возило и предно десно стакло за блиндирано возило. Појасни дека тоа била таа комисија која што вршела набавки без објавување на јавен оглас, односно комисија по чл.7 каде што во период од два до три месеци, конкретно сега, тој бил член таму една година, имала извршено набавка за гуми на блиндирано возило и набавка на предно десно стакло за блиндирано возило. Наведе дека возниот парк имал потешкотии не само во обезбедувањето на блиндирани возила, туку и општо обезбедување на ВИП возила конкретно, тој бил началник од 2011-та година до 2015-та година и истиот учествувал во два Самита, каде учествувале поголем број на ВИП лица и било тешко да се обезбеди толкав број на ВИП возила, а камоли пак на блиндирани возила. Тие проблеми се јавувале кога во државата биле присутни повеќе од неколку ВИП личности или на поголеми настани конкретно за Самит. Наведе дека имале проблем многу пати возниот парк да одговори на потребите на Одделот за обезбедување во смисла да има потреба на повеќе возила со посебен степен на заштита од бројот на возила со кои МВР располагало во возниот парк во критичниот период бидејќи располагале со две блиндирани возила, а во многу наврати освен функционерите во РМ кои имале прв степен на заштита многу често имало делегација со повеќе од една ВИП личност во државата така што тој проблем често го имале. Со оглед да за обезбедување резервни делови за блиндираните возила се чекало по 50 до 60 дена, превозот на највисоките државни раководители во Р.Македонија, како и евентуалните странски делегации, гости во тој период се вршел со несоодветни возила кои што немале безбедносна заштита односно не биле блиндирани возила, бидејки и друга солуција немало, со други такви возила не се располагало, и можност за побрза поправка на возилата немале. Наведе

дека имал учествувано во министерски самит кој што се одржувал во Охрид каде што биле присутни повеќе од 30 министри, дел министри за внатрешни работи, дел министри за правда и каде добар дел од присутните пристигнале на гранични премини со сопствени возила, а по негови сознанија во комуникација со препоставените во Одделот за обезбедување, причината за тоа била таа што немале можност да ги опслужат и обезбедат со блиндирани возила. Наведе дека ниту од обвинетите, ниту од некој друг имал сугестии и притисок околу неговото работење во Комисијата за јавна набавка на предметниот Мерцедес. Сведокот наведе дека Мак Аутостар имале обврска да обезбедат делови во рок од 20 години од производството на тој модел на возило, но дека истото не се однесува на набавката на возилото Мерцедес 600 Гард. Појасни дека отприлика пред 2 месеци вршеле набавка на предно десно стакло за еден од старите блиндирани мерцедеси, дека по отворање на понудата биле известени од Мак Ауто Стар или замолени дали можело во побрз временски период да биде разгледана понудата на фирмата и да бидат известени дали нивната понуда се прифаќала или не бидејќи во моментот предно десно стакло за тој тип на возило во цела Европа имало само едно и дека фабриката немала обврска да обезбедува оригинални резервни делови за поголем временски период од 20 години, како и дека истото не се однесува за возилото Мерцедес С 600 Гард. Истакна дека за новото возило роковите за гаранција биле од 3 до 5 години, додека старото не знае. Појасни дека целото возило мисли дека имало 3 години гаранција, а на одредени делови гаранцијата била до 5 години но не бил 100% сигурен во тоа и истото можело да се провери.

Во поглед на исказот на овој сведок судот цени дека истиот зборува за проблемите со старите блиндирани возила,за времето на набавка на делови за истите,проблеми околу превезување на ВИП личности,но тоа е ирелевантно за овој предмет со оглед на предметот на обвинението.Околу набавката на предметното возило единствено истакна дека бил член на комисијата за јавни набавки која по добивањето на понудата за набавка на блиндирано возило како член учествувал и бил присутен на денот на отворањето каде после тоа од комисијата се разгледувале документите од понудата, а потоа било побарно мислење од стручни, технички лица за делот на техничките карактеристики за дел од понудата, па по добиениот одговор како комисија дале предлог до одговорното лице.

Сведокот Силвана Трпкова наведе дека во 2012-та година била вработена во Одделението за менаџмент и јавни набавки при МВР. Во врска со јавната набавка за блиндирано ПМВ во 2012-та година во МВР наведе дека како и секоја друга набавка и истата била внесена во планот, па Комисијата за јавни набавки си постапила според планот. Во конкретната постапка таа била член во Комисијата и истата присуствувала на отворањето, имало и понуда и понатаму предметот си

го работеле колеги кои биле одговорни за работата на предметот, а кои биле членови и наведе дека не се сеќава на детали. Во таа постапка имало само една понуда, а по разгледувањето на понудата, од присутните членови се изготвил записник како и за секоја набавка, како и дека други дејствија не превземале. Наведе дека не и е познато кој ја изработил тендерската документација и критичните спецификации.

Судот го ценеше исказот на овој сведок меѓутоа од нејзиниот исказ може да се утврди единствено дека била член на комисијата за јавна набавка на предметното возило и истата присуствувала на отворањето на понудата, а предметот го работеле колеги кои биле одговорни за работата на предметот.

Сведокот Љубе Пешевски наведе дека во 2012-та година бил вработен во МВР, тогаш на работно место советник, но не се сеќава точно како гласел целиот назив на работното место, но во секој случај се работело за советник за набавка на автомобилски делови. По однос на јавната набавка за блиндирано ПМВ во 2012-та година во Министерството за внатрешни работи, па појасни дека кога била набавката за возилото тој бил ставен за заменик член на местото на началникот тогашен Ненад Николовски. Како заменик во конкретната постапка тој бил само на отворањето бидејќи Ненад Николовски не бил, а тој како негов заменик бил на отворањето. Понудата се прочитала, се отворил тендерот и толку, понатаму тој не учествувал во постапката. Наведе дека не знае кој ја изготвувал тендерската документација и техничките спецификации.

Од исказот на сведокот јасно произлегува дека истиот освен што присуствувал на отворањето на понудата воопшто не е запознат кој ја изготвувал тендерската документација и техничките спецификации.

Сведокот Михаило Зографски наведе дека во 2012-та година бил вработен во Мак Ауто Стар на работно место директор на продажба на стопански возила. Појасни дека Мак Ауто Стар е генерален застапник за Мерцедес возилата и за возилата Митцубиши, а тој конкретно е одговорен за продажба на комерцијалните возила, односно Мерцедес Бенз, камиони, автобуси, специјални возила и Митцубиши товарни возила. За јавната набавка за блиндирано ПМВ од марката Мерцедес С 600 Гард во 2012 година наведе дека немал нешто премногу информации затоа што тоа спаѓало во делокругот на неговиот колега Марко Јовановски кој бил одговорен за продажба на ПМВ значи во фаза на припремање на понудата која што требала да се поднесе на тендерот бил замолен бидејќи тој во тој момент имал дигитален потпис, а требало понудата дигитално да се поднесе, бил замолен од негова страна дигитално да ја потпише понудата со неговиот дигитален потпис, за да може истата да се поднесе.Наведе дека освен тоа што дигитално ја потпишал, немал никакви дополнителни дејствија, се било комплетно

припремено од неговиот колега, а тој само дигитално ја имал потпишано како што и бил овластен од управителот. Притоа наведе дека лично немал остварено никакви контакти со лица од МВР за конкретната јавна набавка.

Судот го ценеше исказот на сведокот, но од неговиот исказ единствено може да се заклучи дека истиот не бил запознат за набавката на блиндираното возило освен што од неговиот колега Марко Јовановски бил замолен да дигитално ја потпише понудата откако истата била комплетно припремена. Меѓутоа тој јасно посочи дека токму сведокот Марко Јовановски е тој кој ја припремил понудата.

Сведокот Зоран Маневски наведе дека во 2012-та година бил вработен во Мак Ауто Стар и тоа на работно место Раководител за резервни делови, а во Мак Ауто Стар бил вработен од 1995-та година и тоа или од 1-ви јули или од 1-ви септември, не се сеќава точно. За јавната набавка за блиндираното ПМВ Мерцес С 600 Гард во 2012 година наведе дека ништо не знаел во моментот, односно дека во тој момент имало јавна набавка, или дека било што во врска со јавната набавка, тој не бил инволвиран со ништо во тоа.Наведе дека има службена адреса за електронска пошта на електронско сандаче како вработен во Мак Ауто Стар која гласела zoran.manevski@makautostar.com.mk, но не е сигурен дали во тоа време му била истата или била z. manevski@makautostar.com.mk mailto:z.manevski@makautostar.com.mk бидејќи не незнае точно од кое време му била променета. Појасни дека на неговиот компјутер имало пасворд кој што тој не го менувал туку истиот бил даден од компанијата која што била аутсорсинг, а потоа истиот директно пристапувал до неговата меил адреса без пасворд до адресата. Наведе дека неговата маил адреса за комуникација со клиентите во принцип можела да се користи и од други и се користела на пример кога тој бил на одмор, колегата што бил со него во канцеларија ги проверувал неговите мејлови, ги тргал во посебен фајл тие што биле интересни, односно што биле директни до него, а другите ги тргал како прочитани на страна.Објасни дека неговиот колега го знаел неговиот пасворд односно лозинка, а исто така и тој го знаел пасвордот на неговиот колега. Наведе дека веројатно и други лица освен оние што биле за информатичка технологија и колеги ги знаат пасвордите и дека тоа не било никаква тајна и тој знае барем едно пет - шест нови пристапи кај него што биле во Одделот за резервни делови, односно дека тоа не било тајна. Наведе дека во текот на 2012-та година немал никаква комуникација со обвинетите.

Од исказот на сведокот произлезе дека истиот имал службена адреса за електронска пошта на електронско сандаче како вработен во Мак Ауто Стар,но пасвордот,односно лозинката можела да се користи и од други а пред се од неговиот колега а всушност токму од неговата адреса биле испратени техничките спецификации на обвинетиот Ѓоко Поповски. Во врска со набавката на блиндираното возило не бил ништо

запознат.

Сведокот Марко Јовановски наведе дека во 2012-та година бил вработен во Мак Ауто Стар на работно место раководител на продажба на ПМВ, конкретно Мерцедес. Неговите работни задачи биле се што било поврзано со продажбата и маркетингот за марката, ценовно позиционирање, лансирање на нови модели на пазарот, работа со тим од двајца луѓе од продажба, луѓе од логистика, маркетинг, директна комуникација со клиенти, планирање на количини, соработка со колеги од Германија, изнаоѓање на нови клиенти, односно накратко, се што било врзано за продажба.Во врска со набавката на блиндирано ПМВ Мередес С 600 Гард во 2012-та година наведе дека тој во тој период бил таму во фирмата, имало оглас за јавна набавка на кој што земале учество и се испорачало блиндирано возило. За неговите превезмени дејствија во постапката од самото известување за конкретната набавка па натаму, односно за конкретните дејствија наведе дека обично тендерот излегува, имаат информација, добиваат информација, но не може да се сети конкретно од таа година дали било во електронска форма или хартиена форма, но добиле информација дека бил распишан оглас и доколку ги задоволувале тие технички карактеристики се подготвувале да земат учество.Наведе дека за поднесување на понуда се подготвувале и тоа техничката понуда ја подготвувале тие од продажба, а целата друга пропратна документација што има за квалификација на тендерот ја имало во секретаријатот на фирмата каде што имало готови урнеци, а продажбата ги подготвувала техничките работи кои што требало да се запазат, односно бараните спецификации. По однос на тоа дали тој како раководител на продажба самостојно превземал се или известувал и други лица во врска со понудата наведе дека во принцип биле известени, значи нормално управител на фирма знаел бидејќи од секретаријат стигала информација дека имало тендер, колегите од продажба исто така изготвувале, продажните консултанти ја изготувале понудата за да истата се спреми, искуца, провери и тој како раководител го прегледувал тоа за да види дали било добро, односно да не имало некоја грешка заедно со тимот од продажба. Наведе дека неговите дејствија во делот на маркетингот во однос на директниот контакт со клиентите се многу широки. Имено во директна комуникација со клиентите подготувале пред се маркетинг план кој бил базиран на буџет и врз база на тој маркетинг план користеле различни алатки за да комуницираат со клиентите во јавноста, тука спаѓале различни канали на комуникација како што биле печатени медиуми, електронски медиуми, интернет, билборди, директна достава на информација на клиент, нарачка на каталози, на знамиња, правење на специјални ивенти за лансирање на производ, за информирање на потенцијалните купувачи, достапност на Демо возила за пробни возења кои што се нуделе на потенцијалните клиенти за тест возила, и врз база на резултати од продажба врз база на буџетот и гледале како да го остварат планот. Во врска со набавката на блиндираното возило имал контакти со лица од МВР и појасни дека во

огласот имало посочени одговорни лица со кои што контактирале, прашувале нешто што не им било јасно, што било вообичаена процедура и се консултирале за да подготват понуда, која што одговарала на барањето, доколку истото било можно. Наведе дека точно не може да се сети дали имало конкретна комуникација, пред огласот, затоа што тоа било оддамна, односно пред 5 - 6 години. Појасни дека возилото марка Мерцедес се произведува во Германија и во таа фирма има одговорен човек за по пазари, т.н. ерија менаџери, од каде што Мак Ауто Стар побарувале информации, со оглед да тоа било специјално возило и нормално доколку имале возило тие го земале од таму, го порачувале, го купувале како трансакција и кога ќе се најдело возилото, негова колешка од планирање и логистика спроведувала административна работа за да на тоа возило му се организира транспорт и се донесе во Македонија. Исто така наведе дека ако се изнајдело возилото можело да се резервира и истото го држеле резервирано за потенцијалниот купувач, а доколку не се изнајдело возило се пристапувало кон порачка кон која што пак продажбата давала налог кон Одделот за логистика и порачки бидејќи тоа бил еден систем на порачки и бил како програм каде што од одговорното лице порачувало кола и таа кола требала да се направи, да се произведе. Наведе дека била направена резервација кога нашле возило кое одговарало на бараната спецификација, а кога било тоа односно дали пред или по склучување на договорот не можел да се сети и при тоа наведе дека возилото можело да биде резервирано и во согласност со фабриката и додека била отворена постапката така да за тоа ако била отворена постапката и тоа траело околу 30 дена ако добро памти, возилото можело да биде резервирано меѓутоа ако не се добиел договорот во тендерската постапка, немало истото да се порача доколку требало да се порача, а како било точно за конкретниот случај не можел да се сети. Наведе дека откако возило за продажба ќе стигне во Мак Ауто Стар најпрвин се прегледува истото, но тој не учествувал во тоа туку имало колеги од продажба, односно тим кои што со доаѓање на возило, возила или камион доаѓале по 7, по 6 или по 5 излегувале и ги прегледувале дали биле тие возилата што биле порачани, дали биле дојдени и дали евентуално имало нешто да фали како на пример прва помош, триаголник, капачиња, па се прегледувала робата. Од кога ќе се примело возилото во Мак Ауто Стар имало царински склад во кој што се ставало воизлото, кој што бил под овластен царински склад.Потоа се известувал клиентот дека возилото било пристигнато, се правело т.н. мулти сервис, односно контрола пред испорака во сервисот за да се ефектуирале сите работи на возилото, да се проверело, а после тоа по налог на продажба, возилото се царинело затоа што требало да се платат давачките како акциза, ДДВ кон државата и било спремно за испорака кога ќе дојдел клиентот да си го превземе. Наведе дека не може најточно да се сети на моментот на примопредавање за конкретното воизло, затоа што откако возилото ќе дојде и за техничките објаснувања за возилото кон купувачот најчесто бил задолжен

продавачот, за да се објаснело, возилото да се предадело, а дали физички бил присутен при примопредавањето на конкретното возилоо, наведе дека не може да се сети. Притоа појасни дека Мак Аутостар имал обврска да изврши обука на возачи за возилото и мисли дека од Министерството биле пратени возачи на обука, а истата се препорачувала од производителот затоа што станувало збор за специјално возило кое имало потреба од специјално користење. Наведе дека во вркска со оваа јавна набавка комуницирал со луѓе од МВР кои биле наведени на огласот, дека истите ги сретнал непосредно пред да влезе во судница, а мисли биле Сашо и Цобе, но не ги знае точно по име и презиме. Притоа наведе дека не може да се сети точно дали пред објавување на огласот за предметното возило контактирал со производителот од Германија, бидејќи не работи веќе три години во Мак Аутостар и целата комуникација доколку ја имал ја имало во фирмата, таму била оставена во компјутер, биле хард копи. Сведокот наведе дека пред објавувањето на огласот како и во текот на огласот до изборот во врска со оваа јавна набавка немал контакт со обвинетите. Појасни дека возилото се нарачувало со одредени кодови, односно опремата била базирана на кодови, нумерички текстови каде се нарачувале во систем на нарачки, најчесто тоа се давало на одделот за нарачки во писмен формат за да немало грешка што можела да се дава на писмено како понуда. Наведе дека техничката спецификација е понуда од страна на понудувачот, бил запознат, ја видел и ја предал како понуда, тука спаѓала техничката спецификација на возилото и тука учествувал во подготовката на понудата, ја контролирал, а истата ја спремале колегите од продажба.

Судот не поклони верба на исказот на овој сведок од причина што е спротивен на останатите изведени докази.Имено истиот наведе дека тој не ја спремал понудата само ја видел и ја предал како понуда, ја контролирал а истата ја спремале колегите,меѓутоа сведокот Михаило Зографски во својот исказ наведе дека понудата била подготвена токму од овој сведок.Освен тоа сведокот во својот исказ наведе дека била направена резервација кога нашле возило кое одговарало на бараната спецификација, а кога било тоа односно дали пред и по склучување на договорот не можел да се сети и при тоа наведе дека возилото можело да биде резервирано и во согласност со фабриката и додека била отворена постапката така да за тоа ако била отворена постапката и тоа траело околу 30 дена ако добро памти, возилото можело да биде резервирано меѓутоа ако не се добиел договорот во тендерската постапка, немало истото да се порача доколку требало да се порача, а како било точно за конкретниот случај не можел да се сети. Иако сведокот вели дека не може да се сети кога била нарачката од меил комуникацијата помеѓу Марко Јовановски и Даимлер АГ од Штутгард, многу јасно произлезе дека резервацијата е направена токму од него и тоа пред воопшто да биде објавен тендерот,а поточно на ден 30.03.2018

година. Уште повеќе самиот тој во исказот вели дека возилото можело да биде резервирано и во согласност со фабриката и додека била отворена постапката,а во конкретниов случај битно е дека постапката воопшто не била отворена што јасно укажува дека Мак Аутостар знаел дека ке биде фаворизиран при оваа јавна набавка. Судот смета дека сведокот даде ваков исказ со единствена цел да им помогне на обвинетите за избегнување или намалување на кривичната одговорност.

Сведокот Сашо Николовски во својот исказ наведе дека во 2012-та година бил вработен во Одделот за општи и заеднички работи при МВР, што можеби тогаш се викало и Сектор. Во врска со јавната набавка за блиндирано ПМВ во 2012-та година во МВР наведе дека знае дека фигурирал во Одлуката за јавна набавка и во тендерската документација како лице за контакт. Како вработен во Одделението за јавни набавки дел од неговите обврски биле да се изготви определена документација за постапки за јавни набавки, па со оглед дека фигурирал во Одлуката за јавна набавка во делот „за подготви" со уште еден колега имал учествувано во подготовка на Одлуката за јавни набавки од технички аспект да се изготви. Со оглед на тоа дека фигурирал како лице за контакт во тендерската документација исто така со уште еден негов колега, објасни дека пракса било лицата за контакт да ја подготват од технички аспект тендерската документација. Самата Одлука за јавна набавка и тендерската документација биле теркови кои претходно се користеле во службата или одделението кои требале за конкретната јавна набавка да се прилагодат, односно соодветно со определени податоци кои им биле достапни и истите им биле дадени, а самата тендерска документација била терк, односно урнек која ја објавувало Бирото за јавни набавки.Техничката спецификација била само еден дел од тендерската документација, таа како се добивала така се ставала во тендерската документација, но наведе дека како била добиена техничката спецификација и не знае кој ја изработил. Наведе дека во Одлуката за јавна набавка била определена Комисијата која ја спроведувала постапката, колку што знае од претходни разговори, но истиот не бил член ниту заменик член во таа Комисија. Во делот за примопредавање на возилото бил ангажиран на некој начин со други лица определени од Министерството за внатрешни работи, а техничката спецификација ја добил како готова и објасни дека тоа вообичаено одело преку нивните претпоставени по некој административен пат, односно Одделението. Наведе дека мисли дека во одлуката за јавна набавка дека биле наведени неговите претпоставени и тоа Началник на Одделението бил Ненад Николовски, а на Одделот или Секторот не знае точно, но мисли дека бил Ѓоко Поповски. Наведе дека со Законот за јавни набавки било предвидено донесување на годишен план врз основа на кој се спроведувале јавните набавки, а Годишниот план можел да претрпи измени кое било предвидено во Законот за јавни набавки доколку имало потреба. Во планот за јавни набавки било предвидено да се внесе

проценетата вредност на предметот на набавка, со тоа што кога се носела Одлуката за јавни набавки во истата средствата се прилагодувале, односно можело да се изменат со проценетата вредност што била во јавната набавка. Наведе дека тој кажал дека има учествувано во изготвување на документацијата за постапката за јавна набавка, не во техничката документација, а претходно немал учествувано во изработка на документацијата за набавка на друго блиндирано возило. Појасни дека се сеќава дека во една од претходните години, не се сеќава точно која година, пред да биде спроведувана предметната јавна набавка имало исто така постапка за јавна набавка за блиндирано возило, но дека не се сеќава дали имал учествувано во таа постапка. Истакна дека не може со сигурност да каже за какво возило се работело во претходната постапка за набавка на блиндирано возило која ја споменал, односно дали се работело за ново или старо возило, но тоа можело да се провери во документацијата што била предмет на таа постапка.

Од исказот на овој сведок јасно произлезе дека пракса било да лицата за контакт требале да ја подготват од технички аспект тендерската документација, а техничката спецификација ја добил како готова и објасни дека тоа вообичаено одело преку нивните претпоставени по некој административен пат, односно Одделението. Притоа истиот како претпоставени кои ја доставиле техничката спецификација ги наведе началникот на Одделението Ненад Николовски и обвинетиот Ѓоко Поповски.

Сведокот Слободанчо Станков во својот исказ наведе дека во 2012-та година, бил вработен во МВР на РМ во Сектор за набавки на материјално технички и логистички работи, Одделение за набавки и материјално технички работи на работно место Виш советник за јавни набавки на храна, односно стоки за исхрана и други стоки за потребите на МВР. Во врска со јавната набавка за блиндираното возило за 2012-та година во МВР наведе дека за започнување на јавна набавка во МВР и согласно Законот за јавни набавки врз основа на одобрени буџетски средства до 31-ви јануари се донесувал план за јавни набавки. Планот за јавни набавки го изготвувала стручната служба на одделението во соработка со началникот на одделението, во соработка со Началник, односно Помошник Министерот и во соработка со Помошник Министерот за финансии, а го донесувал Министерот за внатрешни работи. Во планот за јавни набавки за 2012-та година кој содржел план за набавки на стоки, план за набавки на услуги и план за набавки на работи, а бил образец пропишан од Министерот за финансии се предвидувале финансиски средства врз основа на одобрените буџетски средства за јавни набавки како и видот на постапката за јавна набавка. Според тој план за јавни набавки за 2012-та година била предвидена јавна набавка на блиндирано патничко моторно возило. Тој како дел од стручната

служба добил задача заедно со колегата Сашо Николовски да подготват најпрво одлука за јавна набавка која била исто така образец и требало да содржи податоци кои се напишани во чл.28 од Законот за јавна набавка. Одлуката за јавна набавка ја потпишувало одговорно лице за договорниот орган, или лице овластено од одговорното лице. Појасни дека одговорно лице во МВР е Министерот за внатрешни работи и тој има право да го делегира своето овластување на своите подредени. Во овој случај Министерот за внатрешни работи своето право за донесување на одлука за јавна набавка го делегирал на помошникот Ѓоко Поповски. Наведе дека тој и неговиот колега Сашо Николовски ја изготвиле одлуката за јавна набавка во која бил определен видот на набавката, стоката која била предмет на набавка, износот на средствата кои биле планирани да се потрошат за јавната набавка, комисијата која се задолжувала да ја спроведе постапката и образложение зошто се правела постапка за јавна набавка. Освен тој и колегата Сашо Николовски за предметната јавна набавка бил запознат директно и началникот Ненад Николовски. На одлуката за јавна набавка имало потпис од него, од неговиот колега Сашо Николовски, како изработувачи на одлуката за јавна набавка, а исто така потпис дека ја одобрил содржината на одлуката за јавната набавка ставил и тогашниот Началник Ненад Николовски при што последен потписник било одговорното лице, односно овластеното лице, а тоа бил Помошникот Ѓоко Поповски. По донесување на одлука за јавна набавка се пристапувало кон подготвување на тендерска документација поврзана со предметот за јавна набавка во конкретниот случај блиндирано моторно возило, а тендерската документација ја изработиле тој и неговиот колега Сашо Николовски. Содржината на тендерската документација бил готов темплејт кој го пропишал Министерот за финансии и тој се користел кај сите договорни органи во Република Македонија, со измени во насока на прецизирање и објаснување на предметната набавка. Наведе дека неговото име и името на неговиот колега Сашо Николовски биле дадени како контакт имиња поврзани со постапката за јавна набавка заради поднесување на прашања во врска со набавката или добивање на било какви податоци кои биле поврзани со самата јавна набавка. По донесувањето на тендерската документација, стручната служба во електронскиот систем за јавни набавки објавила оглас за јавна набавка на блиндирано моторно возило. Во тендерската документација постоеле податоци за видот на средството кое се набавувало, во конкретниот случај моторно блиндирано возило со спецификација за квалитетот на блиндираното моторно возило, а по објавувањето на огласот имало временски рок од 40 дена за поднесување на понуди во врска со јавната набавка на заинтересирани понудувачи. Во тој рок од 40 дена заинтересираните понудувачи или економски оператори имале право преку електронскиот систем да поставуваат прашања во врска со постапката, огласот и техничките спецификации на предметната набавка, а во периодот дозволен за поставување на прашања не биле поставени

прашања. Комисијата која била задолжена за спроведување на постапката на денот закажан за јавно отварање на понудите извршила јавно отварање на понудите за што согласно Законот за јавни набавки во готов образец пропишан од Министерот за финансии пополнила податоци за понудувачите, односно понудувачот кој поднел понуда за предметната набавка. Комисијата за јавни набавки понатаму извршила евалуација и изготвила извештај по спроведената постапка со предлог за избор на најповолна понуда. Врз основа на предлогот за избор на најповолна понуда, одговорното лице Помошник Министер за внатрешни работи Ѓоко Поповски донел одлука за избор на најповолна понуда, која тој и неговиот колега Сашо Николовски технички ја подготвиле во согласност со Законот за јавни набавки, а по подготвувањето на Одлуката помошникот ја потпишал истата. По донесување на одлуката за избор на најповолна понуда комисијата испратила известување до најповолниот понудувач за избор на најповолна понуда. По изминување на законскиот рок за жалба и дополнителните рокови бил изготвен Договор за јавна набавка од негова страна и во соработка со неговиот колега Сашо Николовски. Во рокот определен во договорот тој и колегата Сашо Николовски по известување од страна на носителот на набавката Мак Аутостар извршиле првична контрола на понуденото возило кое понатаму било превземено од стручните служби. Појасни дека вообичено во Министерството за внатрешни работи барањата за одредени видови на стоки, услуги и работи доаѓале од стручните служби кои биле крајните корисници на стоките, услугите или работите. За оваа набавка, тој и неговиот колега не ја изработувале техничката спецификација, бидејќи техничките спецификации доаѓале преку нивните претпоставени и претпоставува дека тоа било преку првиот претпоставен Началник на Одделението или пак доаѓале преку интерната пошта на Министерството. Истакна дека спецификацијата техничката служба ја добила како готов производ и била искористена во тендерската документација, но не можел да се сети дали ја добиле лично од началникот или дошла преку пошта.

Од исказот на овој сведок јасно произлезе дека спецификацијата техничката служба ја добила како готов производ и била искористена во тендерската документација но иако не можел да се сети дали ја добиле лично од началникот или дошла преку пошта,основно е дека истиот истакна дека техничките спецификации доаѓале преку нивните претпоставени.

Сведокот Бранко Лапчески наведе дека во 2012-та година бил вработен во МВР Авто сервис, како шеф на возен парк. Во врска со јавната набавка за блиндирано ПМВ во 2012-та година во МВР наведе дека ништо не му е познато за тоа возило, само знае дека му дале карактеристики за да ги провери од Мак Аутостар и од МВР во врска со тоа дали се согласувале карактеристиките што ги барало

Министерството за внатрешни работи од Мак Аутостар понудата.Тие писмени документи за да ги провери му ги дал неговиот претпоставен началникот Влатко Ѓошевски. Наведе дека не бил член на комисија и не учествувал во некаква комисија за конкретната јавна набавка, тој само ја проверувал документацијата само во делот на карактеристиките на возилото и не му е познато кој ги изтотвил тие технички спецификации. Наведе дека тој предметното возило го видел само кога истото стигнало во сервис. Бил лично таму кога стигнало возилото за да ги провери карактеристиките, го проверил возилото и видел дека ги поседува тие карактеристики, односно карактеристиките што ги побарало Министерството за внатрешни работи. Наведе дека при проверката на возилото се сеќава дека приметил дека на возилото гумите биле со застарена година, или 10 000 километри можело со тие гуми да се вози или 3 години, мисли дека биле 3 години, морало да се заменат со нови гуми, а за тоа што го забележал го известил Началникот Влатко, а потоа што се случило не му е познато.

Судот го ценеше исказот и на овој сведок кој меѓу останатото наведе дека не му е познато кој ги изготвил техничките спецификации,меѓутоа истакна дека истиот при проверката на возилото се сеќава дека приметил дека на возилото гумите биле со застарена година, или 10 000 километри можело со тие гуми да се вози или 3 години, мисли дека биле 3 години, и морале да се заменат со нови гуми, а за тоа што го забележал го известил Началникот Влатко, а потоа што се случило не му е познато. Зачудува фактот како е можно да возило за кое е исплатена сума од 35.226.000,00 денари има застарени гуми.

Сведокот Ристо Ставревски наведе дека во 2012-та година бил вработен како Државен советник, Кабинет на Министер во МВР, односно извршувал работни задачи поврзани со следење на регулативата и измените на нормативата поврзани со јавните набавки, организирање на настани од висок степен, организирање на работата на Кабинетот и на Министерот односно дневна, неделна и подготовка на месечна агенда по настани. Во врска со јавната набавка за блиндирано патничко возило во 2012-та година за МВР наведе дека тој бил Претседател на комисијата која што имала задача да ја спроведе постапката за набавка на ова возило, односно комсија ад хок формирана од страна на Министерот за спроведување на постапката. Претходно пред да биде формирана таа Комисија, а со оглед на неговите работни задачи, во неколку наврати сугерирал и упатувал забелешки при креирањето на годишниот план за јавни набавки да биде и набавка на блиндирано моторно возило. Последното негово такво обраќање било после 16.04.2011 година кога во с.Јегуновце, Општина Јегуновце имале непријатен настан односно при вршење на работните задачи тој ден дневна агенда им била средба со граѓани во с.Јегуновце, поточно пред општината биле заедно со тогашниот министер за внатрешни работи и биле нападнати со огнено

оружје, поточно автоматски пушки и со рачен минофрлач така наречен тулумбаш. Тоа била криминална банда која што бегала од полицијата во тој момент при претходно извршен вооружен грабеж и помислиле дека тие им поставиле блокада и ги нападнале. Појасни дека за настанот кој се случил во општина Јегуновце, освен него бил присутен и возачот Горан Младеновски, обезбедувањето, член на обезбедувањето Виктор Белевски и Министерот за внатрешни работи Гордана Јанкулоска. Споменатиот настан бил внесен во книгата за дневни настани при МВР, полициска станица општа надлежност дежурна служба Јегуновце, како и во евиденциите за потрага по лица, во евиденции за украдени предмети, евиденции за пронајдени предмети, евиденции за повреден униформиран полициски службеник при вршење на полициски работи и во евиденција за убиени лица кои се наоѓале и воделе во дежурна служба ПС општа надлежност Јегуновце, Сектор за внатрешни работи Тетово. Појасни дека при тој настан било утврдено дека истиот не бил директно напад на министерот, туку криминалната група претпоставувала дека тие им вршеле полициска блокада и затоа избегнале тој настан да биде пуштен во јавноста, за јавноста да не биде вознемирена без потреба.Во тој момент бидејќи постоело едно блиндирано возило кое било во исправна состојба истото било дадено на користење на странска делегација која според уредбата за обезбедување на лица била од прв степен и тие биле со обично возило, биле приморани да се сокријат во еден од подрумите на околните куќи каде останале подолго од 2 часа, а додека се ослободело блиндираното возило да биде технички проверено да дојде до посоченото место и од таму безбедно да ги извлечи. Во таа престрелка имало едно починато лице и еден повреден полицаец, поради што наредниот ден по тој настан уште еднаш посочил дека имаат потреба итно и неодложно во наредниот годишен план за јавни набавки 2012-та година да биде набавено блиндирано возило. Инаку претходно, пред лично да почувствува што е потребно за да имаат таков вид на возило имале чести поплаки од Одделот за обезбедување при тогашни Централни полициски служби кога се организирале настани со голем број на делегации, а тој бил претседател на работните групи за организација на тие настани, како настанот ЕУ Западен балкан организиран во Охрид, каде биле присутни 7 министри од држави членки на ЕУ, директори на Бирото за јавна безбедност од околните земји и останато. Исто така друг важен настан бил 2013-та година, по негово сеќавање во Скопје и исто така тој бил претседател на работна група за организација на настан како и најобемниот што го имале а тоа бил Самит НАТО 2008-ма година каде уште тогаш позајмувале, односно рентале повеќе од 30 возила за да може да одговорат на барањата на странските делегации. Наведе дека поплаки имало и до одделот по однос на тоа дека возилата кои што се блиндирани во сопственост на МВР биле дотраени, имале чести кварови и се сеќава дека од Одделението за возен парк и механичарски работилници при МВР имале известување дека тогашниот Мерцедес

блиндирано ПМВ не биле во состојба да го одржуваат заради престанок на програмата на производство на резервни делови за истиот. Наведе дека предметната набавка била во годишниот план за јавни набавки 2012-та година, претходно претходела слична таква набавка во 2011-та година која се однесувала на половно блиндирано ПМВ па и во таа комисија тој бил претседател. При испитување на пазарот биле доставени 2 понуди и тоа од операторите Мак Кар и Порше Македонија. По објавувањето на тендерот тројца оператори подигнале документација, а не пристигнала ниту една понуда и поради тоа се поништила таа јавна набавка и не бил избран понудувач. Во меѓувреме и три години бил Претседател на Комисијата за спроведување на јавни набавки која работела по чл.7 од Законот за јавни набавки, односно биле исклучени од транспарентната постапка, поради безбедносни причини. Додека бил Претседател, а заради транспарентност на постапката, сугерирал и учествувал во креирање на упатство за работа на таа комисија поради тоа што во Законот не било и сеуште не е прецизирано како се работи и како се спроведува една постапка по чл.7. После пропаѓањето на тој тендер за половно блиндирано возило сугерирал да одат по чл.7, за кое и сега смета дека е исправно и да се набавело такво возило поради безбедност на државата по тој пат, односно по таа регулатива и норматива од Законот за јавни набавки. Во 2012-та година бил објавен тендерот и била формирана таа ад хок комисија, па повторно му стигнало решение потпишано од Министерот дека тој бил Претседател на истата таа комисија за спроведување на набавка на ново патничко моторно возило блиндирано. Комисијата била составена од 5 члена заедно со претседателот и имале две стручни лица од Одделението за јавни набавки кои што ја воделе постапката и ги упатувале во истата, а тоа биле лицата Слободанчо Станков и Сашо на кого не му го знае презимето. Наведе дека како комисија единствено работеле користејќи комперативен метод на работа, односно сето она што го имале како понуда го споредувале дали одговара технички и финансиски од тоа што го побарувале. При отварање на понудите до нив стигнала само една понуда и тоа од операторот Мак Аутостар Скопје која во целост одговарала и ги задоволувала критериумите кои што ги побарале, а притоа ги поседувале и сертификатите кои што им биле барани од нивна страна како Министерство, по што констатирале дека понудата одговарала технички и финансиски, па изготвиле предлог за склучување на договор со тој оператор, понудувач и затварање на истото. Наведе дека изготвувањето на тендерската документација и техничката спецификација не било обврска и работа на Комисијата, ниту пак било обврска да знае кој ги изготвил, тоа вообичаено го правел крајниот корисник, во конкретниот случај би требало Одделот за обезбедување како краен корисник на возилото. Истакна дека во планот за набавка било ставено едно блиндирано возило бидејќи моменталната потреба и можностите на Министерството биле толкави колку за едно возило. Наведе дека користењето на блиндираните возила било во

зависност од безбедносните потреби на многу личности како од предвидените за обезбедување домашни функционери така и странски функционери, а сето било регулирано нормативно во Уредбата за обезбедување на лица каде точно стоело во чл.4 кои лица се обезбедувале и како се обезбедувале освен Претседател на Влада на РМ, Претседател на Собрание на РМ, Претседател на Р.Македонија, Министер за внатрешни работи, Министер за надворешни работи, заменици Претседатели на Владата, Министер за одбрана, како и по негово мислење странски делегации односно претставници на други држави од прв, втор и трет ранг без четврти ранг и претставници на меѓународни организации од прв и втор степен на обезбедување. Наведе дека не му бил вршен притисок како претседател на Комисијата, а исто така не му бил вршен притисок и во неговото секојдневно работење, дури и во секојдневното физичко гледање со тогашниот Министер за внатрешни работи воопшто предмет на разговор не било тоа. Наведе дека од кога било набавено возилото првично лицата кои што го управувале морале да поминат специфична обука, а по однос на тоа кој го користел возилото наведе дека колку што се сеќава првин било користено за странска делегација од Катар, потоа мисли дека тогашниот претседател на Р.Турција Ерџан Таип Ердоган, а истото секако дека било користено од секого кој имал потреба и кој следствено на нормативата морал да биде обезбедуван во таков вид на специјално возило. Појасни дека имало регулатива, односно дека постоел Правилник за одржување користење и промена и сервисирање на патничките моторни возила и останати специјални возила во МВР каде било уредено во чл.31 дека возило со поминати 150 илјади километри или 5 години поминато од првата регистрација не било во состојба да биде повеќе користено, требало да биде оттуѓено и кога претходно не било ова возило присутно физички тие при посета на високи делегации во државата изнајмувале такви возила за да можело да одговорат на потребата и барањето, односно прв степен на безбедност. Во моментот на набавката на предметното блиндирано возило МВР поседувало едно блиндирано возило Мерцедес кое што било наменето за користење на тогашниот Министер за внатрешни работи, но од 365 дена во годината 100 дена истото било во сервис, а останатиот поголем дел било дадено на користење на Одделението за обезбедување на странски делегации при Одделот за обезбедување, Централни полициски служби. Наведе дека по правило требало да биде во сопственост на МВР возилото кое тогаш било дадено, односно наменето за користење на Претседателот на Владата, но подетално бидејќи не учествувал во гледање и сервисирање на тоа возило не можел да каже ништо повеќе за тоа возило, односно само знае дека тоа возило не ги задоволувало ниту поранешните стандарди за обезбедување на делегација од прв степен. Појасни дека, кога тоа возило било побарувано од Одделот да биде отстапено за да покријат одредена делегација, им било одговарано дека или истото било неисправно, или пак дека не било прифатено од странската делегација,

односно од нивните стручни лица како стандард на безбедност. Крајниот корисник на предметното возило кое било набавено бил Одделот за обезбедување на лица и објекти при тогашни, а сега не постоеле Централни полициски служби при Бирото за јавна безбедност при МВР на РМ и истото останало како сопственост на наведениот субјект заради тоа што министерството ги обучувало лицата кои го управувале и го должеле и се должело на физичко лице односно вработен, така и предметното возило било задолжено од лица кои што биле стручно обучени во седиштето на Мерцедес, а друго лице кое што не било стручно и да сакало не можело да го стартува возилото. Наведе дека министерот за внатрешни работи секојдневно треба да се вози во блиндирано возило.

Судот го ценеше исказот на овој сведок меѓутоа истиот околу предметната набавка на возилото не наведе никакви околности освен дека во врска со јавната набавка за блиндирано патничко возило во 2012-та година за МВР тој бил Претседател на комисијата која што имала задача да ја спроведе постапката за набавка на ова возило, односно комисија ад хок формирана од страна на Министерот за спроведување на постапката, а воедно го потврди неспорниот факт дека била пристигната само една понуда и тоа од операторот Мак Аутостар Скопје. Изготвувањето на тендерската документација и техничката спецификација не било обврска и работа на Комисијата, ниту пак било обврска да знае кој ги изготвил.

Сведокот Ненад Николовски наведе дека до 2-ри месец 2012 година бил вработен во Одделот за организиран криминал при МВР на работно место самостен инспектор за финансиски криминал,а во 2-ри месец 2012-та година бил вработен на работно место Началник на Одделението за јавни набавки и менаџмент при Министерството за внатрешни работи. За предметната јавна набавка на блиндирано ПМВ во 2012-та година во МВР наведе дека како и во претходните години изготвиле Годишен план за јавни набавки во кој била предвидена и набавка на блиндирано моторно возило за потребите на Министерството по кој што план од страна на стручната служба при Министерството задолжена за спроведување на постапки за доделување на договори за јавни набавки, била отпочната постапка за јавна набавка на блиндирано моторно возило, во која тој бил член на Комисијата за јавни набавки и учествувал во постапката за евалуација на понудите, изготвувањето на Извештајот од спроведената постапка и давањето предлог до одговорното лице за избор на најповолна понуда. Наведе дека тендерската документација содржела повеќе елементи кои се однесувале на предметната набавка вклучувајќи и битни елементи по однос техничките спецификации, критериумите за техничка и професионална способност, критериуми за животна средина, стандарди за квалитет, елементи на понуда од тип, рок на важност на понуда, временски период на важност на договор и други битни елементи кои

биле составен дел на тендерската документација. По однос на техничките спецификации во неговата пракса, секогаш во момент на изготвување на Годишен план за јавни набавки за тековната година се земале во предвид барањата на организациските единици доставени во периодот претходно, па врз основа на тоа се сочинувал Годишниот план и сите потребни елементи во истиот од аспект на момент на спроведување на постапката, односно започнување на постапката, предмет на набавка, вид на набавка, законски основ по кој што се спроведувала набавката и проценета вредност на набавката. Објасни дека во пракса стручната служба односно, лицата задолжени за спроведување на постапките согласно Годишниот план за јавни набавки се утврдувале со самото донесување на Годишниот план интерно и истите биле обврзани и должни да ги прибаваат сите потребни елементи вклучувајќи и технички спецификации со цел изработка на конкретна тендерска документација и Одлука за јавна набавка како почеток на секоја постапка за јавна набавка. Во конкретниот случај со оглед дека тој во 2-ри месец 2012-та година дошол на тоа работно место во Одделение за менаџмент и јавни набавки, а Годишниот план бил изготвен во месец јануари истата година, стручната служба го имала изготвено Годишниот план врз основа на претходно издадено барање, па не можел да биде запознат од каде биле добиени техничките спецификации. Појасни дека техничките спецификации за секоја набавка вклучително и предметната се добивале од крајните корисници, баратели во Министерството за внатрешни работи, односно во зависност од тоа каде настанала потребата за набавка, па претпоставува дека бидејќи потребата се однесувала за Одделот за обезбедување при Министерството за внатрешни работи, дека истото се однесувало за нивни потреби од Одделот за обезбедување. Наведе дека според него неспорна била потребата за набавка на такво возило и неговата употреба во рамките на Министерството за внатрешни работи. Со оглед дека возниот парк на Министерството не располагал со доволен број на возила, наменски, кои ќе бидат употребувани за превоз на високи делегации и функционери, за конкретната набавка на ова моторно возило можел да каже само во делот кој се однесувал на неговата стручност, односно Законот за јавни набавки, постапката за јавни набавки, се до склучување на договорот со економскиот оператор за конкретната набавка, а техничките карактеристики на самото возило не биле и не можеле да бидат стручност на службата за јавни набавки. Наведе дека никогаш па дури и во конкретната постапка немал притисоци како и барања по однос на било какво постапување кое би било спротивно на законот и на неговата стручност. За конкретната набавка 2012-та година наведе дека биле подигнати тендерски документации преку електронскиот систем за јавни набавки од страна на повеќе економски оператори со оглед дека мејловите за подигнување на тендерската докуметнација од страна на економските оператори ги добивал како известување на мејлот доделен од Бирото за јавни набавки, но не можел точно да се сети за бројката, но

сепак мисли дека биле повеќе од 7 до 10 економски оператори коишто подигнале тендерска документација пред моментот на јавно отворање на понудите. Појасни дека согласно одредбите од Законот за јавни набавки тендерската документација претставувала еден од најбитните елементи на кој што се базирала предметната набавка, но со оглед дека истата содржела голем број на податоци кои што во голем дел можеле да бидат непроменети, меѓутоа во извесен дел вклучувајки ги битните елементи од истата кои се однесувале на технички специјална професионалност на економските оператори, елементи на понуда, технички спецификации и слично, тендерската документација можела да биде променета од страна на договорниот орган во случај доколку некој од заинтересираните економски оператори за учесто на конкретната набавка се чувствувале дискриминирани од одредени услови предвидени во тендерската документатција и тоа законско право Законот за јавни набавки им го давал се до рокот на отварање на понудите како и доколку одредени елементи од тендерската документација или техничките спецификации биле дискриминаторни за одредени економски оператори, истите економски оператори можеле да поднесат жалба уште во фазата пред јавното отворање. Жалбата која била изречена во постапката по евалуацијата била последниот правен механизам на заштита на правата на економските оператори во постапките за доделување на договори за јавни набавки. Притоа наведе дека од страна на економски оператори во конкретната постапка за јавна набавка не биле побарани никакви измени на ниту еден дел од тендерската документација вклучувајќи ги и техничките спецификации иако за истите биле информирани ниту пак била искористена правната можност за жалба по однос на технички спецификации или по однос на еваулација на понуди со што комисијата предложила на одговорното лице да се донесе Одлука за јавна набавка, односно одлука за избор. Со оглед дека Годишниот план за конкретната набавка бил изготвен пред неговото доаѓање на позиција началник на Одделение за менаџмент и јавни набавки во моментот на неговото доаѓање на тоа работно место во постојниот план за јавни набавки било предвидено јавна набавка за блиндирано моторно возило со процената вредност која што проценета вредност според неговото сеќавање била дополнително изменета на начин согласно Законот за јавни набавки и истата била со проценета вредност од околу 36.000.000,00 денари.Наведе дека сите средства предвидени за конкретната набавка кои биле употребени за истата биле предвидени во Буџетот на МВР во соодветната ставка која што била наменета за овој вид на стоки. Наведе дека вредноста на јавната набавка од нејзината привична проценка била зголемена меѓутоа зголемувањето било во рамките на буџетските средства предвидени за таа набавка.

Судот го ценеше исказот на сведокот кој бил член на комисијата за јавни набавки и истиот во својот исказ зборува за тоа што содржела тендерската документација при што истиот повикувајќи се на Законот за

јавни набавки нагласи дека тендерската документација претставува еден од најбитните елементи на кој што се базирала предметната набавка. Тука судот го ценеше фактот дека дел од тендерската документација се всушност и техничките спецификации според кои се фаворизирал економскиот оператор Мак Аутостар,а сведокот не знаел од каде се добиени техничките спецификации.

Сведокот Антонио Кочовски наведе дека во 2012-та година бил вработен во фирмата Мак Аутостар и дека имал приватна имеил адреса која гласи antonio.kocovski@makautostar.com.mk., а имале и една групна за резервни делови spertmats@makautostar.com.mk. и притоа го објасни пристапот до адресата на електронската пошта при што наведе дека со вклучување на компјутерот се најавувал секој со своето корисничко име и лозинка, но него му била позната лозинката на секој корисник, а понатаму се вклучувал програм мајкрософт аутлук и се отварало личното инбокс сандаче. Во моментите кога бил отсутен службено или на одмор го заменувал колега и тој можел да пристапи до неговото електронско сандаче, како и обратно кога обично истиот колега кој што него го заменува кога е отсутен тогаш тој го заменува него.Освен со неговиот колега кој што го заменува, други лица не ги знаеле нивните лозинки, односно пасворди за пристап. Појасни дека пасвордите биле дадени иницијално од администраторот, а понатаму секој по потреба си го менувал својот пасворд. Наведе дека тој не знае ништо за јавната набавка за блиндирано патничко моторно возило Мерцедес С 600 Гард во 2012-та година бидејќи не бил вклучен во истата. Истакна дека пасвордот, односно влезот во неговото електронско сандаче му го дал само на неговиот колега кој го заменувал и тоа само во моментот кога бил службено отсутен од работа, но притоа наведе дека не може да тврди за тоа дали неговиот колега пасвордот не го дал на никој друг.

Судот поклони верба на исказот на сведокот од причина што тој само го појасни начинот на користење на пасвордот во смисла дека тој освен на колега кој го менува на никој друг не го давал пасвордот и освен него и колегата никој друг не ги знаел нивните лозинки.

Од страна на раководителот на Одделението за Информатика Иван Петров на ден 18.04.2017 година бил изготвен Извештај НСК-КО бр.3/17 од 18.04.2017 со прилог 1-едно CD-R марка Verbatim со натпис ЦД-2 НСК-КО.бр.3/17 и согласно овој извештај истиот е изготвен по наредба НКС КО бр. 3/17 од 13.04.2017 година со која се барало да зе превземе потребо дејствие преснимување на следната листа од аудио материјали
gj_38970401425_38970401462_20120226_213017_In;gj_38970401425_38970401462_20120314_134128_In;

gj_38970401425_38971323999_20120314_185744_In;gj_38970305123_38971268928_20120314_ 191107_ Out; gj_38970401425_38971323999_20120314_191744_Out;gj_38970401425_38970401462_20120710_161506_In;gj_38970401425_38971232752_20120720_142130_In; gj_38970401425_38971323999_20120829_144302_Out. Истите се наоѓаат на електронски преносен хард диск марка Toshiba, црна боја со реистарски броеви DTB320, P/N: HDTB320EK3CA, SN:X4VCTB7MT18B и притоа истите треба да се снимат на ЦД и од негова страна биле превземени дејствија и тоа: наведените аудио материјали заклучно со редниот број 8 и датотеката „Корисници на телефонски броеви" се преснимани и спакувани во ZIP архива со помош на слободната алатка 7-zip, извршено е доделување на лозинка и енкриптирање со методот ZipCrypto на наведената архива со име „НСК-КО.бр.3-17.zip" и навдената архива е снимена на CD-R марка Verbatim, а пртиоа со помош на алатка HashMyFiles е пресметана е Hash вредноста на фајлот „НСК-КО.бр.3-17" во MD5 вредност која изнесува „e5aa193a0c599de980368659985a8248" и во SHA1 вредност која изнесува „9704baaabdd503c7b937870d86af561fd53e9393".

Во текот на постапката како доказ беше извршена презентација на ЦД со телефонски разговори помеѓу повеќе лица, при што се работи за 8 снимки, па така првиот разговор е од 26.02.2012 година, кој започнува во 21:30:17 часот и истиот се води помеѓу обвинетиот Никола Груевски и Гордана Јанкулоска, со бр.gj_38970401425_38970401462_20120226_213017_In, кој разговор е со следната содржина:

ГЈ: Ало

НГ: Ало, Горде шо праиш?

ГЈ: Добро еве малку по дома весници и така...

НГ: За две работи те барам.

ГЈ: Кажете ?

НГ: Она што ми остави ти едни проспекти, ти текнува?

ГЈ: Да, да, да, јас да ви кажам не ви вршев притисок ама...

НГ: Е ...тоа на М...на М...

ГЈ: Е добро океј... а може да ми ги ....

НГ: Да не зборам сеа вака.

ГЈ: Да да, знам знам, точно, ако има шанса да ми го вратите проспектот за да го напраиме ко шо треба, да не утнам нешто.

НГ: Тој ми е тука пред мене, тие другите два не знам кај ми се, ама тебе не ти ни требаат другите.

ГЈ: Ама не ми ни требаат другите шо, хаха тој шо треба е кај вас, ништо у ...

НГ: Да да, ја ги видов сите три пошто овој го одвоив, тој терај го, ќе видиш таму што треба, фул све.

ГЈ: Да де да, па затоа и за да видам попрецизно да биде ко шо треба хахах, пратете ми го вие.

НГ: И битно ми е позади, позади да има екрани, коа се возам со маливе...

ГЈ: Да да да, нема проблем, таму имаше у тој, јас се, се сеќавам и ја го листав, нема проблем тој ќе го напраиме, и ...

НГ: Тука ќе видиш, тој е фул као за, као за тебе што е.

ГЈ: Да де да, не, не, не океј си е таму ...

НГ: ...се знае тоа...

ГЈ: Мислам таму не може да има промашај на, на таа варијанта...хахах

НГ: Да да

ГЈ: Така да супер...

НГ: Така да почни ја постапката, терај ја

ГЈ: Да да да, ние ќе, ќе го напраиме, само вие пуштете ми го назад проспектов, за да...

НГ: Утре го добијаш...

ГЈ: Да, да, да биде ко шо треба работава, сеа да не зборам и ја многу.

НГ: Второ Билјана ми пиша за овија колкави бараат тие 3 до 6 илјади тоа тие казните и дека тој кажал на кол треба да го набијат на плоштад, ако ги прифати нашите.

ГЈ: Ама, он ...

НГ: И ти ми кажа претходно значи.

ГЈ: Јас ви кажав ама он да ви кажам мислам многу некоректно нели по СМС ви пишав многу некоректно беше тоа шо го напраија, пошо ние некни на состанок тоа беше поише колку да нема притисок за да се доврши работава и се договоривме да, да не се кажува ништо посебно чисто, демек еве има дијалог има напредок, он не само шо го кажа тоа на пресот, ај на пресот чоек може и да му отпише демек го зезнале со прашањето, јас после ги читав весниците он текстот им го има дадено, мислам некоректен настап, од нивна страна.

НГ: Некоректен, тоа е.

ГЈ: Оти нели ние за да влеземе во суштински преговори мора текст да му дадеме.

НГ: Затоа ние треба да го изнегираме и да кажеме ништо не е договорено до сега.

ГЈ: Па ние, така и настапуваме уште нема договор.

НГ: Мојот настап беше многу општ, има некој мал напредок, меѓутоа не е ништо готово.

ГЈ: Да де да ама така беше претседателе и некни со нив така беше на состанокот и Теута прилично коректно она прва даде изјава и после он кога почна да збори мислам јас понастрана застанав пошто така бевме договорени демек се одржа средба ова она одиме понатаму, го слушам и не ми, не ми се верува и одма му заврте на Мартин пошто нели оние и по друга основа комуницират, а бе викам чоеков глуп е или не мести нас, пошо стварно беше ...

НГ: Он кажува ако прифати тие суми треба на кол да го набијат, ја и вратив на Билјана викам ние неговите ако ги прифатиме треба сами да се набиеме на плоштад, за да не не набиват после други.

ГЈ: Да да да, ние мислам у, у ниедна фаза не сме рекле нити неговите има шанси да ги прифатиме нити ништо баш на против дека тоа ни е битно прашање и треба да се преговара он се испотепа да каже таму и сеа, сеа баш онака треба да кажеме нека му ја мисли шо мислел.

НГ: Да.

ГЈ: Ништо ...

НГ: Тоа за тие две работи те барав и за, и за лустрацијава Билјана ми кажува многу имало забелешки, Силвана утепана е, у депресија е.

ГЈ: Да многу, многу претседателе ама јас сеа, ја не ја разбирам проблематиката, знаете мислам не се праам дека нешо ептен знам коа не го знам суштински и ги викнавме кај мене дојде Сашо и дојдоа двајца од луѓево шо најдиректно на тоа работат и луѓево вака коа зборуваат многу легитимно звучат забелешкиве, значи они подетално, попрецизно ги кажуваат аргументиве, нели ние коа си збориме политички како тоа сакаме да изгледа си знааеме и ја им го пренесов тоа ама коа почнаа да кажуваат шо све имаат забелешки стварно сериозна е работава и се договоривме потехнички да седнат и ако треба да ги преформулираат некои работи за да после ние видиме дали ни одговара таква формулација, па мислам дека ...

НГ: Океј.

ГЈ: Рекоа со Билјана, они од кај нас и Билјана утре треба да се видат ако

не смениле нешто.

НГ: Да така нешто, да.

ГЈ: Па после ќе видиме, ќе, ќе ви кажеме како стојат работите.

НГ: Добро, добро.

ГЈ: Океј !

НГ: Добро Горде, тие три работи, ајде ...

ГЈ: Добро ќе тераме со ова па сеа, нека му ја мисли овој шо кажал некни на прес.

НГ: Да.

ГЈ: Океј, договорено за другово.

НГ: Океј, ајде чао !

ГЈ: Ајде, поздрав !

Од овој телефонски разговор неспорно произлегува дека обвинетиот Никола Груевски и се јавил на Гордана Јанкулоска и и вели дека проспектот за тоа на „М" е пред него, додека другите проспекти не му требаат затоа што тој го одвоил конкретниот проспект, а таа требало да продолжи со реализација понатаму.Притоа истиот оди дотаму што бара во возилото да има и екрани кога се возел со малите. Дека обвинетиот Никола Груевски пред да биде објавен тендерот го избрал возилото Мерцедес С 600 Гард откако ги разгедал и другите проспекти се гледа и од таму што и вели на Гордана Јанкуловска „Тој ми е тука пред мене, тие другите два не знам кај ми се, ама тебе не ти ни требаат другите" и бара од неа тој да го тера и таа да види таму што треба, фул се. Околноста дека постапката за набавка на предметното моторно возило се држела во тајност се гледа од тоа што обвинетиот Никола Груевски очигледно бил свесен, односно знаел дека тоа што го прават е неисправно,односно незаконски заради што истиот не се осмелувал ни да го спомне возилото со целото име туку во разговорот вели тоа на „М", алудирајќи на Мерцедес. Исто така од овој разговор се утврди дека Гордана Јанкулоска прифатила да ги задоволи желбите на обвинетиот Никола Груевски за набавка на бараното од негова страна патничко моторно возило со сите карактеристики кои што тој ги видел во проспектот, а имал желба возилото да ги поседува и му потврдила дека нема да има проблем, ќе направат да биде тој, алудирајќи на воизлото кое што обвинетиот Никола Груевски побарал да биде набавено. Судот посебно става акцент на фактот дека овој телефонски разговор е воден во месец февруари 2012-та година, што значи истиот е воден уште пред да биде објавен тендерот за набавка на блиндираното ПМВ Мерцедес С 600 Гард.

Вториот разговор е од 14.03.2012 година, кој започнува 13:41:28 часот и се води помеѓу обивнетиот Никола Груевски и Гордана Јанкулоска, со број gj_38970401425_38970401462_20120314_134128_In, а кој разговор е со следната содржина:

ГЈ: Ало !

НГ: Како си ?

ГЈ: Добро претседателе еве сега туку што, збориме за Велија тринаеска.

НГ: Да !

ГЈ: Незнам дали ви јавија ?

НГ: Не, не ми јавија.

ГЈ: Тринаесет за Велија за другиве уште неам податок, ама не е, ќе видиме за нив.

НГ: Како, како реагирал ?

ГЈ: Епа не, пошто вие ми зазвонивте, му прекинав на началникот хахахах ...

НГ: Аааааа така.

ГЈ: Викам ај нема смисла ме бара премиерот, беше ова брејкинг њуз хах.

НГ: Ова со процедурава за набавка наааа, на она што ми испрати ти едни...

ГЈ: Да, да, да веќе ја стаивме у постапка со тоа шо, мислам јас им кажав како треба да испадне, треба само да видам неделава негде требаше да објавиме за да напраиме внимателно, пошо е нели 100 посто електронски да не ни улета некој друг нели треба да има нешто...мислам тој чоекот шо ми е таму е..отворено му кажав да испадне вака и вака сеа, оти не можеш да не му кажеш, а да испадне.

НГ: Да де да да.

ГЈ: Така да он рече добро вика да проучам шо е специфично у однос на другиве за да стесниме простор оти ...

НГ: Да да да...

ГЈ: ... нели на 100 посто електронски, не моеш да речеш, ај слушај ти не чиниш, посебно шо и тие другите чинат нели, сеа...

НГ: Ама истовремено треба да се пази па тој и да не се забораи кога ќе виде како е работата, тој што ќе понуди.

ГЈ: Е па ние нели ја знаеме вака од прошлиот пат рамката, па сега ако забега ако треба и ќе поништиме еднаш па ќе распишеме пак...

НГ: Да, ако забега, да да.

ГЈ: ...сеа не...мислам не може да не дере нели.

НГ: Да да.

ГЈ: Ние ние, добро е шо...

НГ: Ова го примив аааа што го остаи, го видов... вчера и ми го најави тој човекот.

ГЈ: Да да, добро јас сакав и му реков да направи белешка знаете да, да си имаме да сме на чисто.

НГ: Да, да, па тие шо викаш ти што останале работи нека ги пратат кај, кај нас и така, кај Лена.

ГЈ: Океј важи, па јас му реков викам остај ги кај тебе таму у каса негде дур не се договориме, да не ги шетаме оти они знаете, кај нас мислам, без оглед шо максимално дискретно, они мора да напраат од кај е што е... ради нели, да се заштитат со процедура, уште денес ќе ги пратиме у некоја кутија кај Ленче.

НГ: На на на Лена на рака, да.

ГЈ: Да да, океј договорено претседателе.

НГ: Пријатно.

ГЈ: ОК.

Од овој телефонски разговор обавен на ден 14.03.2012 година помеѓу Никола Груевски и Гордана Јанкулоска јасно произлегува дека обвинетиот Никола Груевски се интересира за набавката на возилото па вели :„Ова со процедурата за набавка нааа, на ова што ми испрати ти едно", алудирајќи на возилото кое што сакал да се набави за да истото го користи, кое што впрочем произлегува од претходно водениот разговор помеѓу нив двајцата, при што Гордана Јанкулоска го известува дека го ставиле во постапка, а таа им кажала како треба да испадне и дека е 100% електронски да не им улета некој друг, заради што таа му кажала на човекот што и е таму, отворено му кажала како треба да испадне и му кажува на обвинетиот Никола Груевски дека човекот и рекол дека треба да проучи што е специфично во однос на другите за да се стесни просторот од што јасно произлегува дека навистина станува збор за фаворизирање на еден екомоски оператор а тоа е Мак Аутостар. Таа му потврдува дека ја знаела рамката од прошлиот пат, а ако забега работата, како што наведува таа, алудирајќи на изборот на економскиот оператор кој што се фаворизирал, ако требало и ќе се поништел еднаш, мислејќи на тендерот, па ќе се распишел пак, со што обвинетиот се

согласил. Од овој разговор неспорно произлегува дека обвинетиот Никола Груевски и покрај тоа што знаел дека Гордана Јанкулоска оди до таму дури и да го поништи тендерот и да објави нов, сепак истиот се согласил со тоа, а се со цел да се набави возилото за кое што истиот изразил желба.

Третиот телефонски разговор е од 14.03.2012 година, кој започнува во 18:57:44 часот и се води помеѓу Кирил Божиновски и Гордана Јанкулоска, со број gj_38970401425_38971323999_20120314_185744_In, кој разговор е со следната содржина

ГЈ: Да !

КБ: Како си шефице ?

ГЈ: Добро, благодарам на прашањето. Ти шо праиш ?

КБ: Како иде, се е под контрола ?

ГЈ: Мора да биде бе Кире.

КБ: Да де да, да.

ГЈ: Кај сме да не е.

КБ: Како со, со, со допирот се унапредија работите ?

ГЈ: Добро е ќе, види, мислам уште има онака болки ама ќе помине сеа знаеш тоа најлошото помина.

КБ: Еее, океј !

ГЈ: Сеа треба време.

КБ: Горде...

ГЈ: Ти шо праиш ?

КБ: Добро бе добро еве седнавме со мене, кај мене со, со Спире, Влајко и Дејан ја тераме ова со локалниве...

ГЈ: Аха...

КБ: Битола уше ни остана така, две третини и планираме денеска да го испукаме и тоа е.

ГЈ: Епа добро ја треба да ги свикам мојава група ама мислев некаде може петок попладне ако ти одговара да поминат овие Филе Миле...

КБ: Да.

ГЈ: Ја иам еден куп министри за внатрешни сега овие два дена.

КБ: Кога сакаш ?

ГЈ: Да ги испратам. Епа мислев да ги испратам иам шест седум министри за внатрешни од регионов ми се на конференција утре и задутре.

КБ: Да.

ГЈ: Да завршам со нив и петок мислев да седнеме со мојава група и да завршиме...

КБ: Важи.

ГЈ: ...и да имаме архивирано. Ја добив...

КБ: И таман за недела да биде готово тоа шефот шо ни пиша.

ГЈ: Да бе да, па фактички готово и је тоа, знаеш, ние со самите извештаи шо ги креираме тоа е тоа.

КБ: Да.

ГЈ: Едино може да ми се извади нешто како преглед.

КБ: Да.

ГЈ: Да, да речеме, по секоја општина толку и толку, да види и како вкупна бројка, оти знаеш сеа, ние сите...

КБ: Да.

ГЈ: Посебно си работиме.

КБ: Да да да, да може.

ГЈ: Може бе секретаре. Ти, ти шо праиш ?

КБ: ...ќе ми јавиш кога ќе ти одговара и така.

ГЈ: Па мислев јас кај петок негде, утре нели...

КБ: Важи.

ГЈ: И Филе и мене ми се министриве, ти не си бил тука затоа и не, не ти ни досаѓав вчера ми рекоа на пат си бил.

КБ: Да да да вчера се вратив, да. Океј...

ГЈ: Така да неделава да го завршиме.

КБ: Важи важи. Ааа и уше една работа ми спомна чоекеот за, за блиндата.

ГЈ: Добро.

КБ: Знаеш така ?

ГЈ: Да бе да.

КБ: Да е, коа ќе аааа, коа ќе дојде у фаза нааа, на вакво нааа, потпис или објавување или така натака дааа, да ми алармираш за да се видам со чоекот таму.

ГЈ: Е па ај да им кажам, пошо јас не ги потпишувам тие, кај мене си има посебен сектор мислам...

КБ: Да де знам знам.

ГЈ: Ја не се, ја не се занимавам со пари и со набавки.

КБ: Да.

ГЈ: Да им кажам да ми јават луѓево од кај мене.

КБ: Нека ти јават кога ќе биде у фаза на распишуење или нешо така да го викнам тој да...

ГЈ: Не у фаза на распишуење би требало ...(нејасно)... можда и више и распишан тендерот, треба да прашам кај помошникот министер.

КБ: Ќе го прашаш, па кажи ми.

ГЈ: А, но таму треба да видам колку дена е нели тоа, ја да ти кажам Кире ич не се занимавам со такви работи така да не ме ни занима...

КБ: Да.

ГЈ: Таму ваљда сеа треба нели, колку е пеес два дена тоа рокот.

КБ: Да.

ГЈ: И после електронска овакво аукција е.

КБ: Да де она со триаголникот ќе биде така ?

ГЈ: Шо викаш ?

КБ: Со триаголникот ќе биде ?

ГЈ: Да бе да.

КБ: Да

ГЈ: Па ваљда сеа, мислам ние го праиме така да биде (се смее).

КБ: Да.

ГЈ: Освен ако не се избаци некој со дупло помала цена пошо е сто посто знаеш.

КБ: Епа добро.

ГЈ: Па, па да не зезне да неаме каде, знаеш нема таму, немаш маневарски простор (се смее). Само мис...

КБ: Да, ама не неможе, штом е така наведено знаеш неможе друг да, да

излезе.

ГЈ: Абе види, девеес пет посто ние мислиме дека така ќе биде, е сеа стално може да, да улета овие од конкурентскава фирма.

КБ: Да да.

ГЈ: Пошо реално и тие се ист квалитет, нема нешо разлика у квалитетот само е друг бренд.

КБ: Така така така, океј.

ГЈ: Мада не би требало да има проблеми.

КБ: Провери само утре ако не ти е тешко, кажи ми да знам ја у која фаза да го викнам, знаеш дали е време дали допрва треба и така

ГЈ: Добро бе Кире за тебе.

КБ: И, и исто, и исто така нешо ми спомињаа дека кај вас ќе има вака поголема тура на исто така на тркала.

ГЈ: Да бе да, ние ќе набавуваме сто пеесет возила.

КБ: Е па...

ГЈ: Исто електронска аукција.

КБ: Да.

ГЈ: Ни ме интересира кој ќе победи, мене ме интересира од најниската цена да добијам пеес посто пониска.

КБ: Епа да де да.

ГЈ: Само тоа ме интересира и ние им вршиме максимален притисок со закани, со кривични, со све живо...

КБ: Да.

ГЈ: Денар ако ми украдеш готов си идеш у затвор. Мене ми е битно МВР да профитира.

КБ: Да де да да, ама знаеш и тие шо ќе, со кои шо ќе профитираш, да профитирам и јас. (се смее)

ГЈ: Не добро...

КБ: Тоа.

ГЈ: Само ја ти кажувам дека кај нас се под страшни закани од овој аспект.

КБ: Аха.

ГЈ: Така да мислам да пазиш на вордингот да не те пријави некој. (се смее)

КБ: Да.

ГЈ: Ме разбираш ? (се смее)

КБ: Да де да да.

ГЈ: Оти мислам јас знам шо ти е тебе муабетот, ама чисто да, да го имаш ова, пошо ние сме малку по специфична институција и со нас страв ги фаќа.

КБ: Да да да.

ГЈ: Посебно ко шо вака мене ме бие глас ко будала малку (се смее) да, да не напише некој пријава за КБ. (се смее)

КБ: Да, лицето КБ, да.

ГЈ: Да лицето КБ ми се обрати...

КБ: На тој и тој ден ме повика...

ГЈ: И ме повика со зборовите тие и тие.

КБ: Во неговите простории и ...

ГЈ: Ќе ќе ти кажам да знаеш и да, мислам ти ќе си процениш како да настапиш...

КБ: Да, да.

ГЈ: ...ќе ти кажам со време да си у тек за чисто да имаш у предвид ако некој ти се праи...

КБ: Да, да, да.

ГЈ: ...ја ова она, да знаеш шо е причината да не мислиш нешо те вози...

КБ: Да.

ГЈ: ...него се под страшен притисок со нас коа работат.

КБ: Па за тоа знаеш, мислам дека таму е најдобро, во таа фаза коа ќе биде веќе извесно кој како, зависно од тоа нели и законски кој исполнува овакво и пред, пред да се официјализира тоа со потпишување.

ГЈ: Види кај нас мислам вака како шо го праиме ние, прилично е извесно за првава работа, значи ние го праиме за да биде извесно.

КБ: Аха.

ГЈ: А за вторава...

КБ: ...(нејасно)...

ГЈ: За овие шо се сто пеес возила, таму па го праиме за да биде неизвесно за да спуштаат повеќе цена.

КБ: Аааха, аха, аха, аха.

ГЈ: Сфаќаш пошо нема сега квалитет критериум, сто посто електронска аукција.

КБ: Не има квалитет ама тоа зависи колкав ќе е процент.

ГЈ: Не не ставаме ние квалитет, нула проценти.

КБ: Само цена ?

ГЈ: Само цена е кај нас.

КБ: Шо збориш !

ГЈ: Сто посто све е електронски.

КБ: Чекај бе па ако ви...

ГЈ: Иначе...

КБ: Ако ви даат нешто, некој таму француски ааа гомна ?

ГЈ: Нека даат, само цена нас не интересира.

КБ: Епа добро.

ГЈ: Кире, ние проблем со буџетот иаме, мислам ја коа зборам на Влада, вие се заебавате со мене. Ние кажуваме мотор толку и толку, четири врати, знаеш мислам за да не ти даат од хартија кола.

КБ: Да де да, да.

ГЈ: (се смее) ...ти даат картонска кутија со тркалца.

КБ: Да бе да да.

ГЈ: Така да не би требало да има ризик, ќе ти кажам ја нема гајле.

КБ: Ќе ми кажеш кога ќе дојде фаза да.

ГЈ: Па ти ќе си процениш, како што кога.

КБ: Да де кој се, како се, да да.

ГЈ: Добро бе секретаре !

КБ: Океј шефице !

ГЈ: Ок !

КБ: Се слушаме, се гледаме !

ГЈ: Ајде !

КБ: Чао чао !

ГЈ: Ајде чао !

Од содржината на овој телефонски разговор обавен на ден 14.03.2012 година помеѓу Гордана Јанкулоска и Кирил Божиновски произлегува дека и Кирил Божиновски бил запознат за набавката на ПМВ и побарал од Гордана Јанкулоска да му каже кога е објавувањето на огласот, а таа му вели дека за тоа ќе го праша помошник министерот, мислејќи на обвинетиот Ѓоко Поповски со оглед дека неспорен факт е дека во тоа време тој бил помошник министер за јавни набавки во МВР, бидејќи таа не ги потпишувала тие акти туку си имало посебен сектор во МВР. Од овој разговор произлезе дека и Кирил Божиновски исто како и обвинетиот Никола Груевски не ја споменува марката на возилото туку го употребува зборот „триаголникот" што секако асоцира на знакот на ПМВ Мерцедес и кога истиот ја прашува Гордана Јанкулоска „со триаголникот ќе биде?", таа му одговара:„Да бе да" и во продолжение вели „па ваљда сеа мислам ние го правиме така да биде" зборувајќи дека таму немало маневарски простор некој да ги зезне, а самиот Кирил Божиновски истакнува дека штом е така наведено не може друг да излезе.Од овој разговор исто така може да се утврди дека набавката на ова возило била држена во тајност, а освен тоа може да се заклучи дека и пред да биде отпочната постапката тие веќе биле одлучени за набавка на Мерцедесот па постапката се терала така за да успее економскиот оператор Мак Аутостар.

Четвриот разговор е исто така од 14.03.2012 година, а кој телефонски разговор започнува во 19:11:07 часот и се води помеѓу Гордана Јанкулоска и обвинетиот Ѓоко Поповски, со број gj_38970305123_38971268928_20120314_ 191107_ Out, и истиот е со следната содржина:

ЃП: Ало министерке !

ГЈ: Ѓоко шо праиш ?

ЃП: Добро вечер, добро еве некои вести гледам и така.

ГЈ: Ааа така Ѓоко абе...

ЃП: Повелете.

ГЈ: Абе не сме се слушнале.

ЃП: Да.

ГЈ: Шо направивте со коливе ?

ЃП: Министерке еве јас знам дека сте многу зафатени и несакам да ви досаѓам. Знаете шо се случува, нели ние правевме муабет и во начело договаравме дека тоа би требало да бидат Шкодите аааа кажи го Октавија четири по четири се сложивме сите тие работи. Меѓутоа,

наеднаш ....

ГЈ: Добро немора шкода, ама...

ЃП: Не мора меѓутоа така одевме, квалитет, цена...

ГЈ: Таков тип на возило.

ЃП: Ете така. Меѓутоа добивме некои си информации дека фабрикава на Шкода неможе да одговори до крајот на годината.

ГЈ: Ама добро ние не може Шкода да ја чекаме, може Опел ќе одговори, може Форд ќе одговори.

ЃП: Океј, тоа сакав да ви кажам, нем... Опел немаат, Форд немаат, ааа ммм, ја значи сум, нон стоп сум во, со моиве во тек со тоа. Е сега, ааа јас ги...

ГЈ: Епа да напраиме, за да имаат, сеа знаеш да напраиме спецификација кај шо секој може да се вклопи и Шкода и Опел и Форд и Рено и Цитроен и што знам таму кој све.

ЃП: Е вака, ако одевме на обичните возила без четири по четири погон тука веќе ќе се доведевме во онаа ситуација ако ви текнува кога дискутиравме дека е можно неквалитетните брендови да ни влезат со цената, бидејќи сто посто е цена нели и затоа ние инсистиравме на четири по четири, ааа ааа оставив еден ден и вчера ааа добивме информација дека како четири по четири може да се појават аааа Сеат има четири по четири, Субару има четири по четири, има Шкода Суперб четири по четири.

ГЈ: Добро ама тие Суперб се малку поскапи ми се чини, мислам супер се ама ...

ЃП: Некаде се околку, 24.000 евра е таа.

ГЈ: Види...

ЃП: Вака во продажба, зборот ми е, за нас сигурно не е таа цена.

ГЈ: Да де да, види они нека си се преслушаат, ние...

ЃП: Ама тоа они ќе се борат.

ГЈ: Да де ние ако може за истите пари дааа да зееме подобра кола тоа е идеална работа.

ЃП: Ние сигурно по ниска цена ќе добиеме од тоа, значи тоа ќе си се борат.

ГЈ: Па затоа ти викам и реално мислам Шко...Шкода Суперб е многу подобра да речеме од Пасатве шо ги имаме.

ЃП: Тоа е инзванредна, тоа е инзванредна кола.

ГЈ: Ама ние не можеме Шкода да ја фаворизираме, знаеш.

ЃП: Апсолутно се слагам, меѓутоа сакам да кажам, знаете зашо подзастанав, нели она ако ги, ако го, идевме на еден шест мотор послаб и да не е погонот четири по четири, ќе ни влезеа и Дачија, ќе ни влезеа и Хјундаи, ќе ни влезеа и Кија, кореанцине, сфаќате.

ГЈ: Да де да !

ЃП: И затоа јас чекав еден ден. Е сега, аааа, кога ги добивме, оваја информација дека овие ги имаат четири по четири значи, има голфови караван четири по четири кои шо се големина на шкодата.

ГЈ: Знаеш шо ми е идејата Ѓоко значи, океј праевме шо праевме анализи колку шо може побрзо да распишеме, зошо знаеш дека ако до јуни немаме завршено ќе ни ги земат парите со ребаланс.

ЃП: Иднава недела ги распишуеме, тоа сакав да ви докажам.

ГЈ: Ае добро.

ЃП: И сега значи веќе вакво и во текот на идната недела распишуваме, а што се однесува околу блиндираното.

ГЈ: Аха !

ЃП: Па чекам, аааа нели што праевме муабет, да биде, ама тоа да биде...

ГЈ: Да бе да. Да не ја утнеме таму работата.

ЃП: Денеска се враќа од пат и утре ќе ми испрати по меил спецификација за да ја нагодиме да се знае како ќе ја водиме.

ГЈ: Да де да. Ама слушај некако сеа и тие да не забегаат со цената.

ЃП: Аааа, одиме наааа, одиме да биде без дополнителна опрема, бидејќи сама по себе е она преполна со опрема.

ГЈ: Да де да мислам, незнам шо е, шо има дополнително таа кола шо нема.

ЃП: Преполно е со опрема така што навистина, тоа е таа, тоа е тоа.

ГЈ: Таму е све дополнително, нема шо нема у колата.

ЃП: Да де да, па затоа се вика....

ГЈ: Едино знаеш шо може, мислам дека за оваа намена, нас шо ни треба аааа од дополнителна опрема, незнам тоа може па и си го има сериски, ааааа на задното седиште да има телевизорче за вести, за такви работи.

ЃП: Океј. Не е ..... ќе видиме.

ГЈ: Тоа може од дополнителна опрема. Оти мислам за ова нас шо ни треба тоа е корисно.

ЃП: Готово, готово ќе го стаам тоа ќе го имам на ум.

ГЈ: Другото све има, знаеш.

ЃП: Да бидејќи он ми рече дека во спецификацијата за возилото ќе ви испратам и спецификација на дополнителна опрема со цена, па вие вика одлучете се што од тоа ви треба.

ГЈ: Епа добро ние...

ЃП: Значи он е на од..., на пат до денеска вечер утре ќе ми испрати и може јас да ви покажам само еве што е дополнително со цена.

ГЈ: Епа. Да де да и да видиме со што одиме со шо не одиме.

ЃП: Ете така.

ГЈ: Ама фактички тоа би значело, ако во текот на наредната недела, оти нас ни е валидно.

ЃП: Така што паралелно и тоа ќе го објавиме идната.

ГЈ: Коа, валидно е за рокот коа ќе излезе на електронсково така ?

ЃП: Да.

ГЈ: Оти сега е сто посто електронски, мора на системот.

ЃП: Така.

ГЈ: Да речеме во теков на иднава недела ако искочи, колку е рокот таму, пеес два дена?

ЃП: Пеес два дена.

ГЈ: Фактички би било тоа опцијата за месец и пол негде.

ЃП: Па толку министерке да толку е, бидејќи они ќе ги дадат понудите, нели отвараме, па после тоа си има аукцијата и тие ги спуштаат цените тогаш.

ГЈ: Да де да, ама добро аукцијата е фактички финалниот момент тој ена...

ЃП: Крајот.

ГЈ: Тој е на пеес два дена така, а они у меѓувреме нека даваат понуди.

ЃП: Крајот и после тоа имаме, да и после тоа имаме период уште од нови плус осум дена периодот за жалби ништо повеќе.

ГЈ: Да да и после ...

ЃП: Значи шеесет дена, реално.

ГЈ: Ние ќе гледаме да, некако да ги притиснеме испораката да биде колку шо може побрзо, а плаќањето колку шо може подоцна.

ЃП: Па тоа така и ќе биде (се смее) затоа...

ГЈ: (се смее) Мислам, тоа по наше така оди.

ЃП: Значи за тоа без збор, така ќе биде, значи иднава недела...

ГЈ: Ама така да си ставиме таргет.

ЃП: Паралелно и тоа и тоа распишуваме.

ГЈ: Иднава недела да излезе огласов.

ЃП: Да да да, без збор, без збор само ради тоа...

ГЈ: Сеа не е проблем, ако е, ако не е вторник ако е среда, ама да имаме чиста слика.

ЃП: Важно ќе биде идна недела крај, мислам ви ветувам.

ГЈ: А со униформите шо направивте ?

ЃП: Исто се работи, се работи и тоа ќе биде, тоа му е приоритет дадено, ова само подзастанавме малце ради тие информации.

ГЈ: Добро океј, добро Ѓоко.

ЃП: Значи се работат униформите, без збор се работи ќе објавуваме и тоа.

ГЈ: Океј важи, фала ти Ѓоко.

ЃП: Океј !

ГЈ: Ајде, поздрав !

ЃП: Ајде !

ГЈ: Чао !

ЃП: Чао, поздрав !

Од овој телефонски разговор обавен на ден 14.03.2012 година помеѓу обвинетиот Ѓоко Поповски и Гордана Јанкулоска јасно произлегува дека обвинетиот Ѓоко Поповски бил запознат за предметната набавка и текот на спроведување на истата, како и тоа дека бил договорен со Гордана Јанкулоска за тоа кои дејствија истиот требал да ги превземе за да успешно се реализира целата постапка околу набавка на предметното возило. Имено, тој и кажува на Гордана Јанкулоска дека како што се договориле требало и така да биде, при што таа му вели да не ја утнат таму работата, а истиот и објаснува дека очекува по електронска пошта да му ја испратат спецификацијата, да ја нагодат. Во овој телефонски разговор повторно се става акцент на опремата на блиндираното патничко возило кое што требало да се

набави, односно дека потребно е истото да има телевизорче на задното седиште.

Петтиот разговор е исто така од 14.03.2012 година, а кој телефонски разговор започнува во 19:17:44 часот и се води помеѓу Гордана Јанкулоска и Кирил Божиновски, со број gj_38970401425_38971323999_20120314_191744_Out, и истиот е со следната содржина:

КБ: Ало !

ГЈ: Ало, секретаре шо праиш ?

КБ: Добро бе, еве евалуираме.

ГЈ: Арен си ?

КБ: Арен бе арен...

ГЈ: Јас одма задачата шо ми ја даде ја завршив, значи Кире, ние во текот на наредната недела ќе видиме дали вторник или среда ќе ги распишиме двата, пошо за ова чекаме од тој таму шо треба да ни каже што да пишеме за да испадне ко шо сакаме, ааа значи следната недела вторник или среда и пошто е сто посто електронски и сто посто цена рачунај дека пеес два дена колку е таму и тогаш ќе биде аукцијата практично негде за месец и пол јас ќе можам да ти кажам...

КБ: Да.

ГЈ: Да имаме, они знаеш у меѓувреме ќе подигаат тендерска документација.

КБ: Да.

ГЈ: Ова она, ја можам да ти кажам кој има интерес, ама нема да можеме точно да знаеме кои ќе се пријави од нив.

КБ: Така.

ГЈ: Пошо ние малку и по специфични бараме...

КБ: Да де да.

ГЈ: ...сеа ми кажаа четри пута четри сме барале.

КБ: Аха, теренци?

ГЈ: Не не теренци патнички, ама со погон на четири тркала.

КБ: Аха аха.

ГЈ: Пошо знаеш сеа не можеме ние со Тико да ги бркаме криминалциве.

КБ: Да де, да, си има некој, некое ниво има да.

ГЈ: Малку глупо е, има стандарди мора да има пак некој мотор не ко на Влатко Голфот.

КБ: Да де, да.

ГЈ:Знаеш од надвор е убав, а осумдес коња е.

КБ: Да де може да го брка и слично.

ГЈ: Да де да значи тие работи нас ни требаше малку време да расчистиме со нашиве, што всушност ни треба, го расчистиле тоа и сеа следнава недела некој ден вторник среда ќе се распише, мислам тебе не ти менува тоа ништо.

КБ: Да, да.

ГЈ: Сакам да ти кажам има простор уште месец и нешто нема да има...

КБ: Месец и нешо доека дое у фаза, а бе види знаеш ние коа практично треба да се видиме у она фаза кога ќе се направи евалуација на понудите и кога ќе се даде препорака до незнам кој таму кај вас е одговорен да потпише, да направи избор и да потпише договор, е тогаш во тој меѓу период треба да се седне тој шо е известен...

ГЈ: Да де да, види, па мислам дека они фактички нели коа е отварањето на понудите одма е аукцијата и тогаш...

КБ: Да. Не, не. Отварање на понуди е па после се чека некои два три дена и после се закажува...

ГЈ: Да, де да и после нели намалуват суми.

КБ: Да, да.

ГЈ: И ние тогаш прво ќе знаеме кој влегле у најтесен круг.

КБ: Е тоа е.

ГЈ: Оти реално сега, шо знам Дачиа може нема четри пута четри.

КБ: Да да да да.

ГЈ: Така да, еден добар дел на производители по основ на спецификација може да отпаднат, но секако најголемиот дел овие шо се по нормални марки, би требало да влезат и тоаш ќе имаме една пре, прелиминарна листа па ќе ти сигнализирам ја па ти после...

КБ: Важи, важи.

ГЈ: Види како што, а за другово мислам таму е фактички таму е извесно кој ќе биде.

КБ: Да, де тоа може и одма уште крај на следна недела.

ГЈ: Тоа што се вика може одма коа ќе излезе некако да, да се направи

муабетот, оти ние, ние де факто со тој шо ќе биде... заедно праиме гимнастика за да биде.

КБ: Да, де да, да.

ГЈ: Мислам, не можеш таа работа да ја завршиш ако не му кажеш дека имаш таква идеа.

КБ: Само ја ќе пазам со него да не се залета...

ГЈ: Епа знаеш, тоа е јас сакав да ти сугерирам...он знае...

КБ: Знаеш пошо он знае дека е он, знае дека мене треба да ми заврши работа и сеа да не отиде, знаеш.

ГЈ: ... и ќе отиде колку три да сме купиле, мислам ние...

КБ: Да, не ја ќе му кажам, ти ја знаеме тебе вакво да знаеш и ние треба да идеме...

ГЈ: Не ама ние му направивме финта, ние прво му побаравме индикативна цена, чисто од прилика некоаш ако ни треба и он ни кажа колку кошта.

КБ: Епа ја ќе му речам не моеш да идеш над тоа.

ГЈ: Е сеа, на пример може да е.... пет посто плус ама не може да е пеес посто плус, ме разбираш ?

КБ: Не ја ќе му кажам од таа индикативната, идеме надоле, ме разбираш ?

ГЈ: И башка он секогаш и покрај тоа шо да речеме е он, мора да знае дека овие другиве јаки брендови може да му улетаат.

КБ: Да, плус тоа за да го држиме...

ГЈ: Оти тие се кастм меид, знаеш ти све ќе пишеш шо сакаш да пишеш и на крај овој другиов ќе рече добро бе иам и ја така и ќе вгради, ќе направи тоа што бараш.

КБ: Аха, аха.

ГЈ: Тие се прават по нарачка не е нешо да отидеш у салон да си купиш.

КБ: Да де да, а и ги исполнуват овие трите, двете трите најмоќни ги исполнуват истите...

ГЈ: Еее па тие може у некои вака освен репутациски у некои сегменти подобри да се...

КБ: Да.

ГЈ: Знаеш оние се мртва трка е меѓу нив.

КБ: Да де, оној особено оној со тркалцана што е знаеш.

ГЈ: Да де, да сеа знаеш ние збориме ко кој знае каква разлика да има, ама у суштина е прашање на вкус овдека не е прашање на квалитет.

КБ: Така е.

ГЈ: Ние така се договоривме да биде ова.

КБ: Така е, така е.

ГЈ: Иначе, мислам дека било кој од тие другите два бренда у однос на квалитет нема, не е ништо подоле...

КБ: Така, така, така океј, океј.

ГЈ: Ок, битно јас ќе ти сигнализирам па ти.. процени како шо.

КБ: Важи шефице.

ГЈ: Ок ајде.

КБ: Важи шефице фала ти.

ГЈ: Ај чао.

КБ: Чао, чао.

Од наведениот телефонски разговор воден помеѓу Кирил Божиновски и Гордана Јанкулоска неспорно е дека тие двајцата повторно телефонски комуницирале на ден 14.03.2012 година околу набавката на предметното возило и притоа Гордана Јанкулоска му кажува на Кирил Божиноски дека чекале да им кажат што да напишат за да испадне како што сакале и дека било извесно и договорено кој економски оператор ќе биде избран за блиндираното моторно возило. Од ова неспорно произлегува дека во постапката за јавна набавка на блиндираното патничко моторно возило Мерцедес 600 С Гард бил фаворизиран економскиот оператор Мак Аутостар преку кој е и спроведена предметната постапка. Имено, Гордана Јанкулоска му кажува на Кирил Божиновски дека дадената задача е завршена и дека огласот за јавна набавка ќе биде распишан откако ќе им биде кажано што треба да се напише за да испадне како што сакале. Околноста дека требало да биде задоволена изразената желба на тогашниот премиер на Владата на РМ, сега обвинетиот Никола Груевски за набавка на блиндирано ПМВ марка Мерцедес, судот ја утврди и од овој разговор и тоа од делот каде што Кирил Божиновски и вели на Гордана Јанкулоска дека сите три најмоќни бренда на возила ги исполнувале условите, а Јанкулоска дури и му вели: „па тие може у некои вака освен репутациски у некои сегменти подобри да се..." , се мисли на останатите две марки на возила од кои едното неспорно е Ауди имајќи во предвид дека во

понатамошниот дел на разговорот Кирил и вели на Гордана : „оној особено со тркалцана што е знаеш", по што таа несомнено наведува дека се работи за вкус во конкретниот случај, а не за квалитет, како и дека лично нејзино мислење дека било кој од другите два бренда во однос на квалитет не е ништо подоле од бараната марка на возило.

Шестиот разговор е воден на 10.07.2012 година помеѓу обвинетиот Никола Груевски и Гордана Јанкулоска и истиот започнува во 16:15:06 часот, а е со број gj_38970401425_38970401462_20120710_161506_In, и со следната содржина:

ГЈ: Ало !

НГ: Горде здраво, шо праиш ?

ГЈ: Здраво, добро еве на работа...со обврски вообичаено.

НГ: За ова се јавувам шо ми пиша.

ГЈ: Аха.

НГ: До локалните ние нема да објавуваме дека го презимаме возилото...

ГЈ: Епа, добро.

НГ: ... туку ќе, ќе глумиме дека е на МВР и вие ќе си го користите за коа ќе ви доаѓа некој познат ова она, ќе го, ќе го користите, а ние ќе го користиме само коа ќе одам на пат или, или коа имам дестинации кајшто не ме чекаат новинари.

ГЈ: Нема проблем претседателе, јас пошо...

НГ: Така да заради тоа ќе, ќе, заради тоа ќе го задржиме и старото, бидејќи ќе комбинираме.

ГЈ: Да да добро, нема проблем.

НГ: Таму, кај што на пример ...(нејасно)...ме чекаат куп новинари ќе си одам со старото.

ГЈ: Да де да.

НГ: Или ако е, или ако е на пат ќе си одам со новото, а некаде таму ќе се пребацам у друго и така, до локални, после локални ќе смислиме некој начин ќе објавиме дека, ааа сме го превземале од МВР и дека од сега...бидејќи 20 години више ќе направи претходното и дека сме го превземале тоа и така...

ГЈ: Добро нема проблем јас пошо нели мислам веќе се заврши све ...

НГ: Така да, до локални нека си биде на вас, на ваше како се вика тоа...

ГЈ: Не, ако може и после да си биде на МВР возилото, значи нема

никаков проблем.

НГ: Нека си биде, добро.

ГЈ: Значи сопственик си е МВР нема никаков проблем, у принцип мислам кај нас се задолжува возило на име нели за, да си внимава некој на него, не го оставаме така.

НГ: Ама ако го задолжиме на Мац па после да не се дознае, м?

ГЈ: Па... мислам дознавањето е тоа некој надвор ако види иначе нема друго дознавање, мислам нема проблем ни вака ќе си биде задолжено на овој Влатко шо ми е од возен парк па кога треба ќе си го земе Марјан со патен налог.

НГ: Е па и на Влатко, може ли на неколку да се задолжи?

ГЈ: Не само на едно лице може, оти ...

НГ: Е па на Влатко од возен парк задолжи го.

ГЈ: Пошо он е нели началник...

НГ: Кажи му, кажи му дека многу често ќе го користиме и ние и секогаш ко ќе ни треба да ни го дава.

ГЈ: Да, да, да, го знаете Влатко некни шо ме прашавте за него, тој е ептен е океј дечково, мислам нема проблем ...

НГ: Тоа кажи му ти, секогаш коа ќе ни треба, Мацко и тој другиот како се викаше Аце, двајца се...

ГЈ: Да де да...

НГ: Коа ќе го побараат да ни го даат...

ГЈ: Не е проблем, јас ќе го викнам Влатко, ќе, ќе се договорам со него, јас сакав прво со вас да знаете до кај е, шо е работава, пошо нели скроз ја завршивме, да, да знаете дека се е во ред па после понатаму, мислам во, со ваква комбинација практично нас и не би ни било нешо многу битно тоа другото возило, мене ми беше нели пошо, коа ни доаѓаат на пример, премиер кога доаѓа ние мора да обезбедиме прв степен, е сеа Васе ќе ни го измени за 300 евра на ден.

НГ: Не, не до локални, до локални ова ќе си го користите и за премиер и за се да види народ дека, дека го користите.

ГЈ: Да де да, затоа викам ... со ваква комбинација вториот дел од пораката практично неважи.

НГ: Да.

ГЈ: Па после коа ќе дојде време ќе се дого....

НГ: Не не, ама сега кога ќе дојде премиер, претседател овоа новото ќе го користиме

ГЈ: Да бе да, па затоа викам со, со ваков договор ...

НГ: Да

ГЈ: Нас нема да ни треба старово возило коа може ново да користиме нели хахахх.

НГ: Да да да да.

ГЈ: А за после тоа ќе видиме ќе се договориме со вас, битно да знаете дека сеа незнам таму ден два колку треба нели да го остаиме кај нас во евиденција регистрација, но после тоа си е се океј и нема врска ова шо не е завршена обуката значи може да се користи па Маријан ќе си отиде после на обука.

НГ: Да де да, да, да.

ГЈ: Тоа е онака колку да искористиме не ...

НГ: Океј, мислам дека он е на одмор, ќе му јавам јас, ама чим се врати од одмор ќе, ќе побара таму да се ...(нејасно)...

ГЈ: Не е проблем, ако сака и кај мене нека дојде да се издоговориме можам со Влатко заедно да ги викнам кај мене, нема проблем мислам Маријан коа има потреба се јавува директно не е, кога сака ќе се издоговориме.

НГ: Океј !

ГЈ: Океј !

НГ: Ајде поздрав.

ГЈ: Договорено, поздрав.

НГ: Пријатно.

ГЈ: Пријатно.

Од овој разговор судот утврди дека обвинетиот Никола Груевски и Гордана Јанкулоска искомуницирале телефонски при што обвинетиот Груевски и кажал на Јанкулоска дека додека да се одржат локалните избори немало да објавуваат дека го превземаат возилото, ќе глумеле дека е на МВР, а кога ќе има новинари тој ќе оди со старото возило или ќе оди прво со новото возило, а потоа ќе се префрли во старото возило пред да пристигне. Во тој разговор Гордана Јанкулоска му кажува дека сопственик на возилото е МВР и дека може тој да го користи, но обвинетиот Груевски и кажува да внимава да не се дознае и да им каже на лицата задолжени за возилото дека многу често ќе го користи тој и да

го користеле старото возило за народот да видел дека го користат тоа возило. Од овој доказ несомнено произлегува изразената желба на тогашниот премиер на Владата на РМ, сега обвинетиот Никола Груевски, за набавка и користење на патничкото моторно возило марка Мерцедес С 600 Гард.

Седмиот е од 20.07.2012 година, истиот започнува во 14:21:30 часот и се води помеѓу Сашо Мијалков и Гордана Јанкулоска, со број gj_38970401425_38971232752_20120720_142130_In, а е со следната содржина:

ГЈ: Ало !

СМ: Горде шо праиш ?

ГЈ: Ало?

СМ: Ме слушаш Горде?

ГЈ: Ај кажи !

СМ: Ме слушаш ?

ГЈ: Да да, нешто ми се изгуби ама сеа те слушам.

СМ: Како ме слушаш бе, добро ме слушаш или лошо?

ГЈ: Па сега добро...

СМ: Сега добро ... пошто нешто ми викаат у последно време не ме слушале добро...

ГЈ: Преѓе коа викав да да нешо како да се прекинуваше, знаеш ко...

СМ: Да.

ГЈ:...ко да си у тунел ама сеа е океј...

СМ: Шо праиш?

ГЈ: Ништо бе еве со работа.

СМ: Со работа а?

ГЈ: Ти шо праиш?

СМ: Еве ја до пред малце бев на работа па тргнав на пат да ти кажам...

ГЈ: Аааа така.

СМ: Абе слушај разбрав дека ова мерцедесов стигнал, па чисто онака сакав да те прашам...

ГЈ: Е ?

СМ: Стигна, каде е, што е да го, да го видиме.

ГЈ: Хахаха..стигна, стигна и одма го стаивме у гаража кај премиерот, знаеш да не го гледаат овде кај нас ко циркуз ама мислам ти коа сакаш со нив не е проблем, знаеш оти кај нас овде ко... ќе биде ко панаѓур. Иначе Сашо не знам, ја неам такво нешто видено.

СМ: Да, го виде ти?

ГЈ: Ја го видов, го видов тој ден коа го донесоа пошо мојов возач отиде да го земе од мерцедес знаеш пошо пат тоа, ко авион да возиш е.

СМ: Да а?

ГЈ: Фантазија, немаш видено такво нешто... го стаија знаеш у Влада у таа гаража и ...

СМ: А се е регистриран све...пали вози.

ГЈ: Се, се, се комплет, регистриан, таблички све е завршено...експресно завршивме знаеш сега да не..многу многу да не го шетаме овде низ МВР има еден куп комуњаришта ќе почнат да оговараат, да зборат, некој ќе го слика, ќе го гледа...фантазија е, коа ќе имаш простор, договори се со чоекот не си видел такво нешто...и овие од Мерцедес викаат ваква кола не сме продале у Југоисточна Европа.

СМ: Да, а?... (нејасно)...

ГЈ: Пошо е најнов...мислам ептен знаеш вака ќе...

СМ: У некоја наредна прилика ќе го пробаме.

ГЈ: Да бе да, мислам јас знаеш сеа коа не знаеш, не си го видел викаш де бе што може да е толку пари знаеш...

СМ: Црна боја?

ГЈ: ...ама коа ќе го видиш фантазија е.

СМ: Што боја е, црна?

ГЈ: Црна...црна се е, абе види он од надвор не, не сега не е нешто, супер топ изгледа, мерцедес најнов како може да изгледа...Ама не, нема разлика нели у однос на другиве мерцедеси од таа класа...ама внатре коа ќе видиш шо све има...

СМ: Епа ...(нејасно)...

ГЈ: И самиот сараунд систем и она клими на секое седиште, масажери, чуда, телевизори...

СМ: Значи све живо шо постои има внатре а?

ГЈ: Тој беше од каталогот мислам знаеш така и ја праевме работава , се шо пишуеше у каталогот, све има.

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 1 Република Македонија 55 СКОПЈЕ

СМ: Све а?

ГЈ: Фантазија.

СМ: И колку, колку испадна цената?

ГЈ: 575 мислам дека со ДДВ дојде...

СМ: Со се давачки, со се све ?

ГЈ: Да, да со се ДДВ да, така мислам беше околу 580, 575, 580, види таа кола толку кошта сеа, мож...

СМ: Да, да, да, толку е да.

ГЈ: Може не знам ако е...

СМ: Б7 ли е ?

ГЈ: Да, да, да.

СМ: Б7 така ?

ГЈ: В7 мислам дека е В6-7 оти...

СМ: Не, не Б, Б она што е за блинд, степен на...

ГЈ: Да де да, епа со В е обележано, може на германски е некоја ознака меѓутоа тоа е тоа...нели 7-ца е највисоко ова е 6, 7 ваљда тоа е најголемо мерцедес шо го има... и ние прашувавме пошо ја знам 7-ца е топ, ми вика нема мерцедес, ова е највисокото шо го нуди...фантазија е Сашо.

СМ: Аха, значи највисокиот степен на заштита.

ГЈ: Највисоко фантазија баш, мислам не сме се виделе ја и ти, коа ќе имаш прилика, убаво вака да го разгледаш, нема поубава кола у Македонија...

СМ: Се има провозено некој ?

ГЈ: Е па ваљда го пробале од кај премиерот пошо Маријан го зема.

СМ: Аха.

ГЈ: Мислам он викаше знаеш подискретно сеа да не го гледаат ама претпоставувам некоаш навечер го извадиле коа нема многу луѓе...

СМ: Ама што да не го гледаат, шо ќе го кријат...тоа треба да се вози сеа што.

ГЈ: Е па добро сеа, сеа знаеш како он вика да не го гледаат, како ќе процени така, ние нашето...

СМ: Абе цела Македонија знае у весници пишуваше шо...

ГЈ: Абе пишуваше ама знаеш сега он нејќе него да го видат со колава,

како ќе процени така...и ти викам Марјан вика абе знаеш вика ќе гледаме да не го забележат, викам како ќе го постигнете тоа коа нема друга кола у државава таква знаеш...не може да не го забележат ама добро да не им го расипувам меракот, но се си е океј, значи се расчистено и ќе го пратиме и на обука, двајца ќе пратиме, тоа бесплатно им следува така да...топ

СМ: Да...

ГЈ: Супер е, многу е убав...

СМ: Дообро, ништо тоа ме интересираше... друго што има ново?

ГЈ: Да знаеш перфектен е...

СМ: Друго што има ново?

ГЈ: Па ништо, тековни работи дрн, дрн...глеам ова со конкурсов добро си оди, илјада и пеес пет поминале проверки шо е супер бројка...

СМ: Да супер е тоа...пеес пет од осум илјади

ГЈ: Од осум илјади, од седум илјади петсто девеес седум, илјада и пеес пет поминале шо значи имаме повеќе од три пати кандидати за следниве фази...тоа е... и добро е...мислам суп...

СМ: Добро една осмина е тоа...

ГЈ: Абе е...една осмина е ама пак имаме доволна конкуренција за понатаму знаеш... и добро е шо не им попуштавме на никого и ставрно се издеференцираа, топ кандидати.

СМ: Абе, виде ли шо напраија шиптариве ?

ГЈ: Шо?

СМ: Ми ги искинаа живците последните два, три дена, па не е избран претседател на Врховен суд.

ГЈ: Аааа, да да, да бе и јас со Сашка се слушав, нели ти нешто на пат...

СМ: Види, значи јас и тоа сакав да ти го кажам, меѓу другото и за тоа те барав...значи ембарго у МВР за све за нив.

ГЈ: Епа ништо тогаш...

СМ: Ембарго...

ГЈ: Ама не само...

СМ: И сеа може да мењаме и да чистиме све...значи треба да отидат малце сеа...

ГЈ: Да, да и ама...

СМ: И премиерот рече дека у Влада све што е, све ќе им блокираат...

ГЈ: Супер јас да ти кажам...па навечер беше еден ден и касно си дојдов дома и ми ѕвони Сашка ја рачунам дека...мислам никогаш не било ни отворено како прашање...значи ние се мавтавме дали тој одвој...

СМ: Знаеш ли на која финта се вадел он? Се вадел дека он тебе два месеци....за тоа, а дека ти си го игнорирала и демек морале да го направат тоа. Викам слушај...тоа

ГЈ: Е како да не...

СМ: Јас прв пат слушам за тоа и викам не верувам пошто ја познавам Гордана каква е...

ГЈ: Не бе, никоаш...

СМ: Викам не два месеца, викам, два пати да кажел викам, ќе не известила она нас...чим не не известила значи, тоа не е точно.

ГЈ: Да де да, никогаш значи, јас прв пат од Сашка слушнав.

СМ: Ние не те знаеме тебе, они ќе ни кажуваат нас...

ГЈ: Ама нема врска, па ако е толку...

СМ: ...(нејасно)...

ГЈ: ...толку важно прашање они ќе го отвореле од тогаш пет пати се гледаа, шефот и Али, така?

СМ: Да!

ГЈ: Мислам...за толку...

СМ: Второ, го викна премиерот, Али.

ГЈ: Па, па...

СМ: По, по, повод они нели шо сакаа да го кандидират нивниот, тој...

ГЈ: Да, де да.

СМ: Како му беше името ?

ГЈ: Точно така...Шпент на Теута.

СМ: Што не кажа?

ГЈ: Точно така...зна...

СМ: Не Шпент, тој другиот наместо Шпент...

ГЈ: Овој Нуман...

СМ: Еееден бе бандит...

ГЈ: Ама јас зборев бе со Блерим и за Шпент зборев јас и за Нуман зборев.

СМ: Мислам дека тука, го имаат овој на ниво на Абдулаќим и на Блерим на тоа ниво они сакат бизнис да прават. Ја на Абдулаќим му кажав, слушај таму мотивите се бизнис, и јас тоа го знам и викам и тоа не може таа работа, ниту некогаш сме разговарале, ниту сме преговарале, ниту сме па не дај боже сме договориле.

ГЈ: Ама никогаш... оти ова, нели они на почеток тогаш коа беше за формирање влада, една од деветте функции, претседател на собрание, ова она ние рековме извинете тоа не може сега и се затвори тоа прашање...и од тогаш никогаш значи не го спомнале претседателот. Они, беше дали да биде Нуман, дали да биде Шпент, овој оној и јас неколку пати раз...

СМ: Е за Нуман, за Нуман беше... Нуман Лимани

ГЈ: Да. И неколку пати и нели на последниот состанок и премиерот рече, абе што сеа да не теоретизираме многу, имам средба со Али после како беше за ден два, вика ќе го прашам за Нуман, одма ќе знаеме и Али му рекол нема врска не е договорено...

СМ: Не ќе осетат они сеа, сами ќе почнат да се јавуваат, од септември ќе осетат и те како...

ГЈ: Ама ја претераа и ти викам Сашка ми вика проблематизи...

СМ: Имаше двајца, требаше у УБК сеа да ги примиме, одма таму нареди да нема примање!

ГЈ: Супер, супер и јас за други работи малку ќе ги стегнам...

СМ: И тоа едниот сеа така му се заонади на овој на Мирвет, а Мирвет па од сите нив најдобар е да ти кажам овој мојов.

ГЈ: Да, да најкроток е чоекот.

СМ: ...(нејасно)...некој негов внук требаше да примиме и сеа он безвезе колатерала ќе јаде...ама сеа шо да му праам.

ГЈ: Ама он...за ова нема попуштање... ии...коа, ппф, викам од кај на кај не е тоа прашање шо може, дур еве и да барале, а не барале, не се договара на ова ниво, се договара на највисоко, така?

СМ: Тачно.

ГЈ: Они нели едно време бараа заменик у единица, ја викам луѓе бе тоа е голема работа кај можам ја да ви дадам заменик, а не е договорено?

СМ: Абе за заменик може да им попуштиме ако треба, еден компромис да напраиме, нема проблем заменик големо чудо...

ГЈ: Ама океј...не, сакам да ти кажам...

СМ: Ама тука тоа, завршава таа прикаска.

ГЈ: Јас и за тоа не, неам мандат сама да одлучам, така? Сепак е високо место, а не па за вакво место, будалска работа...

СМ: Абе па кога они бе, знаење ќе има, претседател на Кривичен суд, бе кој ќе дојде таму бе, тој треба да знае да работи бе, све неписмени...

ГЈ: Па и на Врховен бе Сашо, Врховен е без разлика кој е шо е чоекот, во судството е...

СМ: Шо мислат они ќе седнат или тезга ќе направат од Врховен суд, бизнис ќе праат...

ГЈ: Претседателот на Врховен суд е прв човек во судството, значи во секоја држава и ние да стаиме некоја зелка таму, нема шанси! Ако треба ќе тераме со в.д. до безсвест, па да видиме кој е...

СМ: Не бе, не се договоривме со премиерот до крај, нема допуштање, нема попуст...

ГЈ: Да, де да, па и и Сашка ми вика, тогаш вика абе и со Сашо зборел ова она, викам Сашка да не праиме расипан телефон, стварно никогаш со мене не го отвориле прашањето, викам како шо ќе договори Сашо, ако си викам да не има нешо ново, не сме стасале да се чуеме оти ноќно време беше, викам исто рачунај се максимална поддршка и после ова викам будала работа...

СМ: Е и овај Муса тука се нешо вмешнувал да знаеш, тој е Муса, Блерим и Абдулаќим на тоа ниво е и го лажат Али Ахмети нешто.

ГЈ: Али нели сега беше минатата недела кај премиерот за разни работи...

СМ: Па беше бе не кажа ништо...

ГЈ: Не кажа ништо така? Како може бе...

СМ: Сега го информираа мислам пред изборот него ама којзнае што го информираа.

ГЈ: Да, де да.

СМ: Кој знае што прикаска му скроиле таму...

ГЈ: Незнам.

СМ: Е добро така одлучиле, нека одлучат така, ќе си тераме ние со в.д, ама ним нема да им прејде...

ГЈ: Океј па и ние иаме инструменти.

СМ: На ниедно поле нема да им прејде ништо нив, па сеа...

ГЈ: Да де да, а па ние сеа може и со конкурсов да ги исечеме...

СМ: За тие дваесет пет души им пропаѓаат сеа готово

ГЈ: Да, де да, ќе видеме сеа и тука... океј Сашо !

СМ: Важи, ајде !

ГЈ: Ајде поздрав, чао, чао !

Од телефонскиот разговор од 20.07.2012 година обавен помеѓу Сашо Мијалков и Гордана Јанкулоска, судот го утврди фактот дека бараното возило Мерцедес С 600 Гард веќе е пристигнато. Фактот дека возилото требало да го набави МВР, а да го користи обвинетиот Груевски, јасно произлегува и од овој доказ имајќи го во предвид делот во разговорот во кој Гордана Јанкулоска му кажува на Сашо Мијалков дека истото е ставено во гаража кај Премиерот за да не го гледале во МВР. Од овој доказ судот неспорно утврди дека набавката токму на предметното возило морала да биде извршена заради што и карактеристиките на истото биле договорени, имајќи во предвид дека Гордана Јанкулоска во овој телефонски разговор му кажува на Сашо Мијлаков дека возилото има се што пишувало во каталогот и притоа му објаснува дека истото е фантазија, а доколку се навратиме на првиот телефонски разговор јасно произлезе дека обвинетиот Никола Груевски и кажува на Гордана Јанкулоска дека треба да има се во возило како во каталогот.

Осмиот телефонски разговор е од 29.08.2012 година и истиот започнува во 14:43:02 часот, а се води помеѓу Гордана Јанкулоска и Кирил Божиновски, со број gj_38970401425_38971323999_20120829_144302_Out, и е со следната содржина:

КБ: Ај само што ти пуштив порака.

ГЈ: Шо ми пиша ?

КБ: Па ти пишав за кадровиве ќе видиш тоа не е толку битно, зборев со оваа.

ГЈ: Аха.

КБ: И објаснив знаеш, викам види има еден момент кој што треба да го имаме во предвид политичкиот, еднаш е поништен, втор пат ќе се поништн, трет пат внимание и така натака.

ГЈ: Да де да не мора ти сеа све на неа да и кажуваш.

КБ: Да види викам, мислам дека според ова што ми кажуват дека нема, нема врска и дека мислам дека е подобро да помине со тоа што понатаму си има второстепена која што ќе утврдува факти...

ГЈ: Да де да.

КБ: ...врз основа на ова што ќе им го даде компјутерсква фирма и така натаму и така натаму, знаеш

ГЈ: А таа мислам дека треба да даде ок документација, хахах.

КБ: Тоа треба да...

ГЈ: Такво, такво чувство имам.

КБ: Да де да и сеа она знаеш каква е Маре мислам, добро добро нема проблем вика јас нема нишо да направам без да се консултираме јас вика еве чекам сеа од нив да ми дадат известување да го видам.

ГЈ: Добро тоа ние ќе си го тераме како шо е, нели.

КБ: Да вика сакам да ми е и мене се покриено црно бело, добро викам види го, јави ми се, и немој да носиш нешто избрзано, а паралелно го викнав овој сега кај мене во три и пол, а ми врти овој шо сака да се жали сега на тој не знам што да му кажам.

ГЈ: Аха, ти кажи му да не се жали друго коа ќе има он ќе прејде нешо така.

КБ: Аха, аха.

ГЈ: Оти он, он има поширока палета на производи, знаеш он може да прејде и за шо знам, за приведување возила и за амбулантски и за нешо друго незнам теренски некој ако набавува сеа ние не набавуваме годинава ништо друго ама до година може нешо пак ќе се набавува знаеш.

КБ: Аха, аха.

ГЈ: Оти да не си ги расипуваме односите, башка и на овој сега другиот пат ќе имаш ти простор да му кажеш слушај брат прошлиот пат ти земав 150 сега малку олабаи.

КБ: Кој, аха да да да.

ГЈ: па овој

КБ: Да да да овој

ГЈ: Така

КБ: Да да да

ГЈ: Шо највише дига галама.

КБ: Да да да да, да де да овој ќе го избалансирам он зема нешо сеа Мепсо у Влада нека ги даде овие пасативе ...

ГЈ: епа супер плус знаеш он, он ...

КБ: ... ќе му најавам еве има нешо најава интервентни возила у МВР еве тука ќе соработуваме, знаеш така нешто.

ГЈ: Види он и у овие шо се такви да речам АЕК маек шо може и полуксузно нешо да купат може од него да купат.

КБ: Да де да да.

ГЈ: Пошо и реално вака у ова време мерцедеси купување малку и репутациски не е.

КБ: Да да, не иде тоа.

ГЈ: А, а он е добра замена у смисла на квалитет тука може да улета ако моеш да го избалансираш

КБ: Да де да, денес ќе се видам и со него.

ГЈ: Пошо нели бе оние сите со загуба идеа сеа шо толку се запнаа.

КБ: Да де да да.

ГЈ: Кај 500 илјади евра спуштија ем у загуба идеа ем сеа мака им е.

КБ: Ќе му речам у крајна линија и тебе ти иде у интерес пошто, пошто они мене ми дадоа мене најниско што им е, ме разбираш, ми дадоа мене калкулација со тоа шо им е сега и со најниско шо може и најниското на сите им беше 215 ме разбираш и ќе му речам еве не идеш и на загуба така да ...

ГЈ: Да де да, вака супер ти се погоди на тебе мислам така е најубаво да се избалансира.

КБ: За интервентни може да му спомнам ?

ГЈ: Ти спомни му ама ја незнам со пари како ќе бидеме до година, но како и да е ние кога и да распишуваме за интервентни они највише одговараат и до сега од нив сме земале.

КБ: Види ја ќе му најавам еве ќе иаме тука така една можна, можно е има перспективи за соработка знаеш.

ГЈ: Да де да нешто друго ако има ова она незнам шумски полиции ова она на пример он овие што му се Јетите може сегде да ги протне како теренски оти ние сеа не баравме теренски баравме патнички мислам ок он одлучил со поскапо возило да оди само за да влезе ама реално тие може и на други места да влезат кај шо не може овој со ваква кола.

КБ: Да важи се гледаме со тројцата и ти се јавам повторно.

ГЈ: Така да, да најубаво е некако да, да го избалансираме него и да се заврши работата.

КБ: Да помине да важи и ...

ГЈ: Да де да и да се затвори како прашање, а ти на овој да му кажеш каква работа сум ти завршил слушај ова она.

КБ: Да да да и ќе му речам ако не се договориме не бива работа тоа е.

ГЈ: Да и кажи му еве, реално е, имат основана забелешка вака така, после вас поднеле он многу знае дали поднеле.

КБ: Да да.

ГЈ: Пониска понуда ние тука интервениравме ...

КБ: Важи

ГЈ: А за овој другиов шо ме прашуваше ...

КБ: Е за тој сакав да те спомнам за да знаеш,

ГЈ: Абе види.

КБ: Триаголникот.

ГЈ: Да бе да тој таму јас ги прашав моиве со кого контактирате они реално со никој не контактират посебно некој Марковски им е директор.

КБ: Аха.

ГЈ: Контактират така нешо службено ако треба, значи никој нема релација изградено со него.

КБ: Аха, аха.

ГЈ: И тогаш коа беше нели пошо сакавме така да помине ко шо помина, тогаш него го прашавме кажи некоја финта за да продеш ти.

КБ: Аха

ГЈ: Ама никогаш ништо не е договарано со него ама тој е као главен директор на тоа Макаутостар и моеш у некоја прилика да го викнеш ако не го знаеш.

КБ: Така, значи Марковски Макаутостар.

ГЈ: Макаутостар да.

КБ: Добро

ГЈ: Јас баш овој шо ми е Ѓоко помошникот, викам шо чоек е комуњар е викам, незнам вика што чоек е као вика ние се јавуваме коа му вршиме притисок за делови, за сервиси (се смее) за такви работи вика не сме имале таков тип на муабет за да ви кажам и баш ...

КБ: Можеш ли само да ја замолиш да не праиме некоја утка ааа пошо мислам да е малце така у климакс да и кажеш на Зоре од кај тебе да и се јави на неа само да и каже име, презиме и мобилен.

ГЈ: Важи ќе, ќе обезбеди Зоре и ќе и даде податоци.

КБ: Да, да и обезбеди и ја ќе и речам пикни го тој знаеш.

ГЈ: Добро да де да, мислам чисто ти кажувам како да му пристапиш дека не е нешо такво никогаш зборено со него.

КБ: Да де да ќе ...

ГЈ: Освен шо, ти викам му придоа вака да, да даде он сугестија за да не се протне некој друг зошо чоекот така сакаше нели, за да ја напраиме ко шо треба.

КБ: Да да, шом со него се работело тоа, значи ...

ГЈ: Да де да, знаеш пошо не па ние мораш да му кажеш шо планираш за да го напраиш ко шо треба, и ние со усул мислам онака добро би било сега имаме такви да продолжиме соработката...

КБ: Да де да

ГЈ: Не му викаме дај сеа брат да наместиме (се смее).

КБ: Брату !

ГЈ: Да де да, ама баш го прашав Ѓоко, абе вика културен човек е, лубезен е, ок така умерен и ти у некоја прилика викни го чисто да се воспостави релација па после ќе си видиш.

КБ: Така, океј.

ГЈ: Добро бе Кире.

КБ: И уште ова сакав да ти кажам.

ГЈ: Ајде

КБ: Кажи му на овој, овој твојот шо е ептен знаеш ...

ГЈ: Аха.

КБ: Шо беше кај мене.

ГЈ: Кире !

КБ: А бе, знаеш кој беше кај мене ?

ГЈ: Кој ? Аааааа ми текна !

КБ: Ти шо ми рече да го видам.

ГЈ: Дааа ми текна !

КБ: Да тера таму и дека ќе се заврши работава знаеш, знае он шо ...

ГЈ: Важи, он е на одмор, ама ќе му пуштам абер.

КБ: Кажи му, јас се видов со тој тука и така.

ГЈ: Добро договорено ќе му кажам,

КБ: Ајде.

ГЈ: Ајде. (се смее).

Од содржината на последниот телефонски разговор воден на ден 29.08.2012 година помеѓу Гордана Јанкулоска и Кирил Божиновски, се утврди дека постоела комуникација помеѓу МВР со Мак Аутостар во врска со набавката на предметното возило. Имено, Гордана Јанкулоска му кажува на Кирил Божиновски дека од МВР контактирале со некој Марковски од Мак Аутостар кој бил директор и при таа набавка него го прашале за да им каже некоја финта за да прајде тој.

Од Одговорот на барање од Министерство за внатрешни работи, рег.бр.08-16164/1 од 15.03.2016 година се утврди дека во периодот од 2008 година до 31.12.2015 година во МВР била спроведена една постапка за набавка на патничко моторно возило што има посебна заштита на патници при напад со огнено оружје и експлозиви и тоа е токму постапката со број 17-16/2012 година која била спроведена согласно Одлуката за јавна набавка бр.17.1-21576/1 од 03.04.2012 година.

Притоа, од Пописот на документи за отворена постапка за доделување на Договор за јавна набавка на блиндирано мотно возило – Оглас бр.17-16/2012, доставен во прилог на Одговорот на барање од Министерство за внатрешни работи, рег.бр.08-16164/1 од 15.03.2016 година, се утврди дека во истиот од реден број 1 заклучно со реден број 42 е наведена целокупната документација за предметната постапка.

Имено, од Годишниот план за јавни набавки во 2012-та година на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, бр.17.1-1681/1 од 27.01.2012 година, во планот за 2012-та година во конто 486 била предвидена и набавка на едно блиндирано ПМВ и тоа во месец мај за кое биле предвидени парични средства во износ од 15.254.237,00 денари.

Согласно Годишниот план за јавни набавки за 2012-та година, на ден 03.04.2012 година била донесена 1.3 Одлука за јавна набавка на стоки, заведена под Дб.17.1-21576/1 од 03.04.2012,во која предмет на набавка било едно блиндирано патничко моторно возило според спецификација, со највисока заштита VR6/VR7, а техничките катаркеристики се определени во спецификацијата во прилог на одлуката. Воедно од оваа одлука видно е дека биле определени средствата за набавка на стоките во висина од 30.750.000 без вклучен ДДВ, а обезбедени од Буџетот на РМ за 2012-та година. Во конкретниов случај битно е дека во одлуката е наведен критериум за избор на

најповолен понудувач-најниска цена, а рокот на плаќање бил до 60 дена од денот на испорака на возилото. Постапката требала да се спроведе со објавување на оглас на ЕСЈН и Сл. Весник со отворена постапка која се спроведува по електронски пат и требала да заврши со електронска аукција. Согласно оваа одлука Претседател на комисијата бил Ристе Ставрески, членови биле Кире Тодоровски, Ненад Николовски, Силвана Трпкова и Влатко Ѓошевски, а како нивни заменици биле определени, Ристо Шпритов и тоа заменик претседател, како и членовите Младен Трајковски, Љубе Пешевски, Мара Пандиловска и Јово Колачевски, а ангажирани надворешни стручни лица кои ќе помагаат на комисијата при проверување и евалуација на техничките, финансиските и други работи поврзани со понудите без право на одлучување биле определени Пеце Ангелески и Бранко Лепчевски, задолжени за мислење за технички караткеристики.

Од тендерската документација за отворена постапка бр.17-16/2012 за доделување на Договор за јавна набавка на блиндирано моторно возило на Министерство за внатрешни работи на РМ, Сектор за општи и заеднички работи, бр.171-21577/1 од 03.04.2012 година, може да се утврди дека техничките спецификации се поставени така што на ваков начин се фаворизира економскиот оператор Мак Аутостар. Имено во техничките спецификации точно се наведува кои карактеристики треба да ги исполнува возилото, па така се бара тип на ПМВ со 4 седишта и 4 врати со 12 цилиндричен мотор со вбризгување, погон на задни тркала, трансмисија со фиксно 5-брзини, автоматска трансмисија, сила на моторот од 370-390 kW, зафатнина 5.500-5.800cm3, вртежен момент 800-850 Nm, максимална брзина до 210 км/ч., боја металик црна, внатрешност кожа црна. Воедно помеѓу останатото се бара Адаптивна кочница- ADAPTIVE BRAKE со HOLD функција, а меѓу останатите спецификации возилото треба да има систем за помош при кочење-Brake Assist, Темпомат SPEEDTRONIC-варијабилен ограничувач на брзина, THERMOTRONIC- Автоматски систем за климатизација, климатизирани предни седишта, климатизирани задни седишта, (греење и вентилација), COMAND APS – навигациски систем со три годишно бесплатно актуелизирање, Night view Assist PLUS, потоа во пакет за асистенција при возење се бара како што е наведено Парткроник сензори за паркирање со водич за паркирање и DISTRONIC PLUS. Неспорно е дека постојат и други производители освен Мерцедес, БМВ и Ауди кои имаат лимузини со 12 цилиндричен мотор и тоа Бентли и Астон Мартин, но истите не биле блиндирани, што значи во овој сегмент јасно се гледа фаворизирањето. Понатаму погон на задни тркала како што се бара согласно техничката спецификација имаат ПМВ Мерцедес и ПМВ БМВ, додека ПМВ Ауди во вој дел не ги исполнува техничките спецификации. Лесно утврдлив е фактот дека само возилото Мерцедес има трансмисија со фиксно 5-брзини, а всушност во овој дел условите ги исполнува повторно само возилото Мерцедес додека конкурентните модели имаат трансмисија со 8 брзини, при што за да се овозможи

конкурентност би требало да стои со најмалку 5 брзини. Многу впечатливо е дека во техничките спецификации во делот „сила" се бара силата на моторот да е дадена со распон стриктно од 370-390 kW во кој што распон влегува само силата на моторот од 380 на моторот да е дадена со распон стриктно од 370-390 kW што ги имал само Мерцедес, од причина што ПМВ Ауди имал 368 kW , додека ПМВ БМВ има 400 kW, што значи во овој распон конкурентите модели не можат воопшто да се вклопат. Ваквото фаворизирање се гледа и во делот каде што се зборува за распони за зафатнина на моторот и вртежниот момент кој што повторно одат во прилог само на ПМВ. Од сето ова произлегува дека не само во една карактеристика туку во претежниот дел карактеристиките ги исполнува исклучиво ПМВ Мерцедес.

Сето претходно наведено произлегува и од вештиот наод и мислење изработен од вештото лице Тале Герамитчиоски кој јасно наведува дека во тендерската документација бр. 171-21577/1 од 03.04.2012 година во техничките спецификации не се ставени специфики со кои се опфаќаат патнички моторни возила со VR6/VR7 заштита (блиндирани возила) од разни производители, туку истите упатуваат на конкретно производство на марката Мерцедес и ова е типично фаворизирање на одреден производ, марка, бренд, во случајот возило Mercedes S 600 Guard.

Воедно со тендерската документација се бара покрај основните каратке ристики возилото да има опрема помеѓу другото и AIRMATIC, SPEEDTRONIC, PRE-SAFE, THERMOTRONIC, COMAND, DISTRONIC PLUS, GUARD и Night View Assist, кои системи содржат имиња и зборови кои се регистрирани трговски марки на носителот на правото Даимлер АГ од Германија, без притоа да се дадат понуди и од други спецификации еквивалентни на наведените во тендерската документација, кое нешто всушност повторно произлегува од вештиот наод на вештото лице Тале Герамитчиоски. Исто така според техничките спецификации се бара возилото да има адаптивна кочница- ADAPTIVE BRAKE, со HOLD функција, како и сервозатворање на врати само задните S-Guard врати при што вештото лице нагласува дека при пребарување на базата Tm View (заедничка база на податоци на Заводот за интелектуална сопственост на Европската унија во која се содржани 45 држави и 3 меѓународни организации) се појавуваат и зборовите на наведените системи кои се регистрирани трговски марки на Daimler AG, односно Daimler -Crysler AG и тоа S- Guard и ADAPTIVE BRAKE при што Daimler AG,продава авотмобили во светот под следниве марки : Мерцедес Бенц автомобили (Mercedes-Benz cars), Мајбах (Maybach), Мерцедес Бенц (Mercedes-Benz), Смарт(Smart). Потоа во ставката електронски систем за стабилност (ESP) е термин кој го користат повеќе производители на автомобили меѓу кои Мерцедес и Ауди, но не и БМВ. Генерички термин според ACEA е Electronic stability control (ESC).

Имајќи ги во предвид техничките спецификации од тендерската

документација, неспорно произлегува дека била фаворизирана марката Мерцедес С 600 Гард бидејќи во истата називите на системите се наведени како што ги користи наведеното возило, а кое е видно и од вештачењето. Имено вештото лице во Табела 3 дава детален опис на називите на системите кои ги користат марките на возила BMW 760 LI High Security F03 и Audi A8 L 6.3 Quattro Security, и тоа пакет- Sound siystem, Guard моделот без унапреден звук, DVD изменувач за 6 DVD-а SPLITVIEW, екрани вградени во потпирачите за глава на предните седишта. Судот осврнувајќи се на табела 3 а во споредба со техничките спецификации од тендерската документација утврди дека во техничките спецификации како ставки се наведени и адаптивна кочница ADAPTIVE BRAKE со HOLD функција, полуактивна воздушна суспензија-Airmatic DC, темпомат-Cruise control со SPEEDTRONIC-варијабилен ограничувач на брзина, Електронски систем за стабилност- Electronic Stability Programm (ESP), PRE–SAFE реверзибилен, превентивен систем за заштита, TERMOTRONIC автоматски систем за климатизација, климатизирани предни седишта, COMAND APS навигациски систем со 3 годишно бесплатно актуелизирање, Night view assist PLUS, Сервозатварање на врати, само задните S-Guard врати, Пакет за асистенција при возење: Партктроник сензори за паркирање со водич за паркирање и DISTRONIC PLUS и Пакет- Sound System, Guard моделот без унапреден звук, DVD изменувач за 6 DVD-а, SPLITVIEW, екрани вградени во потпирачите за глава на предните седишта, што значи дека Мерцедес С 600 Гард користи друг назив на овие системи во однос на останатите конкурентни марки на возила и тоа BMW 760 LI High Security F03 и Audi A8 L 6.3 Quattro Security што повторно докажува дека договорниот орган ги оформил ставките во техничките спецификации така да тие упатуваат на конкретно производство, конкретна марка, односно конкретен производ во случајот блиндирано возило VR6/VR7 Мерцедес С 600 Гард.

Покрај основните услови кои се претходно наведени, видно од тендерската документација неспорно произлегува дека како посебни услови биле наведени и бесплатна техничка проверка на исправноста на возилата на секои 6 месеци во овластен сервис или сервиси на економскиот оператор, а Мак Аутостар е единствен што има овластен сервис за возилата од програмата на Даимлер АГ кој е производител на Мерцедес.

Видно од Копијата од електронски систем за јавни набавки на Биро за јавни набавки од Оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.17-16/2012 од страна на МВР на РМ бил објавен оглас за доделување на договор за јавна набавка на блиндирано моторно возило со највисока заштита VR6/VR7 согласно спецификацијата во тендерската документација.

Притоа, од Записникот од отварање на понудите на МВР бр.171-30976/1 од 16.05.2012, се утврди дека на ден 15.05.2012 година

во 12,00 часот од страна на членовите на Комисијата за јавна набавка и тоа: Ристе Ставрески како претседател на Комисијата и Кире Тодоровски, Силвана Трпкова и Влатко Ѓошевски како членови на Комисијата и Љубе Пешевски како заменик член на Комисијата во просториите на МВР, а во врска со отворената постапка со објавување на оглас преку ЕСЈН, било извршено отварање на понудите и било констатирано дека е примена само една понуда и тоа од Друштво за трговија на големо и мало Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје, со рок на важност на понудата од 60 дена, со вкупна цена (без ДДВ) во износ од 29.852.542,00 денари со банкарска гаранција од 0,50 % во износ од 190.000,00 денари, а рокот на банкарската гаранција бил до 15.08.2012 година, при што како овластен претставник на понудувачот Мак Аутостар ДООЕЛ бил присутен Александар Антовски.

Од изјавите за непостоење на случаи на конфликт на интереси од Претседателот, членовите/нивните заменици од Комисијата за јавни набавки за спроведување на отоворена постапка со објавување на оглас бр.17-16/2012 од 04.04.2012 година за доделување на договор за јавна набавка, дадени од Ристе Ставрески, Ристо Шпритов, Кире Тодоровски, Младен Трајковски, Ненад Николовски, Љубе Пешевски, Силвана Трпкова, Мара Пандиловска, Влатко Ѓошевски и Јово Колачевски, се утврди дека истите изјавиле дека во врска со доделување на договор за јавна набавка на блиндирано патничко моторно возило не постоеле случаи на конфликт на интереси согласно Законот за спречување на судир на интереси (Службен весник на РМ 128/2009).

Неспорно е дека од страна на МВР на РМ, Сектор за општи и заеднички работи бил сочинет Извештај од спроведената постапка заведен под бр.17.1-33443/1 од 29.05.2012, па видно од истиот Комисијата за јавни набавки наведува дека во врска со набавка на блиндирано моторно возило, стручните лица кои помагале на Комисијата при проверка и евалуација на техничките, финансиските и други работи поврзани со понудите констатирале дека техничките каркатеристики на понудениот модел одговараат со карактеристиките од понудената техничка спецификација при што дале предлог за избор на најповолна понуда а тоа е понудата на Друштвото за трговија на големо и мало Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје, но притоа треба да се цени и фактот дека ова е една и единствена понуда, при што никој и не оспорува дека понудувачот Мак Аутостар во целост ги исполнувал условите односно неговата понуда одговарала со карактеристиките од понудената техничка спецификација а за што судот претходно веќе појасни како договорниот орган, односно Министерството за внатрешни работи ги утврдило, односно ги креирало тие технички спецификации. Како што е наведено претходно и од телефонските разговори точно се зборува за тој контакт со договорниот орган и лице од Мак Аутостар.

Воедно неспорно е дека економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје со доставената понуда ги доставил сите потребни документи, па така доставено е Полномошно бр.И/03/1447 од 10.05.2012 година, со кое управителот Зоран Марковски го овластил вработениот Михаило Зографски да учествува по електронски пат на Отворениот повик бр. 17-16/2012 на МВР.

Мак Аутостар доставил и Изјава бр.И/03/853 од 14.03.2012 година, во смисла дека во последните 5 години не му е изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење на пари, која што изјава е нотарски заверена кај Нотар Снежана Бубевска под УЗП.бр.1243/12 од 15.03.2012 година.

Против овој економски оператор не била отворена стечајна постапка, а видно од Потврда за отворена стечајна постапка бр.0803-5/1613-1 од 24.02.2012 година, ниту пак била отворена ликвидациона постапка што неспорно произлегува од Потврда за отворена ликвидациона постапка бр.0803-5/1613/2 од 24.02.2012 година.

Согласно Уверение за платени даноци бр.23-6/87-2 од 20.03.2012 година, економскиот оператор Мак Аутостар заклучно со денот на издавањето на уверението, а тоа е 20.03.2012 година ги има измирено пријавените и доспеани обврски во Управата за јавни приходи по основ на ДДВ, Данок на добивка, персонален данок на доход по други основи, плати и придонеси од задолжително социјално осигурување, други давачки за кои што е надлежна УЈП, како и други такси за кои што е надлежна УЈП.

Видно од Потврдата во регистарот на казни за сторени кривични дела од Централен регистар на РМ бр.0805-6/10655 од 13.12.2011 година, против Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје не е впишана споредна казна – забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство, а ниту пак е впишана споредна казна – привремена забрана за вршење на одделна дејност видно од Потврда во регистарот на казни за сторени кривични дела од Централен регистар на РМ бр.0805-6/10655 од 13.12.2011 година.

Исто така од потврдата во регистарот на казни за сторени кривични дела од Централен регистар на РМ бр.0805-6/10655 од 13.12.2011 година, неспорно е дека против Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје не е впишана споредна казна- Трајна забрана за вршење на одделна дејност, а ниту пак е изречена привремена забрана за вршење одделна дејност видно од Потврда во регистарот на казни за сторени кривични дела од Централен регистар на РМ бр.0805-6/10655 од 13.12.2011 година,

Во Документ за регистрирана дејност од Централен регистар на

РМ бр.0806-7/121 од 10.01.2012 година, како приоритетна дејност/определена главна приходна шифра е трговија со автомобили и моторни возила од лесна категорија,а ова се однесува на Друштво за трговија на големо и мало Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје.

Видно од Документ за профилот на Мак Аутостар од 15.05.2012 година, Мак Аутостар ДООЕЛ е генерален застапник на Даимлер АГ за Мерцедес- Бенц, генерален дистрибутер за Мицубиши моторс и овластен дистрибутер за Мобил.

Во Документот за опис на техничката способност на Мак Аутостар од 15.05.2012 година, подетално е наведено со што се располага Мак Аутостар како на пример нов изложбено-продажен салон со сервисен центар за брендовите кои ги застапува, а во склоп на објектот се наоѓал и покриен магацин за моторни масла Мобил, сопствена служба за обезбедување на комплетниот објект во текот на 24 часа, седум дена во неделата. Воедно според овој опис се дава и опис на техничката способност на сервисниот центар Мак Аутостар.

Економскиот оператор Мак Аутостар со својата понуда доставува и Документ за кадровската структура на сервисниот центар на Мак Аутостар од 15.05.2012 година, во кој што меѓу останатото наведува дека во сервисот се вработени 9 дипломирани машински инженери и 24 вкв автомеханичари/ автоелектричари и лица кои работаат во фарбарата.

Согласно Документ за кадровската структура на одделот за продажба на Мак Аутостар од 15.05.2012 година, Мак Аутостар наведува дека имал 6 лица кои работаат во делот на продажба на возила и сите се со високо образование, а вработените во изложбено-продажниот салон ги прателе сите новитети кои произлегуваат од автомобилската индустрија. Редовно ги посетувале обуките потребни за брендовите што Мак Аутостар ги застапува, а вообичаено овие обуки се групни по региони или пак по типови на возила и најчесто се одржувале во странство, при што во овој документ ги наведува и обуките како и земјите во кои што се вршеле овие обуки.

Видно од Документ за опис на техничката способност на одделот за резервни делови на Мак Аутостар од 15.05.2012 година, економскиот оператор појаснува дека има стручен и обучен кадар за целосно задоволување на потребите за одржување и сервисирање за кои има застапство. Снабдувањето со потребните резервни делови за возилата од програмата на Мерцедес Бенц, Мак Аутостар ДООЕЛ го врши четири пати неделно, три пати авионска и еднаш неделно камионска испорака директно од магацините на Мерцедес Бенц. На овој начин се обезбедувал рокот за испорака на потребните делови кои не биле на лагер да биде од 3 до 7 дена. Доставувањето на резервните делови до своите коминтенти се извршува со свои сопствени возила наменети за таа дејност.

Мак Аутостар има склучено Договор за користење на услуги на влечна служба и видно од истиот кој што е заверен под бр.И/04/1464 од 11.05.2012 година.Овој договор е склучен помеѓу Мак Аутостар и Влечна служба–Бадник и согласно истиот, а поточно во чл.2 е договорено давателот на услугата кој располага со 5 влечни возила се обврзува на барање на корисникот на услугата да обезбеди соодветно влечно возило за градски и меѓуградски превоз за 24 часа на ден.

Понудувачот Мак Аутостар доставил и Проспект за Mercedes Benz S-600 Guard, а ова е всушност проспект во кој што се наоѓаат сите карактеристики на ова возило со слики од истото како и опремата која што е вградена во ова возило.

Согласно Изјава за бесплатна техничка проверка на исправноста на возилата на секои 6 месеци во овластен сервис од 11.05.2012 година, Директорот на продажба во Мак Аутостар Ѓорѓи Крајчев дал четири писмени изјави и тоа едната за бесплатна техничка проверка на исправноста на возилата на секои 6 месеци во нивниот овластен сервис/сервиси, а другата се однесува за бесплатна промена/ балансирање на летни и зимски пневматици за времетраењето на договорот од 2 години и третата изјава која се однесува за ангажиран стручен кадар задолжен за сервисирање и одржување на возилата за времетраење на договорот (доколку понудувачот понуди сервисирање во повеќе од еден овластен сервис, потребно е да се наведат лицата од тие сервиси со кои договорниот орган ќе контактира за извршувањето на услугите), а што се однесува за четвртата изјава истата се однесува за сервисирање и потрошен материјал согласно табеларниот приказ од понудата. Во понудата има и изјава од Директорот на продажба за Мерцедес патнички возила која што изјава се однесува за ангажиран стручен кадар задолжен за реализација на договорот.

Од Референтна листа на Мак Аутостар од 15.05.2012 година, видно е дека оваа листа економскиот оператор ја дава со цел да покаже дека има голем број на купувачи на патнички и стопански возила и притоа наведува некои од нив.

Мак Аутостар поседува и сертификат ИСО 9001:2008 што е видно од доставениот Сертификат ИСО 9001: 2008 од Мак Аутостар од 29.04.2011 година.

Економскиот оператор Мак Аутостар со понудата доставил и Потврда од DAIMLER со датум од 11.05.2012 година и видно од истата, Даимлер потврдува дека Мак Аутостар ДООЕЛ е нивни овластен дистрибутер за Мерцедес –Бенц патнички возила, фургони, камиони и специјални товарни возила за повеќе наменска употреба во Р. Македонија и во Косово.

Во својата понуда за Мерцедес Бенц патничко моторно возило се наведени технички карактеристики за Mercedes Benz S-600 Guard од

15.05.2012 година. Видно од овој доказ техничките спецификации кои што ги наведува Мак Аутостар ДООЕЛ во поглед на типот на модел, мотор, трансмисија, сила, зафатнина,вртежен момент, боја и внатрешност се идентични со оние технички карактеристики кои што се наведени во огласот за јавна набавка. Истото ова се однесува за основната опрема, опционалната опрема вградена во возилото, специјалната опрема за заштита „највисока заштита Highest Protection VR6/7" и конечно на крајот од овој документ е наведена цената вкупно со ДДВ 35.226.000,00, денари. Видно од оваа понуда, истата е идентична со техничките спецификации, а која е дел од тендерската документација и со оглед дека се работи за нешто идентично судот не дава посебен осврт, но не може а да не стави акцент дека постојат идентични технички грешки и во понудата и во техничката спецификација. Имено во понудата стои „Возд. Педници на прозорците" така после зборот воздушни односно по „возд" стои интерпункциски знак точка па наместо „перници" е напишано „педници". Воедно на повеќе места во текстот се забележуваат исти кратенки од зборови каде по точката нема празно место туку продолжува следниот збор како што е „Возд. перниче за колена на возач" и „Странични возд. Перници". Техничка грешка има и во зборот „Партктроник" и тоа како во понудата така и во тендерската документација, а всушност треба да стои Парктроник. Потоа идентичност постои и во делот „Електронски Систем за Стабилност-Electronic Stability Programm", а имено и во понудата и во тендерската документација стои двојната буква „m" во зборот програм, а правилно зборот програм се пишува со едно „m" на крајот. Понатаму во двата текста идентично е напишано „сервозатварање на врати, само задните S-Guard врати" при што тука треба да се стави акцент дека покрај тоа што текстот е идентичен се однесува за конкретниот модел на возило со ознака S-Guard што е регистрирана трговска марка на Даимлер АГ кој што е производител на Мерцедес. Секако дека постојат и други вакви совпаѓања, но судот нема да ги наведува сите бидејќи и од овие што се претходно наведени многу јасно произлегува и може да се заклучи дека всушност лице од Мак Аутостар ја направило техничката спецификација која што е доставена до МВР на РМ пред да биде објавен огласот за јавна набавка со цел да истите ги вметнат оние технички карактеристики кои што им се испратени од Мак Аутостар. Токму тука судот повторно ќе се наврати на телефонските разговори, посебно на телефонскиот разговор помеѓу Гордана Јанкулоска и Никола Груевски обавен на ден 14.03.2012 година каде што Гордана Јанкулоска точно наведува „... мислам тој чоекот шо ми е таму е ... отворено му кажав да испадне вака и вака сеа оти не можеш да не му кажеш а да испадне ." Воедно во истиот телефонски разговор на 14.03.2012 година обавен помеѓу Гордана Јанкулоска и Никола Груевски, таа му вели на обвинетиот Никола Груевски „Така да он рече добро вика да проучам шо е специфично у однос на другиве за да стесниме просторот, оти..." а сето ова укажува на претходни комуникации помеѓу МВР на РМ и Мак Аутостар, а со самото

тоа повторно може да се утврди дека постои фаворизирање на еден економски оператор.

Согласно Понудата од Мак Аутостар од 15.05.2012 година, Мак Аутостар ДООЕЛ ја доставил оваа понуда при што во истата како лице за контакт е наведен Марко Јовановски, а како одговорно лице Зоран Марковски. Оваа понуда се однесува за предметот на договорот за јавна набавка согласно со цените и роковите на испорака дефинирани во листата на цени и рокови на испорака. Притоа, видно е дека оваа понуда се однесува на ПМВ Мерцедес Бенц С 600 Гард блиндирано возило со највисока заштита VR6/VR7, а како вкупна цена на листата без ДДВ е наведен износ од 29.852.542,00 денари, а ДДВ-то изнесувало 5.373.458,00 денари. Сето ова е видно од листата на цени и вредноста на понудата додека во листата на цени за сервисирање во гарантен рок од 2 години е наведено што вклучува потрошен материјал и работна рака за период од 2 години или 60.000 километри. Рокот на важност на нивната понуда изнесувал 60 дена, а начинот и рокот на плаќање бил 60 дена, по испорака на возилото врз основа на доставената фактура додека рок на испорака на понудените стоки изнесувал 40 дена. Конечно во понудата е наведено дека гарантен рок на возилото изнесува 2 години без ограничување на бројот на изминати километри. Понудата е потпишана од Марко Јовановски, директор на продажба за Мерцедес патнички возила во Мак Аутостар ДООЕЛ.

Со понудата Друштвото за трговија на големо и мало Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје доставил и Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех од Централен регистар на РМ бр.0904/08/1537 од 11.04.2012 година, а се работи за годишни сметки за 2009,2010 и 2011 година.

Видно од Одлуката за избор на најповолна понуда на МВР, Сектор за општи и заеднички работи бр.17.1-33618/1 од 30.05.2012 година, за најповолна понуда за доделување на договор за јавна набавка на блиндирано моторно возило марка Мерцедес-Бенц, модел С 600 Гард со заштита V221-VR6/7, производ на Daimler Benz AG Stuttgart била избрана понудата на понудувачот Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје, со вкупна вредност на понуденото возило од огласот 17-16/2012 во износ од 29.852.542,00 денари без вклучен ДДВ. Во Одлуката е наведено и дека со избраниот понудувач да се склучи договор за испорака на понуденото возило, при што е задолжена службата при Одделението за менаџмент и јавни набавки да го подготви договорот за набавка и испорака на бараните стоки, при што ќе се пристапи кон спроведување и реализација на предметната јавна набавка.Оваа одлука е донесена и потпишана од страна на обвинетиот Ѓоко Поповски во својство на Помошник на министерот за Секторот за општи и заеднички работи при МВР, а по овластување на Министерот за внатрешни работи бр.12.1-3035/1 од 17.01.2012 година

9КОК-59/17

Врз основа на донесената одлука за избор на најповолна понуда бр.17.1-33618/1 од 30.05.2012 година, склучен е Договор за купопродажба, сервисирање и одржување на блиндирано патничко моторно возило марка Мерцедес модел S 600 Guard, помеѓу Друштво за трговија на големо и мало Мак Аутостар ДООЕЛ кој кај истите е заведен под бр.4/04/1771 од 11.06.2012 година и МВР на РМ каде е заведен под бр.171-35780/1 од 08.06.2012 година. Со овој договор се уредени правата и обврските на купувачот и продавачот во врска со купопродажба, цените, условите за испорака, сервисирање, одржување, плаќање и др. на едно блиндирано патничко моторно возило, а во согласност со тендерската документација и посебните услови од огласот за доделување на договор за јавна набавка бр.17-16/2012, а поточно ова е предвидено во чл.1 од наведениот договор. Со истиот согласно чл.2 од договорот продавачот се обврзува за потребите на купувачот да испорача блиндирано моторно возило производ на Даимлер Бенц АГ Штутгард, марка Мерцедес С 600 кое има заштита V221-VR6/7, а карактеристиките на возилото предмет на овој договор се дадени во техничката понуда поднесена во согласност со спецификацијата по огласот за доделување на договор за јавна набавка бр.17-16/2012, а понудата е составен дел на договорот. Во чл.4 е наведена вкупната цена на возилото која изнесува 29.852.542,00 денари, во која се вклучени сите јавни давачки за возилото без вклучен ДДВ, а ДДВ-то изнесувало 5.373.458,00 денари. Притоа во цената не се вклучени тршоците за потрошен материјал и работна рака за сервисирање на возилото во време на гарантниот период, а трошоците кои ќе произлезат во време на сервисирањето во гарантниот рок се дадени во понудата која е составен дел на договорот. Во чл.5 од договорот е наведено дека продавачот се обрврзува дека возилото предмет на овој договор ќе го испорача во рок од 40 дена, франко купувач-комплекс МВР, а согласно чл.7 купувачот се обврзува плаќањето на вкупната вредност од договорот да го изврши преку вирманска уплата на жиро сметка која ќе ја определи купувачот во рок од 60 дена од денот на квалитативниот прием на возилото, врз основа на доставена фактура за возилото. Притоа, сите трошоци кои ќе произлезат во врска со извршување на обврските на продавачот кои произлегуваат од реализација на договорот, а кои се однесуваат на одредени административни такси или надоместоци спрема трети лица ќе бидат на товар на продавачот, а купувачот нема обврски да ги плаќа патните и другите тршоци на продавачот кои ќе произлезат од извршувањето на обврските предмет на овој договор. Со овој договор продавачот се обврзува согласно чл.8 од договорот на повеќе работи а тука меѓу останатите се одржување, сервисирање, замена на потрошен материјал и делови за испорачаното возило, потоа да врши бесплатна техничка проверка на испаравноста на секои 6 месеци на возилото во рок од 24 месеци од денот на превземањето на возилото, како и бесплатна обука на две лица вработени кај купувачот, да врши замена на резервни делови со попуст на редовните цени на резервните делови од

5 % и попуст од минимум 5% на редовната цена на норма час. Воедно истиот се обврзал да изврши поправка и сервисирање на возилото во гарантен рок за период од 24 месеци, како и да обезбеди шлеп служба за превоз на детектираното и оштетено возило. Но, не само продавачот, туку и купувачот имал обврски кои што стриктно се наведени во чл.9, меѓу кои посебно да извршуи уплата на фактурираниот износ на жиро сметка на продавачот согласно рокот утврден во чл.8 од Договорот.

Од дописот насловен како Испорака и квалитативна контрола на блиндирано возило Мерцедес модел S 600 Guard од Мак Аутостар ДООЕЛ бр.4/03/2076 од 10.07.2012 година, се утврди дека Марко Јовановски, Директор за продажба на патнички возила во Мак Аутостар го известува обвинетиот Ѓоко Поповски во својство на помошник министер во МВР дека возилото е пристигнато во Скопје и е подготвено за испорака при што го поканува да извршат квалитативна контрола и да го подигнат истото.

Фактот дека бил извршен квалитативен прием на блиндираното патничко моторно возило, предмет на Договорот број 171-35780/1 од 08.06.2012 година се утврди од Записникот од извршен квалитативен прием на блиндирано патничко моторно возило од 10.07.2012 година помеѓу МВР на РМ (купувач) и Мак Аутостар ДООЕЛ (продавач), како и дека истиот бил извршен во просториите на продавачот, односно во Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје. Видно од овој доказ при приемот од страна на претставник на продавачот извршена е презентација на возилото во поглед на спецификацијата на понудата посебно во делот на додатната–опционална опрема на возилото, при што е констатирано дека истата е согласно понудата од продавачот. Исто така од страна на Мак Аутостар била приложена потврда за предавање на возилото во која се содржани сите податоци за техничките карактеристики и опременост на возилото и со која потврдуваат дека возилото предмет на испорака ја има целокупната опрема како во техничката спецификација. Воедно видно од овој доказ при приемот на предметното возило немало никакви забелешки. При примопредавање на возилото биле присутни овластени лица од МВР на РМ и тоа Влатко Ѓошевски, Сашо Николовски и Ивица Јордановски, а од страна на Мак Аутостар, Александар Антовски и Марко Јовановски.

Од Потврдата за предавање на возилото Mercedes Benz S 600 Guard предмет на отоворен повик бр.17-16/2012 од 10.07.2012 година, се утврди дека испорачаното возило ја има целокупната опрема како во техничката спецификација по склучен договор од 11.06.2012 година за отворена постапка бр.17-16/2012,заверен со архивски бр.17.1-35780/1.

Со Сертификатот Zertifikat – Certificate, S 05 0038 01/ Z, кој што доказ е на странски јазик, но доставен е и превод на македонски јазик се потврдува дека возилото со посебна заштита Мерцедес Бенц B221(C-класа) ги исполнува барањата од правилникот за контрола и

сертификација „Возило отпорно на куршуми" БРВ 1999, во класата на отпор ВР6 со проширување Ќелија за сопатник и застаклување во позиција на монтажа ВР7, сертификацијата се однесува исклучиво на сертификација на прикажаното возило.

Согласно Е3 – Потврда за сообразност за цели возила кој што Документ во предметот е доставен на германски јазик од Mercedes Benz за кој исто така има доставено превод на македонски јазик возилото кое што е опишано во оваа потврда, а станува збор за марка Мерцедес Бенц Тип 221 П варијанта 17 LNO, Верзија SZSSB400, со трговска ознака S 600, класа на возило М1, произведено од Даимлер АГ, Д-70546 Штутгард Германија кој што наведени ознаки се наоѓаат на десниот Б-столб, залепено (Ц-4), поставување на број на шасија на возилото во багажен простор со број на шасија на возилото WDD2211761A383391 со која со одобрението издадено на 08.06.2010 број е * 2001/116*0358*08 во кој е опишан типот одговара во секој поглед и се одобрува за учество во сообраќајот во земјите членки во правен промет со од нив користените метрички единици во однос на уредот за мерење на брзината. Притоа во оваа потврда се наведени и општите карактеристики на ова возило.

Видно од Копијата од електронски систем за јавни набавки – Биро за јавни набавки од поднесените понуди во врска со оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.17-16 од 2012, како понудувач се јавува Друштво за трговија на големо и мало МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје, а станува збор за датум на постапката 04.04.2012, број на оглас 17-16/2012, а предмет на договорот за јавна набавка е блиндирано моторно возило со највисока заштита VR6/VR7, а како вид на договорот за јавна набавка стои „Стоки", а извор на средства Буџет на РМ, отворена постапка. Притоа наведена е цената од 29.852.542,00 денари при што навадено е дека се доставени и потребните документи. Согласно Копијата од електронски систем за јавни набавки – Биро за јавни набавки од Известувањето за склучен договор за јавна набавка во врска со оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.17-16/2012, видно е дека Договорен орган е Министерството за внатрешни работи со лице за контакт Слободан Станков, а предмет на договорот за јавна набавка е блиндирано моторно возило со највисока заштита VR6/VR7. Исто така во ова известување во делот за подетален опис на предметот за јавна набавка се наведува блиндирано моторно возило со највисока заштита VR6/VR7 согласно спецификација во прилог на тендерската документација. Во рубриката дел III : „ПОСТАПКА" се наведува дека се работи за отворена постапка, а како критериум за доделување на договор за јавна набавка е најниска цена, а всушност неспорно е дека има една единствена понуда, а тоа е понудата доставена од носителот на набавката со кој е склучен договорот, односно Мак Аутостар ДООЕЛ со проценета вредност на договорот или рамковната спогодба 30.750.000 денари, а вредност на склучениот договор со вклучен ДДВ е 35.226.000 денари. Датум на доставување до

Бирото за јавни набавки е 12.06.2012 година.

Согласно Наредбата за плаќање од МВР од 15.07.2012 година, било одобрено плаќање на добавувачот Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје, а станува збор за износ од 35.226.000,00 денари, а согласно доставената Фактура од Мак Ауто Стар бр.12-07-172 од 10.07.2012 година, до МВР на РМ.

Износот од 35.226.000,00 денари е наведен во Приемница од 11.07.2012 година , при што во истата е наведено дека станува збор за ПМВ Мерцедес Бенц С 600 со број на шасија WDD221176 1А 383391, број на мотор 275953 40 033640, година на производство 2011-та, па оттука произлегува дека ова возило е произведено во 2011-та година, а купено во 2012 година.

На ден 21.08.2012 година на Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје му се исплатени парични средства во износ од 17.726.000,00 што е видно од Извод од промет и состојба на сметка бр. 150, додека на ден 29.10.2012 година на Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје му биле ислатени парични средства во висина од 17.500.000,00 денари , а согласно Извод од промет и состојба на сметка бр.194.Ова произлегува и од Промет на аналитичко конто на две страни.

Од Дописот рег.бр.23.2.4-02/68 од 11.03.2016 година од МВР-Сектор за обезбедување на личности до Началник на Оддел за заштита на определени личности и објекти, службениот мерцесед S класа е регистриран на 11.07.2012 година и во моментот бил задолжен во Одделот за заштита на определени личности и објекти на полицискиот службеник Сашо Алемпијевиќ. Согласно дописот со ова возило биле превезувани, односно било користено како главно возило за високи гости-странски делегации при нивната посета на Р. Македонија, а кои се обезбедуваат со прв, втор и трет степен на безбедносни мерки при што се наведени личности за кои што било користено возилото. Меѓутоа во однос на патните налози наведуваат дека согласно Правилникот за распределба, користење, одржување и обновување на возилата на Министерството за внатрешни работи, се воделе на дневна основа и не подлежат на водење во архивска евиденција, нивно понатамошно чување во архивската граѓа по поминување на нивната важност и не се складираат во архивската евиденција во организационата единица. Предметното возило по претходно извршена безбедносна проценка често се користело и во случаи кога поради амортизираноста, застареноста на блиндираните возила со кои се превезуваат личностите кои што согласно Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување се под постојано обезбедување, заради создавање на безбедносни услови за непречено одвивање на активностите на личностите кои се обезбедуваат согласно оваа Уредба, меѓутоа со овој писмен допис како што и претходно е наведено не се доставуваат

патните налози со цел да се потврди содржината на овој допис.

МВР на РМ до Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите доставило Одговор на барање рег.бр.08-22239/1 од 06.04.2016 година од МВР- Кабинет на министерот со прилози и тоа Буџет на МВР на РМ за 2011 година, Буџет на МВР на РМ за 2011 година и решение за внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет за 2012 година во МВР на РМ како и Решение за давање генерално овастување бр.12.1-3035/1 од 17.01.2012 година. Притоа во овој допис е наведено дека согласно чл.27 од Законот за јавни набавки при спороведување на постапката за јавна набавка на моторно блиндирано возило договорниот орган извршил проценка на вредноста на договорот за јавна набавка согласно подзаконски акт „Правилник за начинот на проценување на вредноста на договорот за јавна набавка " Службен весник број 154 од 21.12.2007 година. Согласно чл.3 од овој правилник проценетата вредност на договорот за јавна набавка се пресметува при изготвување на Годишниот план за јавни набавки. Наведуваат дека договорниот орган МВР при набавката на блиндираното моторно возило постапил согласно позитивните законски прописи од областа на јавни набавки.Проценката на вредноста на набавката била изготвена од Секторот за Општи и заеднички работи како организационен облик за спроведување на јавни набавки согласно чл.29-а од Законот за јавни набавки. Во поглед на разликата од 30.750.000 до 15.254.237 денари се повикуваат на чл.28 од Законот за јавни набавки и чл.5 од Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на Годишниот план за јавни набавки. Финансиските средства биле одобрени од овластеното лице на Договорниот орган, а согласно овластување бр.12.1-3035/1 од 17.01.2012 година и одлука за набавка број 17.1-21576/1 од 03.04.2012 година. Воедно повикувајќи се на чл.32 од Законот за јавни набавки како и чл.2 од „Правилникот за содржината на тендерската документација" Службен весник број 19 од 06.02.2008 година не било пропишано дека истата треба да содржи лица кои ја изготвиле тендерската документација. Конечно наведуваат дека Секторот за општи и заеднички работи ја подготвил тендерската документација вклучително и техничката спецификација од причини што во тој период во Министерството немало воспоставено процедури за работа кои биле донесени подоцна, а поточно на ден 13.10.2014 година, согласно воведените стандарди и поради тоа не може да се прецизира кои лица ја изготвиле.

Претходно наведената содржина во цитираниот доказ била изготвена согласно писмените информации и тоа Допис – информација рег.бр.18.1.1-515/1 од 05.04.2016 година од помошник министерот Ѓоко Поповски и Допис – информација од МВР-Началник на СНМЛ Ненад Николовски до државен советник Живко Темелкоски, кои што дописи се идентични со известувањето од Кабинетот на Министерот за внатрешни

работи

Во 2012-та година Министер за внатрешни работи била Гордана Јанкулоска и истата донела Решение за давање на генерално овластување бр.12.1-3035/1 од 17.01.2012 година, потпишано од неа како Министер за внатрешни работи со кое го овластува Ѓоко Поповски Помошник министер на Секторот за општи и заеднички работи за раководење, потпишување на акти и преписка од делокругот на Секоторот за општи и заеднички работи и превземање на финанскиски обврски за реализирање на програмите, проектите и активностите дефинирани со стратешкиот план и Буџетот во МВР, односно Буџетот кој е определен во точка 3.2, дел од точка 3.4- Регионални центри за гранични работи, за Буџетот кој се однесува на Централа-Сектор за гранични работи и миграции и во точка 4.1 од Решението за внатрешна распределба на Буџетот за 2012-та година број 16-1496 од 10.01.2012. Доколку се разгледа Решението за внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет за 2012-та година во МВР на РМ ќе се утврди дека точката 3.2 е Сектор за општи и заеднички работи во кој што се наведени Администрација, Јавна безбедност, Интегрирано гранично управување, Центар за обука, Државна безбедност, Борба против корупција и организиран криминал, Борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Интеграција во НАТО, Стручно оспособување и усовршување и Угостителство, а во точката 3.4 се наведени ставките за регионални центри за гранични работи и секако за секој од нив се наведени како ставки со одобрени парични средства за 2012-та година. Во ова решение повторно се сретнува Секторот за општи и заеднички работи во точка 4.1 при што се наведени средства за Помош при транзиција и институционална надградба, Реконструкција и опремување на згради и Реформи во полицијата каде што се одобрени средства за купување на возила во износ од 110.000.000,00 денари од кои што во графата за пренесени неподмирени обврски од 2011-та година с/ка 637 е наведен износ од 8.500.000,00 денари.

Во Буџетот на МВР на РМ 2012-та година, Сл.весник бр.180 од 26.12.2011 година, повторно може да се види дека во ставка купување на моторни возила се одобрени 110.000.000,00 денари.

Согласно Буџетот на МВР на РМ 2011-та година, Сл.весник бр.161 од 15.12.2010 година, во ставката купување на моторни возила се одобрени 133.920.000,00 денари.

Од страна на МВР на РМ доставен е допис до Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите насловен како Одговор на барање рег. .бр.08-61475/2 од 19.10.2016 година од МВР-Кабинет на министерот со прилози. Од овој допис видно е дека се доставени повеќе докази и тоа: Решение за формирање Комисија, шест службени белешки и извештај од комисијата

писмен одговор и писмен допис Сд бр.13.3.2-1387/1 од 18.10.2016 година со прилози и тоа: Сд бр. 121-2522/1 од ноември 2011 година, Сд бр.12.1-2523/1 од ноември 2011 година, Решение број 12.3-7065/1 од 02.02.2012 година, Решение број 12.3-88019/1 од 14.12.2011 година, Решение број 12.1-3035/1 од 17.01.2012 година, Решение број 12.1-8493/1 од 08.02.2012 година.

Министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски на ден 04.10.2016 година донел Решение за формирање комисија бр.62475/1 од 04.10.2016 година, согласно кое се формира Комисија составена од Живко Темелкоски како Претседател, Марјан Здравковски и Татјана Калајџиевска како членови на таа комисија. Комисијата имала задача во најкраток можен рок, а во врска со барањето НСК-РО бр.54/16 од 27.09.2016 година на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите да превземе мерки и активности со цел обезбедување на податоци и информации, а особено: да ги обезбеди сите неопходни документи и акти поврзани со предметното барање; да изврши анализа и проценка на податоците наведени во барањето; доколку оцени за потребно да оствари работни средби со соодветните работници во организационите единици на МВР и да превземе други активности неопходни за реализација на предметното барање. За извршената задача од овој дел на решението Комисијата била задолжена да изготви и достави Извештај до Министерот за внатрешни работи во најкраток можен рок по завршување на задачата.

Комисијата сочинила шест службени белешки и тоа Службена белешка бр.08-63467/1 од 07.10.2016 година на МВР на РМ, Службена белешка бр.08-63467/2 од 08.10.2016 година на МВР на РМ, Службена белешка бр.08-63467/3 од 10.10.2016 година на МВР на РМ, Службена белешка бр.08-63467/4 од 10.10.2016 година на МВР на РМ, Службена белешка бр.08-63467/5 од 12.10.2016 година на МВР на РМ и Службена белешка бр.08-63467/6 од 12.10.2016 година на МВР на РМ, за обавени разговори со лицата Сашо Николовски, Слободан Станков, Силвана Трпкова, Влатко Ѓошевски, Бранко Лепчески и Ристе Ставревски.

Комисијата во состав од членовите Живко Темелковски, Марјан Здравковски и Татјана Калајџиеска сочинила Извештај од 14.10.2016 година до Министерот за внатрешни работи, согласно кој го известиле Министерот дека на ден 06.10.2016 година извршиле службен разговор со лицето Сашо Николовски, на ден 08.10.2016 година со лицето Слободан Станков, на ден 10.10.2016 година со лицата Силвана Трпкова и Влатко Ѓошевски, на ден 12.10.2016 година со лицата Бранко Лепчески и Ристе Ставревски кои разговори биле во врска со извршената јавна набавка во МВР на РМ на блиндирано ПМВ марка Мерцедес 2012 година.

На ден 17.10.2016 година Ненад Николовски доставил писмена

информација до Претседателот на Комисијата, Живко Темелковски во кој што истиот се осврнува на членовите 26 ст.1 од Законот за јавни набавки, чл.29-а од Законот за јавни набавки како и членот 27 ст.3 од Законот за јавни набавки при што појаснува дека договорниот огран МВР на РМ согласно систематизацијата на работни места на важење во 2012-та година ја поседувал следната организациска поставеност: Сектор за општи и заеднички работи во чии рамки се наоѓало Одделението за менаџмент и јавни набавки.

Со Дописот Сд.бр.13.3.2-1387/1 од 18.10.2016 година, МВР-Оддел за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси до Кабинетот на Министерот биле доставени следните акти: Копија број 1 од примерокот број 1 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за организација и работа во МВР, СД бр.12.1-2522/1 од 24.11.2011 година во кој акт Секторот за финансиски, материјални, технички и логистички работи се менувал, односно од именуваниот Сектор произлегуваат два нови сектори и тоа: Сектор за финансиски прашања и Сектор за општи и заеднички работи (Организациски облик во кој се вршат работи од областа на јавните набавки) и копија број 1 од примерокот број 1 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за внатрешни работи СД.бр.12.1-2523/1 од 24.11.2011 година во кој акт Секторот за финансиски, материјално технички и логистички работи се менува, односно од именуваниот сектор произлегуваат два нови сектори и тоа Сектор за финансиски прашања и Сектор за општи и заеднички работи. Со настаната измена работникот Ѓоко Поповски на работно место Помошник на министерот на Секторот за финансиски, материјално технички и логистички работи, со Решение за распоредување број 12.3-88019/1 од 14.12.2011 година бил распореден на работно место Помошник на министер на Секторот за општи и заеднички работи, а работникот Ненад Николовски со решение за распоредување број 12.3-7065/1 од 02.02.2012 година бил распореден на работно место Началник на Одделението за менаџмент и јавни набавки во Секторот за општи и заеднички работи. Со овој допис биле доставени и Решение за дадање генерално овластување број 12.1-3035/1 од 17.01.2012 година и Решение за пренесување на овластување за јавните набавки во МВР број 12.1-8493/1 од 08.02.2012 година со кое престанало да важи Решението за пренесување на овластување во постапка за доделување на договорите за јавни набавки број 13.3-21664/3 од 02.01.2008 година.

Во месец ноември 2011-та година од страна на МВР на РМ бил донесен Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и работа на Министерството за внатрешни работи, СД.бр.121-2522/1 и согласно истиот се вршат измени на постоечкиот правилник па така по точката 7 се додава нова точка 8 која гласи : Сектор за општи и заеднички работи и меѓу останатите работи кои што се вршат од страна на овој Сектор се и изготвување на политики, процедури за

активности поврзани со јавните набавки, материјалното работење, имот, одржувањето и инвестициите, логистиката и архивското работење; правилна распределба и реализација на годишниот Буџет за јавни набавки на Министерството; координација на потребите за јавни набавки во Министерството и подготовка на годишен план за јавни набавки; следење на законските прописи и други општи акти од областа на јавните набавки, материјалното, архивското работење и инвестициите и се грижи за нивна доследна примена и имплементирање на стандардите; одобрување и донесување на решенија/одлуки за јавна набавка, огласи за доделување на договори за јавни набавки, одлуки за избор на најповолна понуда и склучување на договори, вршење контрола на реализацијата на склучените договори за јавни набавки и правилна распределба на набавените средства и материјали согласно планот за јавни набавки и потребите на организационите единици на Министерството. Согласно овој Правилник постои и Одделение за менаџмент и јавни набавки кои што ги вршат работите за јавни набавки и ова Одделение кое што е наведено во 8.1. во Правилникот ги извршува работите околу јавните набавки. Во точка 8.1.1 е наведен Отсек за јавни набавки кој што исто така извршува работи околу јавните набавки. Согласно чл.3 од овој Правилник во Правилникот за огранизација и работа во Министерството за внатрешни работи СД бр.14.1-100/1 од 14.01.2011 година и СД.бр.14.1-612/1 од 10.03.2011 година графичкиот приказ на организацијата на организациските единици за потребите на Министерството се заменува со нов графички приказ на организацијата на организациските единици за потребите на Министерството (Органограм) кој е составен дел на Правилникот.

Во Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во Министерството за внатрешни работи, СД.бр.12.1-2523/1 од ноември 2011 година е наведено дека во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за внатрешни работи СД.бр.14.1-101/1 од 14.01.2011 година, Сд бр.14.1-611/1 од 10.03.2011 година, СД.бр.12.1-895/1 од 13.04.2011 година, СД.бр.12.1-973/1 од 28.04.2011 година, СД.бр.12.1-835/1 од 06.04.2011 година, СД.бр.12.1-1676/1 од 01.08.2011 година и СД.бр.12.1-1822/1 од 29.08.2011 годинаво делот II опис на работните места во членот 2, точката 7 „Сектор за финансиски материјално-технички и логистички работи" се менува и гласи „Сектор за општи и заеднички работи при што е наведена организационата поставеност на овој Сектор со опис и попис на работни задачи".

Согалсно Решението бр.12.3-7065/1 од 02.02.2012 година на Министерот за внатрешни работи, Ненад Николовски по потреба на министертовото се распоредува на работно место Началник на Одделение за менаџмент и јавни набавки во Сектор за општи и заеднички работи, при Министерството за внатрешни работи на РМ сметано од 02.02.2012 година. Со Решение бр.12.3-88019/1 од 14.12.2011

година на Министерот за внатрешни работи по потреба на министерството Ѓоко Поповски се распоредува на работно место Помошник на министерот на Сектор за општи и заеднички работи при МВР на РМ сметано од 14.12.2011 година.

Видно од Решението бр.13.3-21664/3 од 02.01.2008 година за пренесување на овластувањата во постапка за доделување на договорите за јавни набавки, на МВР потпишано од Министерот за внатрешни работи Гордана Јанкулоска, правото на донесување и потпишување на сите писмена, одлуки и документи што се донесуваат односно потпишуваат во постапката за доделување на договорите за јавни набавки во Министерството за внатрешни работи, што се спроведуваат согласно Законот за јавните набавки („Сл. весник на РМ" бр.136/2007) се пренесува на Помошникот на министерот кој раководи со Секторот за финансиски, материјално–технички и логистички работи. Со ова решение престанува да важи Решението за пренесување на овластување во постапката за вршење на јавни набавки бр.13.3-21664/2 од 27.03.2007 година. Решението влегува во сила со денот на потпишувањето.

На ден 08.02.2012 година Министерот за внатрешни работи Гордана Јанулоска донела Решение бр.12.1-8493/1 од 08.02.2012 година за пренесување на овластување на јавните набавки во МВР во кое решение е наведено дека за донесување и потпишување на сите акти, одлуки и документи што се однесуваат на постапките за јавни набавки во Министерството за внатрешни работи согласно Законот за јавни набавки („Сл. Весник на РМ" бр.136/2007, 97/2010,130/2008 и 53/2011) го овластува Ѓоко Поповски – Помошник на министерот на Секторот за општи и заеднички работи. Со ова Решение престанува да важи Решението за пренесување на овластување во постапка за доделување на договорите за јавни набавки број 13.3-21664/3 од 02.01.2008 година и истото влегува во сила со денот на неговото донесување.

Видно од Одговорот на барање од МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје бр.03-3836/1 од 15.11.2016 година со прилози, Мак Аутостар не е запознат дали освен во возилата од марката Мерцедес полуактивната воздушна суспензија AIRMATIC се вградува под истиот тој назив и во возила од други марки (БМВ, Ауди, Тојота и други) а воедно не им е познато дали освен во возилата од марката Мерцедес варијабилен ограничувач на брзина под конкретниот назив SPEEDTRONIC се вградува под истиот тој назив и во возила од други марки (БМВ, Ауди, Тојота и други) не им е познато ни дали освен во возилата од марката Мерцедес реверзибилниот, превентивен систем за заштита PRE-SAFE се вградува под истиот тој назив и во возила од други марки (БМВ, Ауди, Тојота и др.) . На истите не им е познато дали освен во возилата од марката Мерцедес автоматскиот систем за климатизација THERMOTRONIC се врградува под истиот тој назив и во возила од други марки (БМВ, Ауди, Тојота и др.) како и околноста дали освен во возилата

од марката Мерцедес навигацискиот систем COMAND се вградува под истиот тој назив и во возила од други марки (БМВ, Ауди, Тојота и др.). Не им е познато дали системите за асистенција при возење PARKTRONIC и DISTRONIC PLUS под конкретните називи се вградуваат само во возила од марката Мерцедес или се вградуваат под истите тие називи и во возила од други марки (БМВ, Ауди, Тојота и др.), како ни околноста дали освен во возилата од марката Мерцедес системите за асистенција при возење PARKTRONIC и DISTRONIC PLUS се вградува под истиот тој назив и во возила од други марки (БМВ, Ауди, Тојота и др.). Во овој допис наведуваат дека не им е познато дали освен во возилата од марката Мерцедес системот Night View Asssist PLUS се вградува под истиот назив и во возила од други марки (БМВ, Ауди, Тојота и др.). Наведуваат дека нивното друштво не поседува податоци кои се однесуваат на заштита на имињата на системите и дали истите се регистрирани трговски марки. Познато им е дека системите се производство на ралични производители но немаат конкретни податоци кој е производител на секој од системите. За моделите од марката Мерцедес се користи ознака S 500 Guad , S 600 Guard, при што буквата „S" ја означува класата на возилото, а зборот „Guard" генерално означува зголемен степен на заштита, но не им е познато дали возила од други марки ја користат оваа ознака. Наведуваат дека во предмет на спорното возило не постои резервација, а постои нарачка извршена на ден 13.06.2012 година и возилото е набавено директно од производителот Даимлер АГ. Возилото од страна на МВР било платено во еден дел на износ од 17.726.000,00 денари на ден 21.08.2012 година и дел од 17.500.000,00 денари на ден 29.10.2012 година.

Согласно Историјатот и пресметката доставени на германски јазик со превод воизлото е порачано од страна на Мак Аутостар и од овој доказ јасно се гледа дека се работи за порачка на возило марка Мерцедес Бенц, тип С 600, лимузина долга и притоа Даимлер АГ Германија доставил и фактура од 26.06.2012 година на износ од 345.272,88 евра. Бројот на нарачката на ова возило е 0 2 550 10086, а датум на испорака е 21 јуни 2012 година и притоа во овој доказ е стриктно наведено каква се опрема содржи ова возило.

За патничкото моторно возило Мерцедес Бенц С 600 има и Царинска декларација од 06.07.2012 година, од која што се гледа дека испраќач на возилото е Даимлер АГ Германија, а примач Мак Аутостар Скопје.

На ден 10.07.2012 година од страна на Мак Аутостар ДООЕЛ е изготвена Фактура бр.12-07-172 од 10.07.2012 година и видно од истата се работи за набавката на патничкото возило марка Мерцедес-Бенц тип С 600, при што цената на возилото со дополнителна опрема, транспорт и царина изнесува 29.852.542,00 денари, ДДВ 18% во износ од 5.373.458,00 денари или вкупно 35.226.000,00 денари.

Согласно изводите и тоа Извод за состојба на сметка во Комерцијална банка АД Скопје за 21.08.2012 година и Извод за состојба на сметка во Комерцијална банка АД Скопје за 29.10.2012 година, од страна на МВР на РМ на Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје на ден 21.08.2012 година му биле префрлени парични средства во износ од 17.726.000,00 денари,а на ден 29.10.2012 година сума во износ од 17.500.000,00 денари.

Со писмен Одговор од МВР рег.бр.08-73230/1 од 17.11.2016 година со прилози од страна на МВР на РМ до Обвинителството се доставени повеќе докази за отворена постапка по оглас број 15-02/2011 и тоа Годишен план за јавни набвки за 2011 година број 15-8656/1 од 07.02.2011 година, Одлука за јавна набавка број 15-7539/1 од 02.02.2011 година, тендерска докментација број 15-7540/1 од 02.02.2011 година, Оглас за доделување на Договор за јавна набавка број 15-02/2011 од 03.02.2011 година, уплатници за подигнување на тендерска документација, записник од отворање на понудите од 11.04.2011 година, изјави за немање на конфликт на интереси од членови на Комисијата за јавна набавка, изјава за немање на конфликт на интереси од Одговорно лице, Одлука за поништување на постапката, понуда од економски оператор Маккар бр.0310-168 од 31.01.2011 година и понуда од економски оператор Порше Македонија број 28-01/2011 година. Наведената документација била доставена од Помошник министерот Ѓоко Поповски до Кабинет на Министер, Државен советник Живко Темелковски што е видно од Пропратниот акт за доставување на документација од МВР до Кабинет на Министер, рег.бр.18.1-1571/1 од 16.11.2016 година.

Видно од Годишниот план за јавни набавки во 2011 година на МВР на РМ бр.15-8656/1 од 07.02.2011 година предвидено е да се набави блиндирано ПМВ едно парче преку отворена постапка за што се обезбедени парични средства од 22.000.000 денари.

Помошникот на министерот, Ѓоко Поповски донел Одлука за јавна набавка на стоки на МВР-Сектор за финансиски, материјално – технички и логистички работи, Дб.15-7539/1 од 02.02.2011 година Скопје и видно од истата согласно Планот за јавни набавки на МВР за 2011-та година одлучено било да се спроведе постапка за доделување на Договор за јавна набавка на стоки-блиндирано патничко моторно возило според одредбите на Законот за јавни набавки, а станува збор за набавка на половно-користено блиндирано патничко моторно возило според Спецификација која била прилог на оваа одлука. Набавката не била деллива, а во прилог на одлуката е даден описот и техничките спецификации. Потребните финансиски средства во висина од 22.000.000,00 денари ќе се обезбеделе од Буџетот на РМ, а се работи за

отворена постапка.

Отворената постапка бр.15-02/2011 за доделување на Договор за јавна набавка на специјално – блиндирано патничко моторно возило според спецификација од ТД – тендерска документација од месец февруари 2011-та година е заверена под Ев.бр.15-7540/1 од 02.02.2011 година и согласно истата предмет на договор за јавна набавка е јавна набавка на половно–користено специјално(блиндирано) патничко моторно возило според спецификација, а економските оператори своите понуди потребно било да ги достават во согласност со членовите 59 и 134 од Законот за јавни набавки до МВР, а јавното отварање на понудите во присуство на понудувачите ќе се изврши на 25 март 2011 година во 12,00 часот во просториите на МВР. Во оваа отворена постапка, во изготвениот документ постојат општи информации во смисла што е предмет на договорот, вид на постапка, право на учество, трошоци за поднесување на понуда, критериум за доделување на договорот за јавна набавка начинот на плаќање, спречување на судир на интереси и начин на комуникација. Воедно постои и дел за способноста на економските оператори, потоа содржина на тендерската документација, подготовка и поднесување на понудите, отворање и евалуација на понудите и конечно доделување на договорот за јавна набавка при што мора да се нагласи дека критериуми за доделување на јавната набавка е најниска цена како што било утврдено во точка 1.5 од тендерската документација. Притоа во оваа тендерска документација се наведени и техничките спецификации за набавка на половно специјално блиндирано патничко моторно возило. Доставен бил и модел на договор за набавка како и образец на понуда.

Согласно Копијата од Електронски систем за јавни набавки - Биро за јавни набавки, број на оглас 15-02/2011 за Оглас за доделување на договор,предмет на договорот за јавна набавка е половно користено блиндирано патничко моторно возило и притоа е наведено дека понудите треба да се достават најдоцна до 29.03.2011 година во 12,00 часот период на важност на понудата бил 60 дена, а јавното отворање на понудите ќе се одржи на денот и во часот кој што е наведен, а тоа е 29.03.2011 година во 12,00 часот, Комплекс МВР, а датум на објава е 03.02.2011 година.

Видно од Копијата од три уплатници, Порше Македонија ДООЕЛ по огласот има уплатено 1.000,00 денари, и тоа на ден 03.02.2011 година, а истиот износ го има уплатено и економскиот оператор Аутомакедонија АД и тоа на ден 08.02.2011 година, додека Мак Аутостар овој износ го уплатил на ден 07.02.2011 година.

Од страна на Комисијата за јавни набавки бил сочинет Записник од отварањето на понудите и видно од истиот Комисијата констатира дека по огласот 15-02/2011 за доделување на договор за јавна набавка на половно-користено блиндирано патничко моторно возило според Спецификацијата не е пристигната ниту една понуда заради што

Комисијата ја прекинала постапката и предлага постапката да се повтори.

Членовите на Комисијата и тоа Ристе Ставрески, Илија Михајловски, Кире Тодоровски, Борче Мисајловски потпишале изјави според кои што во врска со постапката за јавна набавка бр,15-02/2011 за набавка на половно блиндирано ПМВ не постои случај на судир на интереси во смисла на Законот за спречување на судир на интереси(Службен Весник на РМ бр.128/2009). Ваква Изјава има и од Ѓоко Поповски која не е потпишана од него, а сето ова јасно произлегува од копиите на изјавите.

МВР на РМ, Сектор за финанскиски материјално-технички и логистички работи преку одговорното лице Помошник на министерот Ѓоко Поповски донел Одлука за поништување на постапка за јавна набавка на стоки и видно од истата со оваа одлука се поништува постапката за јавна набавка за доделување на Договор за набвака на половно-користено блиндирано патничко моторно возило според Спецификација, спроведена согласно оглас 15-02/2011. Постапката била поништена согласно чл.169 ст. 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки (Службен Весник на РМ бр. 136/2007, 130/2008 и 97/2010) според кој договорниот орган може да ја поништи постапката за доделување на Договор за јавна навабка ако не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда.

Видно од Понудата за користени BMW возила од Трговско друштво за промет и посредување МАККАР ДОО бр.0310-168 од 31.01.2011 година, кој доказ исто така е со превод на македонски јазик доставил понуда за користени БМВ возила, а во прилог на истата доставиле и Спецификација на опремата која што ја поседува ова возило како и дополнителна опрема за истото.

Порше Македонија доставил Понуда за користено возило - Audi A8 6.0 W12 QUATTRO Security, бр.28-01/11 за патничко моторно возило Ауди А8 6.0 W 12 QATRO Security (продолжена варијанта) заштитна категорија VR6/VR7 и видно од истата ова возило е со прва регистрација од 29.09.2009 година и поминати 13.800 км. Во понудата е наведена стандардната конфигурација, вградена безбедносна конфигурација и дополнително вградена конфигурација, а цената на предметното возило со вклучен ДДВ изнесувала 328.412,00 евра.

На барање на Јавното обивнителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, доставен е Допис бр.03-2039/3-2016 од 01.12.2016 година од Државниот завод за индустриска сопственост Скопје со прилог бр.1 и прилог бр.2. кои се доставени со превод на македонски јазик и видно од истиот е дека по извршеното пребарување во базата на податоци на регистрирани трговски марки во Државниот завод за индустриска сопственост и во меѓународната база на податоци согласно

Мадридскиот договор за меѓународна регистрација на трговски марки, односно Мадридскиот протокол е утврдено дека за територијата на РМ преку Светската организација за интелектуална сопственост на име на носителот на правото Daimler AG, односно Daimler Chrysler AG, Mercedesstrasse 137, 70327 Stuttgart (DE) меѓународно се регистрирани трговските марки: GUARD кое што е во прилогот број 1, регистрирана под број 714507 од 30.04.1999 година за производи / услуги од класите 12 и 37 од Меѓународната (Ничанска) класификација на производи и услуги и AGILITY AT YOUR COMMAND, а ова е во прилогот број 2 регистрирана под број 928790 од 15.06.2017 година за производи/ услуги од класите 12,15 и 35 од Меѓународната (Ничанска) класификација на производи и услуги. Останатите трговски марки: AIRMATIC, SPEEDTRONIC, PRE-SAFE, THERMOTRONIC, DISTRONIC PLUS и Night View Assist не се пријавени/ регистрирани за територијата на РМ на име Daimler AG.

Со писмено Известување рег.бр.08-78086/1 од 07.12.2016 година од МВР со прилози МВР на РМ доставува до Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите одговор од Одделот за информатика и телекомуникации. Со овој Допис рег.бр.11-1402/2 од 07.12.2016 година од Оддел за информатика и телекомуникации при МВР, ги известуваат дека Одделот за информатика и телекомуникации постапил по нивното барање и во прилог доставуваат испис од серверски логови за бараната е-маил комуникација. Соодветните е-маил пораки не биле пронајдени во маил сандачето. Всушност се работи за е-маил коренспонденција на обвинетиот Ѓоко Поповски со е-маил акаунт Gjoko M Popovski на домеин moi.gov.mk кој што бил вработен во МВР, а со претставници на фирмата Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје како и со лицата Зоран Марковски, Марко Јовановски и Михаило Зографски, бараните податоци се однесувале за период од 10.03.2012 година до 04.04.2012 година.Во прилог на овој допис доставен е и Испис од серверски логови и за истиот има превод на македонски јазик.

Видно од Извештајот НСК.РО бр.54/16 од 02.12.2016 г. од истражител Дејан Боцевски со прилог едно ЦД (компакт диск) DVD-R марка Verbatim со натпис НСК.РО.бр.54/16,било пристапено на интернет страната на Државниот завод за индустриска сопственост со линк http://www.ippo.gov.mk/MK/Index mk.aspx, во делот „експерти на ИС" http://www.ippo.gov.mk/MK/IPProfesionalMK.aspx од делот„електронски бази на податоци" од јавните дата бази „TMView" и „Romarin" биле пронајдени следните содржини : за терминот „AIRMATIC" пронајдени биле вкупно 7 резултати кои што поединечно се докумнетирани-симнати во „pdf" формат со следните имиња CA500000162724900.pdf; CH501999000001070.pdf;DE500000398500088.pdf;EM500000001066216.pdf;MH501985011374753.pdf;MO501999000001394.pdfиUS500000075639654.pdf. Истите се снимени на посебна папка „TMView" во подпапка „AIRMATIC". За терминот „ COMAND" биле пронајдени вкупно 6 резултати

кои поединечно биле документирани-симнати во „pdf" формат со следните имиња CA500000142733300.pdf.; CH501997000002628.pdf; DE500000396449166.pdf;EM500000000514117.pdf;NO500000019972969.pdf и US 500000076491201.pdf,а истите биле снимени на посебна папка „TMView" во подпапка „COMAND". За терминот „DISTRONIC PLUS" пронајдени биле вкупно 7 резултати кои што поединечно биле документирани-симанти во „pdf" формат со следните имиња: CA500000126097500.pdf;CH50200500005425.pdf;DE500000304712205.pdf;EM500000004469607.pdf;MX501985010721960.pdf;NO502005000005389.pdf и US500000078643326.pdf, а истите биле снимани на посебна папка „TMView" во подпака „DISTRONIC PLUS". За терминот „GUARD" пронајдени се вкупно 10 резултати кои што поединечно се документирани-симнати во „pdf" формат со следните имиња: BR500000821604961.pdf;BR500000821604970.pdf;CA500000101447300.pdf;DE500000398641560.pdf;EM500000001161942.pdf;ES500000002464337.pdf;PH501999000003161.pdf,PH501999000003162.pdf;US500000075698152.pdf и WO500000000714507.pdf. Истите се снимени на посебна папка „TMView" во подпапка „GUARD". За терминот „Night View Assist" бил пронајден 1 резултат кој што е документиран-симнат во „pdf" формат со следното име : US500000077227677.pdf истиот е снимен на посебна папка „TMView" во подпапка „Night View Assist". За терминот „PRE-SAFE" пронајдени биле вкупно 3 резултати кои што поединечно се документирани-симнати во „pdf" формат со следните имиња: CA500000103536200.pdf;DE500000302470395.pdfиUS500000075857292.pdf . Истите се снимени во посебна папка „TMView" во подпапка „PRE-SAFE". Терминот „SPEEDTRONIC" пронајден е вкупно 1 резултат кој што е документиран-симнат во „pdf" формат со следното име: DE500000396514650.pdf. истиот е снимен во посебна папка „TMView" во подпапка„ SPEEDTRONIC". За терминот „THERMOTRONIC" биле пронајдени 10 резултати кои што поединечно се документирани симнати во „pdf" формат со следните имиња: CA500000106509300.pdf; DE500000300046413.pdf;GR50200000F144683.pdf;IE502000000002510.pdf;MX501985010436901.pdf;MX501985010480186.pdf;US500000076079454pdf;US500000077664087.pdf;US500000086837211.pdfиWO500000000742676.pdf. Истите се снимени во посебна папка „TMView" во подпапка „THERMOTRONIC".

Од јавната дата база „Romarin" со линк http://www.wipo.int/romarin/search.xhtml;jsessionid=E01256F77FA659B63FEF751A380917E9 направено е пребарување во колоната „Holder name" по критериум на пребарување на зборот „ DAIMLER AG" „Daimler Chrysler AG" и истовремено дополнително поединечно пребарување во колоната „Mark" за секој од горенаведените термини поединечно добиени се резултати од пребарувањето и тоа: за терминот „AIRMATIC" не се пронајдени никакви резултати, за терминот „COMAND" не се пронајдени никакви резултати, за терминот „DISTRONIC PLUS", за терминот „GUARD" пронајден е вкупно 1 резултат кој што е документиран-симнат

во „pdf" формат со следното име: 714507.pdf. истиот е снимен на посебна папка „Romarin" во подпапка „GUARD", за терминот „Night View Assist", не се пронајдени никакви резултати, за терминот „PRE-SAFE" , не се пронајдени никакви резултати, за терминот „SPEEDTRONIC", не се пронајдени никакви резултати, за терминот „THERMOTRONIC", е пронајден еден резултат, кој што е документиран –симнат во „pdf" формат со следното име 742676.pdf. истиот е снимен на посебна папка „Romarin" во подпапка „THERMOTRONIC". Наведената содржина е спакувана во ZIP папка со име „Симанти содржини по наредба НСК.РО.54-16.zip" и е снимена на DVD-R марка Verbatim кој што е дел од списите на предметот.

Согласно Дописот -Дополнително доставување податоци бр.03-2128/2-2016 од 05.12.2016 година од Државниот завод за индустриска сопственост Скопје со прилози по извршеното пребарување во базата на податоци на регистрирани трговски марки во Државниот завод за индустриска сопственост (IAPAS) која е интегрален дел на „TMView"(заедничка база на податоци на Заводот за интелектуална сопственона Европската Унија (EUIPO), во која се содржани националните бази на податоци на 45 држави и 3 меѓународни организации) и во меѓународната база на податоци на Светската организација за интелектуална сопственост (ROMARIN) база која се администрира согласно Мадридскиот договор а меѓународна регистрација на трговски марки односно Мадридскиот протокол е утврдено дека на име на носителот на правото DaimlerAG, односно Daimler Chrysler AG (DE) за сите држави кои се членки на Мадридскиот договор и Мадридскиот протокол и за сите држави чии бази на податоци се дел од „TMView" се регистрирани 6 трговски марки „AIRMATIC", една трговска марка „SPEEDTRONIC", две трговски марки „PRE-SAFE" 10 трговски марки „TEHERMOTRONIC", една трговска марка „COMAND" и 4 трговски марки во кои тој збор е содржан, 6 трговски марки „DISTRONIC PLUS" и 8 трговски марки „GUARD". Трговска марка „Night View Assist" во базата на податоци не е пронајдена. Притоа во овој допис е наведено дека Заводот пребарувањето секогаш го ограничува на територијата РМ поради фактот што трговските марки како и останатите права од индустриска сопственост се територијално ограничени, односно правното дејство од нивната заштита се протега само на територијата за која се тие регистрирани. Притоа во прилог на овој допис Државниот завод за индустриска сопственост, доставил и Извадоци од меѓународниот регистар ROMARIN на Светската организација за интелектуална сопственост и извадоци од регистарот на Заводот за интелектуална сопственост на Европската унија EUIPO, за кои документи има превод од кои што се гледа дека трговската марка „AIRMATIC" е регистрирана во САД-Завод за патенти и трговски марки на САД на ден 29.09.1998 година, потоа поднесена е пријава на 22.10.2013 година во Завод за трговски марки Мексико-Мексикански Институт за индустриска сопственост, воедно на 05.02.1999 година поднесена е пријава во Завод

за трговски марки Швајцарија- Федерален Институт за интелектуална сопственост, но како држава на прва пријава е наведена Германија со оглед да датумот на пријава е од 10.08.1998 година до Завод за трговски марки Германија-Германски завод за патенти и трговски марки за да на 05.02.1999 година поднесена е пријава во Завод за трговски марки-Завод за интелектуална сопственост на Европската Унија EUIPO при што од овој доказ се гледа дека име на организацијата која е сопственик е Даимлер АГ Германија ул.Мерцедесстр.137 Штутгард. Воедно истиот овој правен субјект односно правното лице Даимлер АГ е заведен за оригинален сопственик. Трговската марка СПЕЕДТРОНИЦ е регистрирана на 20.11.1996 година во Заводот за трговски марки Германија- Германски завод за патенти и трговски марки, а истата е поднесена од Даимлер АГ Штутгард Германија 70327. Пријава за регистрација за трговската марка ПРЕ –САФЕ е поднесена на 23.09.2002 година во Заводот за трговски марки Германија- Германски завод за патенти и трговски марки, а истата е поднесена од Даимлер АГ Штутгард Германија 70327. За оваа марка на ден 08.11.1999 година поднесена е пријава во Завод за трговски марки Канада-Канадски завод за интелектуална сопственост и притоа како сопственик е наведен со национална шифра DE со седиште Германија Мерцедесштрасе137 70327 Штутгард. Датум на регистрација за ТХЕРМОТРОНИЦ е 25.05.2000 година, а носител на регистрацијата е Даимлер АГ Германија ул. Мерцедесштрасе137 70327 Штутгард. На ден 10.07.2000 година за оваа трговска марка е поднесена пријава до Завод за трговски марки во Ирска- IEIPO, а на ден 02.12.2015 година е поднесена пријава до Заводот за трговски марки САД- Завод за патенти и трговски марки на САД и повторно во оваа пријава се наоѓаат податоците на подносителот на пријавата Даимлер АГ Корпорација DE Германија ул. Мерцедесштрасе137 70327 Штутгард. Наведената трговска марка е регистрирана со пријава од 05.02.2009 година во Завод за трговски марки САД од истиот подносител Даимлер АГ Корпорација DE Германија ул. Мерцедесштрасе137 70327 Штутгард. На ден 25.05.2000 година поднесена е пријава за истата трговска марка во Завод за трговски марки – Светска организација за интелектуална сопственост. На ден 27.06.2000 година за оваа трговска марка била поднесена пријава во Завод за трговски марки –Канада, Канадски Завод за интелектуална сопственост, а сопственик повторно се јавува Даимлер АГ Корпорација DE Германија ул. Мерцедесштрасе137 70327 Штутгард. Регистрација била извршена и во Заводот за трговски марки Грција-GGE со оглед да била поднесена пријава на ден 06.07.2000 година, а како сопственик повторно се јавува Даимлер АГ Корпорација DE Германија ул. Мерцедесштрасе137 70327 Штутгард. На ден 24.01.2000 година е поднесена пријава за истата трговска марка во Завод за трговски марки Германија-Германски Завод за патенти и трговски марки, а како вид на упис е наведено дека се работи за обнова, статус на уписот „продолжено" со датум на статус на уписот 04.04.2009 година. До заводот

за трговски марки Мексико- Мексикански Институт за индустриска сопственост поднесена е пријава за истата трговска марка на ден 09.04.2001 година, а повторно како сопственик се јавува Даимлер АГ Корпорација DE Германија ул. Мерцедесштрасе137 70327 Штутгард. Согласно апликација број 0436901 со датум на апликација 18.07.2000 година за оваа трговска марка ТЕРМОТРОНИК, доставена е апликацијата во Канцеларија за трговски марки Мексико – ИМПИ се работи повторно за истиот сопственик и притоа се наведува дека стандарден знак на марката е ЕС (511) Ничанска класификација 12, а во список на производи и услуги е ставено, моторни возила, делови и додатоци што спаѓаат во класата. Апликацијата број 76079454 е од датум 24.01.2000 година за Канцеларија за трговски марки САД-УСПТО со истиот сопственик и притоа се наведени во списокот на производи и услуги „автомобили и нивни составни делови".

За трговската марка КОМАНД поднесена е апликација со број 76491201 со датум на апликација 19.02.2003 година во канцеларија за трговски марки САД-УСПТО, а Канцеларија за регистрација е наведена САД, сопственик е повторно Даимлер АГ Корпорација DE Германија ул. Мерцедесштрасе137 70327 Штутгард, а во списокот на производи и услуги се наведени компјутерски системи за земни возила кои содржат микропроцесори, микрокомпјутери, сензори и двигатели за навигација на автомобил, радио, телевизија, лента, ЦД, ДВД и пристап до интернет, електронски светлечки дисплеи за земни возила, електронски контроли за навигациски уреди за земни возила и за радио, телевизија, лента, ЦД, ДВД и интернет пристап. Направена е обнова со датум на поднесување на запис од 22.11.2005 година, а во ВИПО Светска организација за интелектуална сопстеност регистрација е извршена на 15.06.2007 година, повторно е наведена фирмата Даимлер АГ Корпорација DE Германија ул. Мерцедесштрасе137 70327 Штутгард. Што се однесува до трговста марка АГИЛНОСТ НА ЗАПОВЕД поднесена е апликација 928790 од 15.06.2007 година Канцеларија за трговски марки ВИПО-ВИПО каде што повторно се сретнува сопственикот Даимлер АГ Корпорација DE Германија ул. Мерцедесштрасе137 70327 Штутгард при што има податоци како вид на запис стои доделување на заштита подложно на опозиција со датум на внес на запис 03.03.2008 година, а датум на известување 04.03.2008 година со ефективен датум 24.01.2008 година. Освен наведените датуми, има повеќе записи за доделување на заштита, а изјава за одбивање на заштита на марка за сите барани производи и услуги, а постои и запис „Опозиција можна по временски рок од 18 месеци" со датум на внес на запис 03.03.2009 година датум на известување 04.03.2009 година и ефективен датум 16.02.2009 година. Направени се повеќе записи кои што се однесуваат на изјава за заштитеност на регистрирана марка за некои барани производи и услуги. Со број на апликација 77615915 трговската марка МАЈКОМАНД е извршена регистрација на 11.11.2008 година во Канцеларија за регистрација САД, а повотрно и оваа регистрација е по барање на

апликантот Даимлер АГ Корпорација DE Германија ул. Мерцедесштрасе137 70327 Штутгард. На ден 10.06.2011 година поднесена е апликација број 85491397 за трговска марка ЈОРКОМАНД во Канцеларија за трговски марки –САД –УСПТО, а како датум на регистрација е внесен 25.07.2011 година и повторно како апликант се јавува Даимлер АГ Корпорација DE Германија ул. Мерцедесштрасе137 70327 Штутгард. За трговската марка ДИСТРОНИК ПЛУС поднесена е апликација борј 78643326 на 15.12.2004 година во Канцеларија за трговски марки САД-УСПТО, со датум на регистрација 07.04.2007 година и повторно апликант е Даимлер АГ Корпорација DE Германија ул. Мерцедесштрасе137 70327 Штутгард. На ден 03.06.2005 година доставена е апликација број 54625/2005 за трговска марка ДИСТРОНИК ПЛУС во Канцеларија за трговски марки Швајцарија ИГЕ-ИПИ Канцеларија за регистрација ЦХ со датум на регистрација 23.08.2005 година, а сопственик е Даимлер АГ Корпорација DE Германија ул. Мерцедесштрасе137 70327 Штутгард. Во Канцеларијата за трговски марки Мексико-ИМПИ Канцеларија за регистрација МХ на ден 09.06.2005 година доставена е апликација број 0721960, а како датум на регистрација е наведен 28.11.2005 година, а како сопственик повторно е наведен Даимлер АГ Корпорација DE Германија ул. Мерцедесштрасе137 70327 Штутгард. Апликација број 004469607 е доставена на 03.06.2005 година до Канцеларија за трговски марки ЕУИПО-ЕУИПО со датум на регистрација 27.11.2006 година со истиот сопственик. За трговската марка ДИСТРОНИК ПЛУС поднесена е апликација 200505389 на 08.06.2005 година, во Канцеларија за трговски марки Норвешка-НИПО со датум на регистрација 21.06.2006 година со наведување на истиот сопственик. Во Канцеларијата за трговски марки Канада-ЦИПО на ден 13.06.2005 година за трговската марка ДИСТРОНИК ПЛУС поднесена е апликација број 1260975-00 со датум на регистрација 07.10.2008 година, повторно и во овој запис се јавува истиот сопственик. ГАРД е регистриран и во ВИПО–Светска организација за интелектуална сопственост на 30.04.1999 година како имател на регистрација се јавува Даимлер АГ Корпорација DE Германија ул. Мерцедесштрасе137 70327 Штутгард. За оваа трговска марка е поднесена апликација борј 0374241 и тоа на ден 06.05.1999 година во Канцеларија за трговски марки Мексико-ИМПИ, а датум на регистрација е 11.10.1999 година со истиот сопственик. На ден 21.03.2002 година до Канцеларијата за трговски марки Шпанија –ОЕПН доставена е апликација со борј М2464337, а датум на регистрација е 20.01.2003 година во графата сопственик повторно е наведен истиот сопственик. За оваа трговска марка поднесена е и апликација број 1014473-00 на ден 05.05.1999 година во Канцеларија за трговски марки–Канада-ЦИПО, а како датум на регистрација се сретнува 18.07.2002 година и повторно во графата сопственик се јавува истото правно лице. Во Канцеларијата за трговски марки Германија –ДПМА доставена е апликација број 398641560 и тоа на ден 06.11.1998 година, а регистрацијата е направена на 17.12.1998

година. На ден 05.05.1999 година за истата трговска марка доставено е барање со број 001161942 и наведен е датум на регистрација 14.05.2003 година и повторно е истиот сопственик и притоа тука се наведени сите промени кои што се настанати во меѓувреме, но не и во делот за сопственик. Со барање број РН-4-1999-3162 кое барање е доставено 06.05.1999 година до Службата на трговска марка Филипини-IPOPHIL регистрацијата е извршена на ден 07.02.2004 година за истиот сопственик . За трговската марка NIGHT VIEW ASSIST (ПОМОШ ПРИ НОЌНО ГЛЕДАЊЕ) доставена е апликација со број 77227677 до Завод за трговски марки САД-Канцеларија за патенти и трговски марки, а датум на регистрација е 01.07.2008 година, а и во оваа апликација е наведен истиот сопственик.

Со Допис-Дополнително доставување податоци бр.03-2167/2-2016 од 09.12.2016 година од Државниот завод за индустриска сопственост Скопје со прилози:до обвинителството се доставени и дополнителни податоци за Night View Assist со превод на македонски јазик. За трговската марка NIGHT VIEW ASSIST (ПОМОШ ПРИ НОЌНО ГЛЕДАЊЕ) доставена е апликација со број 77227677 до Завод за трговски марки САД-Канцеларија за патенти и трговски марки, а датум на регистрација е 01.07.2008 година, а и во оваа апликација е наведен истиот сопственик. Оттука произлегува дека Night View Assist е трговска марка регистрирана на име на носителот Даимлер АГ од Германија производител на возилата од марката Мерцедес. Оваа трговска марка е регистрирана на носителот Даимлер АГ од Германија за територијата на САД.

Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје доставило писмено барање НСК КО бр.3/17 од 29.03.2017 година до М Кар ДООЕЛ Скопје, со кое бара да им бидат доставени податоци за патнички моторни визила од програмата на БМВ кои се продавале на пазарот како нивни возила во 2011 и во 2012 година и кои што имаат заштита VR6/VR7 (блиндирано возило) па барале да се навденат техничките спецификации на возилото. Од страна на М Кар ДООЕЛ Скопје доставиле Известување на ден 05.04.2017 година заверен под број 0302/2977 со прилог копија од официјален ценовник на BMW AG како и листа на стандардна опрема и ценовник на дополнителна опрема, за кој доказ постојат преводи на каталогот кој се однесува на возилото БМВ серија 7 . Од овој доказ се гледа дека станува збор за БМВ со ниво на заштита / безбедност VR6/VR7 (блиндирано возило) Тип 750 Li и 760 Li; со четири врати, 5 седишта, со број на цилиндри V8 и за втората верзија V12, погон на задни тркала, трансмисија автоматски 6 степен менувач, можност kW/KC 300/407, а за втората верзија 400/544, зафатнина cm3 4395 и за втората верзија 5972, вртежен момент N/m 600 додека за втората верзија 750, максимална брзина km/h 210. Се работи за серија 7 High Secutiry F03. Во прилог на

овој допис истите доставиле и официјален ценовник на BMW AG за ваков тип на возила како и листа на стандардна опрема и ценовник на дополнителна опрема. Презентираните цени се франко BMW Минхен, при што актуелните давачки за увоз на моторни возила не се вклучени/пресметани.

Од писменото Известување од М Кар ДООЕЛ Скопје бр.0302/2984 од 06.04.2017 година, видно е дека при изготвувањето на дописот од 05.04.2017 година биле направени технички грешки кои што се однесуваат на следните параметри: број на седишта наместо наведените 5 треба да стои 4 и истото се однесува за двете моторни верзии и трансмисија за моторна верзија 760 Li наместо автоматски 6 степен менувач, треба да стои автоматски 8 степен менувач.

Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје доставило писмено барање НСК КО бр.3/17 од 29.03.2017 година до Порше Македонија ДООЕЛ Скопје со кое бара да им бидат доставени податоци за патнички моторни визила од програмата на Ауди и Фолксваген кои се продавале на пазарот како нови возила во 2011-та и 2012-та година и кои што имаат заштита VR6/VR7(блиндирано возило) при што да бидат наведени одреден број на карактеристики.Со свој писмен Допис Порше Македонија ДООЕЛ Скопје заведен под број 03-325 од 31.03.2017 година, доставил податоци па видно од истиот Порше Македонија ДООЕЛ Скопје нема извршено продажба на ваков тип на возила и ваков тип на возило се продава исклучиво по нарачка на купувач. Во поглед на техничките спецификации наведуваат дека се работи за Audi A8 L 6.3 Qattro Security со година на производство септември 2011-та, со четири седишта и четири врати, број на цилиндри на моторот 12, погон на четири тркала, трансмисија Автоматки менувач 8 степен, сила на моторот 368 Kw зафатнина на моторот 6299m3, вртежен момент 625 Nm при 4750 rpm, а максималната брзина ограничена на 210 km/h. Воедно во овој допис е ставена и стандардната опрема и можна дополнителна опрема.

Од страна на истражител Дејан Боцевски е сочинет Извештај НСК.КО.бр.3/17 од 25.04.2017 година, а согласно овој извештај при анализа на SERVER LOG и DOM PRO SERVER LOG е констатирано дека постојат записи за две е-маил пораки и тоа: Порака 0042C540 која што е примена преку SMTP Серверот UIVRSA02 на МВР од страна на домеин makautostar.com.mk на ден 22.03.2012 година во 13:09:19 часот, истата порака, понатаму преку DOMPRO Серверот на МВР е доставена во е-маил сандачето на лицето Ѓоко Поповски(Gjoko M Popovski) на 22.03.2012 година во 13:09:19 часот и порака 002B3692 која што е испратена преку DOMPRO Серверот кон UIVRSA02 Серверот, а е наменетазазoran.manevski@makautostar.com.mk.mailto:zoran.manevski@makautostar.com.mk.Пораката Пораката е испратена на 03.04.2012 година во 10:01:02 часот од Notes апликација, која што претставува локална

апликација за примање и испраќање на е-маил пораки. Истата порака понатаму преку SMTP серверот UIVRSA02 е препратена на домаин mail.MAKAUTOSTAR.COM.MK кон е-маил сандачето на zoran.manevski@makautostar.com.mkmailto:zoran.manevski@makautostar.com.mk на 03.04.20102 година во 10:01:02 часот.

Согласно Преводот на македонски јазик на брошура од Mercedes Benz S-Guard, ова возило однадвор е идентично на стандардниот модел за заштите, однатре генијален систем на елементи за највисока заштита. Избран за конкретна цел, интегриран за конкретна цел: материјали наменети за зајакнување на структурата на телото, комбинација на челик, стакло и пластика што обезбедува заштита. Наведено е дека се работи за генијалниот дизајн и преклопувањето на системите кои обебзбедуваат ефикасна заштита на критичните точки. Подвижен и во итни случаи со брзина и до 80km/h на растојание од околу 30km, а тоа го овозможува Michelin PAX RFT системот дури и гумите да се целосно издишани. Специјално стакло со важни својства: висока јачина и непробојно стакло што се должи на слој од поликарбонат во внатрешноста. Посебна суспензија специјалните елементи за зајакнување и целосниот редизајн на суспензијата обезбедувале,сигурност и удобност при возењето на Mercedes и покрај зголемената тежина од околу 70%. Од Електронска програма за стабилност (ESP) до антиблокирачки систем за сопирање (ABS) : електронските системи за контрола во Mercedes Benz Guard се репрограмирани. Тие одговараат на зголемената тежина и физичките својства што произлегуваат од истата. Целокупниот безбедносен концепт на Mercedes –Benz вклучува S-GUARD како нов модел на S- Class нуди оптимална безбедност на возилото, но и висока безбедност во сообраќајот. Воедно наведено е дека поседуваат Сертификат со што се потврдува дека специјално заштитеното возило ги исполнува барањата од насоките за тестирање и сертифицирање за непробојност на возилото BRV 1999 во класата на отпор VR6, проширување: патничката ќелија и глазурата во монтажната положба VR7 покрив VR6. Во брошурата се зборува и за DISTRONIC PLUS вклучувајќи BAS PLUS (систем за помош при сопирање) и систем за помош за слепа точка. Возилото било опремено и со камера за возење рикверц и има PARKTRONIC(а тоа е сензор за паркирање) и насоките за паркирање, а има и задна камера при што предност е тоа што овој предел зад автомобилот може да се види дури и ако задната ролетна е спуштена, а пределот зад S-GUARD се појавува на екранот COMAND. Во оваа брошура се наведени сите технички податоци за ова возило со наведување на опрема со технички податоци.

Во брошурата со Превод на македонски јазик на брошура од BMW 7 Series, се наведени основната опрема за возило BMW серија 7 високо ниво на безбедност (F03) каде што поодделно се искажани сите елементи за безбедност, бој и надворешен дизајн, 2.2 надворешен дизајн, тркала/гуми, тапацир и дизајн на ентериерот 5.1 тапацир, опрема

за управување, технологија 5.2 возење и пренос, технологија 5.3 помош на возачот, технологија 5.4 видливост и светла, внатрешна опрема 6.1 седишта/удобноста на седиштата, внатрешна опрема 6.2 управувач, внатрешна опрема 6.3 климатски конфор, надворешна и внатрешна функционална опрема, забава и комуникација 8.1 радио/навигација, забава и комуникација 8.2 комуникација и информации, забава и комуникација 8.3 Hi Fi, системи и забава и внатрешна контрола. Наведени се и дополнителната опрема и тоа во делот за безбедност, боја и надворешен дизајн 2.1 боја, боја и надворешен дизајн 2.2 надворешен дизајн, тркала/гуми, тапацир и ватрешен дизајн 4.1. тапацир, тапацир и внатрешен дизајн 4.2 внатрешен дизајн, технологија 5.1 помош на возачот, технологија 5.4 видливост и светла, внатрешна опрема 6.1 седишта, внатрешна опрема 6.2 управувач, внатрешна опрема 6.3 климатски конфор, надворешна и внатрешна функционална опрема, забава и комуникација 8.1 радио/навигација, забава и комуникација 8.2 комуникација и информации, забава и комуникација 8.3 Hi Fi системи за забава, внатрешна контрола, а воедно се наведени и податоци за сервис. Ова возило има и безбедносна опрема која што е целосно наведена во оваа брошура.

Согласно Брошурата од AUDI A8 на англиски јазик, со Превод на македонски јазик, дадени се сите карактеристики на ова патничко моторно возило со конфигурации/ димензии како и Спецификации во поглед на шасија, сигурност, инфо забава, технологија, податоци за екстериерот, за ентериерот, а воедно наведени се и пакетите, односно опциите.

На ден 31.05.2017 година од страна на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите донело Решение за исплата на трошоци за вешт наод и мислење НСК-КО бр.3/17 од 31.05.2017 година па видно од истото се одобрува исплата на трошоци по предметот НСК КО бр.3/17 на ЕОС Консалтинг АД Рим-Италија подружница во Р. Македонија за изработка на вешт наод и мислење по наредба за вештачење НСК КО бр.3/17 од 23.05.2017 година во вкупен износ од 145.140,00 денари. Ова решение е изготвено по доставена фактура бр.19 на ЕОС Консалтинг АД Рим Италија странска подружница во Република Македонија од 31.05.2017 година.

На ден 06.06. 2017 година е донесено и Решение за исплата на трошоци за вешт наод и мислење НСК-КО бр.3/17 од 06.06.2017 година со кое се одобрува исплата на трошоци по предметот НСК КО бр.3/17 на ЕОС Консалтинг Ад Рим-Италија подружница во Р. Македонија за изработка на вешт наод и мислење по наредба за економско-финансиско вештачење НСК КО бр.3/17 од 03.04.2017 година во вкупен износ од 145.140,00 денари. Ова решение е изготвено по доставена фактура бр.20 од 06.06.2017 година на ЕОС Консалтинг АД Рим Италија странска подружница во Република Македонија. За извршените преводи

од страна на Марија Томова Спиркоска доставен е трошковник на ден 12.02.2018 година на износ од 4.400,00 денари па врз основа на овој трошковник од страна на Обвинителството изготвено е решение за исплата на износ од 4.000,00 денари и износ од 400,00 денари за персонален данок што е видно од доставниот трошковник НСК КО број 3/17 од 22.02.2018 година.

Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите изготвило нареба НСК КО.бр.3/17 од 23.05.2017 со која што наредба бара да се изврши сообраќајно - машинско вештачење притоа во наредбата е определен Тале Герамитчиоски како вешто лице од областа на машинство и сообраќај со лиценца број 07-1429/2, ангажиран од ЕОС Консалтинг АД Рим, Италија, странска подуржница во РМ. По изготвувањето на вештачењето со писмен допис од ЕОС Консалтинг АД Рим, Италија, странска подуржница во РМ заведен под број 05-22/4 од 31.05.2017 година до Обвинителството го доставил вештачењето од областа на машинството и сообраќајот по наредбата НСК КО бр.03/17 од 23.05.2017 година, а во прилог на истото е доставено и едно ЦД односно компакт диск на кое се наоѓа вештачењето во електронска форма. Во поглед на ова вештачење, претходно веќе се наведени делови од вештачењето, но сепак мора да се нагласи дека во овој вешт наод и мислење точно се дадени разликите на возилата Mercedes S 600 Guard , BMW 760 Li High security F03 и Audi A8 L 6.3 Qattro Security . Притоа јасно се гледа дека сите три типа на возила имаат четири седишта и четири врати во поглед на моторот сите три типа на возила имаат 12 цилиндричен мотор со вбризгување. Идентичност постои и во делот брзина до 210 км/ч, потоа сите три типа на возила имаат металик црна боја и внатрешноста е со црна кожа, меѓутоа во поглед на погонот на задни тркала возилата од марката Мерцедес и БМВ имаат погон на задни тркала, а Ауди има погон на сите тркала.Во поглед на трансмисија ПМВ Мерцедес има 5 брзини, автоматска трансмисија, додека возилата БМВ и Ауди имаат 8 брзини, автоматска трансмисија. Во поглед на силата постои исто така разлика па така Мерцедес има сила од 380 Kw, БМВ има сила од 400 Kw, а Ауди е со сила од 368 Kw. Разликата е и во зафатнината па така ПМВ Мерцедес е со зафатнина 5.513 cm3, БМВ има зафатнина од 5.972 cm3, а Ауди е со зафатнина од 6.299cm3.Воочлива разлика постои и кај вртежен момент па ПМВ Мерцедес има 830 Nm, БМВ има 750 Nm, а Ауди има 625 Nm, па со овие разлики помеѓу возилата јасно се гледа дека согласно техничките спецификации од тендерската документација единствено возилото Мерцедес С 600 Гард во целост ги исполнува техничките спецификации, додека директните конкуренти БМВ и Ауди не ги исполнуваат голем дел

од техничките спецификации. Во табелата 2 од овој вешт наод се дадени во левата колона техничките спецификации од тендерската документација број 171-21577/1 од 03.04.2012 година додека во десната колона се дадени техничките спецификации од понудата од 15.05.2012 година на Мак Аутостар Скопје за возилото Мерцедес С600 Гард. Притоа споредувајќи ги од табелата техничките спецификации што ги бара договорниот орган односно левата колона како и нивниот опис по ставки е идентичен со спецификациите од понудата од десната колона како и текстот кој ги опишува. Во самата табела 2 се гледа дека договорниот орган при дефинирање на ставките од техничките спецификации користи спецификации кои упатуваат на конкретно производство и конкретни трговски марки за системи кои се користат во автоидустријата. Тие се издвоени и наведени во Табелата 3 во која е извршена компарација на издвоени ставки кои упатуваат на конкретни трговски марки на техничките спецификации од тендерската документација број 171-21577/1 од 03.04.2012 година, техничките спецификации на понудата од 15.05.2012 година на Мак Аутостар Скопје за возилото Мерцедес С 600 Гард, податоците од Порше Македонија ДООЕЛ Скопје од 31.03.2017 година и податоците од М Кар ДООЕЛ Скопје од 05.04.2017 година и 06.04.2017 година. Притоа постои идентичност од понудата од 15.05.2012 година на Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје за возилото Мерцедес С 600 Гард со спецификациите од тендерската документација број 171-21577/1 од 03.04.2012 година и притоа е воочливо дека има зборови кои се регистрирани трговски марки на носителот на правото Daimler AG, односно Daimelr –Crysler-AG. Од сето ова многу јасно се утврди дека економскиот оператор Мак Аутостар е фаворизиран затоа што постои идентичност во секој сегмент на понудата со техничката спецификација во тендерската документација.Воедно доставени се и Превод на македонски јазик на преглед на конкуренција на пазарот од 29.05.2017 година, и Превод на македонски јазик на споредбена табела за автомобили од 29.05.2017 од кои што повторно може да се види дека постојат разлики во техничките спецификации помеѓу возилата Mercedes Bevz 600 Guard VR6/VR7, Audi A8 L Security W12 Quattro и BMW 760 Li и повторно може да се утврди дека само техничките спецификации на возилото Мерцедес С 600 Гард одговараат на техничките спецификации од тендерската документација.

Вештиот наод се совпаѓа и со исказот на вештото лице Тале Герамитчиоски кој најпрвин се осврна на неговото образование, стручно усовршување и работно искуство. Имено, наведе дека е дипломиран машински инжињер кој што студиите по машинство ги завршил при Универзитетот "Кирил и Методиј", Машински факултет Скопје во месец јануари1987 година, потоа пост дипломски студии во насоката

„Механизациони машини и возила, конструкција и експлоатација" завршил на заедничките студии на Машинскиот факултет Скопје и Машинскиот факултет Белград и во месец ноември 1989 година магистрирал, а докторската дисертација ја одбранил на Машинскиот факултет во Скопје, во јуни 1993 година. Потоа, наведе дека од месец февруар 1987 година до месец ноември 1987 година работел како инжињер-програмер во фабриката „Еуро Инвест,11-ти Октомври" Прилеп, која била наменска фабрика за производство на воени делови и оружје, а од 1-ви ноември 1987 година се вработил на Техничкиот факултет во Битола, најпрво како асистент, а од 1-ви септември 1993 година како доцент, истиот напредувал во сите звања и сега е редовен професор на Техничкиот факултет во Битола и раководител на Машинскиот отсек. Притоа наведе дека од 2002-ра година бил пратеник во Собранието на РМ, и тоа од 15.09.2002 година, а од 15.11.2002 година бил избран за Заменик министер за образование и наука во Владата на РМ. Таа функција ја вршел до месец јуни 2006-та година, откако бил избран за пратеник во Собранието на РМ се до месец април 2008-ма година. Наведе дека за време на тие избори му мирувал професионалниот ангажман како професор. Појасни дека предметното вештачење го изготвил преку фирмата „ЕОС Консалтинг", Подружница во Македонија, во која немал никакво својство и никаков професионален ангажман. Истакна дека неговото вештачење се базирало на наредбата на ЈО за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникации со конкретни две прашања меѓусебно поврзани и дека при одговорање на тие прашања со вешт наод не сметал за потребно да врши консултации со оштетена страна. Наведе дека на додипломските студии по машинство, ги предавал предметите Машински елементи 1, Машински елементи 2, Конструирање на машини, како и изборните предмети- Основи на бучава и вибрации, а на постдипломските и докторските студии предавал на Методолигија на научна и стручна работа, Метод на конечни елементи во инженерската пракса, Конструктивни методи и уреди кај механизационите машини, возила и уреди. По однос на тоа дали се смета за стручњак за блиндирани возила наведе дека било дискутабилно дефинирањето стручњак за блиндирани возила, но после 31 годишно искуство, лиценци, а за проектирање, надзор и ревизија од областа на машинството, поделени од страна на Комората на овластени архитекти и инжењери на Македонија на негово име, сметал дека е компетентен и стручен да дава оценки за конструкции и состојби на машините во кои што спаѓале и блиндираните и оклопни возила. Според него, вистински експерт можело да се нарече лице кое професионално било ангажирано на проектирање и изведување на такви возила, а во Македонија немало такво производство. Притоа наведе дека во краткиот работен век во Еуроинвест 11 Октомври, Прилеп, работел на изработка на шлемот за војските и на други оружја кои се користеле за противтенковски напади, како и на облогите на тенкот Т-10 од поранешната југословенска војска.

Таа програма била напуштена и во Македонија не се произведувале такви оклопни возила или возила со заштита за да можел некој да се нарече експерт во тоа подрачје. Појасни дека неговата задача при изготвување на вештиот наод и мислење била да при одговорањето на двете прашања ги анализира и спореди техничките карактеристики на возилото дадени во јавната набавка и во понудата од Мерцедес Бенц патничкото возило, при што одговорот на првото прашање бил сублимиран во табела 1 од вештачењето, а одговорот на второто прашање бил сублимиран во табела 2 и табела 3 од истото, додека текстуалниот дел ги објаснувал забелешките и констатациите по однос на трите табели. Наведе дека податоците за блиндираните патнички моторни возила БМВ и Ауди, а кое било наведено и во писмениот извештај биле од застапниците на тие возила, Порше Македонија ДООЕЛ и М-КАР ДООЕЛ Скопје, но имало и податоци кои што ги користел и од базата на податоци од Аутомобиле, каталог во кој што биле наведени марки и модели на возила од тој тип. Појасни дека во табелата три биле наведени спецификацијата на системите која што служела за споредба, компарации помеѓу трите марки на возила, имало системи во другите два модели на возила кои што имале иста улога, односно намена но биле со различен назив во однос на Мерцедес Бенц С 600 Гард и не се совпаѓале со имињата на системите кои што биле наведени во тендерската документација. Наведе дека може да се произнесе по однос на тоа дали освен марките БМВ, Ауди и Мерцедес постоеле и други фирми марки од ауто индустријата кои произведувале блиндирани возила. Имено, наведе дека при анализа на техничките податоци дадени во јавната набавка можеле да се поделат на два дела, односно два услови кои што требало да ги исполнува бараното возило, а тоа било луксузна компоненета VR 6 и VR 7 и заштита, односно блиндирано возило. Постоеле повеќе производители во Европа, во светот и во САД кои што произведувале блиндирани возила, но луксузната компонента и истовремената заштита по неговите информации од наведените извори кои што биле достапни на македонскиот пазар со нивни застапници, ги издвоил Ауди А8 Кватро Секјурити и БМВ 760 Хај Секјурити, како конкуренти на Мерцедес С 600 Гард. Притоа наведе дека при изготвување на вештиот наод и мислење не ги земал како параметар за споредба системите од таквите марки од ауто индустријата кои произведуваат блиндирани возила од САД, Русија, Кина и Јапонија, тие не ги разгледувал. По однос на истото наведе дека за тоа каква документација имал во предвид појасни дека истото било наведено во текстуалниот дел, дека изведените заклучоци биле врз основа на спецификациите од тендерската документација од Државниот завод за индустриска сопственост Скопје и од базата ТМВју, а тоа било база на податоци од Завод за интелектуална сопственост на Европска унија скратеницата му била ЕУИПО и биле наведени кои системи од производителот Дајмлер Бенц биле заштитени марки во тие заводи. Притоа наведе дека само го изготвил вештиот наод и мислење, а помош

имал од стручниот соработник Јован Митревски, дипломиран машински инжењер.

Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои поризлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите изготвило наредба НСК КО.бр.3/17 од 03.04.2017 година со која издало наредба за економско финансиско вештачење, притоа во наредбата е определен Страхил Глигоровски за вешто лице од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење со лиценца број 07-1228/2, ангажиран од ЕОС Консалтинг АД Рим, Италија, странска подружница во РМ. По изготвувањето на вештачењето со писмен допис од ЕОС Консалтинг АД Рим, Италија, странска подружница во РМ заведен под број бр.05-22/7 од 06.06.2017 година до Обвинителството го доставил вештачењето од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење по наредбата НСК КО бр.03/17 од 03.04.2017 година. Видно од ова вештачење вештото лице во мислењето наведува дека согласно анализирањето на севкупната доставена документација до вештото лице (документацијата доставена од страна на Мак Аутостар ДООЕЛ од Скопје и документацијата доставена од страна на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите) покажува дека остварениот профит од продажбата на возилото тип Мерцедес С 600 Гард во 2012 година се разликува незначително од просекот на остварениот профит во 2012 година од продажбата на возилата од марка Мерцедес и Мицубиши, односно со продажбата на возилото Мерцедес С 600 Гард продавачот Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје остварило заработувачка од 15,9 %, просечната заработувачка на возилата од марка Мерцедес изнесува 13,6 %. Со продажбата на возилото Мерцедес С 600 Гард е остварен повисок профит во однос на просекот од продажбата на возилата од марка Мерцедес за 2,3%. Во споредба со просекот од заработувачка со продажбата на возилата од марка Мицубиши со продажбата на возилото Мерцедес С 600 Гард е остварена помала заработувачка за 4,4 % од што може да се констатира дека остварениот профит на економскиот оператор е во рамките на вообичаениот профит од продажба за предметното возило. Изготвениот вешт наод и мислење е во склад и со исказот на вештото лице Страхил Глигоровски кој наведе дека за изготвување на предметното вештачење бил ангажиран од фирмата ЕОС Консалтинг АД Рим, Италија, во која бил вработен во тој момент, а редовен однос засновал во таа фирма на ден 06.05.2017 година, согласно потврдата што му била издадена од страна на ЕОС Конcалтинг АД Рим, Италија, Странска подружница во РМ, Потврда заверена под деловоден бр. 04-32/1 од 25.04.2018 година. Наведе дека не се сеќава од кој датум била наредбата за вештачење по која пристапил кон вештачење, но дека согласно Законот за вештачење, истиот доставил барање до Министерството за правда за продолжување

на лиценцата и тоа 5 месеци пред да му истече лиценцата и истата му била продолжена. Наведе дека во вештиот наод и мислење добро бил објаснет неговиот заклучок за остварената добивка на економскиот оператор при предметната трансакција, но сепак повтори дека исто како и во вештачењето од доставената документација од страна на економскиот оператор констатирал дека истиот остварил вообичаен профит, не бил остварен екстра профит.

Видно од Замолницата за меѓународна правна помош во кривичните предмети НСК-КО.бр.3/17 од 08.05.2017 година која е на македонски јазик испратена до Германија, Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите бара податоци со оглед дека за целосно истражување на случајот е потребно обезбедување на податоци од правно лице лоцирано во Германија, а поточно се работи за податоци од правното лице Даимлер АГ од Штутгард, Германија на околности: кога за прв пат оствариле контакт со Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје од Македонија во врска со продажбата на возило Мерцедес -Бенц тип С 600 Гард со број на шасија WDD2211761A383391 што е произведено во 2011-та година и да појаснат со кое средство за комуникација (телефон, телефакс, пошта, електронска пошта и друго) како и со кого воспоставиле комуникација и кој барал информации за тој тип на возило? Кога било точно произведено возилото со спецификации од претходната точка со назначување на датумот и причината за таквото производство (дали претходела нарачка или не ?) Дали возилото било изложено во продажен салон или пак било ставено на место за чување на возила пред продажбата на Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје од Македонија? Дали за возилото имало некаква резервација или нарачка пред 11.06.2012 година од Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје од Македонија? Кога според службената евиденција на Даимлер АГ од Штутгард, Германија е доставена нарачката за купување на возилото Мерцедес –Бенц тип С 600 Гард со број на шасија WDD2211761A383391? Дали во возилото по производството во 2011-та година е вградувана дополнителна опрема и доколку е вградувана дополнителна опрема да се појасни кога и која опрема е вградена и по чие барање била вградена опремата?

Откако е пристигнат одговорот од Германија со пропратно писмо за достава одговор по замолница за меѓународна правна помош бр.22-3095/2017 од 28.09.2017 година од Министерството за правда на РМ со прилог допис бр.Е-9350.2017/09 од 13.09.2017 година на Министерство за правда и за Европа Баден – Виртенберг на една страна на германски јазик со превод на македонски јазик, истиот е доставен до Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите. Видно од овој допис Министерството за правда и за

Европа Баден – Виртенберг известуваат дека барањето било обработено во рамките на нивните надлежности. Притоа во прилог испратиле Ивештај од истрагата од Полицискиот президиум Штутгард од 21 август 2017 година заедно со прилози. Со дописот бр.GC/CL-AM/an-2017/05987 од 10.08.2017 година од „Дајмлер АГ" Штудгард, доствен до полицискиот президиум Штудгард со 8 прилози на вкупно 38 страници на германски, англиски и македонски јазик каде делот на германски и англиски јазик е преведен на македонски јазик, се наведува дека на 06.03.2012 година Марко Јовановски, менаџер за продажба во Мерцедес-Бенц ПЦ, Мак Аутостар, ул.Индустриска 2, 1000 Скопје, Македонија, преку електронска порака до Г-ѓа Кристина Депиш побарал информација колку би изнесувало времетраењето на испораката за возилото во рамки на тендер и дали во цената на една нова С- Класа Гуард е вклучена и обука за возење, а оваа содржина јасно произлегува од прилогот 1. Во овој прилог меѓу останатото тој наведува „Нашите власти имаат намера да купат заштитено возило и имаме шанса со С-класата. Тендерот сеуште не е јавен, меѓутоа е во подготовка". Оваа комуникација била помеѓу Марко Јовановски менаџер за продажба на Мерцедес–Бенц ПЦ, а се работи за електронска комуникација каде што јасно се гледа меил адресата која гласи marko.jovanovski@makautostar.com.mkmailto:marko.jovanovski@makautostar.com.mk со Кристина Депиш преку нејзината меил адреса christina.deppisch@daimler.com .

На 30.03.2012 година во 12:58 на Г-дин Јовановски му било понудено дека е на располагање возилото со број на шасија WDD2211761A383391. Исто така му била испратена информација за производот за ова возило, а истиот Г-дин Јовановски во 13:34 часот побарал резервација на ова возило. На ова му било одговорено во 14:08 часот дека возилото ќе биде резервирано за него до 20.04.2012 година. Ова јасно произлегува од прилог 2.При меил комуникацијата помеѓу Марко Јовановски и Катарина Цимерман истиот наведува „Мора да најдете начин да го задржите возилото резервирано за нас, бидејќи е многу несериозно да нудиме возила на Владата кои не можеме да ги испорачаме. Оваа понуда која ни ја пративте потврдуваме дека ја прифаќаме. Ќе и го понудиме возилото официјално откако тендерот ќе биде објавен и ќе го преземеме од Германија веднаш штом го потпишеме договорот со Министерството." Интересно е од оваа меил комуникација тоа што Марко Јовановски наведува „Откако ќе се објави тендерот веднаш ќе ви испратам повеќе информации за да може да почнеме со „МСР, m- алатите." Катарина Цимерман на 30.03.2012 година го известува Марко Јовановски дека возилото С-Гуард е веќе продадено,

но сепак нашла друг С-Гуард возило на лагер. Интересно е што со меил комуникацијата од 29.03.2012 година Марко Јовановски ја известува Катарина Цимерман дека тендерот од Министерството за внатрешни работи за заштитно возило сеуште не е објавен, а информирани се дека тендерот за заштитно возило ќе биде објавен најдоцна во понеделник 2-ри април и дека спецификацијата ќе биде дадена во согласност со понудата која им ја презентирале за добро опремено возило и бара возилото резервирано за нив да биде чувано. Производството на возилото С- Гуард завршило во октомври 2011-та година, а постоела можност да се резервира возило до крајот на неделата. Ова произлегува од меил комуникацијата помеѓу Катарина Цимерман и Марко Јовановски од 26 март 2012 година. Постојат и други меил коминукации помеѓу истите лица од март 2012-та година при што на 22.03.2012 година Марко Јовановски наведува дека ќе го понудат возилото со црна внатрешност од понудата број 215, првата спецификација која им била доставена. На 10.04.2012 година Г-дин Јовановски информирал дека има намера со засегнатото возило да учествува на тендерот кој ќе започнел на 15.05.2012 година и ги испратил условите за учество на тендерот кое нешто произлегува од прилог 4. По конечниот прием на 14.02.2011 година возилото било подготвено меѓутоа во тој момент за ова возило немало екстерна нарачка. Помеѓу производството и настапување на нарачката од 13.06.2012 година возилото било на лагер и од приемот на екстерната нарачка го носел бројот на нарачка 0 2 550 10086. Нарачката на ова возило е примена на 13.06.2012 година. Нарачката за ова возило е извршена на 13.06.2012 година откако на 08.06.2012 година Г-дин Јовановски испратил известување дека на тој ден требало да биде склучен купопродажниот договор помеѓу Мак Аутостар и Министерството за внатрешни работи на Македонија. За засегнатото возило на 13.06.2012 година било добиено барање за нарачка, но не може да се забележи дали по неговото производство на 14.02.2011 година во возилото била вградена дополнителна опрема, а од овој допис многу јасно произлегува дека уште на почетокот на месец март Марко Јовановски од Мак Аутостар имал комуникација за ова возило и истиот на ден 30.03.2012 година побарал резервација на ова возило.Доколку се видат сите претходно наведени датуми недвосмислено може да се утврди дека уште пред да биде објавен тендерот од Мак Аутостар знаеле дека токму тие ќе успеат на овој тендер. Помеѓу останатите прилози доставена е и историја на порачка заедно со статус на порачката, потоа извештај од истрага и останати комуникации помеѓу Марко Јовановски и Катарина Цимерман меѓу кои и комуникација од 08.06.2012 година со која тој ја известува дека очекува истиот тој ден да го добие потпишаниот договор од Министерството па замолува за ги дефинираат условите за

плаќање. Воедно доставен е и документ од Трговски Регистар Б од Основниот суд Штутгард за фирмата Даимлер АГ.

Од страна на Обвинителството бил изготвен трошковник НСК-КО.бр.3/17 од 21.02.2018 година на вкупен износ од 18.480,00 денари, а во прилог е доставен трошковник од 12.05.2017 година на износ од 3.080,00 денари од Марија Томова Спиркоски овластен судски преведувач како и трошковник од 12.10.2017 година на износ од 15.400,00 денари од Марија Томова Спирковски овластен судски преведувач. Врз основа на овие трошковници изготвени се две решенија и тоа решение за исплата на трошоци за превод на документ од македонски јазик на германски јазик НСК-КО.бр.3/17 од 15.05.2017 година и решение за исплата на трошоци за превод на документи од германски и англиски јазик на македонски јазик НСК-КО.бр.3/17 од 16.10.2017 година. Со решението од 15.05.2017 година се одобрува исплата на трошоци поврзани со кривичната постапка, односно трошоци за превод на документ од македонски јазик на германски јазик во вкупен износ од 3.080,00 денари на преведувач Марија Томова Спиркоски, а со решението од 16.10.2017 година се одобрува исплата на трошоци поврзани со кривичната постапка, односно трошоци за превод на документ од германски и англиски јазик на македонски јазик во вкупен износ од 15.400,00 денари на преведувач Марија Томова Спиркоски.

Од страна на МВР на РМ до Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите испратено е пропратно писмо за достава на решение за декласификација и известување со напомена Рег.бр.08-31326/2 од 16.04.2018 година со прилог решение за декласификација бр.13.1-31648/2 од 16.04.2018 година, решение за декласификација бр. 13.1-31648/1 од 16.04.2018 година, решение за декласификација бр.13.1-31649/1 од 16.04.2018 година. Видно од решението за декласификација бр.13.1-31648/2 од 16.04.2018 година се врши декласификација на актот „Акти, доставува" СД.бр.13.3.2-1387/1 од 18.10.2016 година, односно се врши негова промена од класифициран акт со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО" во акт до кој се има слободен пристап. Видно од, решение за декласификација бр. 13.1-31648/1 од 16.04.2018 година се врши декласификација на „Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и работа на Министерството за внатрешни работи" СД.бр.12.1.-2522/1 од 24.11.2011 година, односно се врши негова промена од класифициран акт со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО" во акт до кој се има слободен пристап. Со решение за декласификација бр.13.1-31649/1 од 16.04.2018 година се врши декласификација на „Правилник за изменување и дополнување на

Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за внатрешни работи" СД.бр.12.1.-2523/1 од 24.11.2011 година, односно се врши негова промена од класифициран акт со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО" во акт до кој се има слободен пристап.

Со пропратно писмо бр.06-1230/2-18 од 16.04.2018 година од „Македонски телеком" АД Скопје се доставува прилог извештај за сопственост за телефонски броеви 070/305-123, 071/268-928, 070/401-425, 071/323-999, 070/401-462 и 071/232-752 во печатена форма на две страни, па видно од овој извештај телефонскиот број 070/305-123 се води на Сашко Панов ДООЕЛ САВЕЛО ДРАГОЛУБ; телефонскиот број 070/305-123 во графата „ИМЕ" е наведено 70/350123 –МВР на РМ 101; телефонскиот број 070/401-425 се води на Миле Јанакиески, а потоа истиот овој број е заведен на Гордана Министерство за внатрешни работи Јанкуловска; додека телефонскиот број 070/401-462 е на Влада на РМ Никола Груевски-Претседател на Влада. На Сашо Мијалков се води бројот 071/232-752, а за телефонскиот број 071/268-928 во графата „ИМЕ" е наведено 71/268928 Министерство за внатрешни работи додека на СОЗР на Влада на Р. Македонија се води телефонскиот број 071/323-999 и притоа повторно во графата „ИМЕ" е наведено 71323999.

Од страна на Република Македонија Министерство за правда врз основа на чл.19 ст.5 од Законот за вештачење, поточно Министерот за правда издал лиценца за вештачење од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење бр.08-4525/2 од 21.07.2017 година на име Страхил Глигоровски.

ЕОС Консалтинг АД Рим Италија странска подружница во Република Македонија издал потврда бр.04-32/1 од 25.04.2018 година и видно од истата лицето Страхил Глигоровски за времето на извршеното вештачење бил во редовен работен однос во наведеното друштво од 06.05.2017 година. Наведеното друштво издало потврда бр.04-34/1 од 03.05.2018 година согласно која лицето Страхил Глигоровски бил пријавен и работи за ЕОС Консалтинг подружница во РМ со договор број 04.107/1 од 03.10.2016 година и работи од 04.10.2016 година до 05.05.2017 година, а со договор 04-33/1 од 04.05.2017 година работи од 06.05.2017 до 19.07.2017 година кога е одјавен со спогодба број 04-89/1 од 18.07.2017 година. За неговиот работен однос во ЕОС Консалтинг се гледа и од прегледот на пријави / одјави од Агенција за вработување на РМ од 27.04.2018 година на име Страхил Глигоровски и писмениот доказ кој е даден со писмениот предлог од 04.05.2018 година.

Во текот на постапката како докази беа изведени 2-две потврди од казнена евиденција и тоа за Гордана Јанкуловска КР-1210/17 од 04.05.2017 година на Основен суд Охрид и за Ѓоко Поповски КР-10873/17 од 10.05.2017 година на Основен суд Скопје 1 Скопје, меѓутоа имајќи во

предвид дека постапката против Гордана Јанкулоска е раздвоена судот ќе се осврне само на доказот-потврда од казнена евиденција на име на обвинетиот Ѓоко Поповски КР-10873/17 од 10.05.2017 година на Основен суд Скопје 1 Скопје, согласно која за обвинетиот Ѓоко Поповски во казнената евиденција нема податоци.

Врз основа на барање на Обвинителството НСК КО бр.3/17 од 19.04.2017 година доставен е Одговор од Фонд за здравствено осигурување на Р. Македонија бр.1804-4306/1 од 04.05.2017 година со прилог кон овој одговор: Изјава од д-р.Зоран Гиговски од 27.04.2017 година, Изјава од д-р. Љупка Никодиновска од 27.04.2017 година, Одговор на барање Уп.бр.1804-4307/1 од 25.04.2017 година, Медицинска документација во фотокопија (3 листа). Фондот во својот овој одговор наведува дека согласно Законот за здравствено осигурување утврдено е дека оценка за привремена спреченост за работа за првите 15 дена дава избраниот лекар од примарната здравствена заштита, а над 16 дена дава првостепената лекарска Комисија на Фондот на предлог на избраниот лекар. Лекарските Комисии работаат врз основа на Законот за здравственото осигурување и Правилникот за начинот, постапките и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата, критериумите за дијагностички постапки и оцена на привремена спреченост за работа поради болест и повреди или потреба за нега на болен член од потесното семејство. Согласно нивната надлежност, лекарските комисии одлучуваат за продолжување на привремената спреченост за работа врз основа на медицинска документација, а согласно претходно наведените подзаконски акти. Согласно вака утврдената постапка и врз основа на мислењето на лекарот-специјалст-субспецијалист или лекарски конзилиум, може да се продолжи привремена спреченост за работа. На ден 27.04.2017 година, д-р Зоран Гиговски Претседател на Првостепена лекарска комисија на Фондот за здравствено осигурување, подрачна служба Скопје сочинил своја изјава во која наведува дека на ден 10.04.2017 година, не се јавил Ѓоко Поповски лично, но на барање на овој доктор неговиот колега Д-р Оливер Алексовски му посочил лице во паркирано возило пред зградата на Брза помош и оценката и мислењето бр.18/14/10879 од 10.04.2017 година е издадено врз основа на медицинската документација која ја доставил Д-р Оливер Алексовски од Брза помош-ЗДС. Љупка Никодиновска како член на Првостепената лекарска комисија на Фондот за здравствено осигурување, подрачна служба Скопје во својата изјава навела дека лицето Ѓоко Поповски не се јавил лично на денот на посета во Првостепената лекарска комисија, односно на денот на одлуката 10.04.2017 година. Оценката и мислењето број 18-14/10879 од 10.04.2017 година е издадена врз основа на медицинска документација која ја доставил негов близок роднина

вработен во Здравствен дом Скопје–Брза помош. Подрачната служба Скопје до Обвинителството доставило писмен одговор заведен кај нив под УП бр.1804-4307/1 од 25.04.2017 година наведувајќи дека имајќи ја во предвид дијагнозата на пациентот Ѓоко Поповски Првостепената лекарска комисија образложила дека пациентот на денот на одлуката 10.04.2017 година е лимитиран во одењето и седењето, но не е и неподвижен, а воопшто не е лимитиран во зборувањето и бил во можност да присуствува во Јавното обвинителство. Притоа Првостепената лекарска комисија го издала боледувањето согласно критериумите за утврдување на привремена спреченост за работа на Фондот и доставената медицинска документација.

Сведокот Миомир Антиќ во својот исказ напомена дека неговиот ангажман во Одделот за обезбедување бил од 1993-та година до крајот на септември 2015-та година, а согласно Уредбата за обезбедување по која што работел Одделот за обезбедување се однесувале на обезбедување, заштита, односно заштита на личностите кои што биле под обезбедување и објектите кои што исто така биле под обезбедување бидејќи биле од посебен општествен интерес, како и дека имало уште еден дел во склоп на делот за обезбедување, а тоа бил делот на превентивното обезбедување кое што претставувало поддршка на претходно наведените два сегемента. По атентатот на Претседателот на РМ Киро Глигоров во 1995-та година, се отпочнало со давање на поголемо значење во делот на обезбедувањето. Претходно не постоело ниту едно блиндирано возило и не постоеле поконкретни пишани подзаконски акти кои што го регулирале обезбедувањето. Наведе дека во Уредбата за обезбедување, линерално и таксативно биле наведени степените и мерките и активностите кои што се превземале за обезбедување на личностите и објектите, како и дека имале класифициран Правилник и Упатство за работа по кои што функционирал и работел и Оддедот за обезбедување. Исто така наведе дека по атентатот на Претседателот на РМ Киро Клигоров, се отпочнало со опремување со материјално технички средства и човечки ресурси кои што би биле соодветни за обезбедување на личностите на она ниво кое што било потребно. Најмногу се инвестирало односно се отпочнало да се набавуваат и блиндирани возила од кои што некои биле во употреба и до денес. Такви возила се набавувале по негово сеќавање до 2000-та година, во кој период биле набавени пет возила, сите од типот Мерцедес, а од 2000-та година или 1999-та година се до 2012-та година немало набавка на таков тип на специјализирани возила. Тие возила што биле набавени во 1995, 1996, 1997 и 2000 година, било реално дека со нивната експлоатација се амортизирале и веќе во периодот тој кога дошол началник на Одделот за обезбедување евидентна била нивната застареност и потребата од такви возила. Притоа наведе дека освен тоа, во неговото работење согласно приликите во МВР, се јавувале и некои други недостатоци од материјално-технички современи средства како што биле најразлични видови на анализатори, детектори, опреми за

видео надзори, информатичка технологија, како и потреба од човечки ресурси особено во делот на физичкото обезбедување на објектите за кои што бил задолжен Одделот за обезбедување на подрачјето на РМ, кој оддел работел системски. Во периодот на неговото раководење задолжително на крајот на секоја година се правела евалуација на сработеното и се планирале активностите во делот на надградбата, односно усовршувањето и допремувањето на Одделот за обезбедување како материјално технички така и во делот на едукацијата и потребата од човечки ресурси. Во склоп на тој план се искажувале и потребите за таквите материјално технички средства и секоја година од 2009-та година до 2012-та година се искажувала и потребата за набавка на соодветно блиндирано возило, односно дека имало реални потреби како за домашните ВИП личности кои што се обезбедувале, така и за обезбедување на странските делегации кои што доаѓале. Наведе дека ќе се наврати на Уредбата каде што при посета на странска делегација од повисок ранг, и тоа претседетел, крал, суверен, премиер на држава, претседател на собрание на држава, МВР и Одделот за обезбедување биле задолжени како специјализирана организациона единица за превземање на сеопфатни безбедносни мерки и активности со кои што би се гарантирала безбедноста на делегацијата која што била во посета на РМ. Според него, евидентно било дека во многу од тие случаи како проблем се јавувале материјално техничките средства, меѓу кои што на прво место била заштитата при превозот на ВИП личностите кои што доаѓале во посета во РМ, а при секој контакт на подготовка на безбедносни мерки и активности од нивна страна со безбедносните претходници на гостите се барало најпрвин кои норми и услови ги исполнувало блиндираното возило и дали имало такви, од причина што возниот парк со такви возила во РМ бил лимитиран, односно имале само пет возила кои што биле солидно доста амортизирани. Притоа напомена дека поради големата тежина, осните оптоварувања и преносот и оптоварувањето на агрегатот на возилото или моторот, во професионалните кругови за обезбедување еден поминат километар на такво возило се множел по три односно соодносот помеѓу армотизацијата на блиндирано возило и неблиндирано возило од истата марка и истиот модел била три према еден. Одделот за обезбедување како организациона единица специјализирана за обезбедување во периодот од 2009-та година кога бил тој до 2012-та година кога била набавката на новото возило, била во исклучително тешка ситуација за постигнување на степенот на безбедност кој што го побарувале безбедносните претходници на најголем дел од повисоките делегации кои што доаѓале во РМ. Тоа ги доведувало во непријатна состојба да некој од безбедносните претходници не ги прифаќал старите амортизирани возила и при тоа било барано изнајмување на соодветно возило за рангот на личноста или пак си носеле свои возила кои што постапки според него биле исклучително понижувачки за Република Македонија како држава. Тоа особено го практикувале соседните земји

каде што биле повисоките делегации од Р. Србија, Р. Албанија кои си доаѓале со свои возила, со свои возачи и обезбедување при што се доведувал во прашање системскиот пристап на мерките и активностите што се превземале за нивно обезбедување, а даде и пример по однос на истото, па така наведе дека Премиер на Р.Албанија доаѓал со негово возило, возач и обезбедување бидејќи немало соодветно, а со тоа се нарушувал безбедносниот систем од причина што комуникацијата во главното возило била оневозможена. Ова значело дека при било каков безбедносен проблем или пак одредена претпоставена идентификувана опасност, тие не можеле соодветно да постапат со оглед дека задолжително при планирање на активностите од повисоките степени на обезбедување на секој дел од делницата или трасата на движење задолжително се определувало стручно кажано безбедна куќа, што значело безбедносен објект за евакуација во случај на одредена безбедносна импликација. Наведе дека во основа им се нарушувал системот, нивото на системот на безбедносните мерки и активности како споменатиот пример каде што останале без комуникација од претходно наведената причина. Тоа нешто се случило и при посетата на турската чаршија пред Стоковната Илинден, по предлог на тогашниот албански Амбасадор, мисли дека бил Владимир Прела, па така наместо кон последната точка хотелот Александар Палас, со појаснување дека албанскиот Амбасадор Владимир Прела го поканил Премиерот да ја посети неговата резиденција на Водно, при немање на една таква комуникација, главното возило се издвоило од ескортот и се упатило за нив во тој момент во непозната насока што предизвикало нарушување на безбедносниот систем и паѓање на нивото на безбедносните мерки и активности кои што се превземале од нивна страна. Исто така наведе дека при посетата на Претседателот на Руанда во Охрид каде што како МВР превземале безбедносни мерки и активности од прв степен, имале исклучително непријатна ситуација кога безбедносната претходница и шефот на протокол не сакале да дозволат да Претседателот на Руанда се превезува во нивното старо и амортизирано возило, а тоа било возилото кое што во тој момент го позајмиле од Министерот за внатрешни работи. Наведе дека од нивна страна било побарано да изнајмат возило, но откако им укажале дека во РМ нема таква можност, се обиделе да остварат контакт со Р.Бугарија од каде што нашле возило, но поради временскиот тајминг не им бил погоден да го земат и со одредени козметички дотерувања успеале да ги убедат да дозволат да Претседателот на Руанда се превезува во истото. Наведе дека тоа биле само неколку примери од исклучително непријатните моменти кои што ги имале поради амортизираност и дотраеност на нивните возила специјализирани за таква намена. Појасни дека основна намена на блиндираното возило било заштита на личностите класифицирани како ВИП личности, инаку тие како служба за државно обезбедување стриктно намената ја имале согласно одредбата за личностите кои што им следувал таков вид на возила. Безбедносната заштита на државниците

била основната работа и цел на организационата единица каде што тој бил старешина, при што напомена дека во 1995-та година при атентатот на Претседателот Глигоров вршејќи служба се наоѓал на ул.„Даме Груев" на не повеќе од 100-тина метри од местото каде што експлодирала импровизираната експлозивна направа, па од секој аспект,односно од случаен аспект ако постоело блиндирано возило при тој терористички акт возачот Александар би умрел од природна смрт, а Претседателот Глигоров немал да има трајни последици од една таква диверзантска терористичка активност. Наведе дека со истото сака да укаже на насушната потреба на секоја држава од таков вид на возило бидејќи искуството им го кажувало тоа и истите го осетиле во реалноста. Инаку веднаш потоа по атентатот на Претседателот Глигоров се набавило едно возило, до крајот на годината или следната година се набавило уште едно возило, потоа 1996, 1997, 1998, 1999 година се набавиле уште две возила и вкупната бројка до 2000-та година прераснала на пет. Наведе дека изборот на возилата бил направен тогаш од стручни служби кои што го преферирале брендот Мерцедес кој што во тој период, а и до ден денес бил водечки во делот на изработката и стандардите кои што ги поседувале за таквиот тип на возила. Притоа напомена дека приматот на брендот Мерцедес неколку години претходно не бил надминат од причина што и традицијата за изработка на такви возила била најдолга. Исто така наведе дека долги години само брендот Мерцедес правел блиндирано возило и тоа од првиот штраф што се вградувал во него специјално до бојата со која што се фарбало и се било посебно, односно различно од она што било стандардна изработка на исто такви модели кои што биле неблиндирани. Истакна дека според негово сеќавање, во периодот од 2000-та до 2012-та година во Р.Македонија немало набавено блиндирано возило, односно не бил обновен тој возен парк, а потребата од такво возило според негово убедување и стручен аспект била евидентна. Исто така појасни дека согласно Уредбата за обезбедување на личности и објекти, тројцата претседатели, односно Претседателот на Р.Македонија, Претседателот на Собранието на Р.Македонија, Претседателот на Владата на Р.Македонија, тројцата министри кои што биле под постојано обезбедување биле Министерот за внатрешни работи, Министерот за одбрана, Министерот за надворешни работи, и тие требале да имаат 24-часовно обезбедување со сите сегменти на спектарот од превентивно обезбедување што опфаќало превентивно оперативно обезбедување, превентивно техничко обезбедување, што опфаќало дефанзивна електронско техничка заштита, контрадивизиона заштита, хемиско биолошко радијациска заштита и 24 часовно покривање на домот, односно на местото на живеење, при што од 2014-та година во Уредбата за обезбедување биле внесени и потесните семејства на тројцата претседатели. Наведе дека во базата на Одделот за обезбедување немало ниту едно блиндирано возило, односно сите возила биле распоредени кај личностите на кои што согласно Уредбата им следувале. За делот на странски делегации

односно за повисоките степени, како што претходно појаснил се позајмувале возила од ВИП личностите кои што ги користеле, со тоа што најчесто реално го земале возилото од Министерот за внатрешни работи од причина што прво оперативноста на функциите на претседателите и нивното ниво не дозволувало импровизација односно согласно Уредбата редовните активности на тројцата претседатели се одвивале во втор степен на безбедносни мерки и активности што задолжително изискувало користење на блиндирано возило. Наведе дека не се сеќава кога точно бил настанот поврзан со Албанија и Руанда за кој претходно зборуваше, но мисли дека тоа било во 2010-та и 2011-та година, односно дека настанот со Руанда бил во 2011-та година во Охрид. Потоа наведе дека Годишниот план и барањето се однесувале на најразлични видови на опрема почнувајќи од канцелариски материјал, столчиња, бироа кои што биле основни за работа значи завршувајки со софистицирани електронски помагала кои што се однесувале на видео надзор, детекција на оредени хемиски и радијациски елементи, детекција на најразлични видови експозиви и експлозивни направи во тој дел биле и кучињата кои што ги користеле, како и камерите и најразлична електронска опрема која што била специјализирана, оружје и опрема која што била специјализирана, оружје за таков вид на служба, бидејќи секоја од службите која што била во состав на Министерството за внатрешни работи особено стручните служби си нарачуле опрема која што била потребна за нивниот делокруг на работа. Па така, специјалните единици нарачувале опрема која што била специфична и потребна за нивниот делокруг на активности, Одделот за обезбедување за нивниот деокруг, Одделот за гранични работи од нивниот делокруг и тие потреби на годишно ниво се искажувале во Одделот за финансиско материјално работење кои што понатаму биле надлежни за проценка и набавка на таквиот вид на средства. Притоа појасни дека во тие годишни планови тие побарувале бројка, како на пример, побарувале бројка од 10 столчиња, значи не кажувале каков да биде составот или пак побарувањето како бројка, биро, столче, компјутер па до најскапите работи што се однесувале на електронско техничка заштита или пак во делот на конкретно на пример блиндирани возила за сообраќајно ескордно обезбедување на ВИП личностите. Наведе дека не му е познато дали во периодот од 2000-та година до 2009-та година неговите претходници во годишните планови искажувале потреба за блиндирани возила, но дека поради евидентната потреба од обновување од таквиот вид на возила од 2009-та година до 2012-та година во секое барање на годишна основа имале побарување за обновување односно набавување на блиндирано возило. Имено, во тие годишни барања го имале делот на побарување на блиндирано возило и ништо повеќе во делот на спецификација или пак конкретизирање за одреден вид на возила, тие како Оддел за обезбедување биле стручна служба која што била извршител, а другиот дел фактички околку набавки и слични работи, обезбедување на финансиска конструкција и процесот не ги

интересирало, односно не биле стручни за карактеристиките на блиндираното возило кое требало да се набави. Секогаш кога имале контакти со безбедносните претходници на делегациите од повисок ранг односно од прв или втор степен, се барале возила кои што ќе ги исполнувале највисоките стандарди истакнувајќи дека претседател, премиер, претседател на собрание на една држава се рангирал со седми степен на безбедносна заштита на блиндирано возило, а степенот на безбедносната заштита на блиндираното возило било првото и основно побарување кое што сто проценти од безбедносните претходници на овој ранг на ВИП личности го побарувале од Одделот за обезбедување. Притоа, појасни дека се барала и цела палета на други мерки и активности но ова било основното барање кое што се искажувало од нивна страна, блиндираното возило било основното барање. Објасни дека во зависност од номенклатурните вредности на различни земји била различна и касификацијата на нивоата на безбедносната заштита на блиндираните возила, конкретно тој тип на возило колку што тој има познавање бил рангиран со заштитна номенклатура односно степен на заштита со бројот 7. По однос на претходно наведеното во врска со обидот за атентат на претседателот Глигоров и неговиот возач, односно дека доколку возилото било блиндирано возачот ќе умрел од природна смрт, а Претседателот Глигоров немало да има трајни поселдици, наведе дека истото го кажал врз основа на неговото долгогодишно искуство и врз основа на онаа литература која што ја читал од областа на безбедносната заштита, дека тоа било негово мислење, субјективно со елементи на голема објективност, а притоа наведе дека тоа не било обид за атентат туку класичен атентат. Понатаму, сведокот наведе дека во над 20 години практична работа во делот на обезбедувањето и да не сакал морал да се едуцира во поглед на одредени безбедносни прашања, дека за секое возило кое што ќе се набавело, односно ќе се купело, фабриката на Мерцедес организирала на нивна сметка, со нивни стручни луѓе семинари, кои што се однесувале на конкретно запознавање на коминтентите кои што го купувале возилото со сите карактерстики, со возните својства, со историјата на изработката на таков вид на возила, а впрочем за тоа постоел и музеј кој што бил во склоп на фабриката во Штудгард. Исто така наведе дека неговото објаснување по однос на тоа дека Мерцедес бил водечки во изработка на стандардите за блиндирани возила не се однесувало на директна дистрибутација на било кој од конкуретнтските компании кои што произведувале таков тип на блинидрани возила, односно тој не рекол ништо што би укажувало на тоа, туку дека се повикал на нивното досегашно искуство со експолатација бидејки тие во нивниот возен парк во РМ имале 20 годишно искуство од тој тип на возила, а истите такви позитивни мислења како што ги имал тој наведе дека имале по се изгледа и голем број на други безбедносни служби во светот кој што ги користат истите, односно го користат тој бренд на возило, притоа наведувајќи и дека конкретно и рускиот Претседател Путин се возел во Мерцедес произведен во Штудгард, а

истото во моментот се случувало и со претседателот и премиерот на Р. Бугарија, па доколку се сака можело да се извади и статистика за останати држави кои што употребувале такви блиндирани возила.

Сведокот Горанчо Спасевски најпрвин истакна дека бил на повеќе семинари во земјата и во странство, од кои би ги издвоил оние со Сикрет Сервис во Македонија, каде што имало претставници од Сикрет Сервис, а тоа била Службата за обезбедување на Претседателот на САД, потоа семинарот со француската служба РЕД -РАИД, па семинарот со Службата на Израел во Израел кој бил едномесечен семинар и семинарот во Будимпешта, а тоа бил семинар за обезбедување каде што била и полициската Академија за Југостиочна Европа, а истите биле во врска со обезбедувањето, другите претпостава дека не биле битни за службата. Притоа наведе дека последните 10 години тој работел како одговорен на претходницата кај Одделот за обезбедување на Претседателот на Валдата на РМ, со појаснување дека претходницата била реализатор на планираните планови во врска со сите секојдневни активности, при што за секојдневните активности се изработувале планови и тоа како во градот, така и за движењата надвор од градот, односно во другите градови во Републиката. Потоа, го појасни делокругот на работата, односно отприлика реализацијата на целокупните движења, при што наведе дека од изготвување на трасата на движење, воспоставување на сообраќајно обезбедување, договарање со моторното одделение кое секогаш ја водело делегацијата или групата, контрадивизионата заштита за проверка на трасите на движење, поставување на служби внатре во Единицата и надвор во органите каде што имало посети и во зависност од степенот на безбедноста поставување на сите останати служби како што биле изведувачки, хемиско билошка заштита и снајперски позиции и координација на сите служби и безбедно движење, пристигнување и враќање на ВИП личности. Исто така наведе дека според Уредбата за обезбедување, претседателите на Влада, на РМ и на Собрание, имале обезбедување од втор степен, а кое значело меѓу другото и блиндирани возила, односно дека од втор степен имале обезбедување во нормални услови кога се било нормално и немале никакви закани, па се користело блиндирано возило. Блиндираното возило кое го користел Претседателот на Владата на РМ имало поминато 200 илјади километри, и тоа значело дека како обично возило да има околу 600 илјади бидејќи било амортизацијата била пута три отприлика амортизција, па често тоа возило имало кварови. По однос на ова имало доста примери, а ќе наведе еден на кој што се сеќава. Имено, наведе дека еднаш враќајќи се од горе, од Водно, кај Америчка амбасада дошло до закочување на воланот и брзината со која возеле, биле сами без ВИП лице, возилата требало да се приближат према Кисела Вода, каде што требале да го земат Випот и поради закочување на воланот не можел да се воланот да се придвижи лево, десно, па удриле во некакви стубчиња на прав пат. Исто така, наведе

дека во моментот му текнува и за блиндираното стакло, односно дека при отворање на стаклото на блиндот се заглавил така да не можел да се затвори, па морало да се носи на сервис. Наведе дека многу често на патувањата надвор од Скопје, за Охрид се имало случено, за Крушево, за Паланка, за речиси на секое второ, трето патување се случувало да дојде до некаков дефект при поголеми релации при што биле принудени некогаш со шлеп служба, а некогаш сами да го возат со прва, со втора со 20, 30 на сервис и ВИП лицето да морало да се вози во обично, неблиндирано возило, така да од нивна страна на шефот тогаш началник Митревски Дејан често било сугерирано дека возилото било старо и дека имало поминато премногу километри, дека било амортизирано и би требало да се набави некое ново возило што би морало да ги исполнува стандардите, а што се однесувало до возилото што го користеле, истото имало поминато 200 илјади километри и било во прилично лоша состојба. Стандардите на менување според овој сведок биле некаде од 3 до 5 години, во зависност и од километрите поминати. Повторно наведе дека право на користење на блиндирано возило имаат претседателите и тоа на Влата, на Републиката и на Собранието, потоа Министерката за внатрешни работи и директорот на МВР, како и делегациите кои што доаѓале од станските држави во зависност од функцијата што ја имале, обично претседателите и премиерите на државите секогаш кога доаѓаат имале право на користење на блиндирано возило, можеби такво право имал и министерстот за надворешни доколку проценката на безбедносната состојба го кажувала тоа. Исто така наведе дека за странските државници тука што доаѓале секогаш кога имало потреба, кога доаѓале делегации тие го отстапувале возилото затоа тоа што од тие 5 блиндирани возила што ги имала службата секогаш во принцип едно било на сервис, така да со доаѓањето на странски делегации, во зависност од бројот на делегацијата најчесто го отстапувале блиндираното возило.Притоа наведе дека во случаите кога возилата биле отстапувани на странски делегации тие користеле блиндирани возила со помал степен на заштита кои во Минстерството ги имало некаде околу четири или пак возила без блиндирана заштита, а од нивна страна биле поднесувани барања за возниот парк од неговото ниво па нагоре во службата.

Сведокот Ванчо Софтовски наведе дека бил вработен во МВР од 1999 година,а во 2007 година бил ангажиран, односно повикан во обезбедувањето на Премиерот на Владата на РМ и таму останал се до 2016-та година. Притоа, наведе дека како вработен во Службата за обезбедување на Претседателот на Владата се сретнал со повеќе типови на возила од кои што одреден број биле за редовни активности, а едно од возилата било наменето за превоз на Претседателот на Владата на РМ кое што требало да биде со одреден степен на безбедност. Тие возила кои што ги сретнал многу пати, знаејќи од претходно бидејќи биле и на семинари за обезбедување знаеле дека возилата требале да бидат

во некоја техничка исправност, но возилото што се користело кај Претседателот на Владата било со поминат рок, значи извозено, амортизирано и се појавувал секојдневно или барем еднаш во неделата по еден дефект, поради што истото постојано било упатувано на сервис и тогаш се чекало со денови да се врати од сервис бидејќи некогаш немало и делови за тоа возило, а ова им било потврдено од сервисот, односно дека одредени делови за возилото требало да се порачаат, а истите се порачувале претежно од Германија и поради тоа требало да се чека одреден период. Истиот наведе дека на два, три пати им се имало случено возилото да ги остави на пат, еднаш ги оставило на патот Гостивар - Дебар, некаде кај Маврово, па морале да се префрлат во друго возило кое што не било соодветно за безбедноста за Претседателот на Владата, без никаков степен на безбедност, односно нула степен на безбедност, заштита. Исто така наведе дека им се случило во град кога го превезувале претседателот на кај домот, се враќале од работа, им откажала пумпа за волан, односно серво пумпата, па така воланот закочил, возилото им излегло надвор од коловозот и удриле во заштитни ступчиња на тротоарот, а среќа било што возеле 40 инаку ако биле на отворен пат каде што се возело максимално 120, несреќата би била со многу поголеми последици, па можеби и со смртни последици по некој, можело и некој од обезбедувањето да загинел. Од страна на личното обезбедување, односно од нивна страна, од страна на нивните претпоставени било сугерирано да се кажело ако може кој бил начинот, каков бил начинот за да се набавело соодветно возило, безбедно, при што наведе дека понатаму не знае што се случувало, нивно било да бараат, а службата била таа да каже дали можела да обезбеди или не. Наведе дека се сеќава во врска со тие возила дека истите ги користеле и странски делегации кога доаѓале од странство, и тоа претседатели, премиери, па во една прилика, во Охрид, имало Самит каде што биле присутни претседатели од повеќе држави, мисли дека биле претежно Источно-европски, каде што бившиот претседател на Полска, Качински, го одбил возилото што било понудено како небезбедно, односно неговата служба за безбедност го одбила како недоволно безбедно и си порачала возило да му донесат од надвор, а исто така и надворешни дражвници одбивале да се возат во тие возила како небезбедни. Притоа наведе дека многу пати тие возила и не биле сервисирани како што треба затоа што многу скапо коштале дефектите, требало да се порачуваат делови од надвор, а немало делови, во моментот не се правеле делови за тие возила. Наведе дека тоа било кажано врз основа на неговото искуство и неговиот заклучок бил дека тоа возило воопшто не требало да се употребува за безбедноста на претседателот на Владата. Исто така наведе дека колку што му е познато со неговото искуство и поминатиот работен стаж во МВР и во службите за обезбедување на високи личности, од секогаш се користеле блиндирани возила во службата за обезбедување од марката Мерцедес, односно и претходните возила што се користеле исто така биле

Мерцедеси, така да тој други возила во Министерството немал видено мислејќи за ВИП личности. Наведе дека колку што му било познато дека од нивна страна, односно од нивните старешини било проследено и документирано дека имало потреба од побезбедно возило и технички исправно и постапката понатаму се одвивала во повисоките кругови на Министерството, но на почетокот барем во првите три, четири или пет години немало повратни резултати дека ќе се набаваат возила, па во 2012-та година МВР донело блиндирано возило за потребите на службите, кое пред се било наменето за странски делегации, на странски државници кога доаѓале затоа што тие кога доаѓале барале највисок степен на обезбедување, а кое значело дека морало да се обезбеди возило од висок степен на безбедност за да истите прифатат да дојдат бидејќи барале безбедноста да биде максимална. Притоа наведе дека возилото што се набавило во 2012-та година било од марката Мерцедес и колку што му било познато но не бил сигурен, во тоа возило прв се возел Шеикот на Катар, после тоа Хан, а го користеле и други државници на други држави што доаѓале, како министри, потоа Себастијан Курц-министер за надворешни работи на Австрија, а го користеле многу делегации за кои точно не можел да се сети, но познато му е дека возилото повремено го користеле возилото и тие за нивни потреби, односно Претседателот го користел за потребите на државата. Понатаму, објасни дека проблемите што претходно ги имале во врска со овозможување, односно обезбедување на блиндираното возило продолжиле и понатаму, по што тие тоа возило го користеле само еднаш, двапати или трипати во месецот, евентуално кога се одело надвор од градот, на подолг пат, како Охрид, Гевгелија, Битола, а во градот го користеле стариот блиндиран Мерцедес, кој бил стар 15 и повеќе години, со старите технички проблеми и небезбедност.

Сведокот Васе Доневски наведе дека во периодот од 2006-та до 2012-та година бил Директор на СОЗР или Служба за општи и заеднички работи при Владата на РМ. Од 2006-та година кога тој дошол во СОЗР, постоеле, а и денес постојат три блиндирани возила марка Мерцедес од кои едното било наменето за Претседателот на Собрание, другото за Претседателот на РМ и уште едното било наменето за Претседателот на Владата, ги имале само тие возила кои што биле затекнати.Наведе дека точно не знае кога истите бие набавени, но знае дека биле многу стари и сега веројатно биле преку 24-25 години, бидејќи тие тој ги затекнал и веќе биле стари. Како што наведе возилото кое што го користел Претседателот на Владата во тој период, односно од 2006-та година до 2012-та година било во возна состојба, било доста амортизирано со чести дефекти за кои се давала поголема сума на пари, а тоа можело да се види и во документацијата која што постоела во Службата за општи и заеднички работи со дополнение дека за тие возила и веќе немало резервни делови, затоа што на пример блиндирани гуми не знае дали било 2012, 2013 или 2014 година, веќе немало за тие возила. Тие возила

оделе на сервис најчесто во Ауто Македонија и во уште една фирма, Мак Аутостар, па се чекало да се поправат некогаш недела, две, некогаш месец дена, зависи каков бил дефектот. Таквиот проблем, односно со обезбедување на континиурано функционирање на возилото СОЗР тешко го надминувала проблемот и секогаш се одело со уште едно авто-заменско возило кое не било блиндирано затоа што такво немало. Наведе дека тој како Директор на СОЗР немало потреба никој да информира бидејќи за тоа сите биле информирани, односно сите знеле дека тие возила биле дефектни бидејќи биле стари и веќе амортизирани и се јавувале чести дефекти. Наведе дека не може да се сети и не знае точно колку чинеле тие дефекти, па со оглед дека бил под заклетва не би било сериозно да наведува цифри кои не ги знаел, но се сеќавал на пример, дека промена на шофершајбна коштала околу 20.000 евра, а за подобра точна цифра требало истото да било документирано, а не да се кажува напамет, и можело да се провери во СОЗР, сепак знаел само дека сумите биле високи. Исто така наведе дека од крајните корисници односно од Службите за обезбедување добивал информации за состојбата во која се наоѓале возилата, и тоа како бројна така и на квалитетна состојба, дури имал и поостри барања, односно притисок како на пример „ ајде реши го проблемот", „ајде што чекаш", а истите ги имал од причина што со тоа била и нарушена безбедноста на тие што биле во кола, односно на патниците. Истакна дека писмено немал ништо, ама усмено се јавувал и барал помош од институцијата, односно од 6 – тата Управа, како и во директните контакти со Гордана Јанкулоска, се јавувал и барал да се реши проблемот. На крај, наведе дека таквите барања од него и од крајните корисници не вродиле со никаков резултат.

Сведокот Љупчо Цековски наведе дека во моментот е вработен во МВР на РМ при што од 2008-ма година до 2015-та година во Одделение на претходница за Претседател на Влада на РМ и од 2015 година до 2017 година, не се знае точно, бил лично обезбедување на Претседателот Иванов. Наведе дека додека бил во Одделението за претходница на Претседател на Влада на РМ го организирал пристигнувањето на Претседателот на одредена точка до одреден настан, како и дека лично немал управувано блиндирано возило, но непосредно учествувал во целата организација. Често пати се случувало организирана точка и тие организирале одредена точка и чекале блиндирано возило Мерцедес, а кога Претседателот на Владата на местото идел со друго возило, пред организирањето на таа точка, пракса на неговите колеги, односно на неговиот претпоставен била да организираат брифинг и претпоставениот им давал кој што задача имал. Наведе дека тогаш точно знаеле Претседателот на Владата со што возило требал да стигне, а по завршување на настанот, имале еден вид дебрифинг и таму ја дознавал причината поради која Претседателот не стигнал со наведеното возило Мерцедес. Имало најразлични случки, и тоа да откажеле кочници на возилото, да не се затворел прозор на возилото, да откажела клима на возилото и слично. Исто така наведе

дека од 2015-та година бил лично обезбедување на Претседател на Влада и тука може да посочи една случка која директно ја видел. Имено, наведе дека го чекале Претседателот да се симне од дома за да одат до Влада, имало некоја средба, па во моментот кога се симнувал возачот и кога истиот сакал да го стартува возилото, тоа не сакало да запали. Се обидоле неколку пати и потоа одлучиле до Владата на РМ да го однесат со С возило кое не било блиндирано и со истото не требало да се превезува бидејќи тоа не било по протокол. Наведе дека цела 6 –та Управа надлежна за обезбедување на лица и имоти, мисли дека имала 4 или 5 блиндирани возила, и тоа едно за Претседателот на државата, едно за Претседателот на Собранието, едно за Претседателот на Владата и за Министерот за внатрешни работи, како и дека по негово мислење стоело во 6-тата Управа и било наменето за странски делегации. Сите тие возила биле тип Мерцедес, црна боја, а други подробни карактеристики не знаел. Наведе дека не може да каже дали сите тие четири возила кои ги споменал редовно биле достапни на Службата за обезбедување и редовно можеле да се користат од аспект на нивната техничка исправност, но знае дека возилото што било кај Претседателот на Влада, кога ќе имало дефект и по месец дена чекале за набавка на резервен дел и да се сменел истиот, да се отстранел дефектот, па тогаш главно позајмувале возила од Министерот за внатрешни работи, блинидрано возило и откажување на неговите колеги кои управувале со него и тоа било во релативно лоша состојба. Наведе дека тие биле набавени околу 2000-та година, не знам точно, а возилото во кое се возел Претседателот на Владата имало поминато околу 200 илјади километра. Појасни дека секогаш кога ќе дојдела некоја странска делегација од надвор, барале од 6- тата Управа за обезбедување да и одобрат блиндирано возило, тие располагале т.е. Управата со едно блиндирано возило, па кога имало потреба и возилото што го користел Претседателот на Владата им го давале како позајмица, така да странски делегации кога доаѓале во Македонија ги користеле овие возила. Според негово мислење Службата за обезбедување не успевала да ги задоволи потребите од такви возила не само кон внатрешните потреби на ВИП личности туку и потребите за странски делегации при определени помасовни посети и настани, бидејќи кога се организирале самити каде што доаѓале повеќе делегации соседните претседатели и премиери од соседните држави доаѓале со сопствени возила, кое било реално но ако имале осум делегации, а има пет возила не можело да се одговори.Истакна дека кога имале состанок од претпоставениот, тогаш Дејан Митровски, постојано се нагласувало дека има потреба од ново возило, а дали било побарано од повисоко ниво сведокот наведе дека не знае. Во текот на неговото работење и тоа околу 2012/2013 година било набавено ново возило кое го користела 6- тата Управа, главно за обезбедување на странски делегации, а по потреба кога нивното возило било во сервис и Претседателот на Владата го имал користено нивното возило. Тоа возило од нивна страна го користеле сите странски

делегации во тој период, но наведе дека не можел да прецизира кои биле тие делегации.

Сведокот Марјан Тушевски наведе дека бил вработен во МВР на РМ и тоа од 02.07.2002 година, а од 2007 година го обезбедувал бившиот Премиер на РМ, Никола Груевски. Наведе дека тој во обезбедувањето некое време за кое не се сеќава точно, возел резервно блиндирано возило Џип Гранд Чироки, златна златна, кое било накнадно правено блинда можеби бидејќи и тоа доведувало до доста дефекти. Наведе дека во неколку наврати можел да излета од пат, најверојатно затоа што возилото не било фабрички така, а можеби и бидејќи било старо, а во неколку наврати возел и блинидирано возило Мерцедес кога истото го носел до сервис бидејќи не можел било кој да вози блиднирано возило. Појасни дека во ситуација кога ВИП возилото блиндирано Мерцедес било во дефект, господинот Никола Груевски требал да се префрли во Џипот Гранд Чироки и покрај тоа што и тој не бил во добра состојба. Притоа наведе дека кога го носел ВИП возилото Мерцедес во сервис, во еден наврат мајсторите од сервисот му рекле „уште ли ја користите оваа канта", затоа што постојано тоа возило имало дефеци. Повторно истакна дека според него двете блиндирани возила можеби поради годините што биле амортизирани, постојано ги носеле во сервис. Познато му било дека се купил нов Мерцедес, па по потреба кога била дефект старата блинда се возел новиот Мерцедес и истиот се користел за странски делегации, како на пример господинот Бан Ки Мун се возел во него и тогаш тој слушнал дека има купено нов блиндиран мерцедес. Наведе дека не знае дали сите ВИП личности биле покриени со посебниот степен на заштита во секое време, но тој знае за господинот Никола Груевски, дека блиндираните возила што ги имале не биле добри за безбедноста. Истакна дека кога возел во пратња на колоната му доаѓало да го остави возилото и да излезе од него, дека можел во неколку наврати да излета од пат, а можеби и полошо и разговарал со неговиот колега дека џипот што го возел не бил безбеден, дека еднаш воланот му се укочил на неговиот колега додека го возел и тој му рекол дека возилата биле стари и господ да им е на помош, а кога барале други возила шефовите им викале „ќе биде, сега за сега е тоа".

Сведокот Ацо Јаневски наведе дека во текот на неговата работна кариера имал контакт со блиндирани возила, конкретно со возилото на Претседателот на Владата кој што се возел во него, и тоа како личен негов возач. Притоа наведе дека бил соочен со многу технички и механички проблеми, а еден од главните проблеми бил проблемот со гумите, тоа бил постојан проблем на возилот, бидејќи поради специфичност на гумите повеќе не се произведувале за такво возило, па морало гуми да се бараат од друг тип на возило и да се ставаат, а со тоа била загрозена безбедноста на ВИП личноста која се возела во него. Друг пролблем со кој што се соочувале, и тоа витален проблем била

пумпата за системот за кочење на возилото, а нова да се стави чинело дваесет и нешто илјади евра, па поради висината на сумата сервисот Мак Ауто Стар излегол во пресрет и им ставил половна пумпа од возилото на МВР што било скршено во 2001 година пред Собрание. Потоа наведе дека имале проблеми со моторот кој што гаснел во вожња, од кој проблем сервисот им налагал дека ако се направел генерален ремонт на моторот истото би коштало многу голема сума. После овие дефеци од нивна страна, односно од негов страна лично, доставиле до Одделот за обезбедување и до Службата за општи и заеднички работи дека возилото не било за користење, дека барале да им биде обезбедено соодветно возило за да можеат да ја превезуваат ВИП личноста безбедно. Наведе дека после тоа не им било ништо сугерирано, па продолжувале да го возат тоа возило и се соочивме со исто многу витален проблем. Имено, во сервис им било констатирано дека шасијата е напукната, дека немале друг избор туку морал да интервенира сервисот, па интервенирале со заварување, но потоа откажале предните амортизери од кој еден амортизер чинел 5.000 евра, па истите не ги замениле, ги употребиле половно како што навел, каде ја искористиле пумпата за кочници, меѓутоа тие не терале долго поради тоа што исто биле изамортизирани и морало да се купат нови. Наведе дека исто така имале проблем со климата која што постојано им откажуваше, па покрај сите овие дефекти, сугерирале исто тенденциозно дека возилото не било за користење за да им се нашла соодветна замена, но сепак возилото било употребувано и покрај тие проблеми се додека не најдешле друго возило – замена. Замената ја земале од МВР, но и тоа возило се соочувало со технички и механички проблеми. Истакна дека тоа возило и другите блиндирани возила имале поминато околу 250.000 километри, со тоа што според Законот за безбедност за ескортно обезбедување ефикасност на искористливост на блиндирано возило била до 100.000 километри. Наведе дека блиндираните возила покрај домашните ги користеле и странски личности, поради што имало моменти кога Претседателот на Владата морал да се вози во обично возило за да странските личности бидат опслужени, а за проблемите со возилата барале разрешување од одговорните и надлежните, со тоа што со приложувањето на службените белешки до Одделот за обезбедување побарано било да се превземе нешто со самото побарување, со самата службена белешка што било наведено во неа. До набавката на новиот Мерцедес ништо не било превземено, последно што било е дека возилото било однесено на комплетна дефектажа бидејќо не знаеле повеќе од каков проблем да се санира, па од Авто Македонија сервисот побарале детална дефектажа, а истите писмено им одговориле за секој проблем поединчено, со цена од 26 илјади и нешто евра скоро 27.000 илјади евра. Наведе дека во давањето на неговиот исказ го спомнал Закон за безбедност на ескортско обезбедување, за кој претпоставува

дека постои бидејќи би требало да има закон за такви неисправни возила кои не треба да бидат во употреба.

Сведокот Марјан Милошевски накратко ја наведе неговата професионална кариера, па така рече дека пред да пристапи во МВР работел во Министерство за одбрана како старешина во Единицата за специјални задачи популарно наречена Волци, и во таа единица имал пристап и оперирал и со блиндирани возила и со оклопни возила, транспортери т.е. борбени оклопни возила. Периодот од 1998-ма година до 2002-ра година бил припадник на таа единица, од 2002-ра година до 2006-та година работел како обезбедување во приватниот сектор, во 2006-та година пристапил во МВР, а имал сменето неколку организациони единици како ЕСЗ Тигар, ЕБР и на крај во Одделот за обезбедување на високи личности. За цело време додека бил во МВР имал пристап и оперирал со блиндирани возила со кои се превезувале ВИП личности. Наведе дека возилата со кои што оперирале во Одделот биле поприлично стари возила, изамортизирани, кои дури што и од претходните власти некои од нив биле тргнати и не ги возеле, а кога тој пристапил, возилото Мерцедес С 500 со рег. ознак СК 039 КС, произведено 1999-та година било во гаражите на Владата и не било употребувано од обезбедувањето на претходниот Премиер, кое знаел по тоа што видел дека делови од подвозјето на возилото биле зарѓани. Поради тоа што немало друго возило за користење и за превезување на ВИП личноста која што ја обезбедувале, а тоа бил поранешниот Премиер Никола Груевски, интервенирале и возилото било од старт однесено на сервисирање, при што биле дијагностицирани низа недостатоци од самиот старт, имало направено отприлика 100.000 километри, а доколку тој би се прашувал, уште тогаш тоа возило требало да биде ставено вон употреба и да биде набавено соодветно возило за безбедно превезување на ВИП личости кои што ги обезбедувале. Наведе дека тие како оперативци постојано сугерирале во текот на работењето да се набави друго возило со помалку километри и нормално да се појавува со помалку кварови како што го имале со претходното, но тоа не било овозможено. Морале возилото постојано да го носат по сервиси, за кои што се издвојувале енормна количина на средства, затоа што се работело за специјално блиндирано возило и никој од деловите што ги содржело не биле исти со обичните возила, и затоа истите биле многу драстично поскапи од обично возило. Притоа, наведе дека како пример може да наведе многу случаеви каде што истото ги имало оставано на пат со тешки дефекти, а еден од примерите бил тој што враќајќи се од браната Злетовица се заглавил менувачот во втора брзина и не можеле понатаму да го возат возилото, при што нивниот командир морал да превземе мерки и да го префрли ВИП лицето во обично неблиндирано возило. Со тоа бил доведе во опасност животот на Премиерот и си превземале голема одговорност на себе само за безбедно да го превезеле премиерот до одредената дестинација, а тоа било Скопје. Наведе дека поради тие причини тој како возач на Премиерот, потоа

командирот Дејан Митревски Урко и останатите колеги коишто имале допир до премиерот, можеле да поразговараат со него и постојано му сугерирале дека било неопходно да се набави возило со што не би се довела во прашање неговата безбедност и не би се довела во прашање нивната одговорност, со оглед дека тие како службени лица, овластени и доделени од МВР, имале одговорност пред РМ и пред законите на РМ Никола Груевски како тогашен Претседател на Владата на државата, безбедно го транспортирале и го обезбедиле максимално неговиот живот, затоа што во државата постоеле закони и акти по кои што било предвидено дека Претседател на Влада треба да се превезува во блиндирано возило. Се друго што би било импровизација би го довело во опасност неговиот живот, а со тоа и безбедноста на државата. Истакна дека имало и други примери на дефекти на Мерцедесот кој што го имале на располагање, како откажување на кочниците, откажување на клима уредите, потоа откажување на амортизацијата на возилото и ред други на кои што во моментот не се сеќава, дефекти поради кои што чекале со месеци да се отстранат по сервисите за Мерцедес, а за тоа време позајмувале возила од оние што биле останати блиндирани од државата, понекогаш од МВР, понекогаш од Претседателот на државата, од Управата за обезбедување, а понекогаш поради зафатеност на тие возила сепак морале да го превезуваат во обични возила Наведе дека тоа нему не му сметало, но тие имале одговорност побргу да дојдат до блиндирано возило затоа што ако нешто се случело ќе одговарале многу луѓе за тоа што се случило. Исто така наведе дека блиндирнаите возила покрај домашните ВИП личности, биле позајмувани и од Управата за обезбедување, за да можеле квалитетно да обезбедат странски ВИП личности и делегации кои што доаѓале во посета на РМ, па дури дека имало и примери при такво обезбедување странски ВИП личности да возилото во кое го превезувале откаже на автопат и притоа да бидат превземени дополнителни мерки за безбедност за да се обезбедело местото на кварот на возилото за да не биде доведено во опасност лицето или странецот кое што го превезувале. Притоа биле ангажирани дополнителни специјални единици КДЗ тимови и хеликоптерски единици за да можело во најкус временски период да се пронајде во државата слободно блиндирано возило, за да се префрлела ВИП личноста која што ја транспортирале. Во еден таков случај, Претседателот на Р.Албанија, господинот Бамир Топи, сепак бил префрлен и транспортиран до граница Ќафасан со неблиндирано возило и со тоа се довела во опасност безеденоста и животот на тој човек и плус бил нарушен угледот на државата. Наведе дека тој лично и неговите претпоставени постојано укажувале и писмено информирале во МВР дека такви работи не смееле да се случуваат. Тој лично имал напишано една службена белешка која што ја доставил на адвокатите во која предочувал за еден многу голем проблем со блиндираното возило во кое се превезувал Премиерот, а се однесувало на блиндираните гуми кои што им правеле големи проблеми при извршување на задачите, а било

наведено и писмено и усно дека гумите кои што им ги набавувала Службата за општи и заеднички работи при Влада на РМ, во жешки периоди појавувале подувување од внатрешната страна на тркалото, поради што барале набавка на нови сетови на гуми. Им било соопштено дека тие гуми кои биле соодветни само за тој тип на Мерцедес веќе немало да се произведуваат и на располагање им биле само тие што останале како залиха во фабриката која ги произведувала. Со тоа се соочиле со еден многу голем проблем, со тоа што ќе требало да го остават возилото во мирување и да не го употребуваат повеќе, а друго возило немале. Потоа, било изнајдено решение во кое ќе стават на возилото тркала од понов тип на Мерцедес од таа категорија и со тоа ќе бил решен проблемот, па тие се израдувале на тој податок, но радоста траела кратко. Имено, кога го донеле новиот тип на тркала и ги намонтирале на возилото, при проба на возилото уочиле дека возилото над 50 км. на час почнувало ненормално да трепери и да тресе, па доколку продолжеле со покачување на брзината се чинело дека возилото ќе се распаднело. Наведе дека за истото ги информирале надлежните, па го земале возилото и го однеле во сервис, го тестирале и им кажале дека тоа е тоа, дека не можело да се сопре тоа тресење, па моментално ќе ја затегнеле предницата на возилото со нови делови, но тоа траело околу 10-15 дена и повторно возилото почнувало да тресе. Со овој проблем не се соочувале само тие во обезбедувањето на Премиерот како што наведе сведокот, туку со истиот проблем се соочувале сите оние во Министерството кои што ги употребувале овие тркала, а друга опција немало. Притоа, наведе дека имало уште еден проблем со истите возила за кои што биле информирани од страна на Службата за општи и заеднички работи, а тоа бил дека фабриката која што ги произведувала блиндираните возила Мерцедес ќе престанела со производство на резервни делови за тој тип на возила кои што ги имала нашата држава на располагање. Наведе дека додека работел во Службата за обезбедување ја затекол набавката на поновиот Мерцедес кој што бил набавен и даден на користење на Управата за обезбедување на високи личности поточно во Одделението за странски делегации. Тоа возило било употребувано за превезување на странски делегации, а дел од тие што се сеќава и што ги гледал по медиумите како се превезувале биле Генерален секретар на ОН Бан Ки Мун, Штефан Фуле од ЕУ, Томислав Николиќ Претседател на Р. Србија и други за кои што во моментот не се сеќава. Наведе дека понекогаш кога имале проблем со нивното возило па знаеле да го побараат тој Мерцедес за превезување на Премиерот, но тоа било во нужни околности кога биле спречени да го превезуваат во нивните возила поради проблемите коишто претходно ги навел. Појасни дека проценката за тоа дали Премиерот ќе се возел во блиндирано или неблиндирано возило ја носел Началникот за обезбедување на Премиерот со претходно разгледување на можните опасности, при што се правеле брифинзи и анализирале заеднички состаноци, а потоа Началникот ја донесувал конечната одлука бидејќи се работело за многу

голема одговорност, за животот и здравјето на Премиерот кои во тој момент бил во рацете на Началникот за обезбедување. Притоа наведе дека Премиерот немал ингеренции во одлуките какво возило ќе му биде доделено за да го превезува и воопшто не се интересирал за тоа дали истото ќе биде блиндирано или неблиндирано, дали е било луксузно или не, напротив крајниот збор за тоа во кое возило кој ќе се возел, кога ќе тргнеле од местото на појдување, по која траса ќе се движеле, било лично по одлука на обезбедувањето, а само понекогаш го консултирале како би кожел непречено да ги обавува неговите државнички функции. Повторно наведе дека на присутните адвокати во судница им дал службена белешка, но дека не може да се сети дали адвокатите му ги цитирале правата согласно чл. 307 од ЗКП, а притоа смета дека поради тоа што службената белешка била доставена до Службата за општи и заеднички работи како една проблемска информација со која што се соочувале дека не влијаела на службата и општо на него како службеник. Наведе дека според содржината на службената белешка возилото кое што тогаш го управувале било делумно безбедно, но дека наведената содржина не била со тие зборови. Исто така наведе дека и после набавката на Мерцедесот С 600 Гард другото возило продолжило да си ја врши функцијата бидејќи друго возило немале.

Сведокот Сашко Гиевски наведе дека во текот на неговото работење во МВР имал контакти со блиндирани возила, а првиот контакт го имал некаде во 2002-ра година, а и за периодот од 2006-та година до 2011-та година со оглед дека бил возач во екипата за обезбедување на Претседателот на Влада на РМ. Наведе дека не знае кога биле набавени, мисли дека тоа било 1999-та година блиндираните возила, дека сите биле од марката Мерцедес, црна боја, како и дека тој лично управувал блиндирано возило кое многу пати знаело и да ги остави на сред пат со оглед дека бил обезбедување на Претседателот на Владата на РМ. Наведе дека тие возила ги користеле и други служби за потребите на Министерството кога доаѓале делегации од други земји, но со истите делумно се успевало да се обезбеди потребната заштита и се правела импровизација, па така дел покривале и со некоја организација во ситуација кога немале друг избор, како на пример се случувало повеќе пати кога оделе на пат во некој од градовите од внатрешноста, додека се движеле на радио станица добивале инструкции и тоа тој како возач на првото возило односно С1 да го испразне возилото бидејќи главното блиндирано возило било во дефект и дека ВИП личноста која што ја обезбедувале требала да премине во С1 или првото возило. Истакна дека со таквите импровизации секако дека не било обезбедено потребното ниво на заштита за соодветните ВИП личности и затоа тие во повеќе наврати барале да се набаваат соодветни возила што немало да се расипуваат, но се до 2011-та година кога тој бил во екипата ништо не било превземено, односно не им било одговорено на барањата. Наведе дека во колоната освен Мерцедес учествувало и друго блиндирано

возило и тоа од марката Џип модел Гранд Чироки, златна боја, меѓутоа како резервно возило, но не зане зошто претходно рекол дека блиндираните возила биле само од марката Мерцедес.

Сведокот Кицо Петрески наведе дека бил вработен во МВР од 1986-та година, а од 2006-та година работел во Управата за обезбедување на објекти и личности во Одделението за обезбедување на Претседателот на Владата на РМ како главен оперативен работник за против диверзиона заштита или антитерористичка заштита се до 2017-та година. Како вработен во Секторот за откривање и демонтирање на експлозивни средства и направи имал контакт со блиндирани возила и тоа кога државата ја посетувале странски делегации, па Управата за обезбедување на објекти и личности барале помош од Секторот за антитероризам да извршат антитерористички преглед на возилата во кои што се возеле странските делегации. Тие најчесто имале возила и нивните две, три, ако имало поголем број на странски делегации како на пример Самити и погребот на Претседателот Борис Трајковски каде во Македонија имало поголем број на делегации и други самити, па возила се позајмувале, односно се земале на користење од соседните држави најчесто од Бугарија и Србија. Нивна обврска била да ги прегледаат антитерористички и да ги дадат на користење на нивните колеги од Управата. Наведе дека од кога почнал да работи во Одделението за обезбедување на Претседателот на Владата на РМ, тоа го правеле секојдневно и почесто на возилата што биле користени од Претседателот на Владата на РМ. Покрај тоа вршеле проверки на објектите кои што требало да ги посетат, на трасите, проверки на сите пратки, писма, по трасите по патот по кој треба да се движат, проверка на се што им било сомнително по патот како контејнери, паркирани оставани возила, мостови, надвозници, подвозници и простории и објекти каде што требало да престојуваат или да ги посетат. За превземените дејствија бил известуван шефот на смена за патот и состојбата на патот, оштетување или стеснување, како и возачите. Појасни дека на тие возила вршеле антитетерористички преглед, а околу техничката исправност на возилата одговорноста била на возачите. Наведе дека тие возила најчесто биле марка Мерцедес, црна боја и дека сето претходно што го кажал било општо за возилата за што тој вршел проверка, а со возилото во кое се возел Претседателот на Владата на Р.М. се сретнувале многу често. Секојдневно вршеле прегледи на возилото, а кога ќе се врателo истото од сервис вршеле подетален преглед. Тоа возило според кажувањето на неговите колеги кога држеле состаноци, често се расипувало. Во МВР блиндираното возило кое го користела Министерката било Мерцедес и најчесто кога на Претседателот на Владата ќе бил расипан Мерцедесот, односно во сервис, го позајмувале Мерцедесот на Министерката. Наведе дека лично смета дека возилото кое го употребувал Претседателот на Владата на РМ не ги задоволувало антитерористичките стандарди. Тие вршеле антитерористички преглед и констатирано било дека во возилото немало поставени експлозивни

средства и направи но самото возило со неговата помината километража и старост било небезбедно. Наведе дека освен блиндираните возила Мерцедес имало и џип златна боја, истиот бил блиндиран, ама според него не бил фабрички блиндиран туку накнадно блиндиран.

Сведокот Ивица Зафировски, наведе дека во неговиот работен век и тоа скоро 18 години ефективни во МВР, во специјалните единици и и во 6-тата Управа како обезбедување, имал контакт со блиндирани возила и возел такви возила, а посетувал и семинари за блиндирани возила и оклопни возила. Наведе дека за обезбедување на ВИП личности во МВР имало само Мерцедес С 600 , а мисли дека имало и Мерцедес С 600 блиндор кој бил за употреба на претседатели или премиери. Во користењето на тоа возило претежно имале проблеми на пример со Мерцедесот С 600 блиндор, и тоа проблеми со гуми, им пукале во вожња, на пример, со претседатели, небезбедно се чуствувале тие како одговорни за безбедноста на випот, потоа им откажувал серво во вожња, брисачите за стакло кај випот им паѓале, а кое било крајно небезбедно бидејќи станувале цел на мета. Исто така им откажувале кочниците, трапот бил раширен во задниот дел, а во предниот дел има луфта. Од посетата на семинари познато му било дека блиндор возилото било безбедно до 100.000 километри, а после тоа небезбедно. Исто така наведе дека еднаш им пукнала шоферфајбната, како и дека тоа возило имало почесто дефект, па имале само една опција, а тоа било замената, односно го земале на користење блиндираното моторно возило на Министерката. Притоа наведе дека освен блиндираните возила марка Мерцедес, имало и возило марка Џип Гранд Чироки, златна боја, и тоа било во неисправна состојба, истото било надоградувано, а го користеле само за дежурства, бидејќи не било стабилно при што појасни дека не дека истото не било во подвижна состојба, но тие го користеле само за превезуваање бидејќи не било безбедно во него да се вози Претседателот.

Сведокот Ивица Јордановски наведе дека во текот на неговото работење во МВР работел во службите за обезбедување на лица и притоа имал контакт со блиндирано возило, односно управувал такво возило од марката Мерцедес. Појасни дека бил вработен од 2006-та година до 2015-та година и ги извршувал тие работни задачи, го должел возилото и не бил сигурен дали истото било со година на производство 1999-та година или 2000-та година. Возилото било со регистарски таблички СК 472-МБ, било специјално возило кое било три - четири пати потешко од нормално возило со заштита од разни видови на напади, со девети степен на безбедност. Според годината на производство возилото било старо и често се случувало да биде во дефект, така на пример имало проблеми со кочници, со климатизацијата, со моторот, со амортизацијата, па кога истото ќе се однесело на сервис подолго време се задржувало таму бидејќи немало делови за такви возила кај нас.

Притоа наведе дека тоа возило тие многу често го давале да се служат другите служби затоа што нивните биле во многу полоша состојба и почесто се расипувале, па го давале на 6-тата Управа за странски делегации како и на Владата, кај Премиерот. Наведе дека според него треба да има повеќе блиндирани возила, за повеќе служби, да има и резервни делови за истите затоа што кога ќе останеле дефект подолг преиод тие употребувале возило кое не било од таков карактер, односно не ги исполнувало безбедносните услови. Појасни дека во Минстерството постоеле уште неколку возила но тие не биле од тој степен на безбедност, односно дека имало џип Гранд Чироки кој бил купен како обична кола но дополнително бил блиндиран но со многу низок степен на безбедност, како и дека истиот не бил многу безбеден бидејќи амортизацијата и гумите му биле како на обична кола, а тоа било многу потешко. Притоа истакна дека кога кажал девето ниво на заштита мислел на блиндираното возило Мерцедес од 2000 година, а не на Мерцедес С 600 Гард од 2012 година.

Сведокот Сашо Арсов истакна дека од 2006-та година, работел во Секторот за обезбедување на личности и објекти во Одделението за ВИП заштита на личности и контрадиверзиона заштита од експлозиви, односно од 2006-та година до завршувањето на мандатот на Никола Груевски, после што продолжил да работи во Секторот за обезбедување на личности и објекти каде што работи и денес. Истакна дека неговата работа била проверка на возилото на ВИП личности, и тоа комплетна контрадиверзиона проверка од експлозиви, а обврски во неговата работа кај г-динот Никола Груевски му била проверка на возилата, проверка на трасите за движење, проверка на објектите, на Мерцедесоот, стариот Мерцедес, му била врешена секојдневна контрадиверзиона заштита со стручно знаење, употреба на технички средства и употреба на службено куче за експлозиви. Наведе дека многу пати се случувало кога ќе го проверат возилото и после одредено движење да им се јават дека возилото било расипано, па да им кажат да дојдат да проверат и сл. Притоа појасни дека возилата од колонота кои не биле блиндирани не го давале степенот за заштита на ВИП обезбедување, тоа биле обични возила како секое возило. Многу пати се случувало при одредени точки, движења надвор од Скопје, кога провериле објекти при пречек на терен, им се јавувале од колоната дека ќе закаснат бидејќи имале дефект, дека ќе дојдат со друго возило. Според него од безбедносен аспект возилото било старо и не ги задоволувало потребите за заштита од експлозиви и експлозивни направи. Притоа наведе дека сите возила што биле на ВИП имале степен на заштита, и тоа мисли дека бил четврти степен, а сите нови имале седми или осми степен, кај Американците и Русите можеби имале и 10-ти степен. Наведе дека проверувал и друго возило, џип, кој што не ги задоволувал безбедносните потреби за ВИП-от, т.е. бил многу слаб, како и дека едноставно се водело блиндирано, а не било. Истакна дека многу често

многу ретко доаѓале со тоа возило што било проверено бидејќи се случувале чести дефекти на истото, по што правеле дополнителни проверки на друго возило кое не ги задоволувало условите за ВИП обезбедување, со оглед дека истото било стандардна процедура. Наведе дека доколку било можно требало да се набаваат уште пет возила за потребите на ВИП делегациите и ВИП во државата, како Претседател на државата, Премиер, Претседател на Собрание. Појасни дека блиндираните возила имале рок на замена од пет години бидејќи се губела балистичката заштита.

Сведокот Гончо Тенков наведе дека во Единицата за обезбедување на Премиерот работи од 2006-та година, и имал функција од обезбедувањето како претходница, а главната задача на претходницата била обезбедување на трасата и утврдување на трасата, обезбедување на редовни траси, вонредни траси, потоа проверка на објекти, лица, возила што тие сметале дека би можеле да претставуваат пречка при обезбедување на поворката, како и обезбедување на местото на настанот каде што требала да стигне главната колона каде што ќе бил настанот. Во нивната работа исто така тие имале контакт со блиндираното возило кое што било по протокол обезбедување на Премиерот, а истиот морал да се вози со такво возило бидејќи тоа било со висок степен на заштита, односно блиндирано. Наведе дека имале проблеми со тоа возило, бидејќи често останувало во дефект со оглед дека било старо преку 15 години, со поминати преку 200.000 километри, а ова го знаеле преку нивните контакти преку радио врски. Појасни дека имало ситуација кога возилото и во движење останувало во дефект, па тие во таков случај морале Премиерот да го префрлуваат во С1 или во С2, а тие возила биле оние кои го штителе главното возило, блиндираното возило напред и назад за појаснување, кое било спротивно со протоколот на обезбедување, но сепак во таква ситуација подобро би било да го дислоцираат од местото каде што се случил дефектот на главното возило. Исто така наведе дека се случувало понекогаш на главната точка тие да дојдат со обично возило бидејќи бил настанат дефект на главното возило, а најчести дефекти кои што настанувале биле во врска со системот за управување, со воланот кој се блокирал, со кочниците, како на пример во една ситуација од Велес за Скопје кога откажале кочниците, па среќа било што настанот се случил во градот и Премеирот не бил во возилото, а тоа се случило кај Американската резиденција појаснувајќи дека тој возев позади главното возило со друго возило и тогаш се укочил воланот, па возачот не можел да го запри возилото и удрил во ограда на една куќа, при што биле искршени три-четири столбчиња. Наведе дека најчеста тема на разговор на брифинзите кои ги имале после секоја нивна завршена активност била решавање на проблемот со блиндираното возило и тие преку нивните претпоставени постојано барале да се набави ново блиндирано возило, бидејќи со постоечкото не можеле да го заштат Премиерот. Такво

возило не се набавило, а се случувало постоечкото да биде и по месец и повеќе на сервис, па во таков случај тие позајмувале други возила од МВР, на пример или од СОЗР, која имала едно возило кое што тие го користеле како резервно возило, Гранд Чироки џип, но истото било во уште полоша состојба од главното возило, со понизок степен на безбедност бидејќи тоа возило било набавено као обично возило, а отпосле било блиндирано. Истакна дека имало уште една случка на дефект на возилото, кога истото останало дефект додека се движело во колоната, па тогаш Премиерот бил префрлен во обично возило, а главното возило останало на пат за да дојдел од МВР шлеп служба за да го однеселе во Скопје. Повторно наведе дека постојано барале да се набави ново блиндирано возило, но тоа не се случило, туку се набавило друго возило кое не било набавено за институцијат Премиер туку за опслужување на странските делегации, во кое прв се возел Генералниот секретар на ОН, Бан Ки Мун. Исто така наведе дека имало ситуација кога одредени гости, дали Премиерот или Претседателот на Полска не се сеќава точно, одбивале да се возат во блиндираното возило бидејќи по сугестии од неговото обезбедување истото не било небезбедно, па во таков случај обично се изнајмувале возила блиндирани возила од Србија и Бугарија најчесто бидејќи во Македонија биле три или четири блиндирани возила, во иста техничка состојба. Наведе дека немал увид во документацијат, односно одлуката за потреба од јавна набавка за конкретното возило и кои причини за набвка во образложението ги навел договорниот орган , а ниту можел да има увид во таквата документација, туку она што го навел дека блиндираното возило било набавено стриктно за опслужување на странски делегации го дознал од прес конференцијата што се одржала кога било набавено возилото, а истото можел да го потврди од неговата пракса, односно дека тоа возило не го користеле освен во исклучителни случаи кога главното возило било на сервис и немало алтернатива да се позајми друго возило и тоа претежно го користеле само кога се одело надвор од Скопје во ретки случаеви и кога оделе во соседните држави како Србија, до Бугарија, поради нивна проценка дека другото возило не било исправно технички за да одело на долги релации.

Сведокот Благојче Димитровски наведе дека во текот на неговото работење, и тоа од 2008-ма година работел во обезбедување во Одделот за Претседател на Влада од 2008-ма година, при што поголемиот дел бил возач на резервно блиндирано возило, џип Гранд Чироки, кое било во многу лоша состојба затоа што тоа возило не било купено фабрички како блиндирано туку било потоа правено поради што тоа возило било небезбедно за возење. Наведе дека може да каже за стариот Мерцедес што се возел во Владата на РМ, и тоа дека истиот често се расипувал и за тоа биле приморани да возат со нив резервно возило, а тоа било возилото Гранд Чироки. Истакна дека тој Мерцедесот го имал лично носено на сервис најмалку едно три-четири пати и наведе дека ќе каже

неколку случки. Имено кога оделе на пат Скопје - Охрид, а времето било врнежливо, на Стража се расипале брисачите при што тој бил позади, во џипот како резервно возило, а Претседателот на Владата морал да се префрли во него,а имало и други вакви настани кога морало да се застане и Претседателот на Владата да се префрли во несигурното возило, односно џипот, па така го продолжиле патот, но притоа чекале цело време да дојде шлеп служба за да го однесе возилото во сервис. Возилото се расипувало скоро секој петти ден, како и дека кога го возел со тоа возило Премиерот Емил Димитриев, лично тој одбивал да го вози со тоа возило бидејќи до Пробиштип каде што живеел имало доста кривини и било несигурно возилото, поради што го користеле и новото возило што го купила Владата на РМ, блиндираниот Мерцедес, на кое не ги знаел табличките. Лично тој стариот Мерцецес го носел на сервис,на кој левата и десната страна му биле веќе скапани и не држеле, паѓале и истите ги правеле во Мак Ауто Стар, односно ги вареле. Исто така наведе дека стариот и новиот Мерцедес не ги користеле само домашни ВИП личности, туку и странски делегации, а Премиерот Никола Груевски го користел многу ретко евентуално кога оделе на пат. Истакна дека бидејќи работи во странски делегации, се соочуваат со проблеми со оглед дека немаат блиндирани возила, па се дешавало ВИП луѓето да не сакале да се возат во такви возила.

Сведокот Виктор Белевски наведе дека во МВР бил од 2002-ра година, а од 2006 година бил во Управата за обезбедување, односно бил шеф на обезбедување на Министерката за внатрешни работи Гордана Јанкулоска и сите возила што им припаѓале биле под негова надлежност, од кои едно од тие возила бил и блиндираниот Мерцедес, со година на произвдоство 1999-та година. Наведе дека токму тоа возило му било најпроблематично затоа што почесто се појавувале дефекти, му откажувале кочниците, климата и амортизерите и тоа биле најчестите дефекти во текот на возењето. Поради ова дошол во вербална расправија и со Министерката Гордана Јанкуловска но таа му рекла дека друго нема и мора тоа што го имаат да го користат. Ова возило и другите биле паркирани во гаражата на МВР, па и покрај тоа што блиндираните возила се расипувале сепак морале на некој начин да им излегуваат во пресрет на странски делегации и останатите ВИП личности од прв степен на обезбедување, за кое не успевале во секој момент бидејќи кога истите ќе се расипеле за нивна поправка се чекало подолг период поради набавката на нивните делови, па морале да се снаоѓаат од останатите возила на ВИП личностите. Наведе дека имале разговарано и побарано да се отстранат овие возила бидејќи не биле безбедни за никој, па во некој наврат им било кажано дека кога ќе имало доволно средства истите ќе ги заменат. Наведе дека знае за една ситуација кога била загрозена безбедноста на ВИП личноста која ја превезувале и тоа било во 2011-та година, кога со Министерката Гордана Јанкулоска биле

на една средба со граѓани во Општина Јегуновце и таму имало вооружен судир меѓу криминална банда и полициски службеници од МВР, се нашле во средина на тоа препукување, каде што морал да интервенира, а бидејќи немале во моментот блиндирано возило, Министерката ја сместиле во некој објект, најблизок објект според неговите проценки кој што биле безбеден. Потоа наредил на неговите потчинети што поскоро да обезбедат блиндирано возило и да дојдат на местото на настанот, а тоа траело околу еден час за да можеле после да ја сместат Министерката и да се повлечат кон база. Истакна дека додека работел во таа служба ја затекнал набавката на новото блиндирано возило Мерцедес и дека тоа било намето претежно за странски делегации и за ВИП личности во ситуација кога ќе откажело некое од постарите блиндирани возила, но точно не може да каже кој од ВИП личностите го користел истото, а за странските делегации информативно го гледал преку медиуми бидејќи не располагал со него.

Сведокот Сашо Минковски наведе дека од 2001-ра година работи како лично обезбедување на Претседателот на РМ се до 2004-та година и таму во текот на работењето користеле блиндирано возило. Потоа наведе дека во 2006-та година работи како лично обезбедување на Претседателот на Владата на РМ и како претходница и некаде 2010-та година и како возач на ескортно возило. Исто така наведе дека тие возила биле произведени негде околу 1999-та година и кога работел 2001-ра година кај Претседателот на Државата биле истите возила, само што тогаш биле околу една до две години стари и биле во добра состојба, а во 2010-та година кога почнал да вози ескортното возило увидел дека возилата не ги задоволувале безбедносните потреби на службата, имале голем број и чести дефекти, и се случувало па дури и по месец, два или три возилото блиндираното возило да биде во сервис. Тогаш морале да бараат резервна солуција, односно резервно возило кое би го користеле.Од началниците што биле со нив барале доколку се има можност да бидат набавени или да добијат подобри, понови возила и од Службата за општи и заеднички работи добиле две ескортни возила, нови, а во 2012-та година го добиле и новото блиндирано возило Мерцедес. Истото го користеле само во случај кога излегувале надвор од Скопје, на долг пат, бидејќи старото не можеле да го возат, него го возеле само во Скопје. Наведе дека новото блиндирано возило го отстапувале на Одделот за обезбедување на странски делегации во случај кога доаѓале високи ВИП личности во земјата, како претседатели или премиери затоа што само тоа возило ги задволувало безбедносните потреби.Појасни дека двете ескортни возила кои што ги претходно ги спомена не биле блиндирани, туку тие се користеле за ескортно обезбедување на ВИП возила. Со тие возила што ги имале во моментот не можеле да ги задоволат безбедносните потреби како за домашните ВИП личности така и за странските кои доаѓале во РМ затоа што прво биле малку, а друго биле набавени 1999-та година и имале чести

дефекти па секогаш биле доведени во ситуација да се снаоѓаат во последен момент, да бараат друго возило за да ја завршат успешно задачата што ја имале, поради што често пати за странските ВИП личности се земале рент а кар возила. Барале од препоставените разрешување, односно подобрување на таквите лоши услови и со истото бил запознат и Министерот за внатрешни работи.

Сведокот Раде Колев наведе дека од 1995-та година е вработен во МВР, а од 2007-ма година па се до 2016-та година во Одделот за обезбедување на Претседателот на Владата на РМ, кога за прв пат се сретнал со блиндирано возило. Тоа било возилото со кое се возел Претседателот на Владата на РМ, а истото било доста старо и амортизирано и не можело да пружи соодветна заштита на ВИП-от. Наведе дека возилото во повеќе наврати покажувало дефект и се чекало долго време за набавка на резервни делови при што биле принудени да користат возило од другите служби од МВР, а понекогаш и неблиндирано обично возило, со тоа што не биле во можност 100% да гарантираат безбедност на ВИП-от. Објасни дека во РМ првично биле набавени четири блиндирани возила, од кои што три биле во возна состојба, а едното дефект поради сообраќајка. Тие три возила ги опслужувале Претседателот на Влатата на РМ, Претседателот на Собранието и Претседателот на државата, а истите се користеле и за транспорт на странски делегации кои што доаѓале во РМ. Од нивна страна повеќе пати било сугерирано за ваквата состојба кај одговорниот на обезбедувањето иако усно, а натаму дали било проследено не му било познато. Наведе дека го затекнал ново набавениот Мерцедес во 2012-та година, дека првичната намена за купување на тоа возило била за странски делегации и во тоа возило се имале возено повеќе странски делгации кои биле гости во РМ.

Сведокот Саше Спасовски наведе дека е вработен во МВР, и тоа од 2007-ма година до денес е во Одделот за обезбедување при МВР како главен оперативен работник за ескортно обезбедување на Претседателот на Владата на РМ. Со блиндирани возила се сретнал во тој период како личен возач или возач на ВИП возило од 2008-ма до 2011-та година, понатаму како дел од ескортното обезбедување на возилата С1 и С2 и повторно од 2016-та година кај техничкиот Премиер Емил Димитриев како возач на блиндирано возило до крајот на мандатот, а сега работи во Управата за ескортно обезбедување на странски делегации. Блиндираното возило кое што го користеле во тој момент било старо, амортизирано, а поради лошите улици и патишта имале проблеми со подвозјето на возилото. Имале постојани проблеми и со моторот кој знаел да откаже на подолги патувања низ Републиката, имало повеќе случаи на дефект на пат, како на пример едниот кога изгасило возилото накај Резиденција на Водно бидејќи возилото поради дотраена пумпа го искинало каишот при што се закочил воланот и кочниците и возилото излетало од патот. На состаноци на колективот

разговарале и имале барања да им се набават нови соодветни возила. Сведокот наведе дека блиндираните возила покрај домашните ВИП личности ги користеле и странски делегации, претседатели и премиери кога ќе дошле во посета на РМ. Наведе дека безбедноста на личноста што ја обезбедувале секогаш не била на потребно ниво, бидејќи се користеле неблиндирани возила или слабо блиндирани возила, со послаб степен на безбедност. По набавката на новото блиндирано возило старото блиндирано возило и понатаму се користело се до 2017-та година, од кога истото било ставено надвор од употреба. Се сеќавал дека новото возило било користено од високиот преставник на Обединетитие Нации, Бан Ки Мун, тогашниот бугарскиот Премиер Бојко Борисов и други личности од странство што доаѓале

Сведокот Виктор Стојчевски наведе дека е вработен во МВР од 2001-ва година во Единица за специјални задачи Тигар, а од 2008 година е во 6-тата Управа за обезбедување на ВИП личности, од кој период и е во контакт со блиндирани возила. Возилата во тој период биле доста изамортизирани, стари, со поминати доста километри и често се расипувале, па имало ситуации и кога користеле неблиндирани возила. Овој проблем бил потенциран на состаноците. Новото блиндирано возило било донесено во 2012-та година и било користено за странски делегации, а во некои исклучителни моменти го користеле и тие, и тоа само кога старото возило било расипано. Наведе дека според негови сознанија денес не се користи старото возило, истото било расипано.

Сведокот Боби Петковски наведе дека е вработен во МВР и работел во Службата за обезбедување на ВИП личности кај Премиерот Никола Груевски. Имал непосреден контакт со блиндираните возила, но не управувал со нив, бил напред или позади С1 или С2 за обезбедување. Блиндираното возило имало доста кварови, се расипувало, а најголем проблем биле на пример угорниците кога моторот прегрејувал и возилоото застанувал, па тогаш правеле смена па така ВИП-от го ваделе и го ставале во друго неблиндирано возило. Некогаш имало проблем со мењачот на возилото како што наведе сведокот, истиот не функционирал како што треба и возилото едноставно не одело, така да ќе тргнеле со една блиндирана кола, а ќе стигневме со друга неблиндирана кола каде што се наоѓал ВИП-от, а исто така имале проблеми и гумите кои дишеле. Наведе дека многу пати кога имале брифинзи сугерирале дека возилото не ги задоволува стандардите за ВИП личности поради тие дефекти. Исто така наведе дека покрај за ВИП личноста за чиј превоз било наменето возилото, истото се користело и за превоз на други ВИП личности во определени прилики, а по негово сеќавање прв во тоа возило се возел Претседателот на ОН, Бан Ки Мун, потоа Томислав Николиќ, од Катар, не знае дали Претседател или Премиер, како и Фуле, бившиот Претседателот на Европска комисија, притоа истакнувајќи дека мисли на новото блиндирано возило. Наведе дека сугерирале до надлежните дека старото блиндирано возило не ги исполнувало

станадардите поради многуте дефекти што се појавувале. Имал слушнато старото блиндирано возило повеќе не било во употреба, дека стоело во гаража бидејќи не било економски исплатливо да се поправа. Појасни дека кога претходно кажал дека ВИП лицето во случај на дефект на блиндирано возило го ваделе од блиндирано возило и го сместувале во неблиндирано возило, мислел на Никола Груевски. Исто така појасни дека кога кажал дека тоа за обезбедувањето било проблем, мислел на безбедносен проблем, затоа што не било во блиндирано возило, иако на Премиерот не му било важно дали бил во блиндирано или неблиндирано возило, тие како обезбедување нормално било да инсистираат тој да се вози во блиндирано возило затоа што за безбедноста тие биле одговорни и притоа наведе дека обезбедувањето било насочено само кон ВИП личности. Наведе дека Службата за обезбедување пред набавката на блиндираното возило во 2012-та година имала проблеми и тоа додека тој бил на смена од 10 до 15 пати, а можеби и повеќе, како и дека му било познато дека и во други смени имало такви проблеми.

Сведокот Сашо Митевски наведе дека во МВР бил вработен од 2001-ва година,а од 2006-та година, работи во Одделението за обезбедување на ВИП личности под 6-тата Управа. За време на неговото работење имал контакти со блиндирани возила во одредени периоди и возел едно од нив. Инаку во Одделот работел повеќе работни задачи почнувајќи од претходница, возач и бодигардпа неговото искуство околку блиндираните возила во моментот на доаѓање во Одделот знаел дека се прилично стари, дека подлежеле на повеќе дефекти при што им било потребно повеќе време истите да се поправат. Наведе дека се имало случено блиндираните возила да останат дефет, при што ВИП личноста била превезувана во обично возило со што била загрозена неговата безбедност. За ова биле известувани нивните старешини и им било сугерирано за потребата од набавка на нови возила.Наведе дека старото блиндирано возило кое го користел Премиерот во моментов било надвор од употреба бидејќи неговата поправка била многу скапа, па истото не се исплатело, а ново набавеното блиндирано возило во моментот се користело од Одделението за обезбедување на странски делегации и манифестации поточно 6-тата Управа, каде што и тој работи, а претходно се користело само во случаи на долги релации и кога старото возило било на сервис. Појасни дека резеревното блиндирано возило служело првично за замена ако главното возило останело дефект или во одредени моменти се поставувало на позиција каде што служело и како главно возило.

Сведокот Сашо Серафимовски наведе дека во МВР е вработен во 1988-ма година, при што од 2001-ва до 2002-ра година работел како дел од ексортното обезбедување кај тогашниот Премиер, и во тој период возилата биле добри, нови, со помала километража, во 2002-ра година бил сменет, а во 2006-та година повторно вратен на истото работно

место, и видел дека истите после 4-5 години си го направиле своето, километражата била поголема, ги превземале со 115.000 километри, а како одминувале годините почнувале да откажуваат, да се појавуваат дефекти на пат. Појасни дека неговата основна работа била обезбедување со возилата и наведе дека истите на патиштата почнале да појавуваат дефекти, со текот на годините се почести, а најмногу проблеми имале со угорниците бидејќи тоа било тешко возило и кревало температура. Исто проблеми имало и со гумите, а во последно време им носеле обични гуми, а не специјални за блиндирано возило. Поради ова тие од нивните претпоставени барале да се набаваат нови возила за да може да гарантираат поголема безбедност. Наведе дека согласно безбедносните протоколи, во колоната и превезување на ВИП личноста, покрај неговото блинидрано возило требало секогаш да има и заменско блиндирано возило без разлика дали тоа било ново или старо возило. Притоа наведе дека тешко можеле да се спротивстават на тоа што требало да го покажат за безбедноста на ВИП личноста и скоро секој пат имале проблеми со блиндираното возило. Исто така наведе дека користеле и заменско возило, меѓутоа тоа не исполнувало никакви услови затоа што од обично возило кога ќе се направело блиндирано возило тоа веќе не било блиндирано возило и не исполнувало никакви услови. Во текот на неговото работење го затекнал ново набавеното блиндирано возило Мерцедес при што наведе дека многу малку се користело, и тоа само кога имало потреба, односно кога возилото било во дефект или на подолги релации. Наведе дека од медиумите знаел дека во него се возеле и други ВИП личности бидејќи нивната работа била обезбедување на Претседателот на Владата. Наведе дека старото блиндирано возило не се користело веќе 2 години, истото било во катастрофална состојба, а кое го дознал откако отишол од истото да си земе некои лични работи бидејќи одел во пензија, па на прашањето дали истото ќе се прави, одговорните кои биле таму кажале дека од финансиски аспект тоа било многу скапо. Во периодот пред да биде набавено новото блиндирано возило доколку се случел дефект на патот блиндираното возило кое го употребувале тогаш наведе дека Премиерот го качувале во прво возило кое одговарало за негова безбедност, а ако било во сервис тогаш барале преку нивните претпоставени да се донесе друго возило, односно позајмувале возило. Притоа појасни дека ескортно обезбедување се вршело додека ВИП личноста била во возилото, кое значело дека секое негово движење со возило, тие како С1 и С2 го покриле, но дека возилата С1 и С2 не биле блиндирани, на кое Никола Груевски не се спротивставувал, приговарал или изразил било какво негодување. Наведе дека секогаш им било излегувано во пресрет на барање да добијат друго блиндирано возило кога т.н. основно блиндирано возило било во сервис со појаснување дека тоа било така секогаш, освен во два - три случаи кога немало можност бидејќи било зафатено возилото, инаку 90% им излегувале во пресрет. Наведе дека не може да даде точна бројка за тоа колку пати во годините 2010, 2011 па

и 2012 година пред набавката на новото блиндирано возило, но било некаде околу 30 до 40 пати, како на пример случајот со Маврово, кога на ургорницата колата прегрела, потоа на Пробиштип кога мењачот заглавил, па на неговиот колега му се имало случено во вожња воланот да му се укочи, а имало и други случаи. Наведе дека резервното блиндирано возило секогаш кога било во колоната со возилата кога се превезувал Претседателот на Владата било како само да се броело за блиндирано возило бидејќи истото било небезбедно и не можело да одговори на неговата функција, но со оглед дека немале друго морале да го користат тоа возило.

Сведокот Дејан Митровски наведе дека како вработен во МВР во Одделот за обезбедување на ВИП личности имал постојана потреба од користење на ВИП блиндирани возила кое било неопходно за функционирање за безбедноста на тие ВИП личности. По однос на блиндираното возило кое го користеле во Владата на РМ за превоз на Претседателот на Вадата на РМ, наведе дека имале повеќе проблеми во смисла на дефект заради годината на производство, иако тоа возило соодветно се одржувало и сервисирало. Така, имале проблеми со гумите поради тежина на возилата и староста на гумите. Имено, наведе дека гумите не само што требало да бидат нови туку требало да имаат и шара, а со оглед дека возилата долго време стоеле во магацини, често под притисок на надворешните влијанија, можело да пукне гумата при возење, по што се обраќале во фабриката од каде што им било кажано дека гуми за тие возила не се произведувале повеќе, односно биле исфрлени од употреба. Исто така наведе дека имале проблеми и со шофершајбната која им правела диопотрија и предизвикувала главоболка, по што ја контактирале фабриката и оттаму им било кажано дека тие возила биле исфрлени од употреба и било можно поради диоптријата да го расипал видот. Сведокот наведе дека после тоа отишол на контрола и било констатирано дека имал оштетување на видот. Наведе дека имало и други проблеми со возилото како на пример клима уредот редовно откажувал, а и кога работел испуштал чуден мирис, потоа имале проблеми со цревото за топол воздух, за притисок, за хладњак, потоа греело возилото. Притоа наведе дека секогаш не можеле да го носат возилото на поправка бидејќи им било неопходно за користење и тоа најчесто го правеле кога тогашниот претседател на Владата бил на пат со авион, а кога се работело за поголем дефект, земале на користење возила од другите ВИП личности, и тоа од Претседателот на Собрание, од Претседателот на државатам или од Министерката затоа што и тие возила не биле безбедни, и тие биле проблематични со оглед на годината на производство. Истакна дека имале уште едно резервно возило Гранд Чироки кое што го возел во колона, но истото често пати откажувало и го враќале со шлеп служба во МВР, па го заменувале со обично возило, а имале и случаеви кога

откажало главното возило и го замениле со обично возило кое не одговарало на стандардите за обезбедување. Наведе дека уште од првиот ден кога Никола Груевски станал претседател на Владата, тој инсистирал на набавка за ново возило, но од негова страна му било одговарано дека не им треба возило, дека има возила и тие возила си ја вршеле работата. Пробувал да му објасни дека и тие се расипувале, но тој му рекол дека доколку се расипе возилото ќе се земело на заем возило од друг. Како пример наведе една ситуација, и тоа дека еднаш кога биле на пат за Велес, кога оделе по угорницата накај вилата нагоре, им откажала хидроуликата на воланот, по што тој му помогнал на возачот да го заврти воланот за да не удрат во столбче спроти кое имало градинка, а наведе и една друга ситуација кога требало да дојде во земјата премиер на друга држава но истиот одбил да се вози со блиндираното возило бидејќи не ги исполнувало стандардите за безбедност и инсистирал да дојде со свое возило, па дошол со негово возило но не им дозволил на нивното обезбедување да влегува во возилото. Имено, како што наведе тоа било стандардна процедура, а таа била таква да кога некој ВИП гостин од странство доаѓал со свое возило, во истотоо требало да има и инспектор од Одделот за ВИП обезбедување, заради координација. Во неговиот разговор со тогашниот Претседател на Влада го искористил овој настан како изговор и при тоа наведе дека имало и други такви примери за кои во моментот не можел да се сети. Истакна дека тој бил началник на личното обезбедување на Претседателот на Владата на РМ. Притоа наведе дека големите проблеми што се јавувале на возилото ги воочувал сам бидејќи биле очигледни, а за малите проблеми како сензори, клими, греење, димење отпозади од ауспухот имало постојани реакции од шоферот кој го возел тоа возило, како и од шоферите кои го возеле резервното возило позади нив, Гранд Чироки блиндирано. Напомена дека сите возила што се користеле и тогаш и сега биле премногу стари за да ја обавуваат таа функција што ја обавуваат сега, а имало многу исституции во полицијата, односно во МВР кои работеле и имале поминато по три, четири, пет километри дневно, а имале комплетно нови возила и безбедни возила, и тој проблем се влечел од поодамна во Одделот за обезбедување, односно проблемот бил тој што не биле заменети старите возила, а со тоа се доведувале во опасност сите ВИП личности кои што се обезбедувале. Притоа наведе дека заменското возило, односно џипот Гранд Чироки тие го возеле пет години со пукната шофершајбна напред, од горе до доле, а настаната поради старост и од надворешни влијанија, па по негово исситирање истата да се промени тогашниот Претседател на Влада не се согласил со тоа бидејќи нејзината замена била скапа , односно чинела околу 20.000 евра, па шофершајбната останала непроменета. Покрај проблемот со шофершајбната, тоа возило имало и многу дефекти.

Судот ги ценеше исказите на сведоците меѓутоа истите околу предметната набавка на блиндираното возило не наведоа никакви околности. Имено, тие во своите искази ја опишаа состојбата на блиндираните возила со кои располага РМ во смисла на нивна техничка исправност и безбедносна заштита, особено на блиндираното патничко возило марка Мерцедес кое го користел тогашниот Претседател на Владата на РМ, сега обвинетиот Никола Груевски во периодот од 2008-ма до 2012-та година, потоа дефектите на тоа возило и воопшто на сите блиндирани возила кои ги поседувала РМ во тој период, проблемите кои се појавувале во врска со тие дефекти, неможноста за одржување на истите, како и потребата од набавка на ново блиндирано патничко моторно возило. Во конкретниот случај предмет на обвинение не е потребата за јавна набавка на ново блиндирано возило туку начинот на спроведување на постапката околу набавката на блиндираното возило марка Мерцедес С 600 Гард, а поточно фаворизирањето на економскиот оператор Мак Аутостар во таа јавна набавка.Притоа истите го потврдија неспорниот факт дека предметното возило марка Мерцедес С 600 Гард било набавено и пристигнало во РМ во 2012-та година.

Сведокот Зоран Василевски наведе дека е има долга кариера, па така почетоците му биле во Технобаварија Скопје, па во Сетком, потоа работел во Аутомакедонија, па во АМЦ, па повторно во Аутомакедонија и во моментот бил вработен во АГС Скопје. Притоа појасни дека главните дејности на фирмата Аутомакедонија биле трговија и сервисирање на возила и трговија со делови за возила. Наведе дека не може да каже дали во моментот Аутомакедонија е увозник и дистрибутер на одредена марка на возила во РМ, но во периодот кога тој работел таму истата застапувала повеќе брендови, како Опел, Шевролет, Исузу и други брендови како Сканија, но тоа било веќе минато, во тоа време биле три - четири брендови. Истакна дека во Аутомакедонија бил од 1997-ма година, па се до ноември, односно декември 2017-та година и во тој период освен наведените марки за кои што Аутомакедонија била застапник, имале продадено и возила од други марки за кои што не биле застапници, а имало застапници во РМ за тие возила. Притоа наведе дека во Европската унија постоела регулативата антимонополски статус за продажба на возила, која во РМ таа директива била превземена во некаква форма и тоа 2005/2006 година. Притоа наведе дека не се сеќава на сите марки на возила кои што ги продала Аутомакедонија во наведениот период а на кои не била застапник но сигурен бил за возилата од марките Ивеко и Ман.

Судот го ценеше и исказот на сведокот Зоран Василевски меѓутоа на истиот не му поклони верба на делот од неговиот исказ во кој наведува дека Аутомакедонија во периодот од 1997-ма па се до ноември, односно декември 2017-та година, освен марките на возила за кои била застапник, имала продадено и возила од други марки за кои не биле застапници, а имало застапници во РМ за тие возила меѓу кои и

марките на возила Ивеко и Ман, но согласно дописот испратен од Аутомакедонија под бр.03-1892/2 од 11.05.2011 година неспорно произлегува дека истите учествувале на тендер за специјални возила „цистерни" за одржување на ЈРМ , а се работи за тендер на МВР бр.17-32/2013 и испорачале две возила МАН и комплетна надградба на специјалните возила, но тука мора да се нагласи дека во овој случај се работело за производител (надградувач) на специјални возила за кој во РМ во моментот не постоел друг официјален дилер.

Согласно писменото Известие од МВР рег.бр.18.2.4-64631/1 од 26.09.2017 година по однос на одржување на блиндираните две возила кои се во сопственост на МВР на РМ потрошени биле вкупно 13.592.418,00 денари сметано од 01.01.2006 година до набавката на новото блиндирано возило.

МВР на РМ до адвокатска канцеларија Сања Алексиќ доставила писмено известие рег.бр.18.1-88010/1 од 20.12.2017 година и видно од истото ја известуваат дека во врска со оглас број 17-16/2012 тендерска документација подигнале следните економски оператори: Друштво за трговија и услуги КОРЕА АУТО-ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје; Друштво за производство, трговија и услуги ИМЕПЦО ИНТЕРНАТИОНАЛ ДОО, IMPECO INTERNATIONAL DOO; Друштво за промет и улуги ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје; Друштво за производство, трговија и услуги ОФИСЕ МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје; Друштво за нватрешна и надворешна трговија ЕУРОИПМПЕКС ДОО уво-извоз Скопје; Друштво за обезбедување на лица и имот НИКОБ ДОО експорт-импорт Скопје; Друштво за производтсво трговија и услуги АУТОМОБИЛЕ-СК ДОО експорт-ипморт Скопје; Друштво за ревизија РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје; Друштво за натрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје; Друштво зза трговија на големо и мало МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје; Агенција за привремени вработувања Проспект Прилеп; Друштво за внатрешен и надворешен промет производство и услуги АНТИПЛАМ Тони и други ДОО Скопје; Трговски друштво на големо и мало МИКЕИ-ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје; Друштво за менаџмент, консалтинг, инженеринг и проектирање ДИНАМИК КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје; STOOP International Vertriebsgesellschaft mbH и Трговско друштво за промет и посредување МАККАР ДОО Скопје;

На ден 25.09.2017 година МВР на РМ доставува одговор до адвокат Сања Алексиќ кој Одговор е заведен под рег.бр.18.1.1-61851/2 од 25.09.2017 година. Притоа со овој одговор доставуваат известување дека при спроведувањето на постапките за јавни набавки од претходни искуства имале во пракса случаеви каде по подигнувањето на тендерската документација од страна на заинтересираните економски оператори од нивна страна да има забелешки и предлози кои биле прифатени од нивна страна и следствено на тоа да биде изменета

тендерската документација согласно чл.38 од Законот за јавни набавки при што во тој случај крајниот рок за доставување на понуди се продолжувал за дополнителен рок од 6 дена. Притоа како пример ја даваат постапката број 17-8/2014 од 06.02.2014 година за набавка на моторни возила-камиони за специјална намена согласно тендерската документација број 17.1-4304/1 од 17.01.2014 година, која завршила со склучување на договор за јавна набавка број 17.1-36604/1 од 20.05.2014 година, а во текот на постапката биле доставени забелешки и барања од економските оператори во три наврати по што следело измена и дополнување на техничката спецификација при што рокот за поднесување на понуди бил продолжуван на три пати по 6 денови.

Судот го ценеше и доказот Измена на техничка спецификација бр.17.1-13189/1 од 14.02.2014 година и видно од овој допис измената на тендерската документација (техничка спецификација) се однесува за сосема друг оглас, а тоа е оглас за доделување договор за јавна набавка на 2(две) возила (камиони) за специјална намена број 17-8/2014 и оваа измена според уводниот дел на дописот е доставена до сите заинтересирани економски оператори, а измената се однесува на Технички спецификации за возило број 2 алинеја 33, односно реченицата „Кранот да биде монтиран помеѓу кабината и платформата и да може да подигне 6000 кг. на 5 метри оддалеченост" (во техничка спецификација за возило број 2) претставува техничка грешка па истата се брише односно се работи за специјално возило кое не треба да има вградено кран. Воедно во тендерската спецификација се менува и крајниот рок за поднесување на понуди, односно понудите за наведениот предмет на набавка да бидат доставени најдоцна до 26.03.2014 до 12,00 часот.

За истиот тој оглас број 17-8/2014 била извршена повторно измена на тендерската документација (техничка спецификација) заведена под број бр.17.1-21584/1 од 17.03.2014 година и тоа се менува алинеја 13, па новата алинеја гласи „кабина (кратка со хидраулична амортизација, пневматско возачко седиште, механичко совозачко седиште со сигурносни појаси, хидраулично согорување т.е. согорување со помош на хидраулична пумпа механички погонувана од корисникот, електрика на прозори, затемнети стакла, прилагодлив волан во висина и длабочина, дигитален тахограф)" Понатаму точка 3 алинеја 5 и 6 и за возило број 2. 2 алинеја 5 и 6 се менува, новата алинеја гласи „Правоаголната платформа за товар треба да располага и со дополнителни работни површини, во случај кога станицата која е монтирана на возилото е оперативна. Работните површини треба да се наоѓаат на следните места: на задната страна со димензии 243 см х 100 см, на десната страна 606 см х 100 см и на левата страна од главната платформа да има работна површина поставена на средината со димензии 100см х 100 см. Работните површини треба да се склопуваат (подвлекуваат) за време на транспорт. Истите треба да се изработени од нерѓачки материјал и да се обложени со нелизгачка материја. Кога овие платформи ќе се вградат на

возилото, дополнителни страници не се потребни".Потоа алинеја 32 се менува и гласи „чекрек (витло) за самоизвлекување со челично јаже со должина од 50 метри, со минимален капацитет на повлекување 20 тони на првата потезна линија (тежина на празно возило + тежина на натпварен контејнер)" и алинеја 1 се менува и гласи „Кранот да биде монтиран помеѓу кабината и платформата и да може да подигне минимум 7000 кг во висина од 3 метри на 6 метри оддалеченост"

Била извршена и друга измена на тендерска документација (техничка спецификација) заведена под бр.17.1-23268/1 од 24.03.2014 година и со истата се менува алинеја 3, 4,5,17 и 32 и новата алинеја гласи 3„ максимална бруто маса од 40.000 кг", новата алинеја 4 гласи „дозволено оптоварување на предна оска минимум 7.500 кг", новата алинеја 5 гласи „дозволено оптоварување на задни оски минимум 26.000кг (13.000-13.000) " , новата алинеја 17 гласи „боја црна", новата алинеја 32 гласи „чекрек (витло) за самоизвлекување со челично јаже со должина од 50 метри". Од техничките спецификации се менува алинеја 1 и новата алинеја гласи „момент на подигање-да може да подигне 7.000кг во висина од 3 метри, на 6 метри оддалеченост".

По извршените сите претходно наведени измени на тендерската документација (техничка спецификација) бил склучен писмен договор за јавна набавка помеѓу Министерство за внатрешни работи на Република Македонија претставувано по овластување од Министерот број 12.1-3009/1 од 14.01.2014 година, од Помошник на министерот на Секторот за оптши и заеднички работи М-р Ѓоко Поповски во својство на купувач кој договор кај нив е заведен под број 17.1-36604/1 од 20.05.2014 година и економскиот оператор КАРГОМАКС ДОО МИЛАДИНОВЦИ ИЛИНДЕН претставувано од одговорно лице Борче Ацовски во својство на продавач каде што овој договор е заведен под број 03-2018/14 од 30.05.2014 година и видно од истиот се работи за две возила камиони за специјална намена и видно во членот 2 се ставени сите измени за кои што претходно се зборува.

Ценејќи ги овие докази судот смета дека ирелевантно е дали во некоја друга тендерска постапка се постапило на начин опишан во овие писмени дописи претходно анализирани и Договорот за јавна набавка. Предмет на обвинение е нешто друго односно од доказите произлезе јасно фаворизирање на економскиот оператор Мак Аутостар. Освен тоа тука треба да се цени и фактот дека небитно е дали некој од економските оператори кои подигнале тендерска документација, изнел некакви забелешки и предлози . Очигледно е како што е и претходно наведено дека техничката спецификација од тендерската документација е идентична со техничките спецификации од економскиот оператор, а кои што услови во повеќе сегменти исклучиво ги исполнувал економскиот оператор Мак Аутостар.

Од одговорот од МВР рег.бр.18.1.1-6501/2 од 25.01.2018 година

видно е дека при спроведувањето на постапката за јавна набавка по оглас број 17-16/2012 од економските оператори кои подигнале тендерска документација не била побарана никаква измена на техничката спецификација со давање на конкретни предлози и не била извршена измена од страна на МВР, но повторно небитно е во конкретниов случај дали некој од економските оператори подигнал тендерска документација и дали некој побарал некаква измена на техничката спецификација со давање на конкретни предлози. Многу јасно од повеќе докази се утврди на кој начин од страна на МВР била правена техничката спецификација, со чија помош, потоа кога започнала меил комуникација помеѓу лице од Мак Аутостар со некои лица од Даимлер АГ Германија, а кон сето ова се и разговорите ставени на ЦД, а кое беше презентирано на главната расправа.

На ден 06.02.2018 година од адвокат Сања Алексиќ до МВР за РМ, Оддел за финанскиски прашања било доставено писмено барање 17-9811/1 од 06.02.2018 година со кое што барање бара да и одговорат на повеќе прашања .

На поставените прашања од страна на МВР на РМ Оддел за финансиски прашања е доставено известување од МВР рег.бр.17.1.1-32399/2 од 20.04.2018 година па така во истото се наведува дека во Буџетскиот циркулар доставен до Министерстото за финансии во Е-Буџет проекција на расходи за 2012 година било побарано да се обезбедат 123.280.000,00 денари на буџетската ставка 060010012463714, ставка 486-Купување на возило програма 2А. Во одобрениот Буџет на МВР за 2012 година, објавен во Службен весник на РМ број 180 од 26.12.2011 година, на буџетската сметка 060010012463714, ставка 486-Купување на возила, програма 2А се одобрени средства во висина од 110.000.000,00 денари. Според став 2 чл.37 –В од Законот за буџетите кој се однесува на извршувањето на расходи и други одливи предвидено е дека буџетските корисници и единките на корисници се должни одобрените средства да ги користат наменски. Во текот на буџетската 2012 година по однос на Договорот број 17.1-35780/1 од 08.06.2012 година била извршена исплата на средствата во висина од 100% од вкупната вредност на Договорот. Исплатата на средствата по основ на Договорот број 17.1-35780/1 од 08.06.2012 година е извршена од буџетската сметак 060010012463714 од ставка 486110-Купување на возила, програма 2А, а на ставката 486-Купување на возила, програма 2А во моментот на исплатата имало доволно средтсва за таа намена.

По доставено барање од адвокат Сања Алексиќ до МВР Оддел за заштита на определени личности и објекти бр.232-11428/1 од 09.02.2018 година од страна на МВР на РМ доставено е известување рег.бр.22.6.1.2-16011/1 од 23.02.2018 година, со кое истите не даваат одговор на барањата од претходно наведеното писмено барање на адвокатот. Меѓутоа со известие од МВР рег.бр.22.6.1.2-32984/1 од

19.04.2018 година се доставуваат бараните податоци и од овој допис произлегува дека во периодот од 01.06.2012 година до 01.02.2016 година Одделението за обезбедување на странски делегации и манифестации, при Оддел за заштита на определени личности и објекти, има превземено мерки за обезбедување на ВИП личности и тоа: Обезбедување од прв степен во 7 случаи, обезбедување од втор степен во 28 случаи и обезбедување од трет степен во 112 случаи.

Бранителот Сања Алексиќ, адвокат од Скопје до Служба за општи и заеднички работи при Влада на РМ доставила барање за добивање на информации кое што е заведено под бр.03-1153/1 од 16.02.2018 година при што од Служба за општи и заеднички работи при Влада на РМ доставено е известување до бранителот Сања Алексиќ, адвокат од Скопје заведено под број бр.03-1153/1 од 16.02.2018 година и видно од истото не ги доставуваат бараните податоци туку посочуваат дека е потребно да се обрати до законскиот застапник на Службата за општи и заеднички работи на Влада на РМ, но со писмен допис од Влада на РМ, Служба за општи и заеднички работи број 03-2689/2 од 20.04.2018 година со прилог табеларен приказ за трошоци по години и фирми за возило СК 039-КС, појаснуваат дека за тоа кога и какви дефекти се пријавени за ПМВ Мерцедес со рег ознаки SK-039 KS со број на шасија 1400571A432702 во периодот од јули 2006 до февруари 2016 година може да се види од самите фактури. Притоа во табеларниот приказ се наведени деловните партнери кои што ги вршеле поправките, бројот на фактурите со дата на фактурата, износите, изводите и дата на извод за сиот период. Меѓутоа тука мора повторно да се нагласи дека предмет на обвинение не е потребата за јавна набавка на ново блиндирано возило така да ирелевантно е колку често се расипувало старото возило, какви дефекти имало и колку всушност чинело тоа отстранување на дефектите.

Адвокат Сања Алексиќ на ден 16.02.2018 година со писмено барање заведено под бр.03-808 од 16.02.2018 година, се обратила до Аутомакедонија АД Скопје и барала соодветни податоци при што од страна на Аутомакедонија доставено е известие бр.03-1809-1 од 20.04.2018 година, во прилог со сервисен документ од 19 страни, со кое што појаснуваат дека СОЗР во периодот од месец јули 2006 година до месец февруари 2016 година има доставено 42 барања за поправка и сервисирање на возило ПМВ Мерцедес со рег ознаки SK 039-KS и број на шасија 1400571A432702. Во сервисниот документ се наведени сите поправки кои што се превземени од Аутомакедонија.

Повторно истиот авдокат Сања Алексиќ се обраќа писмено и бара соодветни податоци, овој пат од Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје кое барање е заведено под бр.03-488 од 16.02.2018 година. На ден 19.02.2018 година Мак Аутостар доставува писмено известување до Адвокатска канцеларија Сања Алексиќ заведено под број 03-509 од 19.02.2018 година со кое што известување даваат податоци за поправка на возилото Мерцедес Бенц С 600 со регистарски ознаки SK 039 KS во

поглед на сервисирањата и поправките во Мак Аутостар ДООЕЛ во периодот од јули 2006 година до февруари 2016 година.

Судот смета дека и овие докази воопшто не се битни за овој предмет со оглед да известувањата се однесуваат за дефекти и поправки на старото блиндирано возило а тоа воопшто не е предмет на обвинение.

На ден 26.04.2018 година од страна на МВР на РМ, Оддел за општи и заеднички работи, Сектор за набавки, менаџмент и логистика, Одделение за јавни набавки и примена на стандарди доставен е писмен одговор заведен под рег.бр.18.1-35064/1 и согласно истиот средствата за набавка на стоката предмет на Одлуката за јавна набавка број 17.1-21576/1 од 03.04.2012 година биле обезбедени од Буџетот на МВР за 2012 година подставка 486, програма 2А како што било наведено во точка 1 алинеја 5 во Одлуката за јавна набавка број 17.1-21576/1 од 03.04.2012 година. Финансиските средства потребни за оваа јавна набавка биле претходно одобрени на седница на Влада на РМ во Буџетот на МВР за 2012 година. Воедно од страна на МВР на РМ на ден 08.05.2018 година доставен е писмен одговор под рег.бр.08-38319/2 во кој што наведуваат дека средствата за набавка на стоките во висина од 30.750.000,00 денари без вклучен ДДВ се обезбедени од Буџетот на РМ за 2012 година, жиро сметка 060010012463714 подставка 486, програма 2А во Службен весник на РМ бр. 180 од 26.12.2011 година каде бил објавен Буџетот на РМ за 2012 година во делот за МВР потставка 486, програма 2А биле предвидени 110.000.000,00 денари средства за купување на возила.

Од страна на МВР на РМ, Сектор за општи и заеднички работи донесена била Одлука за јавни набавки на стоки од МВР ДБ.бр.17.1-21576/1 од 03.04.2012 година согласно која треба да се спроведе јавна набавка за доделување договор за набавка на стоки и тоа блиндирано патничко моторно возило со највисока заштита VR6/VR7, а според спецификација. Техничките карактеристики биле определени во спецификацијата која е прилог на одлуката, а средствата за набавака на стоките во висина од 30.750.000,00 денари без вклучен ДДВ биле обезбедени од Буџет на РМ за 2012 година. Во самата одлука се наведени претседателот на комисијата за јавни набавки и челновите како и нивните заменици.

На ден 24.04.2018 година во својство на бранител адвокат Сања Алексиќ доиставила барање до „Аутомакедонија" АД Скопје заведено под број 03-1892/2 при што Аутомакедонија со допис од 11.05.2018 година заведен под број 03-2249/1 доставува известување во смисла дека во периодот од 2006 до 2016 година нема продадено патнички моторни возила од кој било бренд, освен од брендот за кој е овластен увозник и дистрибутер на пазарот, а деловната пракса покажувала дека производителите на возилото при било каков контакт веднаш ги

упатуваат на овластениот импортер или дилер за предметното возило во РМ. Воедно наведуваат дека Аутомакедонија учествувала на тендер за специјални возила „цистерни" за одржување на ЈРМ при поголемо негово нарушување, а по објавен тендер на МВР број 17-32/2013 по што испорачале две возила со шасија MAN и комплетна надградба за специјалните возила (цистерна) и опрема за намената растерување на толпа од производителот KATMERCILER од Турција. Во овој случај се работело за производител (надградувач) на специјални возила за кои во државата во моментот не постоел друг официјален дилер.

На ден 23.04.2018 година од страна на адвокат Сања Алексиќ до „Мак Аутостар" доставено било барање за доставување на соодветни податоци при што од нивна страна е доставено известување заведено под бр.03-1385 од 02.05.2018 година во кое даваат податоци за сервисирање и поправките во Мак Аутостар ДООЕЛ во периодот од месец јули 2006-та година до месец февруари 2016-та година и повторно се работи за возилото Мерцедес Бенц С 600 со регистарска ознака SK 039 KS и со овој писмен поднесок се дадени комплетните податоци.

Министерството за правда со Одговор на барање бр.08-2752 од 04.05.2018 година, наведува дека лицето Тале Герамитчиоски е стекнат со лиценца за вештачење на 17.04.2014 година со лиценца број 07-1429/2 од областа на вештачење- машинство и сообраќај. Со оваа лиценца се стекнал врз основа на чл.25 алинеја 1 од Законот за изменување и дополнување на законот за вештачење (Службен весник на РМ бр.12/14). Во однос на важноста на лиценцата за вештачење стекнат по основ на претходно наведеното важат одредбите од чл.25 алинеја 4 од Законот за изменување и дополнување на законот за вештачење, па лицето од ставот 1 на овој член е должно во рок од 2 години од денот на влегувањето во сила на овој закон да положи стручен испит за вештак од соодветната област. Од 17.04.2014 година кога Тале Герамитчиоски е стекнат со лиценца Министерството за правда за првпат објавил оглас за полагање на стручен испит за вештак во ноември 2017 година. И оттука многу јасно произлегува кога всушност ова вешто лице се стекнало со лиценца и дека се до месец ноември 2017 година Министерството за правда воопшто немало објавено оглас, така да вештото лице не ни можело да полага таков испит и тоа не по своја вина.

Обвинетиот Ѓоко Поповски до судот достави медицинска документација за неговата здравствена состојба, а се работи за : Извештај на специјалистот-субспецијалистот на ЈЗУ УК за Токсикологија со број на лекарски дневник 315/16 од 04.02.2016 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот од ЈЗУ УК за Токсикологија бр.1692/16 од 04.02.2016 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот бр.1692/16 од 05.02.2016 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот од УК за Инфективни болести и фебрилни состојби од 05.02.2016 година, извештај на специјалистот од ЈЗУ УК за Токсикологија

3541/16 од 10.03.2016 година, работен налог бр.5310/16 на ЈЗУ Универзитетска клиника за Клиничка биохемија од 04.02.2016 година, извештај - лабораториски наод кој што е во прилог на претходниот работен налог, лабараториски резултати во прилог на претходниот документ, лабораториски резултати бр.29 исто така во прилог на претходниот документ, работен налог бр.5449/16 од 04.02.2016 година на ЈЗУ УК за Клиничка биохемија од 05.02.2016 година, резултати од истата дата, работен налог 12659/16 од 10.03.2016 година од УК за Клиничка биохемија, извештај лабараториски наод од 11.03.2016 година, во прилог со лабараториски наод од 10.03.2016 година, лабараториски наод бр.79, со што се гледа дека е како додаток на работниот налог бр.12659/16 и уште еден лабараториски налог како додаток на претходно наведениот работен налог од 10.03.2016 година, Картон за физикална терапија за обвинетиот бр.274/17, картон за домашна посета и терапија од Поликлиника „Неуромедика" од 11.11.2017 година со налог за терапија од 11.11.2017 година, извештај на специјалистот-субспецијалистот од Поликлинка „Јане Сандански" од 13.11.2017 година, магнетна резонанца на ЛС рбет бр.852 на „Неуромедика" од 13.11.2017 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот од Поликлиника „Јане Сандански" од 13.11.2017 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот од Поликлиника „Јане Сандански" од 23.11.2017 година и медицинска потврда од „Примамед" од 16.11.2017 година, Писмо од Фонд за здравствено осигурување на Македонија бр.12-16203/3 од 07.12.2017 година упатено до Министерство за внатрешни работи на РМ со предмет известување по извршена контрола на боледување, во фотокопија со параф во горниот десен дел од документот од кој што се гледа дека истиот е примен во МВР од 19.12.2017 година и е во оргинал, затоа што оргиналниот примерок е во МВР, Наод од „Ремедика" од 02.05.2017 година, извештај на специјалистот-субспецијалистот од ЈЗУ УК за Психијатрија од 04.05.2017 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот од ЈЗУ УК Психијатрија од 29.05.2017 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот од ЈЗУ УК за Психијатрија од 19.06.2017 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот од ЈЗУ УК за Психијатрија од 29.06.2017 година, во 2 страни, отпусно писмо од ЈЗУ УК за Психијатрија од 14.11.2017 година, болничка контрола на ЈЗУ УК за Психијатрија од 27.11.2017 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот од ЈЗУ УК за Психијатрија од 11.12.2017 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот од ЈЗУ УК за Психијатрија од 25.12.2017годидна, извештај на специјалистот - супспецијалистот од ЈЗУ УК за Психијатрија од 01.02.2018 година, извештај на специјалистот - субспецијалистот од ЈЗУ УК за Психијатрија од 13.03.2018 година, извештај на специјалистот - супспецијалистот од ЈЗУ УК за Психијатрија од 02.05.2018 година и известувањето од Фондот за здравствено осигурување, при што судот овие докази секако ги имаше во предвид при одмерувањето на казната како олеснувачки околности.

Од сите изведени и анализирани докази неспорно произлезе дека е набавено патничко моторно возило марка Мерцедес С 600 Гард кое е набавено по спроведена постапка за јавна набавка во 2012-та година и тоа од страна на Министерството за внатрешни работи на РМ. Вредноста на ова возило изнесувала 35.226.000,00 денари, а секако дека обвинетите знаеле дека се работи за исклучително скапо возило. Ова возило е набавено од парични средства доделени на МВР, а всушност од доказите произлезе дека истото се набавува токму за користење од страна на обвинетиот Никола Груевски, тогашен Претседател на Владата на РМ. Имено, обвинетиот Никола Груевски извршил влијание на начин што побарал од Гордана Јанкулоска која што била службено лице - Министер за внатрешни работи во Владата на РМ, да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши, а тоа е да се спроведе јавна набавка во која МВР ќе купи ново блиндирано патничко моторно возило од марката Мерцедес модел С 600 Гард. Истата пак, со умисла го поттикнала обвинетиот Ѓоко Поповски да го фаворизира економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје, генерален застапник и дистрибутер на возилата од марката Мерцедес во РМ . Обвинетиот Ѓоко Поповски ова го направил се со цел да се исполни желбата на обвинетиот Никола Груевски, па бил објавен оглас за јавна набавка, во која што се фаворизира економскиот оператор Мак Аутостар, при што за фаворизирање на истиот им дал напишани технички спецификации на сведоците Сашо Николовски и Слободанчо Станков кои што ја изготвувале тендерската документација, каде во спецификацијата на возилото во тендерската документација број 171-21577/1 од 03.04.2012 година имало повеќе технички спецификации што се однесуваат за возилото Мерцедес С 600 Гард, кои упатуваат на конкретно производство и трговски марки од производителот на возилата Мерцедес - Даимлер АГ од Германија и тоа AIRMATIC, SPEEDTRONIC, PRE-SAFE, THERMOTRONIC, COMAND, DISTRONIC PLUS, GUARD и Night View Assist, а без притоа да се дадат понуди и од други спецификации еквивалентни на наведените во тендерската документација. Согласно тендерската документација произлегува дека во техничките спецификации се наведени и посебни услови и тоа бесплатна техничка проверка на исправноста на возилото на секои 6 месеци во овластен сервис или сервиси на економскиот оператор, а од самата понуда на Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје се утврдува дека истиот е единствен што има овластен сервис за возилата од програмата на Даимлер АГ кој е производител на Мерцедес. Со ова е исклучена можноста да некој друг понуди такво возило па дури и да го купи од Даимлер АГ со оглед дека единствен овластен сервис во РМ има само Мак Аутостар ДООЕЛ од Скопје. Од доказите недвосмислено произлезе дека во техничките спецификации кои што обвинетиот Ѓоко Поповски ги добил во електронска форма преку неговата службена адреса за примање на

електронска пошта, а испратени преку адресата за електронска пошта на сведокот Зоран Маневски, вработен во Мак Аутостар ДООЕЛ, кое нешто неспорно произлезе од известувањето рег. бр. 08-78086/1 од 07.12.2016 година од МВР со прилог допис рег.бр.11-1402/2 од 07.12.2016 година од Оддел за информатика и телекомуникации при МВР и испис од серверски логови како и писмениот Извештај НСК КО бр.3/17 од 25.04.2017 година. Во овие технички спецификации стои дека се бара тип на ПМВ со 4 седишта и 4 врати и со 12 цилиндричен мотор и луксузен пакет на опрема. Точно е дека постоеле и други производители освен Мерцедес, БМВ и Ауди кои имаат лимузини со 12 цилиндричен мотор и тоа Бентли и Астон Мартин, но од веќе изведените и образложени докази јасно произлезе дека овие возила не биле блиндирани, па така со VR6/VR7 заштита биле само Мерцедес С 600 Гард, Ауди А8 L6.3 Quatro Security и BMW 760 LI High Security F 03, но тука не застанува прилагодувањето на техничките спецификации туку како што е и претходно наведено барано е трансмисија со фиксно 5 брзини при што треба да се цени фактот дека за да се овозможи конкурентност би требало да стои со најмалку 5 брзини бидејќи конкурентните модели имаат трансмисија со 8 брзини. Од друга страна пак, како што и претходно од доказите јасно произлезе дека прилагодувањето било и во делот на силата на моторот, во делот за распони за зафатнината на моторот и вртежниот момент кои што така како што се наведени може само Мерцедес да се вклопи во истите. Прилагодувањето било и во погонот на задни тркала во кои спецификации одговараат само Мерцедес и БМВ. Сето ова зборува за јасно фаворизирање на марката Мерцедес, односно сите овие технички спецификации од тендерската документација се идентични со текстот од понудата на Мак Аутостар. Не може да стане збор дека обвинетиот Ѓоко Поповски не бил свесен за незаконското фаворизирање на економскиот оператор Мак Аутостар ДООЕЛ, но и покрај тоа истиот на ден 30.05.2012 година донел одлука број 17.1-33618/1 за избор на најповолна понуда, а на ден 11.06.2012 година склучил договор за јавна набавка заверен под број 4104/1771 од 11.06.2012 година од Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје и број 171-35780/1 од 08.06.2012 година од Министерството за внатрешни работи со вредност на договорот од 29.852.542,00 денари и ДДВ во износ од 5.373.458,00 денари, а потписник на овој договор за МВР е токму обвинетиот Ѓоко Поповски. Од доставените докази во предметот кои беа анализирани јасно произлегува дека врз основа на овој договор за јавна набавка од МВР на Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје заклучно со 29.10.2012 година му било исплатено вкупно 35.226.000,00 денари. Од меил комуникациите помеѓу Марко Јовановски, менаџер за продажба на Мерцедес и Даимлер АГ од Штутгард Германија многу јасно произлезе дека резервацијата за ова возило Мерцедес С 600 Гард е направена од страна на сведокот Марко Јовановски уште на 30.03.2012 година, време кога сеуште не е

донесена одлука за јавна набавка на конкретното воизло. За овие меил комуникации судот претходно подетално се произнесе и ги наведе сите тие комуникации. Дека ова возило е набавено во една незаконски спроведена постапка, а се со цел да се исполни желбата на обвинетиот Никола Груевски да се вози токму во вакво возило, неспорно произлегува од содржината на аудио снимките за обавени разговори помеѓу Никола Груевски и Гордана Јанкулоска, Гордана Јанкулоска и Кирил Божиновски, помеѓу Гордана Јанкулоска и обвинетиот Ѓоко Поповски, како и од разговорот помеѓу Гордана Јанкулоска и Сашо Мијалков. Судот не може а да не се осврне повторно на разговор обавен помеѓу Никола Груевски и Гордана Јанкулоска обавен уште во месец февруари 2012 година при што и вели дека проспектот за тоа на „М" е пред него, додека другите проспекти не му требаат затоа што тој го одвоил конкретниот проспект, а таа треба да продолжи со реализација понатаму. Воедно обвинетиот Никола Груевски оди дотаму што бара во возилото да има и екрани кога се возел со малите. Тој бара од Гордана Јанкулоска да ја тера оваа набавка за тоа возило и возилото да има се фул. Дека постапката се држела во тајност, а и самиот обвинет Никола Груевски очигледно бил свесен, односно знаел дека тоа што го прават е неисправно заради што истиот не се осмелува да го спомене ни патничкото моторно возило со целото име, туку вели она на М, алудирајќи на Мерцедес. Судот мора да го потенцира телефонскиот разговор обавен на ден 14.03.2012 година помеѓу Никола Груевски и Гордана Јанкулоска при што Гордана Јанкулоска во еден дел од разговорот го известува дека го ставиле во постапка, а таа им кажала како треба да испадне и дека е сто посто електронски да не им улета некој друг, заради што таа му кажала на човекот што и е таму, како требало да испадне. Целата оваа постапка се водела тајно, па дури ни Кирил Божиновски не го кажува името на возилото туку и тој во еден разговор со Гордана Јакнулоска ја прашува „со триаголникот ќе биде?", на што истата му одговара: "да бе да". Возилото требало да биде чувано во тајност се додека не поминат локалните избори, а се заради остварување политички поени на страна на обвинетиот Никола Груевски. Во поглед на овие телефонски разговори судот претходно даде осврт на истите.

Неспорно произлезе дека постои фаворизирање на економскиот оператор Мак Аутостар, што е спротивно на Законот за јавни набавки. Имено согласно чл. 36 од наведениот закон, договорниот орган не смее да дефинира технички спецификации кои упатуваат на конкретно производство, изведба, определен процес или трговски марки, патенти, видови или специфично потекло на стоки со цел фаворизирање или елиминирање на определени економски оператори или определени стоки. По исклучок на ставот 1 од овој член таквото упатување е дозволено само во исклучителен случај кога не е можно да се даде

доволно прецизен опис на предметот на договорот за сите заинтересирани страни согласно со одредбите од членовите 33 и 34 на овој закон и треба да е придружено со зборовите „или еквивалентно".

Судот ги ценеше и наводите на одбраната дека при набавката на ова возило биле исполнети условите за да истото се набави и во постапка предвидена во чл.7 од Законот за јавни набавки со директна спогодба без отворена јавна набавка. Но тука мора да се нагласи дека МВР се одлучило за спроведување на јавна набавка, согласно одредбите од Законот за јавни набавки при што бил објавен оглас и била спроведена целокупната постапка. Кога веќе се определиле за ваков начин на набавка на возилото тие биле должни целосно да ја спроведат постапката согласно одредбите од Законот за јавни набавки, без фаворизирање на одреден економски оператор онака како што всушност направиле во конкретната ситуација, односно на начин како што е претходно опишан го фаворизирале економскиот оператор Мак Аутостар.

Одбраната се повикува и на челновите 34,38 и 39 од Законот за јавни набавки меѓутоа во конкретниов случај неспорно е дека други економски оператори не доставиле дополнителни прашања околу техничките спецификации односно во врска со тендерската документација, но тоа во никој случај не значи дека не е прекршен Законот за јавни набавки, затоа што повеќе пати судот нагласи дека точно е утврден начинот на кој е фаворизиран економскиот оператор Мак Аутостар, при што претходно судот даде осврт и на челнот 36 од Законот за јавни набавки. Меѓутоа не може а да не се наведе дека во тендерската документација, поточно во техничките спецификации има и посебен услов за сервисирање, односно техничка проверка во овластен сервис на економскиот оператор, па оттука произлегува дека заради овој услов била исклучена конкуренцијата и ниеден друг економски оператор не може да даде комплетна понуда без да има овластен сервис, а во конкретниот случај само Мак Аутостар има таков овластен сервис, односно само тие го исполнуваат тој посебен услов.

Судот во поглед на приговорите на одбраната во поглед на аудио снимките дека се стекнати на незаконит начин и дека судот не смее да ги прифати како доказ и од причина што дури и Европскиот суд за човекови права се произнел, судот смета дека ваквите наводи на одбраната се неосновани. Во поглед на законитоста се произнел и Апелациониот суд Скопје со своја одлука КСЖ.бр.548/17 од 07.11.2017 година при што јасно е наведено дека кога се штити јавниот интерес не може да има предност пред тој интерес одредено право на поединецот. Јавниот интерес за утврдување на вистината и утврдување на вината за вака сторено сериозно кривично дело за кое во конкретниот случај се обвинети обвинетите дозволува да се користат овие снимки и притоа не се прифаќа тврдењето на одбраната дека на таков начин се повредуваат слободите и правата на граѓаните согласно Уставот на РМ како и чл.8 од

Европската Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, туку напротив со афирмирањето на јавниот интерес се зајакнува демократскиот дух на државата како гарант на функционирање на владеење на правото кој принцип претставува темелна вредност на уставниот поредок на РМ. Апелациониот суд во својата одлука истакнува дека не може да стане збор за докази прибавени на незаконит начин бидејќи неспорно политичката партија СДСМ на Јавното обвинителство за гонење на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите му ги доставила доказите-аудио разговори, документи во електронска форма и писмени докази, а ова е сторено врз основа на барање на ова Обвинителство врз основа на чл.287 од ЗКП и неговата определна надлежност со Законот за Јавното обвинителство за гонење на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите.

Во поглед на наводите на одбраната за вештите лица во смисла дека истите во изминатиот период обавувале високи функции како членови на партијата СДСМ судот ги ценеше овие наводи, но смета дека истите се неосновани од причина што се работи за регистрирани вешти лица и ирелевантно е дали истите се членови на наведената партија, дали во минатото обавувале некои високи функции добиени преку партијата при што треба да се цени фактот дека не се работи за предмет каде што странки се двете политички партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ туку има конкретно обвиниение за конкретна јавна набавка. Овие две вешти лица имаат регуларни лиценци за вешти лица, а во поглед на приговорот дека во моментот на изготвувањето на вештиот наод биле истечени нивните лиценци неспорно е дека двете вешти лица имаат лиценци. Имено судот го имаше во предвид и Правилникот за формата, содржината и образецот на лиценцата за вештачење и начинот на нејзиното издавање и продолжување кој што Правилник е објавен во Службен весник на РМ бр.10 од 28 јануари 2011 година.Притоа согласно чл.6 од овој Правилник продолжувањето на важењето на лиценцата се врши со издавање на нова лиценца со важност од наредниот ден од денот на истекувањето на важноста на претходната лиценца. Вештото лице Страхил Глигоровски бил вработен во ЕОС Консалтинг АД Рим Италија странска подружница во РМ, ЕОС КОНСАЛТИНГ Скопје. Согласно Историјат со промени пријавата била поднесена на ден 06.04.2015 година, а истата била одобрена на ден 15.04.2015 година, каде што бил вработен Страхил Глигоровски. Согласно чл.26 од ЗТД, трговското друштво може да врши дејности и работи од предметот на работење на друштвото надвор од седиштето преку една или повеќе подружници, односно подружницата може да ги врши сите дејности кои се предмет на работење на друшвото.

Во поглед на приговорот на одбраната дека не може да бидат прифатени вештачењата и од аспект што одбраната не присуствувала

на вешатечењата посебно треба да се нагласи дека вештачењето изготвено од вешто лице Страхил Глигоровски се само математички пресметки кои што одбраната можеше да ги оспори со свој технички советник и да достави свое мислење, но тоа не го стори, додека вештиот наод изготвен од вешто лице Тале Герамитчиоски својот вешт наод го изготвил врз основа на податоци од електронската база Аутомобиле-каталог и врз основа на документацијата од Порше Македонија ДООЕЛ и Мак Кар ДООЕЛ Скопје со наведување споредба-компарација на трите возила, а кое е извадок од електронската база Аутомобиле-каталог за сите возила што постоеле тогаш на пазарот а кои биле директна конкуренција на Мерцедес С 600 Гард.

Во поглед на наводите на одбраната дека антимонополските закони дозволувале и други правни лица, а не само генералните застапници да понудат возило од овој модел во постапката за јавна набавка,неспорно е дека од страна на Владата на РМ на 20.10.2005 година била донесена врз основа на одредбите на Законот за зашитита на Конкуренција Уредба за групно изземање на договори за дистрибуција и сервисирање на моторни возила(Службен Весник на РМ бр,91/05), а потоа пак Владата на РМ на 23.03.2012 година донела нова Уредба за групно изземање на одредени видови договори за дистрибуција и сервисирање на моторни возила (Службен весник на РМ бр.41/2012) со која Уредба во чл.6 е одрдено дека со денот на влегувањето во сила на новата Уредба престанува да важи Уредбата за групно изземање на договори за дистрибуција и сервисирање на моторни возила (Службен Весник на РМ бр,91/05), освен одредбите кои се однесуваат на условите според кои договорните страни можат да купуваат, продаваат и препродаваат нови моторни возила, а кои одредби се применуваат од 01.03.2015 година.

Не е точно дека кај обвинетиот Ѓоко Поповски не постои умисла за сторување на кривичното дело. Имено многу јасно се опишани неговите дејствија и од доказите недвосмислено произлезе дека токму тој учествувал како директен потписник на Договорот за јавна набавка и согласно неговите овластувања како Помошник министер за јавни набавки истиот ги добил техничките спецификации и истиот со самото тоа што знаел дека се фаворизира економскиот оператор Мак Аутостар има умисла за сторување на кривичното дело .

Во поглед на приговорот за застареност на кривично гонење на обвинетиот Никола Груевски судот го ценеше фактот дека во конкретниот случај постои прекин на застареност на кривичното гонење. Имено, согласно чл.108 ст.4 од КЗ, застарувањето се прекинува и кога сторителот во времето додека тече рокот на застареност ќе стори исто така тешко или потешко кривично дело. Смислата на прекинот е во тоа што сторителот треба да се гони и да му се суди, за дела во стек, така што извршувањето на еднакво тешко или потешко дело го прави беспредметен истекот на рокот на застареност за претходното дело. Во

конкретниов случај неспорно е дека против обвинетиот Никола Груевски поднесени се вкупно 5 обвиниенија и тоа: Обвинителен предлог НСК КО бр.7/16 од 14.09.2017 година за кривично дело Насилство од чл.386 ст.2 вв со ст.1 вв со чл.23 од КЗ, а кои дејствија на извршување на делото се во месец јуни 2013 година и за кои се води судска постапка пред овој суд под К.бр.1904/16, обвинителен акт НСК КО.бр. 9/17 од 29.06.2017 година за кривично дело Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 ст.2 од КЗ каде дејствијата на извршување се од октомври 2012 година до октомври 2013 година и за кои се води судска постапка пред овој суд КОК бр.52/17, обвинителен акт НСК КО бр.21/15 од 29.06.2017 година за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.3 вв со ст.1 вв со чл.23 од КЗ, а дејствијата на извршување се од месец април 2012 година до крајот на 2012 година и за тоа се води постапка пред овој суд под КОК бр.53/17 и обвинителен акт НСК КО бр.1/15 од 30.06.2017 година за кривични дела Злосторничко здружување од чл.394 ст.1 од КЗ, Злоупотреба на средствата за финансирање на изборна кампања од чл.165–а ст.1 вв со чл.22 и чл.45 од КЗ и Повреда на избирачко право од чл.159 ст.2 вв со ст.1 вв со чл.45 од КЗ при што дејствијата на извршување на овие кривични дела се во периодот од 2011 година па до крајот на месец мај 2014 година и се води судска постапка пред Основниот суд Скопје 1 Скопје под КОК бр.7/18.

Конечно во поглед на наводите на обвинетиот Никола Груевски дека оваа постапка се одвивала мошне брзо, судот имаше во предвид дека Европскиот суд за човекови права дава голема тежина на правото на судење во разумен рок. Правото на судење во разумен рок од Европската Конвенција за човекови права е предвидено во чл.6 ст.1 како дел од еден поширок концепт на правично судење според кој: „Секој при определувањето на неговите граѓански права, слободи и обврски или кога е кривично гонет има право на судење во разумен рок". Иако правичноста ја конзумира разумноста во рокот на судењето и точно е дека во некои меѓународни документи се среќава само правото на правично односно справедливо судење, сепак во Европската Конвенција за човекови права во чл.6 ст.1 посветен на правичното судење, експлицитно се наведува правото на судење во разумен рок. Европскиот суд за човекови права во случајот Перез против Франција, апликација број 47287/99 од 12 февруари 2004 година нагласил дека „правото на правично судење зазема така значајно место во едно демократско општество што не може да постои оправдување за евентуално рестриктивно толкување на чл.6 ст.1 од Конвенцијата". Оттука произлегува дека во интерес на обвинетите е да постапката трае колку е можно пократко, па зачудува фактот зошто токму обвинетиот Никола Груевски реагира на временскиот период во кој се водеше постапката.

Врз вака утврдена фактичка состојба следуваше судот да одлучи како во диспозитивот на оваа пресуда од причина што од доказите на кои судот им поклони верба, а кои што се погоре наведени, се утврди дека во

себе на незаконит начин патничко моторно возило марка Мерцедес С 600 Гард за кое што возило не само што не биле информирани граѓаните туку со истото како што самиот вели дека додека да се одржат локалните избори немало да објавуваат дека го превземаат возилото. Имено, се договориле да глумат дека предметното возило е на МВР, а кога ќе имало новинари обвинетиот Никола Груевски ќе одел со старото возило или ќе одел прво со новото возило, па ќе се префрлел во старото пред да пристигнел, и сето тоа да се прави до локалните избори кога би го користеле и МВР и Премиерот на РМ за да народот видел дека возилото го користат и тие, а се со цел обвинетиот Никола Груевски да оствари политички поени.

При одлучување за видот и висината на казната овој суд ги ценеше сите околности од чл.39 од КЗ, како отежителни така и олеснителни. Како отежнителни околности за обвинетиот Ѓоко Поповски ги ценеше степенот на кривичната одговорност, делото е направено со умисла додека вршел јавна функција Помошник министер во МВР, повредата на заштитеното добро како и фактот дека против истиот се води друга постапка за исто кривично дело, а како олеснувачки околности ги ценеше возраста на обвинетиот кој е роден 1965 година, женет, татко на едно полнолетно дете, не е осудуван и неговата здравствена состојба која што произлезе од доставената медицинска документација, додека за обвинетиот Никола Груевски како отежнувачки околности ги ценеше степенот на кривичната одговорност при што се работи за директна умисла додека вршел јавна функција како Претседател на Владата на РМ, а со оглед на функцијата која што ја вршел, а се јавува како сторител на ова кривично дело секако дека истиот со самото тоа го нарушува и меѓународниот углед на Република Македонија, понатаму како отежителни околности судот ги ценеше и побудата за делото што неспорно произлезе дека се работи за исполнување на лична желба, при што се користени буџетски средства при што има исклучителна противправност во дејствијата а притоа целосно е повреден Законот за јавни набваки и тоа пред се во делот за конкутрентност како и фактот што против истиот се водат повеќе постапки за тешки кривични дела, а како олеснителни околности ги ценеше неговата возраст, имено истиот е роден 1970 година, женет, татко на две малолетни деца, неосудуван, поради што судот смета дека во конкретниот случај постојат такви околности кои укажуваат на тоа дека со изречените санкции како во диспозитивот на пресудата ќе можат да се постигнат целите на казнувањето предвидени во чл.32 од КЗ, како на планот на генералната така и на планот на специјалната превенција, односно позитивно ќе се влијае врз обвинетите и врз другите во иднина да не вршат вакви или слични кривични дела.

Согласно чл.105 ст.1 од ЗКП, се задолжуваат обвинетите Ѓоко Поповски и Никола Груевски да ги надоместат трошоците на кривичната постапка во вкупен износ од 328.774,00 денари, од кои што обвинетиот

9КОК-59/17

Ѓоко Поповски да плати сума во износ од 5.000,00 денари на име паушал на сметка на судот, а обвинетиот Никола Груевски да плати сума во износ од 3.000,00 денари на име паушал на сметка на судот, а во смисла на чл. 102 ст. 2 т. 6 од ЗКП, обвинетиот Ѓоко Поповски да плати сума во износ од 3.190,00 денари за спровод од КПУ Затвор Скопје согласно чл. 102 ст. 2 т.3 и т 4 од ЗКП, додека трошоците за вештачење во вкупен износ од 290.280,00 денари, трошоците за преведување на документацијата во износ од 22.880,00 денари, како и трошоците за визуелно тонско снимање и препис на снимките во износ од 4.424,00 денари, обвинетите солидарно да ги надоместат во смисла на чл. 102 ст.2 т.1 од ЗКП, а ова да го сторат во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата под страв од присилно исполнение.

ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ
IX.КОК.бр.59/17 од 23.05.2018 година

Записничар
Велика Катранџиева с.р.

Претседател на советСудија
Добрила Кацарска с.р.

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник
11

ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15-петнаесет дена, по приемот на истата преку овој суд до Апелационен суд Скопје

ДН: -Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје,

-Обвинетиот Ѓоко Поповски, во КПУ Затвор Скопје-Скопје,

- Обвинетиот Никола Груевски, ул.„Павел Шатев“ бр.3-1/15, Скопје

-Бранителот на обвинетиот Ѓоко Поповски, Стерјо Зиков адвокат од Скопје

-Бранителот на обвинетиот Никола Груевски, Сања Алексиќ адвокат од Скопје,

-Бранителот на обвинетиот Никола Груевски, Боро Тасевски адвокат од Скопје,

-Бранителот на обвинетиот Никола Груевски, Димитар Дангов адвокат од Адвокатско друштво Интер Партес од Скопје,

- Бранителот на обвинетиот Никола Груевски, Донче Наков, адвокат од Штип

9КОК-59/17

НАПОМЕНА:Обвинетиот Ѓоко Поповски трошоците во износ од 5.000,00 денари, а обвинетиот Никола Груевски трошоците во износ од 3.000,00 денари на име судски паушал да ги исплатат на сметка на судот и тоа на жиро сметка број 100000000063095, на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2, примач Основен суд Скопје 1, депонент НБРМ